РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

# НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

Скопје, 2015

**Издавач:**
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
ул. "Даме Груев" бр.4, Скопје

**Телефон** +389/02/3295-600
**Факс** +389/02/3111-336

**веб-страница**: http://www.stat.gov.mk

**Одговара:**
Лидија Костовска, директор

**ВЕ МОЛИМЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, НАВЕДЕТЕ ГО ИЗВОРОТ**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

331.542(497.7)(083.8)

НАЦИОНАЛНА класификација на занимањата. - Скопје: Државен завод за статистика на Република Македонија, 2015. - 497 стр.; 29 см. - (Класификации, методологии, номенклатури и стандарди / Државен завод за статистика на Република Македонија, ISSN 1409-7044)

ISBN 978-608-227-203-0

а) Професии - Македонија - Класификација, стандарди
COBISS.MK-ID 99675402

**ПРЕДГОВОР**

Целокупните системски промени во Република Македонија, потребата од следење на промените настанати во структурата на работната сила во услови на пазарна економија, процесот на глобализација, усогласувањето со меѓународните норми и стандарди, обезбедувањето на споредливи податоци со земјите-членки на Европската унија и останатите земји-членки на Меѓународната организација на трудот, ја поставија како неопходност ревизијата на постоечката Национална класификација на занимањата и нејзино усогласување со ISCO-08 (Меѓународна стандардна класификација на занимањата).

Националната класификација на занимањата е подготвена и усогласена според начелата на Меѓународната стандардна класификација на занимањата ISCO-08.

Намената на Националната класификација на занимањата е за сите корисници во Република Македонија и употреблива од страна на министерствата, институциите и деловните субјекти кои прикажуваат и следат меѓународно споредливи податоци од областа на пазарот на трудот.

Како основа за изработка на ревидираното издание на Националната класификација на занимањата ни послужија претходното издание на Класификацијата, систематизациите на работните места доставени од страна на надлежните министерства, институции и голем број деловни субјекти, како и нивните предлози и забелешки.

На сите ним им благодариме за помошта што ни ја дадоа.

Државниот завод за статистика се надева дека Класификацијата ќе ја исполни својата улога во јавноста и на крајните корисници ќе им овозможи согледување и правилно определување на занимањата.

Скопје, октомври 2015 година

Директор,
Лидија Костовска

**СОДРЖИНА**


ПРЕДГОВОР ....................................................................................................................................3

ВОВЕД ..........................................................................................................................................5

I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА...............................5

СТРУКТУРА НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА ......................................................6

СОДРЖИНА НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА .....................................................7

ГЛАВНИ ГРУПИ ..........................................................................................................................8

КРИТЕРИУМИ ЗА ГРУПИРАЊЕ НА ЗАНИМАЊАТА ......................................................................10

II. НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА - основна структура .....................................................11

III. ОПИСИ НА ГРУПИТЕ НА ЗАНИМАЊАТА.....................................................................................25

IV. НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА - азбучен список .......................................................331

V. НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА - по шифри ..................................................................409

# ВОВЕД

Националната класификација на занимањата е подготвена со цел да се користи за прибирање, обработка, анализирање и публикување на податоците важни за следење на промените на пазарот на трудот во Република Македонија.

Таа ќе овозможи споредливост на податоците за занимањата како на национално, така и на меѓународно ниво.

## I. ОСНОВНИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

### Што е Националната класификација на занимањата?

Националната класификација на занимањата е национален стандард кој се употребува при евидентирање, прибирање, обработка, анализирање и публикување на податоци кои се важни за следење на промените на пазарот на трудот во Република Македонија.

### Што е занимање?

Под поимот занимање се подразбира збир на работи и работни задачи кои според својата содржина и вид се организационо и технолошки толку сродни и меѓусебно поврзани што може да ги врши еден извршител кој има соодветни способности, знаења и вештини за вршење на работните задачи.

## СТРУКТУРА НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

Структурата на Националната класификација на занимањата е направена според структурата на ISCO-08 (Меѓународна стандардна класификација на занимања), без некои поголеми разлики. Отстапувања се направени таму каде што постојат специфични потреби во Република Македонија.

Националната класификација на занимањата има хиерархиска скалеста структура. Занимањата се двојат во групи на занимања на четири нивоа. Групите на занимања имаат свои конкретни називи и шифри. Највисоко класификациско ниво се **главните групи** на занимања, означени со едноцифрена шифра, потоа редоследно доаѓаат **подгрупите** на занимања, означени со двоцифрени шифри, па **споредните групи** на занимања, означени со трицифрени шифри, и **единечните групи** на занимања, означени со четирицифрени шифри. На крај се **поединечните занимања,** означени со шестоцифрени шифри.

**Табела 1: СТРУКТУРА НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА**

| | Главни групи на занимања | Подгрупи | Споредни групи | Единечни групи | Број на занимања |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори | 4 | 11 | 34 | 250 |
| 2 | Стручњаци и научници | 6 | 27 | 92 | 1276 |
| 3 | Техничари и сродни занимања | 5 | 20 | 84 | 745 |
| 4 | Службеници | 4 | 8 | 29 | 127 |
| 5 | Работници во услужни дејности и продажба | 4 | 13 | 40 | 179 |
| 6 | Стручни работници во земјоделството, шумарството, рибарството и ловот | 2 | 5 | 14 | 68 |
| 7 | Занимања за неиндустриски начин на работа во производството | 5 | 14 | 66 | 691 |
| 8 | Ракувачи и составувачи на машини и постројки | 3 | 14 | 40 | 662 |
| 9 | Елементарни занимања | 6 | 11 | 33 | 146 |
| 0 | Воени занимања | 1 | 1 | 1 | 1 |
| | Вкупно: | 40 | 124 | 433 | 4145 |

## СОДРЖИНА НА НАЦИОНАЛНАТА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА

Националната класификација на занимањата е составена од:

10 главни групи
40 подгрупи
124 споредни групи
433 единечни групи

Главните групи на занимања се највисокото хиерархиско ниво на занимања и се означени со едноцифрени броеви. Во класификацијата постојат 10 главни групи на занимања и се означени со броевите од 0 до 9.

Подгрупите на занимања се второто хиерархиско ниво и се означени со две шифри. Првата бројка од шифрата на занимањето е идентична со шифрата од главната група на која ѝ припаѓа. Критериумот за подгрупите на занимања е приближно со иста сложеност на работите, ист или сличен предмет на работа, алат и друга опрема.

Споредните групи се третото хиерархиско ниво и тие се означени со три шифри. Првите две бројки се шифри на подгрупата. Критериумот за создавање на споредните групи е со иста сложеност на занимањата, сличен материјал, опрема и алати кои се употребуваат. Знаењето потребно за работа во сите занимања е приближно исто.

Единечните групи на занимања се најниската хиерархиска група на занимања. Секоја единечна група содржи по неколку или по неколку десетици занимања, според развиеноста на тоа подрачје на работа. Единечните групи на занимања се означени со четири шифри. Првите три шифри од единечните групи се идентични со шифрите од споредните групи. На тој начин од првите шифри на шифрите на единечните групи на занимања можеме да дознаеме на која група на занимања припаѓа.

## ГЛАВНИ ГРУПИ

Со цел да се помогне во интерпретацијата на Националната класификација на занимањата, го даваме следното објаснување на главните групи.

### 1. ЧЛЕНОВИ НА ЗАКОНОДАВНИ И ИЗВРШНИ ТЕЛА, ДРЖАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ, РАКОВОДНИ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ДИПЛОМАТИ И ДИРЕКТОРИ

Членовите на законодавни и извршни тела, државните функционери, раководните државни службеници, дипломатите и директорите ја одредуваат, креираат и ја водат политиката на државата, како и политиката на здруженија и организации, советуваат во врска со нив; ги формулираат законите, прописите и правилата, ја претставуваат државата и дејствуваат во нејзино име; го надгледуваат толкувањето и реализирањето на државната политика и законодавството; ја извршуваат судската власт, вршат слични работи во име на здруженија и организации, како и управуваат со претпријатија и институции или управуваат со нивните внатрешни организациони единици.

Оваа главна група е поделена на 4 подгрупи, 11 споредни групи, 34 единечни групи и 250 единечни занимања.

### 2. СТРУЧЊАЦИ И НАУЧНИЦИ

Стручњаците и научниците го зголемуваат постоечкиот фонд на знаења, применувајќи научни или уметнички концепти и теории, учат за претходно споменатото на систематски начин или се образуваат во која било комбинација од овие три активности. Занимањата во оваа главна група бараат квалификации од седми, осми и деветти степен на образование.

Оваа главна група е поделена на 6 подгрупи, 27 споредни групи, 92 единечни групи и 1276 единечни занимања.

### 3. ТЕХНИЧАРИ И СРОДНИ ЗАНИМАЊА

Техничарите и сродните занимања вршат претежно технички и сродни задачи поврзани со истражување и примена на научни и уметнички концепти и работни методи на владините и деловните регулативи. Занимањата од оваа главна група, главно, се од четврти, петти, шести и седми степен стручно образование.

Оваа главна група е поделена на 5 подгрупи, 20 споредни групи, 84 единечни групи и 745 единечни занимања.

### 4. СЛУЖБЕНИЦИ

Службениците запишуваат, организираат, чуваат и внесуваат во компјутер информации поврзани со дадена работа и вршат бројни службенички должности, особено оние што се поврзани со ракување со пари, патнички аранжмани, информативни барања и закажувања на состаноци. Повеќето занимања од оваа главна група бараат стручност од втор до петти степен стручно образование.

Оваа главна група е поделена на 4 подгрупи, 8 споредни групи, 29 единечни групи и 127 единечни занимања.

### 5. РАБОТНИЦИ ВО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ И ПРОДАЖБА

Работниците во услужните дејности и продажбата даваат лични услуги поврзани со патување, туризам, угостителски услуги, козметички услуги, набавка на храна, одржување на домаќинства, лична нега и згрижување, услуги при заштита од пожар, обезбедување на лица и имот и одржување на јавната безбедност. Исто така, продаваат стока на големо или во продавници на мало, како и вршат продажба на улица и на пазар. За повеќето занимања од оваа главна група потребно е знаење што се стекнува со програмите за средно образование.

Оваа главна група е поделена на 4 подгрупи, 13 споредни групи, 40 единечни групи и 179 единечни занимања.

## 6. СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, РИБАРСТВОТО И ЛОВОТ

Стручните работници во земјоделството, шумарството, рибарството и ловот одгледуваат и берат полиња и жнеат жита, собираат диво овошје и растенија, одгледуваат, хранат или ловат животни, произведуваат бројни животински или полјоделски производи, култивираат, чуваат и експлоатираат шуми, одгледуваат или ловат риби и култивираат или собираат други форми на воден живот за да обезбедат храна, засолниште, приход за себе и за своите домаќинства. Повеќето занимања од оваа главна група бараат обученост од второ ниво според ISCO.

Оваа главна група е поделена на 2 подгрупи, 5 споредни групи, 14 единечни групи и 68 единечни занимања.

## 7. ЗАНИМАЊА ЗА НЕИНДУСТРИСКИ НАЧИН НА РАБОТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО

Занимањата за неиндустриски начин на работа во производството го применуваат своето конкретно знаење и вештини во областа на градежништвото, обликуваат метали, поставуваат метални конструкции, составуваат или изработуваат машински алатки, инсталираат, одржуваат и поправаат машини, опрема или алатки, вршат печатење, како и произведуваат или обработуваат прехранбени производи, текстил или дрвени, метални и други артикли, вклучувајќи ги и производите од рачна изработка.

Работата се изведува рачно и со рачни и други алатки коишто се користат за редуцирање на обемот на физичкиот напор и времето што е неопходно за одделни задачи, како и за подобрување на квалитетот на производите. За вршење на задачите неопходно е познавање на сите фази на производниот процес, на користените материјали и средства и на природата и намената на финалниот производ. За повеќето занимања од оваа главна група потребно е знаење кое се постигнува со програмите на средното образование.

Оваа главна група е поделена на 5 подгрупи, 14 споредни групи, 66 единечни групи и 691 единечни занимања.

## 8. РАКУВАЧИ И СОСТАВУВАЧИ НА МАШИНИ И ПОСТРОЈКИ

Ракувачите и составувачите на машини и постројки ракуваат со индустриски, земјоделски, градежни и други машини и опрема, управуваат со возови, моторни возила и пловни објекти или составуваат делови според точно одредени постапки (овде не се вклучени монтерите, тие се во 7-та група).

Оваа работа бара искуство и познавање на индустриски, земјоделски и други машини и опрема, како и способност за совладување на брзината на машинските операции и прилагодување на технолошките иновации. Повеќето занимања од оваа главна група, главно, бараат обученост од второ до петто ниво на стручно образование.

Оваа главна група е поделена на 3 подгрупи, 14 споредни групи, 40 единечни групи и 662 единечни занимања.

## 9. ЕЛЕМЕНТАРНИ ЗАНИМАЊА

Елементарните занимања се состојат од едноставни и рутински задачи за коишто главно е потребна примена на рачни алатки и физички напор, малку или никакво претходно искуство и познавање на работата и ограничена иницијатива и оценување. За задачите од оваа група на занимања не е потребно стручно знаење.

Оваа главна група е поделена на 6 подгрупи, 11 споредни групи, 33 единечни групи и 146 единечни занимања.

## 0. ВОЕНИ ЗАНИМАЊА

Членови на вооружените сили се оние лица кои во моментот служат во вооружените сили, вклучувајќи и помошни служби, доброволно или задолжително, и кои не се слободни да прифатат цивилно

вработување. Вклучени се редовните членови на армијата, морнарицата, воздушните сили и на други воени служби, како и членови вклучени во воена обука или во друга служба за одреден период, во зависност од потребите на една земја. Исклучени се лицата цивилно вработени во владини служби поврзани со прашањата на одбраната; полиција (освен воена полиција); царински инспектори и членови на погранични и други вооружени цивилни служби; лица привремено мобилизирани на кус период за воена обука или вежба, според националните барања, и членови на воените резервни состави кои во моментот не се во активна служба.

Во оваа главна група немаме поделба според нивоата на класификација.

## КРИТЕРИУМИ ЗА ГРУПИРАЊЕ НА ЗАНИМАЊАТА

Основни критериуми за групирање на занимањата по групи се: видот на работата, предметот на работата, сложеноста на занимањето или работата и работните задачи; алатите, машините и уредите кои се употребуваат; технолошките нивоа на работите, струката и друго.

Со изработката на Националната класификација на занимањата според основните критериуми се добива инструментариум со помош на кој, на пример, можеме да ги споредуваме платите, професионалното оспособување, деловните услуги, болестите и смртноста според поединечно занимање или ниво на класификација со земјите кои своите статистички податоци ги искажуваат според нормите на меѓународните статистики за работа.

Заради меѓународниот карактер на Класификацијата на занимањата, одредени се четири широки степени на сложеност, односно нивоа на образование, кои се потребни за вршење на работите и задачите. Степените се стекнуваат со образование, но и со учење (квалификување) за работење и стекнување на искуство. Сите облици на оспособување за работа се рамноправни. Степените на сложеност се одредени во соодност со образовните категории и нивоата на Меѓународната стандардна класификација на образованието (ISCED).

**Табела 2: СТЕПЕН НА ЗНАЕЊЕ КОЈ ОБЕЗБЕДУВА ВРШЕЊЕ НА РАБОТИ И ЗАДАЧИ НА ПОВЕЌЕТО ЗАНИМАЊА ВО ГЛАВНИТЕ ГРУПИ**

| | ГЛАВНИ ГРУПИ | СТЕПЕН НА ЗНАЕЊЕ | ПРОГРАМИ НА ОБРАЗОВАНИЕ КОИ ОБЕЗБЕДУВААТ ИЗВРШУВАЊЕ НА РАБОТИ И ЗАДАЧИ НА ПОВЕЌЕТО ЗАНИМАЊА ВО ГЛАВНИТЕ ГРУПИ |
|---|---|---|---|
| 1 | Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори | - | Не е определено нивото на знаење |
| 2 | Стручњаци и научници | 4 | Програми на додипломско и последипломско универзитетско образование |
| 3 | Техничари и сродни занимања | 3-4 | Програми на средно и вишо образование, вклучувајќи и универзитетско |
| 4 | Службеници | 2 | Програми на средно образование |
| 5 | Работници во услужни дејности и продажба | 2 | Програми на средно образование |
| 6 | Стручни работници во земјоделство, шумарство, рибарство и лов | 2 | Програми на средно образование |
| 7 | Занимања за неиндустриски начин на работа во производството | 2 | Програми на средно образование |
| 8 | Ракувачи и составувачи на машини и постројки | 2 | Програми на средно образование |
| 9 | Елементарни занимања | 1 | Завршено основно образование |
| 0 | Воени занимања | - | Не е определено нивото на знаење |

## II. НАЦИОНАЛНА КЛАСИФИКАЦИЈА НА ЗАНИМАЊАТА - основна структура

## ГЛАВНА ГРУПА 1.
## ЧЛЕНОВИ НА ЗАКОНОДАВНИ И ИЗВРШНИ ТЕЛА, ДРЖАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ, РАКОВОДНИ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ДИПЛОМАТИ И ДИРЕКТОРИ

### 11. Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници и дипломати

**111. Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери во извршната власт и судството**
1111. Законодавци
1112. Високи владини функционери
1113. Избрани и именувани лица во единиците на локалната самоуправа
1114. Високи функционери во судството и во организации од посебен интерес

**112. Генерални и извршни директори, раководни државни службеници, функционери кои раководат со други органи на државната управа, дипломати и дипломатски службеници**
1121. Генерални и извршни директори
1122. Раководни државни службеници на Собранието, Владата и органите на државната управа
1123. Функционери кои раководат со други органи на државната управа и на управни организации
1124. Дипломати и дипломатски службеници

### 12. Административни и комерцијални директори

**121. Директори за деловни услуги и администрација**
1211. Финансиски директори
1212. Директори на правни, кадровски, општи и сродни служби
1213. Директори за политика и планирање
1219. Директори за деловни услуги и администрација кои не се класифицирани на друго место

**122. Директори на претпријатија за продажба, маркетинг и развој**
1221. Директори на претпријатија за продажба и маркетинг
1222. Директори на претпријатија за реклама и односи со јавноста
1223. Директори на претпријатија за истражување и развој

### 13. Директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги

**131. Директори на земјоделски, ловечки, шумарски и риболовни претпријатија**
1311. Директори на земјоделски, ловечки и шумарски претпријатија
1312. Директори на риболовни претпријатија

**132. Директори на претпријатија за индустриско производство, рударство, градежништво и дистрибуција**
1321. Директори на претпријатија за индустриско производство
1322. Директори на претпријатија за рударство
1323. Директори на претпријатија за градежништво
1324. Директори на претпријатија за транспорт, складирање и врски

**133. Директори на претпријатија за информациска и комуникациска технологија**
1330. Директори на претпријатија за информациска и комуникациска технологија

**134. Директори на институции за специјализирани услуги**
1341. Директори на институции за згрижување на деца
1342. Директори на институции за здравствени услуги
1343. Директори на институции за згрижуваање на стари лица
1344. Директори на институции за социјални работи
1345. Директори на образовни установи

1346. Директори на претпријатија за финансиски и осигурителни услуги
1349. Директори на институции за специјализирани услуги, некласифицирани на друго место

**14. Директори на претпријатија за угостителство, трговија и други услуги**

**141. Директори на угостителски и хотелски претпријатија**
1411. Директори на хотели
1412. Директори на ресторани

**142. Директори на претпријатија за трговија на големо и на мало**
1420. Директори на претпријатија за трговија на големо и на мало

**143. Други директори за услуги**
1431. Директори на спортски, рекреативни и културни центри
1439. Директори за услуги, некласифицирани на друго место

## ГЛАВНА ГРУПА 2.
## СТРУЧЊАЦИ И НАУЧНИЦИ

**21. Стручњаци за наука и инженеринг**

**211. Физичари, хемичари и сродни стручњаци**
2111. Физичари и астрономи
2112. Метеоролози
2113. Хемичари
2114. Геолози и геофизичари

**212. Математичари, актуари и статистичари**
2120. Математичари, актуари и статистичари

**213. Стручњаци од областа на природните науки**
2131. Биолози, патолози, фармаколози, ботаничари, зоолози и сродни стручњаци
2132. Агрономи, шумарски инженери и сродни стручњаци
2133. Стручњаци за заштита на животната средина

**214. Стручњаци за инженеринг**
2141. Индустриски и производни инженери
2142. Градежни инженери
2143. Инженери за животна средина
2144. Машински инженери
2145. Инженери за хемиска, прехранбена и биотехнологија
2146. Рударски и металуршки инженери
2149. Стручњаци за инженеринг, некласифицирани на друго место

**215. Инженери за електротехнологија**
2151. Електроинженери
2152. Инженери за електроника
2153. Инженери за телекомуникации

**216. Архитекти, планери, геодети и дизајнери**
2161. Градежни архитекти
2162. Архитекти за просторно уредување
2163. Дизајнери на производи и облека
2164. Планери на урбани средини и сообраќајни инженери
2165. Инженери за геодезија и картографија

2166. Графички и мултимедија дизајнери

**22. Стручњаци од областа на здравството**

**221. Доктори по медицина**
2211. Општи доктори по медицина
2212. Специјалисти доктори по медицина

**222. Медицински сестри и акушери**
2221. Медицински сестри
2222. Акушери

**223. Стручни лица кои се занимаваат со традиционална медицина**
2230. Стручни лица кои се занимаваат со традиционална медицина

**224. Парамедицински лекари**
2240. Парамедицински лекари

**225. Ветеринари**
2250. Ветеринари

**226. Други стручњаци за здравство**
2261. Стоматолози
2262. Фармацевти
2263. Здравствени еколози и стручњаци за хигиена
2264. Физиотерапевти
2265. Диететичари и нутриционисти
2266. Терапевт за аудио и говор
2267. Офталмолози и оптометристи
2269. Стручњаци во здравството, некласифицирани на друго место

**23. Стручњаци за образование**

**231. Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки**
2310. Стручњаци за универзитетско и високо образование во општествените науки

**232. Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки**
2320. Стручњаци за универзитетско и високо образование во природните науки

**233. Наставен кадар за средношколско образование**
2330. Наставен кадар за средношколско образование

**234. Наставен кадар за основно и предучилишно воспитување и образование**
2341. Наставни кадри во основното образование
2342. Наставни кадри за предучилишно образование

**235. Друг наставен кадар за образование**
2351. Наставен кадар за образовни методи
2352. Наставен кадар за образование на деца со развојни тешкотии
2353. Наставен кадар за јазично образование
2354. Наставен кадар за музичко образование
2355. Наставен кадар за уметничко образование
2356. Обучувачи за информатичка технологија

2359. Друг наставен кадар за образование, некласифициран на друго место

**24. Стручњаци за бизнис и администрација**

**241. Стручњаци за финансии**
2411. Сметководители
2412. Финансиски и инвестициски советници
2413. Финансиски аналитичари

**242. Стручњаци за администрација**
2421. Аналитичари на менаџмент и организација
2422. Стручњаци за правна администрација
2423. Кадровски стручњаци
2424. Стручњаци за обука и развој на кадар

**243. Стручњаци за продажба, маркетинг и односи со јавноста**
2431. Стручњаци за маркетинг и реклама
2432. Стручњаци за односи со јавноста
2433. Стручњаци за продажба на техника и медицински препарати
2434. Стручњаци за продажба на информатичка и комуникациска технологија

**25. Стручњаци за информатичка и комуникациска технологија**

**251. Развивачи и аналитичари на софтвер и апликација**
2511. Систем аналитичари
2512. Развивачи на софтвер
2513. Развивачи на веб и мултимедија
2514. Програмери за апликација
2519. Развивачи и аналитичари на софтвер и апликација, некласифицирани на друго место

**252. Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи**
2521. Дизајнери на бази на податоци и администратори
2522. Систем администратори
2523. Стручњаци за компјутерски мрежи
2529. Стручњаци за бази на податоци и компјутерски мрежи, некласифицирани на друго место

**26. Правни, општествени и стручњаци од областа на културата**

**261. Правни стручњаци**
2611. Правни застапници
2612. Судии
2619. Правни стручњаци кои не се класифицирани на друго место

**262. Архивари, библиотекари и музејски стручњаци**
2621. Архивари, музејски стручњаци и конзерватори
2622. Библиотекари и сродни стручни лица

**263. Стручњаци за општествени науки и религија**
2631. Економисти
2632. Социолози, антрополози и сродни стручњаци
2633. Филозофи, историчари, политиколози и сродни стручњаци
2634. Психолози
2635. Стручњаци за социјални работи и советување
2636. Свештени лица

**264. Писатели, новинари и лингвисти**

2641. Писатели и сродни занимања
2642. Новинари
2643. Преведувачи, толкувачи и други лингвисти
**265. Уметници кои создаваат или изведуваат**
2651. Визуелни уметници
2652. Музичари, пејачи и композитори
2653. Кореографи и танчери
2654. Филмски и сценски режисери, продуценти и сродни занимања
2655. Актери
2656. Спикер на радио, телевизија и други медиуми
2659. Уметници кои создаваат или изведуваат, некласифицирани на друго место

## ГЛАВНА ГРУПА 3.
## ТЕХНИЧАРИ И СРОДНИ ЗАНИМАЊА

**31. Помошни стручњаци за наука и инженеринг**

**311. Помошни стручњаци за физика и инженеринг**
3111. Техничари за хемија, физика и сродни занимања
3112. Техничари за геодезија, градежништво и сродни занимања
3113. Техничари за електротехника
3114. Техничари за електроника
3115. Техничари за машинство и сродни занимања
3116. Техничари за хемиско - технолошки, прехранбени и биотехнолошки занимања
3117. Техничари за рударство и металургија
3118. Технички цртачи
3119. Техничари за физички и хемиски занимања кои не се класифицирани на друго место

**312. Надгледувачи во рударската, преработувачката и градежната индустрија**
3121. Надгледувачи во рударството
3122. Надгледувачи во преработувачката индустрија
3123. Надгледувачи во градежната индустрија

**313. Техничари за контрола на процесот**
3131. Ракувачи со постројки за производство на енергија
3132. Ракувачи со постројки за согорување и третман со вода
3133. Ракувачи со постројки за контрола на хемиски процес
3134. Ракувачи со постројки за рафинирање на нафта и природен гас
3135. Контролори на процесот на металното производство
3139. Техничари за контрола на процесот кои не се класифицирани на друго место

**314. Техничари за природни науки и слично**
3141. Техничари за природни науки (без медицина)
3142. Земјоделски техничари
3143. Шумарски техничар

**315. Контролори и техничари на бродови и авиони**
3151. Инженери на бродски машини
3152. Офицери на бродови и кормилари
3153. Пилоти на авиони и сродни занимања
3154. Контролори на воздушен сообраќај
3155. Техничари за безбедност на воздушниот сообраќај

**32. Техничари и асистенти во здравството**

**321. Медицински и фармацевтски техничари**
3211. Оператори со медицинска опрема
3212. Техничари за медицина и патолошка лабораторија
3213. Техничари и асистенти за фармација
3214. Техничари за медицинска и стоматолошка протетика и сродни занимања

**322. Медицински сестри и акушерки**
3221. Медицински сестри
3222. Медицински сестри - акушерки

**323. Лица кои се занимаваат со традиционална медицина**
3230. Лица кои се занимаваат со традиционална медицина

**324. Ветеринарни техничари и асистенти**
3240. Ветеринарни техничари и асистенти

**325. Други професионални соработници во здравството**
3251. Стоматолошки асистенти и терапевти
3252. Техничари за медицинска и здравствена евиденција
3253. Здравствени работници на заедницата
3254. Техничари во оптика
3255. Техничари и асистенти за физиотерапија
3256. Медицински асистенти
3257. Инспектори и помошници по здравство и животна средина
3258. Здравствени работници во амбуланта
3259. Стручни соработници во здравството кои не се класифицирани на друго место

**33. Бизнис и административни стручни соработници**

**331. Финансиски и математички стручни соработници**
3311. Берзански и финансиски дилери и посредници
3312. Службеници за кредити и заеми
3313. Сметководствени стручни соработници
3314. Соработници за статистичко - математички работи
3315. Проценувачи и валоризатори

**332. Агенти и брокери за продажба и купување**
3321. Осигурителни застапници
3322. Комерцијалисти во продажба
3323. Набавувачи
3324. Трговски посредници

**333. Агенти за деловни услуги**
3331. Агенти за клиринг и шпедиција
3332. Планери на конференции и слични настани
3333. Посредници за вработување и посредници за работни договори
3334. Агенти за недвижности и менаџирање на просторот
3339. Агенти за деловни услуги, некласифицирани на друго место

**334. Административни и специјализирани секретари**
3341. Канцелариски надгледувачи
3342. Правни секретари
3343. Административни и секретари на извршната власт
3344. Медицински секретари

**335. Царински, даночни, полициски и референти за социјална заштита и сродни владини стручни соработници**
3351. Царински службеници
3352. Даночни службеници
3353. Референти за социјална заштита
3354. Референти за издавање дозволи
3355. Полициски инспектори и детективи
3359. Царински, даночни, полициски и сродни владини помошници и референти кои не се класифицирани на друго место

**34. Правни, општествени и културни стручни соработници**

**341. Правни, општествени и религиозни стручни соработници**
3411. Правни и сродни стручни соработници
3412. Социјални работници
3413. Сродни стручњаци за религија

**342. Спортски и фитнес работници**
3421. Атлети и спортисти
3422. Спортски тренери, инструктори и службеници
3423. Инструктори за фитнес и рекреација и програмски лидери

**343. Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство**
3431. Фотографи
3432. Декоратери и ентериер дизајнери
3433. Техничари во галерија, библиотека и музеј
3434. Главни готвачи
3439. Стручни соработници за уметност, култура и кулинарство, некласифицирани на друго место

**35. Техничари за информатичка и комуникациска технологија**

**351. ИКТ оператори и техничари за поддршка на корисниците**
3511. ИКТ оператори
3512. ИКТ техничари за поддршка на корисниците
3513. Техничари за компјутерски системи и мрежи
3514. Веб-техничари

**352. Техничари за телекомуникација и пренос на слика и звук**
3521. Техничари на опрема за снимање и пренос на слика и звук
3522. Техничари за телекомуникациски инженеринг

## ГЛАВНА ГРУПА 4.
## СЛУЖБЕНИЦИ

**41. Службеници за општи канцелариски работи и секретари**

**411. Општи канцелариски службеници**
4110. Општи канцелариски службеници

**412. Секретари (општо)**
4120. Секретари (општо)

**413. Дактилографи и оператори за внес на податоци**
4131. Дактилографи и оператори за уредување на текст
4132. Оператори за внес на податоци

**42. Службеници за услужни дејности**

**421. Касиери, благајници и слични занимања**
4211. Благајници и слични занимања
4212. Службеници во обложувалници, казина и сродни занимања
4213. Лихвари
4214. Собирачи на долгови и сродни занимања

**422. Шалтерски службеници за информирање**
4221. Шалтерски службеници во патнички и туристички агенции и сродни занимања
4222. Службеници во информативни контактни центри
4223. Телефонисти и сродни занимања
4224. Хотелски рецепционери
4225. Службеници за истражување
4226. Рецепционери (општо)
4227. Анкетари и интервјуери за истражување на пазарот
4229. Други службеници за информирање

**43. Службеници во книговодство, финансии, статистика и евиденција на материјалите и транспортот**

**431. Службеници во книговодство, финансии и статистика**
4311. Службеници во книговодство
4312. Финансиски, статистички и службеници за осигурување
4313. Службеници за платен промет

**432. Службеници за евиденција на материјалите и транспортот**
4321. Магационери и сродни занимања
4322. Службеници за производство
4323. Транспортни службеници

**44. Други канцелариски службеници**

**441. Други канцелариски службеници**
4411. Службеници во архива, библиотека и музеј
4412. Поштари и сродни занимања
4413. Шифранти и коректори
4414. Писари и слични работници
4415. Службеници за сортирање и копирање
4416. Службеници за човечки ресурси
4419. Други канцелариски службеници, некласифицирани на друго место

## ГЛАВНА ГРУПА 5.
## РАБОТНИЦИ ВО УСЛУЖНИ ДЕЈНОСТИ И ПРОДАЖБА

**51. Работници во персонални служби**

**511. Придружници при патување, кондуктери и водичи**
5111. Придружници при патување и патнички стујарди
5112. Кондуктери
5113. Туристички водичи

**512. Готвачи**
5120. Готвачи

**513. Келнери и шанкери**
5131. Келнери
5132. Шанкери

**514. Фризери, козметичари и сродни занимања**
5141. Фризери
5142. Козметичари и сродни занимања

**515. Надгледувачи за одржување на згради и домари**
5151. Надгледувачи за чистење и водење домаќинства во канцеларии, хотели и други установи
5152. Домашни помошници
5153. Чувари на објекти

**516. Други работници за лични услуги**
5161. Астролози, претскажувачи на среќа и иднина и сродни занимања
5162. Придружници и сродни помошници
5163. Гробарски работници и балсаматори
5164. Работници за чување на миленичиња и грижа за животни
5165. Инструктори за возење
5169. Занимања за лични услуги кои не се класифицирани на друго место

**52. Продавачи**

**521. Продавачи на улица и на пазар**
5211. Продавачи на штандови и на пазари
5212. Улични продавачи на прехранбени производи

**522. Продавачи во продавници**
5221. Управител на продавница
5222. Надзорници во продавница
5223. Помошници во продажбата во продавница

**523. Касиери и продавачи на билети**
5230. Касиери и продавачи на билети

**524. Други продавачи**
5241. Модни и други модели
5242. Демонстратор за продажба
5243. Продавачи од врата до врата
5244. Продавачи по телефон
5245. Послужувачи на услужни станици
5246. Послужувачи на храна и помош на присутните
5249. Други продавачи, некласифицирани на друго место

**53. Занимања за лична нега и сродни занимања**

**531. Занимања за згрижување на деца и наставничка помош**
5311. Занимања за згрижување на деца
5312. Помошен наставник

**532. Занимања за лична нега во здравството**
5321. Помошници за здравствена грижа
5322. Негувател на болни лица во домашни услови
5329. Занимања за лична нега во здравството, некласифицирани на друго место

**54. Занимања за заштита на лица и имот**

**541. Занимања за заштита на лица и имот**
5411. Пожарникари
5412. Полиција
5413. Затворски стражари
5414. Обезбедување
5419. Занимања за заштита на лица и имот кои не се класифицирани на друго место

## ГЛАВНА ГРУПА 6.
## СТРУЧНИ РАБОТНИЦИ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО, ШУМАРСТВОТО, РИБАРСТВОТО И ЛОВОТ

**61. Пазарно ориентирани стручни земјоделски работници**

**611. Полјоделци, овоштари, лозари и градинари**
6111. Одгледувачи на полјоделски род и зеленчук
6112. Овоштари и лозари
6113. Занимања за подобрување на градинарството и хортикултурно уредување
6114. Одгледувачи на мешовито производство

**612. Одгледувачи на животни**
6121. Сточари и млекопроизводители
6122. Живинари
6123. Пчелари и слични занимања
6129. Одгледувачи на животни, некласифицирани на друго место

**613. Земјоделци за мешовито производство (растително, добиточно и други)**
6130. Земјоделци за мешовито производство (растително, добиточно и други)

**62. Пазарно ориентирани работници во шумарството, рибарството и ловот**

**621. Шумарски работници и сродни занимања**
6210. Шумарски работници и сродни занимања

**622. Рибари, ловци и сродни работници**
6221. Одгледувачи на риби и школки
6222. Речни и езерски рибарски работници
6223. Рибари на отворено море
6224. Ловџии

## ГЛАВНА ГРУПА 7.
## ЗАНИМАЊА ЗА НЕИНДУСТРИСКИ НАЧИН НА РАБОТА ВО ПРОИЗВОДСТВОТО

**71. Градежници и сродни градежни работници**

**711. Ѕидари и сродни градежни занимања**
7111. Градежни работници за објекти
7112. Ѕидари и сродни градежни занимања
7113. Каменорезец, каменорезбар и гравер
7114. Бетонирачи, бетонски финишери и сродни занимања
7115. Тесари и градежни столари
7119. Други ѕидарски занимања кои не се класифицирани на друго место

**712. Занимања за завршни градежни работи и сродни градежни работници**
7121. Покривачи (обложувачи) на покриви

7122. Поставувачи на подови и плочки
7123. Фасадери и гипсари
7124. Работници на изолација
7125. Стаклари
7126. Водоинсталатери и инсталатери на цевки
7127. Инсталатери за греење и климатизација

**713. Молери, лакери, оџачари и други сродни занимања**
7131. Молери и сродни работници
7132. Лакери и сродни фарбари
7133. Оџачари и чистачи на градежни структури

**72. Обработувачи на метали, машински монтери и сродни занимања**

**721. Леари на метали, лимари, заварувачи и сродни занимања**
7211. Изработувачи на калапи за метали и леари
7212. Заварувачи и сечачи со пламен
7213. Лимари
7214. Подготвувачи, поставувачи и монтери на метални конструкции
7215. Монтери на челични јажиња и жици

**722. Ковачи, изработувачи на алатки и сродни работници**
7221. Ковачи и сродни занимања
7222. Алатничари и сродни занимања
7223. Подесувачи и управувачи на машини за обработка на метали и слични материјали
7224. Обработувачи на метални површини и острачи

**723. Механичари и монтери на машини**
7231. Механичари и монтери на моторни возила
7232. Механичари и монтери на воздухопловни мотори
7233. Механичари и монтери на земјоделски и индустриски машини
7234. Механичари и монтери на велосипеди и слично

**73. Прецизни механичари, изработувачи на ракотворби и печатари**

**731. Прецизни механичари и изработувачи на ракотворби**
7311. Прецизни механичари
7312. Изработувачи и штимери на музички инструменти
7313. Изработувачи на накит и бижутерија и сродни занимања
7314. Грнчари, керамичари и сродни занимања
7315. Изработувачи на стаклени производи
7316. Декоративни сликари на стакло, керамика и останати материјали
7317. Изработувачи на домашни ракотворби од дрво и слични материјали
7318. Изработувачи на домашни ракотворби од текстил, кожа и слични материјали
7319. Изработувачи на домашни ракотворби, некласифицирани на друго место

**732. Работници на печатење и сродни занимања**
7321. Техничари за пробен печат
7322. Печатари
7323. Работници на завршување на печатењето и книговесци

**74. Работници со електротехнологија**

**741. Електроинсталатери и сродни занимања**
7411. Електричари во објекти и слични занимања
7412. Електрични механичари и електромонтери
7413. Монтери и механичари на електрични мрежи

**742. Монтери и механичари на електроника и телекомуникации**
7421. Монтери и механичари на електроника
7422. Монтери и механичари на информатичка и комуникациска технологија

**75. Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања**

**751. Преработувачи на храна и сродни занимања**
7511. Преработувачи на месо, риба и сродни прехранбени артикли
7512. Пекари, слаткари и сродни занимања
7513. Производители на млечни производи
7514. Преработувачи на овошје, зеленчук и слично
7515. Дегустатори и оценувачи на прехранбени производи и пијалаци
7516. Подготвувачи на тутун и тутунопроизводители

**752. Обработувачи на дрво, столари и сродни занимања**
7521. Обработувачи на дрво
7522. Столари и сродни занимања
7523. Подесувачи и управувачи на дрвопреработувачки машини

**753. Произведувачи и обработувачи на текстил и сродни занимања**
7531. Кројачи, крзнари и шапкари
7532. Изработувачи на шеми и сечачи за текстил, кожа и слични материјали
7533. Шивачи, порабувачи и сродни занимања
7534. Тапацери и сродни занимања
7535. Обложувачи и штавачи на кожа
7536. Чевлари и кожни галантери

**754. Други занаети и сродни занимања**
7541. Нуркачи под вода
7542. Минери и пиротехничари
7543. Оценувачи и тестери на производите (без храна и пијалаци)
7544. Отстранувачи на непотребни растенија, паразити и други штетници
7549. Занаетчии и сродни занимања, некласифицирани на друго место

## ГЛАВНА ГРУПА 8.
## РАКУВАЧИ И СОСТАВУВАЧИ НА МАШИНИ И ПОСТРОЈКИ

**81. Ракувачи на машини и постројки**

**811. Ракувачи со постројки за руда и обработка на минерали**
8111. Рудари и каменокршачи
8112. Ракувачи со постројки за обработка на руда и камен
8113. Дупчачи на бунари и слични занимања
8114. Ракувачи со машини и постројки за камен, бетон и други минерални производи

**812. Ракувачи со машини и постројки за обработка на метали и финиширање**
8121. Ракувачи со постројки за обработка на метал
8122. Ракувачи со машини за чистење и обложување на метални површини

**813. Ракувачи со машини и постројки за хемиски и фотографски производи**
8131. Ракувачи со машини и постројки за хемиски производи
8132. Ракувачи со уреди за производство на фотоматеријали

**814. Ракувачи со машини за изработка на гумени, пластични и хартиени производи**
8141. Ракувачи со машини за изработка на гумени производи
8142. Ракувачи со машини за изработка на пластични производи
8143. Ракувачи со машини за изработка на производи од хартија

**815. Ракувачи со машини за текстил, крзно и кожа**
8151. Ракувачи со машини за предење и намотување на влакна
8152. Ракувачи со машини за ткаење и плетење
8153. Ракувачи со машини за шиење на текстил, кожа и крзно
8154. Ракувачи со машини за белење, боење и чистење на текстил, кожа и крзно
8155. Ракувачи со машини за подготовка на крзна и кожа
8156. Ракувачи со машини за производство на обувки и кожна галантерија
8157. Ракувачи со машини за перење
8159. Ракувачи со машини за текстилни, крзнени и кожни производи кои не се класифицирани на друго место

**816. Ракувачи со машини за прехранбени и слични производи**
8160. Ракувачи со машини за прехранбени и слични производи

**817. Ракувачи со постројки за преработка на дрво и добивање на хартија**
8171. Ракувачи со постројки за преработка на хартиена каша и добивање на хартија
8172. Ракувачи со постројки за преработка на дрво

**818. Други ракувачи со машини и постројки**
8181. Ракувачи со машини за преработка на стакло, керамика и слично
8182. Ракувачи со парни машини и направи и сродни занимања
8183. Ракувачи со машини за пакување, флаширање и етикетирање
8189. Ракувачи со машини и постројки, некласифицирани на друго место

**82. Составувачи на машини и опрема**

**821. Составувачи на машини и опрема**
8211. Составувачи на механизми и машини
8212. Составувачи на електрична и елекртонска опрема
8219. Составувачи на опрема и производи, некласифицирани на друго место

**83. Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж**

**831. Возачи на локомотиви и сродни работници**
8311. Возачи на локомотиви
8312. Железнички кочничари, сигнализатори и свртничари

**832. Возачи на моторни возила**
8321. Возачи на мотоцикли
8322. Возачи на автомобили, такси - возила и комбиња

**833. Возачи на тешки возила и автобуси**
8331. Возачи на автобуси и трамваи
8332. Возачи на тешки товарни и влечни возила

**834. Возачи и ракувачи со транспортни направи**
8341. Возачи на подвижни земјоделски и шумарски машини
8342. Ракувачи со градежни и слични машини
8343. Ракувачи со кранови, дигалки и слични постројки
8344. Возачи на тешки товарни возила со подвижна дигалка

**835. Екипаж на бродски палуби и сродни работници**
8350. Екипаж на бродски палуби и сродни работници

## ГЛАВНА ГРУПА 9.
## ЕЛЕМЕНТАРНИ ЗАНИМАЊА

**91. Чистачи и помошници**

**911. Домашни, хотелски и канцелариски чистачи и помошници**
9111. Домашни чистачи и помошници
9112. Чистачи и помошници во канцеларии, хотели и други установи

**912. Рачни мијачи на автомобили, прозорци, перачи и слични работници**
9121. Рачни перачи и пеглачи на алишта
9122. Рачни мијачи на автомобили
9123. Мијач на прозорци
9129. Други рачни чистачи

**92. Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството**

**921. Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството**
9211. Општи работници за земјоделско производство
9212. Општи работници за добиточнно производство
9213. Општи работници во фарма за мешовито производство
9214. Општи работници за градинарско и хортикултурно производство
9215. Општи работници во шумарството
9216. Општи работници во риболовот

**93. Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот**

**931. Општи работници во рударството и градежништвото**
9311. Општи работници во рудници и каменоломи
9312. Општи работници во нискоградба
9313. Општи работници во високоградба

**932. Општи работници во производството**
9321. Рачни пакувачи
9329. Општи работници во производството, некласифицирани на друго место

**933. Општи работници во транспортот и работата со товари**
9331. Возачи на возила придвижувани рачно или со педали
9332. Возачи на возила и машини влечени од животни
9333. Работници со товар
9334. Редачи на полици

**94. Помошници за подготовка на храна**

**941. Помошници за подготовка на храна**
9411. Подготвувачи на брза храна
9412. Помошници во кујна

**95. Улични продавачи и други услужни работници**

**951. Улични и други услужни работници**
9510. Улични и други услужни работници

**952. Улични продавачи**
9520. Улични продавачи

**96. Собирачи на смет и сродни занимања**

**961. Собирачи на смет**
9611. Собирачи на ѓубре
9612. Сортирачи на смет
9613. Чистачи на улици и сродни занимања

**962. Занимања за општи работи, нераспределени на друго место**
9621. Курири, доставувачи, носачи и портири
9622. Општи работници за помош
9623. Читачи на броила и собирачи на пари од автомати
9624. Собирачи на вода и огревно дрво
9629. Занимања за општи работи некласифицирани на друго место

## ГЛАВНА ГРУПА 0.
## ВОЕНИ ЗАНИМАЊА

**01. Воени занимања**

**011. Воени занимања**

0110. Воени занимања

# III. ОПИСИ НА ГРУПИТЕ НА ЗАНИМАЊАТА

## ГЛАВНА ГРУПА 1.
## ЧЛЕНОВИ НА ЗАКОНОДАВНИ И ИЗВРШНИ ТЕЛА, ДРЖАВНИ ФУНКЦИОНЕРИ, РАКОВОДНИ ДРЖАВНИ СЛУЖБЕНИЦИ, ДИПЛОМАТИ И ДИРЕКТОРИ

Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници, дипломати и директори ја одредуваат, креираат и ја водат политиката на државата како и политиката на здруженија и организации, советуваат во врска со нив; ги формулираат законите, прописите и правилата, ја претставуваат државата и дејствуваат во нејзино име; го надгледуваат толкувањето и реализирањето на државната политика и законодавството; ја вршат судската власт, вршат слични работи во име на здруженија и организации како и управуваат со претпријатија и институции или управуваат со нивните внатрешни организациони единици.

Задачите што ги вршат членовите на законодавни и извршни тела, државните функционери, раководните државни службеници, дипломатите и директорите најчесто вклучуваат: одредување и креирање на политиката на државата или на единиците на локалната управа и самоуправа и советување во врска со нив; формулирање на закони, прописи и правила; претставување на државата и дејствување во нејзино име; надгледување на извршувањето и толкувањето на државната политика и законодавството; извршување на судската власт, вршење на слични работи во име на политички странки, синдикати и останати здруженија и организации; планирање, организирање, водење и контрола на работењето на претпријатијата и институциите или на нивните внатрешни организациони единици. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

11. **Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници и дипломати**
12. **Административни и комерцијални директори**
13. **Директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги**
14. **Директори на претпријатија за угостителство, трговија и други услуги**

**Забелешка:**

Во случај кога од лицето може да се бараат посебни стручни, технички и оперативни знаења на законодавно, управно и директорско ниво, понекогаш е тешко да се определи дали одредено работно место припаѓа на занимањето во оваа или во некоја друга група. Тогаш се потребни дополнителни информации во врска со основните работи на работното место. Ако основните работи бараат посебно стручно знаење или одредена техничка вештина, тогаш работното место спаѓа во некоја друга група. Меѓутоа, ако стручното знаење и техничките вештини се основа за законодавните, управните и директорските работи, тогаш работното место спаѓа во оваа група. На пример, ако основните работи на некое работно место се состојат од дијагностицирање и лекување на болести, работното место припаѓа на главната група 2 (Стручњаци и научници). Ако една од основните работи е доделување на истражувања и финансиски средства врз основа на медицински знаења, тогаш тоа работно место припаѓа на занимањата од оваа група.

**ПОДГРУПА 11.**
## Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери, раководни државни службеници и дипломати

Членовите на законодавни и извршни тела, државните функционери, раководните државни службеници и дипломатите ја одредуваат, креираат и ја водат политиката на државата, советуваат во врска со неа; формулираат, донесуваат, ратификуваат, дополнуваат или укинуваат закони, прописи и правила; ја претставуваат државата и дејствуваат во нејзино име; го надгледуваат толкувањето и реализирањето на државната политика и законодавството; ја вршат судската власт и вршат слични работи во име на здруженија или организации.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: одредување, водење и креирање на политиката на државата, советување во врска со неа на ниво на државата или на ниво на единиците на локалната управа и самоуправа; формулирање, ратификување, дополнување или укинување на закони, прописи и правила; претставување на државата и дејствување во нејзино име; надгледување, толкување и реализирање на државната политика на владата, министерствата и сродните тела; извршување на судската власт; вршење на слични функции за политички странки, синдикати и останати здруженија и организации, склучувајќи преговори во име на членовите. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**111. Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери во извршната власт и судството**
**112. Генерални и извршни директори, раководни државни службеници, функционери кои раководат со други органи на државната управа, дипломати и дипломатски службеници**

**СПОРЕДНА ГРУПА 111.**
## Членови на законодавни и извршни тела, државни функционери во извршната власт и судството

Членовите на законодавни и извршни тела, државните функционери во извршната власт и судството вршат законодавна, извршна или судска власт во органите на државно, на регионално и на локално ниво. Го претставуваат телото на чие чело се избрани.

Членовите заседаваат или учествуваат во работата на претставничките тела на ниво на државата или на ниво на локалната самоуправа и управа која донесува закони и други прописи; заседаваат или учествуваат во работата на владата и на други тела на ниво на државата или на ниво на локалната самоуправа и управа кои со примена на Уставот, законите и другите прописи ја спроведуваат државната политика, регионалната политика или остваруваат самоуправа во локалната единица; ја претставуваат државата во странство; ја извршуваат судската власт, ја следат работата на судовите и ја усогласуваат и

изедначуваат примената на законите; самостојно вршат сродни задачи во рамките на Уставот и законите управувајќи со тела на ниво на државата и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1111. Законодавци**
**1112. Високи владини функционери**
**1113. Избрани и именувани лица во единиците на локалната самоуправа**
**1114. Високи функционери во судството и организации од посебен интерес**

## 1111. Законодавци

Претседателот на Република Македонија ја застапува Републиката во земјата и во странство, се грижи за почитување на Уставот, обезбедува опстанок и единственост на Републиката, како и редовно дејствување на државната власт во согласност со Уставот.

Членовите на законодавната власт, како највисока законодавна власт, одредуваат, формулираат и донесуваат закони релевантни за функционирањето на Републиката, ги менуваат, дополнуваат и укинуваат, а ги потврдуваат и меѓународните договори. Ја надгледуваат работата на Владата и другите носители на јавни должности одговорни пред Собранието на Република Македонија, вршат и други работи според Уставот и законот.

Задачи на претседателот на Републиката се:

- претставување на државата во земјата и во странство;
- го определува мандаторот за формирање на Владата на Република Македонија
- именување и разрешување на претседателот, потпретседателот и членовите на Владата и други должности според Уставот;
- заповедник на оружените сили;
- склучување на меѓународни договори;
- ги поставува и ги отповикува со указ амбасадорите и пратениците на Република Македонија во странство;
- примање на писма за именување и отповикување на странски дипломатски претставници;
- предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Македонија;
- предлага двајца членови на Судски совет на Република Македонија;
- ги предлага членовите на Советот за меѓунационални односи;
- именува тројца членови на Советот за безбедност на Република Македонија;
- именува и разрешува и други носители на државни и јавни функции утврдени со Уставот и со закон;
- останати задачи утврдени со Уставот.

Задачите на останатите занимања во Собранието вклучуваат:

- заседавање или учествување во работата на Собранието и неговите работни тела;
- усвојување и измена на Уставот;
- усвојување на закони и давање на автентична интерпретација на законите;
- определување на јавните давачки;
- донесување на буџетот и завршната сметка на буџетот на Републиката;
- донесување на просторен план на Републиката;
- ратификување на меѓународни договори;
- одлучување за војна и мир и измена на границите на Република Македонија;
- одлучување за стапување и истапување од сојуз или заедница со други држави;
- распишување на референдум;
- одлучување за резервите на Републиката;
- избор на Владата на Република Македонија;
- бирање, именување и разрешување во согласност со Уставот и законот;

- надгледување на работата на Владата и другите носители на јавни функции;
- вршење на други работи според Уставот, законот и Статутот на Собранието;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1111.01 Претседател на Република Македонија
1111.02 Претседател на Собранието на Република Македонија
1111.03 Пратеник

## 1112. Високи владини функционери

Високите владини функционери ја вршат највисоката извршна власт во Република Македонија. Подготвувајќи закони и други прописи за расправа во Собранието, спроведуваат закони и други прописи што ги донесува Собранието. Во согласност со Уставот и законот донесуваат одредби, одлуки, решенија и заклучоци. Членовите на Владата се на чело на министерствата одредени за определени подрачја. Владата ги менува директорите и другите функционери на државните управни институции, управи во сопственост на министерствата и други управи на државата, ги основа, го одредува делокругот на нивната работа и го надгледува вршењето на работите.

Владата го организира, го усогласува и го надгледува вршењето на работата на државната управа и обезбедува единство на политичкиот и правниот делокруг на работата. Министрите донесуваат правилници, наредби и упатства за спроведување на законите и другите прописи. Министерствата се надлежни во својот делокруг за управен инспекциски надзор. Ја следат состојбата со прибирањето на податоци и изработка на стручни подлоги за одлучување, како и изработка на нацрт-закони.

Задачите вклучуваат:
- усогласување на работата на Владата, нејзините работни тела, министерства или канцеларии;
- спроведување на закони и прописи;
- следење на состојбата во одделни области на работа и изработка на стручни основи за нивна оцена и примена на прописи;
- предлагање на закони и други прописи на Собранието/Парламентот;
- донесување на одредби, правилници, наредби, упатства;
- именувања и разрешувања на носители на јавни и други функции утврдени со Уставот и закон;
- донесување на одлуки за отварање на дипломатско-конзуларни претставништва во странство и предлагање за именување на амбасадори и пратеници на Република Македонија во странство;
- одлучување за признавање на држави и влади;
- управен инспекциски надзор во делокругот на работата;
- вршење на сродни работи според Уставот, законот и други прописи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1112.01 Претседател на влада
1112.02 Потпретседател на влада
1112.03 Министер
1112.04 Заменик на министер

## 1113. Избрани и именувани лица во единиците на локалната самоуправа

Избраните и именуваните лица во единиците на локалната самоуправа претседаваат со собранијата на одредени единици на локалната самоуправа и управа. Овие тела, во согласност со законот, донесуваат устав или статут со кои се утврдува уредувањето и делокругот на работа на поединечните тела на единиците на локалната самоуправа и управа.

Ја организираат и подготвуваат работата на Советот, усогласуваат и предлагаат дневен ред на седниците, ги водат седниците и спроведуваат заклучоци. Ја насочуваат и надгледуваат работата на извршните тела. Градоначалниците се врховната извршна власт на градот или општината за работи на

државната управа одредена со закон и за работи на локалната самоуправа, под надзор на Советот на општината/градот.

Задачите вклучуваат:

- претставување на заедницата;
- претседавање со Собранието и заседавање на седници;
- спроведување на закони или прописи;
- подготовка на седници, усогласување на дневни редови;
- спроведување на заклучоците на Собранието;
- надзор на работата на извршните тела на единиците и работата на соработниците, усогласување на работата на раководствата, организирање, усогласување и надзор на работата на службите;
- надзор на инспекциските служби и сродни работи според Уставот, законот и деловникот на Собранието;
- доделување на ресурси под концесија на домаќинствата;
- информирање на заедницата за владините правила и прописи;
- вршење на сродни работи утврдени со законот;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1113.01 | Градоначалник на град Скопје |
| 1113.02 | Градоначалник на единица на локалната самоуправа |
| 1113.03 | Претседавач на Совет на единица на локалната самоуправа |
| 1113.04 | Претседавач на Советот на град Скопје |
| 1113.05 | Советник на Советот на град Скопје |
| 1113.06 | Советник на единица на локалната самоуправа |

## 1114. Високи функционери во судството и во организации од посебен интерес

Високите функционери во судството и во организации од посебен интерес утврдуваат, формулираат и директно имплементираат политики и процедури во судството и во организации од посебен интерес како што се политичките партии, синдикатите, организациите на работодавачите, трговијата и индустријата, хуманитарните или добротворните организации, невладините организации и други и ги застапуваат нивните интереси.

Задачите вклучуваат:

- утврдување и формулирање на цели, политики, стратегии, правила и прописи на организацијата;
- планирање, насочување и координација на функционирањето на организацијата;
- вршење на должностите на телата за кои се избрани;
- преглед на работата и резултатите на организацијата;
- преговарање во име на организацијата и застапување на интересите на нејзините членови;
- обезбедување на финансиска контрола и увид во буџетирањето на организацијата;
- следење и оценување на ефикасноста и ефективноста на организацијата;
- изнесување на интересите на организацијата и на нејзините членови пред законодавната и извршната власт и пред јавноста;
- официјално претставување на организацијата на состаноци, трибини, преговори и јавни расправи;
- претседавање со општа седница во суд;
- објавување на правни толкувања на општа седница на суд или давање на задолжителни упатства за работа и постапување на замениците, односно јавните обвинителства, односно јавните правобранители;
- вршење на задачи од правосудството на покана од Министерството за правда;
- давање на оцени за вршење на должности (судиски, јавнообвинителски, јавноправобранителски);
- покренување, водење и изрекување на казни по дисциплински постапки;
- ослободување од чување на службени тајни на судии, заменици и јавни обвинители, односно на јавен правобранител, како и на другите службеници;
- давање соопштенија за јавност;
- вршење на сродни задачи;

- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1114.01 | Гувернер на Народната банка |
| 1114.02 | Вицегувернер на Народната банка |
| 1114.03 | Претседател на Уставниот суд на Република Македонија |
| 1114.04 | Претседател на Врховниот суд на Република Македонија |
| 1114.05 | Претседател на апелационен суд |
| 1114.06 | Претседател на основен суд |
| 1114.07 | Јавен обвинител на Република Македонија |
| 1114.08 | Јавен обвинител во Вишо јавно обвинителство |
| 1114.09 | Јавен обвинител на основно јавно обвинителство |
| 1114.10 | Државен правобранител на Република Македонија |
| 1114.11 | Претседател на Судскиот совет на Република Македонија |
| 1114.12 | Народен правобранител (Омбудсман) |
| 1114.13 | Заменик народен правобранител |
| 1114.14 | Претседател на политичка партија |
| 1114.15 | Потпретседател на политичка партија |
| 1114.16 | Генерален секретар на политичка партија |
| 1114.17 | Претседател на Стопанската комора на Македонија |
| 1114.18 | Потпретседател на Стопанската комора на Македонија |
| 1114.19 | Генерален секретар на Стопанската комора на Македонија |
| 1114.20 | Советник во извршниот одбор на Стопанската комора на Македонија |
| 1114.21 | Секретар на сектор/служба во Стопанската комора на Македонија |
| 1114.22 | Претседател на синдикат |
| 1114.23 | Секретар на синдикат |
| 1114.24 | Претседател на сојуз |
| 1114.25 | Претседател на комисија за човекови права |
| 1114.26 | Претседател на комисија за заштита на околината |
| 1114.27 | Претседател на хуманитарна организација |
| 1114.28 | Секретар на хуманитарна организација |
| 1114.29 | Претседател на невладина организација |
| 1114.30 | Секретар на невладина организација |
| 1114.31 | Претседател на организации од посебен интерес |
| 1114.32 | Секретар на организации од посебен интерес |
| 1114.33 | Нераспределени високи функционери |
| 1114.34 | Претседател на Виш управен суд |
| 1114.35 | Претседател на Управен суд |
| 1114.36 | Претседавач на Собранието на Стопанската комора на Македонија |
| 1114.37 | Претседател на Надзорниот одбор на Стопанската комора на Македонија |
| 1114.38 | Извршен директор на Стопанската комора на Македонија |

### СПОРЕДНА ГРУПА 112.
### Генерални и извршни директори, раководни државни службеници, функционери кои раководат со други органи на државната управа, дипломати и дипломатски службеници

Генералните и извршните директори, раководните државни службеници, функционерите кои раководат со други органи на државната управа, дипломатите и дипломатските службеници вршат со закон одредени најстручни работи на претпријатија, организации и државната управа и управуваат со делови на министерства, државни управни институции или управи во состав на министерствата и сродни тела на државната управа, односно нивни делови; вршат организациски и стручни административни работи за Собранието, Владата и нивните работни тела; ја претставуваат државата во странство или вршат дипломатски и конзуларни работи во странски држави или во земјата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: одредување и креирање на политиката на претпријатието/институцијата; претставување на претпријатието/институцијата; организациски и стручно-

административни работи за највисоките претставништва и извршни тела на државата и нивните работни тела; вршат работи од делокругот на министерствата по налог на министерот; управуваат со управна организација на ниво на државата, управна организација во состав на министерствата или нивните делови, односно сродни делови на државната управа; претставување на државата во странство, во странска држава или меѓународна организација, односно вршат дипломатско-конзуларни работи во странство или во земјата; вршат сродни работи според делокругот на работата, одредени со закон. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1121. Генерални и извршни директори**

**1122. Раководни државни службеници на Собранието, Владата и органите на државната управа**

**1123. Функционери кои раководат со други органи на државната управа и на управни организации**

**1124. Дипломати и дипломатски службеници**

## 1121. Генерални и извршни директори

Генералните и извршните директори управуваат со претпријатија и институции, ја одредуваат и креираат политиката, ги планираат, организираат, водат и ги контролираат активностите на претпријатието или на институцијата, најчесто под надзор на управата или надзорниот одбор пред кој се одговорни за преземените активности и постигнатите резултати.

Задачите вклучуваат:

- одредување и креирање на политиката и целите на претпријатието / институцијата;
- управување (планирање, организирање, водење и контрола) на основното работење на претпријатието/институцијата;
- одредување и водење на одредена политика со советување со директорите на останатите делови на големите претпријатија / институции;
- делегирање на авторитет и работни задолженија кон пониските хиерархиски нивоа на организираност;
- надгледување и контрола на работењето и резултатите на претпријатието/институцијата и известување на надзорниот одбор или управата;
- претставување на претпријатието/институцијата;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1121.01 | Директор |
| 1121.02 | Генерален директор |
| 1121.03 | Заменик на генералниот директор |
| 1121.04 | Помошник на генералниот директор на претпријатие |
| 1121.05 | Советник на генералниот директор |
| 1121.06 | Извршен директор |
| 1121.07 | Заменик на директорот на претпријатие |
| 1121.08 | Принуден управник на претпријатие |
| 1121.09 | Стечаен управник |
| 1121.10 | Ректор на универзитет |
| 1121.11 | Проректор на универзитет |

## 1122. Раководни државни службеници на Собранието, Владата и органите на државната управа

Раководните државни службеници на Собранието, Владата и органите на државната управа вршат организациски и стручно-административни работи на телата во кои ги вршат своите обврски. Организираат и надгледуваат подготвување на материјали за седници, прием и испраќање на пошта, соработуваат со другите тела и служби, помагаат во формулирањето на заклучоци, се грижат за почитување на пропишаните процедури, водат записници или се грижат за записниците на седниците, ги доставуваат

заклучоците од седницата на телата за кои се наменети, во согласност или по налог на претседателот вршат и други сродни задачи.

Задачите вклучуваат:

- испраќање на покани за седници со соодветни материјали;
- прием и испраќање на пошта;
- давање на задачи и надзор на стручните и техничките служби при вршењето на работите за организационата единица;
- водење на соодветна евиденција;
- водење или надзор на водењето записник или препис на звучна снимка на седница;
- помош и консултација со претседателот на организационата единица;
- се грижат за почитување на одредбите од деловникот на организационата единица;
- соработуваат со претставниците на релевантни организациони единици;
- вршење на останати организациони и административни сродни задачи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1122.01 Генерален секретар на Собранието на Република Македонија
1122.02 Заменик на генералниот секретар на Собранието на Република Македонија
1122.03 Генерален секретар на Владата на Република Македонија
1122.04 Заменик на генералниот секретар на Владата на Република Македонија
1122.05 Државен секретар во министерство
1122.06 Советник на државната управа
1122.07 Државен советник
1122.08 Раководител на сектор
1122.09 Помошник на раководителот на сектор
1122.10 Раководител на одделение

## 1123. Функционери кои раководат со други органи на државната управа и на управни организации

Во оваа единечна група се распределени занимањата на лицата кои Владата или министерот ги назначуваат како функционери или заменици на функционери на самостојни органи на државната управа (дирекции, агенции и комисии), органи во состав на министерствата (управа, биро, служба, инспекторат и капетанија) или управни организации (државен архив и заводи).

Задачите вклучуваат:

- грижа за спроведување на законот и другите прописи;
- подготвување на нацрт-закони и други прописи, како и донесување на спроведените прописи по законско овластување;
- надгледување на законитоста и навремено извршување на задачите и преземање на мерки за обезбедување на ефикасноста во работата;
- распределување на задачите и давање на упатство за работа;
- грижа за стручно оспособување и усовршување на државните службеници;
- соработка со телата на државната управа и единиците на локалната самоуправа и управа и други правни лица;
- подготовка на стручна основа за расправа и одлучување;
- собирање, средување и групирање на податоци од интерес за дејноста за која се основани;
- грижа за правилно користење на имотот и средствата за работа, како и преземање на мерки за утврдување на одговорност при повреда на службена должност;
- вршење на сродни работи утврдени со закон и пропис;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1123.01 Директор на агенција
1123.02 Заменик на директорот на агенција
1123.03 Претседател на комисија

1123.04 Потпретседател на комисија
1123.05 Директор на управна организација
1123.06 Заменик на директорот на управна организација
1123.07 Директор на орган на државната управа во состав на министерство
1123.08 Заменик на директор на орган на државната управа во состав на министерство
1123.09 Директор на подрачна служба
1123.10 Секретар на Секретаријатот за законодавство

## 1124. Дипломати и дипломатски службеници

Дипломатите и дипломатските службеници ја претставуваат Република Македонија во странски држави или меѓународни организации и вршат соодветни задачи во земјата. Во рамките на утврдената надворешна политика, развиваат и унапредуваат односи и соработка со странски држави и меѓународни организации во странски држави, односно со нивни претставништва во Републиката. Ги бранат интересите на Републиката и нејзините физички и правни лица во државата во којашто се примени. Ги известуваат надлежните тела на Републиката за состојбата во државата на приемот, односно ја известуваат државата на приемот за состојбата во Република Македонија. Ја поттикнуваат и помагаат соработката со странство во политички, стопански, културни, научни и други подрачја.

За вршење на наведените работи во странство се воспоставуваат дипломатски претставништва, мисии, конзулати и информативни културни центри.

Задачите вклучуваат:

- претставување на Република Македонија во државата на приемот;
- заштита на интересите на Република Македонија и нејзините физички и правни лица во државата на приемот;
- развивање на пријателски односи и соработка на Република Македонија и државата на приемот;
- известување на надлежните тела на Републиката за состојбата во државата на приемот, односно ја известуваат државата на приемот за состојбата во Република Македонија;
- одржување и развивање на севкупните врски со претставниците на странските држави и меѓународните организации во Република Македонија;
- поттикнување и помош на соработката со странство во политички, стопански, културни, научни и други подрачја;
- стручни работи во подготовката на разговори, преговори, склучување или извршување на меѓународни договори;
- вршење на конзуларни работи (подрачје на внатрешни работи, општа управа, матични книги, социјална заштита и слично) во државата на приемот;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1124.01 Амбасадор
1124.02 Секретар на амбасада
1124.03 Аташе
1124.04 Вицеконзул
1124.05 Генерален конзул на Република Македонија
1124.06 Конзул на Република Македонија
1124.07 Дипломатски претставник
1124.08 Дипломатски советник
1124.09 Шеф на постојана дипломатска мисија

**ПОДГРУПА 12.**

### Административни и комерцијални директори

Административните и комерцијалните директори управуваат со претпријатија и институции, ја одредуваат и креираат политиката, ги планираат, организираат, водат и ги контролираат активностите на претпријатието или на институцијата како административни, финансиски и кадровски политики, истражување и развој, маркетинг и продажба, рекламирање и односи со јавноста и друго, најчесто под

надзор на управата или надзорниот одбор пред кој се одговорни за преземените активности и постигнатите резултати.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: одредување и креирање на политиката на претпријатието/институцијата; управување, планирање, организирање, водење и контрола на основното работење на претпријатието/институцијата под надзор кој го спроведува управата или надлежниот одбор; спроведување на политиките на претпријатието/институцијата и оптимално користење на ресурсите; надгледување на работењето и резултатите на претпријатието/институцијата, известување на управата или надлежниот одбор за постигнатите резултати на претпријатието/институцијата и контрола на трошоците, претставување на претпријатието/институцијата и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**121. Директори за деловни услуги и администрација**
**122. Директори на претпријатија за продажба, маркетинг и развој**

**СПОРЕДНА ГРУПА 121.**
**Директори за деловни услуги и администрација**

Директорите за деловни услуги и администрација управуваат со претпријатијата и институциите, ја одредуваат и креираат политиката, ги планираат, организираат, водат и ги контролираат активностите на претпријатието или на институцијата како административни, финансиски и кадровски политики и друго, најчесто под надзор на управата или надзорниот одбор пред кој се одговорни за преземените активности и постигнатите резултати.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: одредување и креирање на политиката на претпријатието/институцијата; управување, планирање, организирање, водење и контрола на основното работење на претпријатието/институцијата под надзор кој го спроведува управата или надлежниот одбор; планирање на дневните задачи и управување со нив; планирање, организирање, водење и контрола на политиката спрема вработените и стопанските односи на претпријатијата/институциите; спроведување на политиките на претпријатието/институцијата и оптимално користење на ресурсите; надзор и информирање за економската и финансиската положба и плановите за ликвидност на претпријатието; надгледување на работењето и резултатите на претпријатието/институцијата и контрола на трошоците, известување на управата или надлежниот одбор за постигнатите резултати на претпријатието/институцијата; претставување на претпријатието/институцијата и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1211. Финансиски директори**
**1212. Директори на правни, кадровски, општи и сродни служби**
**1213. Директори за политика и планирање**
**1219. Директори за деловни услуги и администрација кои не се класифицирани на друго место**

## 1211. Финансиски директори

Финансиските директори управуваат со сметководствените и финансиските работи на претпријатијата и институциите (планираат, организираат, водат и контролираат), со целосен надзор на главниот или извршниот директор, и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на сметководствените и финансиските работи на претпријатијата;
- оцена на финансиската ситуација на претпријатието, подготвување на буџет;
- надзор и контрола на спроведувањето на законите и прописите;

- надзор и информирање за економската и финансиската положба и плановите за ликвидност на претпријатието;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на средствата;
- воспоставување и контрола на оперативните постапки;
- планирање на дневните задачи и управување со нив;
- претставување на организационата единица во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1211.01 Директор на администрација
1211.02 Директор на финансии и сметководство
1211.03 Директор на контрола
1211.04 Директор на внатрешна финансиска контрола
1211.05 Директор за ревизија на работењето на банките и финансиските организации
1211.06 Финансиски секретар

## 1212. Директори на правни, кадровски, општи и сродни служби

Директорите на правни, кадровски, општи и сродни служби управуваат со политиката спрема вработените и стопанските односи на претпријатијата/институциите (планираат, организираат, водат и контролираат) под надзор на главниот или извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на политиката спрема вработените и стопанските односи на претпријатијата/институциите;
- планирање и организирање на постапка за вработување и оспособување на работници, унапредување, одредување на структурата на платата и преговарање за платите, соработка и консултации со работниците и сродни кадровски прашања;
- надгледување на сигурносни, здравствени и сродни програми и активности со учество на сите заинтересирани;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства;
- воспоставување и контрола на оперативни и административни постапки;
- планирање и раководење со дневните задачи;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
1212.01 Директор на правна, кадровска и општа служба

## 1213. Директори за политика и планирање

Директорите за политика и планирање раководат и организираат непосредна координација на политиките и стратешкото планирање на претпријатијата и институциите, развиваат различни видови на планови и стратегии за реализирање на целите на организацијата со целосен надзор на главниот или извршниот директор и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- развивање, спроведување и следење на стратешките планови, програми, политики, процеси, системи и процедури за постигнување на целите, деловни определби и стандарди;
- развој, режија, управување и учество во политиката за истражување и анализа;
- координација на имплементацијата на политиките и практиките на организацијата;

- воспоставување на мерки на одговорност;
- управување со стратешкото планирање дадено од страна на вработените;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства;
- воспоставување и контрола на оперативни и административни постапки;
- планирање и раководење со дневните задачи;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
1213.01 Директор на плански сектор
1213.02 Директор за стратешко планирање
1213.03 Директор на интерни гласила
1213.04 Директор за посредување со претпријатија

## 1219. Директори за деловни услуги и администрација кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група опфа¸а директори за деловни услуги и администрација кои не се класифицирани на друго место во споредната група 121. Директори за деловни услуги и администрација.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
1219.01 Директор за неспомнати деловни услуги

**СПОРЕДНА ГРУПА 122.**
**Директори на претпријатија за продажба, маркетинг и развој**

Директорите на претпријатија и служби за продажба, маркетинг и развој управуваат со активностите на маркетингот, продажбата, рекламирањето и истражувањето и развој на претпријатијата (планираат, организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот или извршниот директор, и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: планирање, организирање, водење и контрола на продажбата и маркетингот на претпријатието; одредување на цени, услови на испорака и рабат, трошоци за активности за унапредување на продажбата, методите на продажба, посебни стимулации и дистрибуција; позиционирање на производите на пазарот; планирање и раководење со дневните операции; планирање и водење на посебни програми заради известување на средствата за јавно информирање за плановите, резултатите и позициите на претпријатието/институцијата; планирање и водење на активности за прибирање средства за хуманитарни и слични цели; планирање, организирање, водење и контрола на истражувачките и развојните активности на претпријатието/институцијата заради развивање на нови или унапредување на постоечките технички процеси на производот и употреба на материјалите и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**1221. Директори на претпријатија за продажба и маркетинг**
**1222. Директори на претпријатија за реклама и односи со јавноста**
**1223. Директори на претпријатија за истражување и развој**

## 1221. Директори на претпријатија за продажба и маркетинг

Директорите на претпријатија и служби за продажба и маркетинг управуваат со активностите на маркетинг и продажба во претпријатијата и институциите (планираат, организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот или извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на продажбата и маркетингот на претпријатието;
- планирање и организирање на посебни програми за продажба и маркетинг базирани на извештаи од продажбата и маркетинг за процена;
- одредување на цени, услови на испорака и рабат, трошоци за активности за унапредување на продажбата, методите на продажба и посебни стимулации;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства и на вработените;
- одредување на мерки и надзор на водењето на оперативни и административни постапки;
- планирање и раководење со дневните операции;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1221.01 Директор на маркетинг
1221.02 Директор на продажба
1221.03 Директор на комерцијална служба
1221.04 Директор на издавачко претпријатие
1221.05 Директор на музичко - сценска продукција
1221.06 Директор на филмска и видео дејност
1221.07 Директор на телевизиска и филмска продукција
1221.08 Директор на фотографија

## 1222. Директори на претпријатија за реклама и односи со јавноста

Директорите на претпријатија и служби за реклама и односи со јавноста управуваат со активностите за рекламирање, односите со јавноста и известување на јавноста во претпријатијата и институциите (планираат, организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот или извршниот директор, и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на активностите за рекламирање, огласи, односи со јавноста и известување на јавноста во врска со претпријатието / институцијата;
- преговори во врска со договорите за огласување со преставниците на весници, списанија, радио и телевизија, спортски организации, институции од областа на културата и рекламни агенции;
- планирање и водење на посебни програми заради известување на средствата за јавно информирање за плановите, резултатите и позициите на претпријатието / институцијата;
- планирање и водење на активности за прибирање на средства за хуманитарни и слични цели;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјални и финансиски средствата, како и на вработените;
- одредување на мерки и надзор на водењето на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на другите активности;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1222.01 Директор за реклама
1222.02 Директор за односи со јавноста
1222.03 Директор на претпријатие за испитување на јавното мислење

## 1223. Директори на претпријатија за истражување и развој

Директорите на претпријатија и служби за истражување и развој управуваат со истражувачките и развојните активности на претпријатијата и институциите (планираат, организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот или извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на истражувачките и развојните активности на претпријатието/институцијата заради развивање на нови или унапредување на постоечките технички процеси на производот и употребата на материјалите;
- планирање на вкупната програма за истражување и развој на претпријатието/институцијата, како и одредување на целите и утврдување на потребните трошоци;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1223.01 | Директор на служба за развој и истражување |
| 1223.02 | Директор на претпријатие за развој |
| 1223.03 | Директор на претпријатие за техничко истражување и анализа |

### ПОДГРУПА 13.
### Директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги

Директорите на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги управуваат со разновидни претпријатија за производство на земјоделски производи, рударство, градежништво, информациска и комуникациска технологија и раководат со институции кои даваат различни видови на специјализирани услуги како образование, социјала, осигурување, банкарство и друго.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: управување со претпријатието/институцијата (планирање, организирање, мотивирање, координирање и контрола), водење на дневните и оперативните работи и надзор на постигнатите резултати; преговори со добавувачите, купувачите и други претпријатија; планирање на производството и управување со него; утврдување на потребниот квалитет, количина и цена на производите и услугите; анализа, контрола и оптимизација на трошоците од работењето; анализирање на текот на работата и утврдување на приоритети; надзор на примената на прописите за сигурност при работа и слични регулаторни прописи; планирање и контрола на користењето на материјалните и финансиските средства, како и избор на вработените; известување на сопственикот доколку постои; претставување на претпријатието на официјални настани и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**131. Директори на земјоделски, ловечки, шумарски и риболовни претпријатија**

**132. Директори на претпријатија за индустриско производство, рударство, градежништво и дистрибуција**

**133. Директори на претпријатија за информациска и комуникациска технологија**

**134. Директори на институции за специјализирани услуги**

**СПОРЕДНА ГРУПА 131.**

**Директори на земјоделски, ловечки, шумарски и риболовни претпријатија**

Директорите на земјоделски, ловечки, шумарски и риболовни претпријатија управуваат со разновидни претпријатија што ги водат во свое име или во име на сопственикот и со помош на лицата кои не се директори ги планираат, организираат, водат и ги контролираат производните активности на претпријатијата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: управување (планирање, организирање, водење и контрола) со претпријатијата, водење на дневните и оперативни работи и надзор на постигнатите резултати; планирање на производството и управување со него; преговори со добавувачите, купувачите и други претпријатија: планирање и контрола на користењето на материјалните и финансиските средства, како и избор на вработените; известување на сопственикот доколку постои; претставување на претпријатието на официјални настани и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1311. Директори на земјоделски, ловечки и шумарски претпријатија**

**1312. Директори на риболовни претпријатија**

## 1311. Директори на земјоделски, ловечки и шумарски претпријатија

Директорите на земјоделски, ловечки и шумарски претпријатија управуваат со тие претпријатија во свое име или во име на сопственикот и со помош на лицата кои не се директори ги планираат, организираат, водат и ги контролираат производните активности на претпријатијата.

Задачите вклучуваат:

- следење на пазарната побарувачка за земјоделски и шумски производи;
- планирање на производството и управување со него;
- процена на приходите и расходите на претпријатието и управување со буџетот;
- преговори со добавувачите и купувачите;
- планирање и контрола на користењето на материјалните и финансиските средства и на работата на вработените;
- водење на дневни и оперативни задачи и подготовка на извештаи;
- инвестирање во опрема и материјали со цел да се подобри квалитетот на производството;
- мерење на ефикасноста на производството и процена на штети;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- претставување на претпријатието на официјални настани;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1311.01 | Директор на земјоделско претпријатие |
| 1311.02 | Директор на производство во земјоделско стопанство |
| 1311.03 | Директор на претпријатие за земјоделски работи |
| 1311.04 | Директор на градинарско претпријатие |
| 1311.05 | Директор на расадник |
| 1311.06 | Директор на ловоодгледувачко претпријатие |
| 1311.07 | Директор на производство во ловечко претпријатие |
| 1311.08 | Директор на ловиште |
| 1311.09 | Директор на шумарско претпријатие |
| 1311.10 | Директор на производство во шумско претпријатие |
| 1311.11 | Директор на шумарски расадник |

## 1312. Директори на риболовни претпријатија

Директорите на риболовни претпријатија управуваат со тие претпријатија во свое име или во име на сопственикот и со помош на лицата кои не се директори ги планираат, организираат, водат и ги контролираат производните активности на претпријатијата.

Задачите вклучуваат:

- следење на пазарната побарувачка за аквакултурни производи;
- планирање на производството на аквакултури и управување со него;
- процена на приходите и расходите на претпријатието и управување со буџетот;
- преговори со добавувачите и купувачите;
- планирање и контрола на користењето на материјалните и финансиските средства и на работата на вработените;
- водење на дневни и оперативни задачи и подготовка на извештаи;
- инвестирање во опрема и материјали со цел да се подобри квалитетот на производството;
- мерење на ефикасноста на производството и процена на штети;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- претставување на претпријатието на официјални настани;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
1312.01 Директор на рибарско претпријатие
1312.02 Директор на производство во рибарско претпријатие
1312.03 Директор на риболовно претпријатие

**СПОРЕДНА ГРУПА 132.**

**Директори на претпријатија за индустриско производство, рударство, градежништво и дистрибуција**

Директорите на претпријатија за индустриско производство, рударство, градежништво и дистрибуција управуваат со претпријатија за индустриско производство, претпријатија од областа на рударството за експлоатација на руди и камен, претпријатија од областа на градежништвото и транспортот и ги менаџираат нивните специфични деловни активности.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: планирање, организирање, водење и контрола на производството во индустриските погони, рударските капацитети, градежните објекти и транспортот и спроведување на деловните политики; утврдување на потребниот квалитет, количина и цена на производите и услугите; обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства на вработените и исполнување на производните планови; планирање и управување на дневните операции; анализа, контрола и оптимизација на трошоците од работењето; надзор на примената на прописите за сигурност при работа и слични регулаторни прописи; надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените; претставување на организационата единица во рамките на претпријатието и надвор од него и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1321. Директори на претпријатија за индустриско производство**
**1322. Директори на претпријатија за рударство**
**1323. Директори на претпријатија за градежништво**
**1324. Директори на претпријатија за транспорт, складирање и врски**

## 1321. Директори на претпријатија за индустриско производство

Директорите на претпријатија за индустриско производство управуваат со активностите на претпријатијата за индустриско производство на стока (планираат, организираат, водат, координираат и

контролираат), под надзор на главниот и извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на производството во индустриските погони и спроведување на деловните политики;
- утврдување на потребниот квалитет, количина и цена на производите;
- обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства на вработените и исполнување на производниот план;
- планирање и управување на дневните операции на производството;
- разгледување на добиените понуди и склучување на договори со клиенти и добавувачи;
- анализа, контрола и оптимизација на трошоците;
- одредување и водење на оперативни и административни работи;
- водење на евиденција за производството и развивање на развојни планови;
- надзор на примената на прописите за сигурност при работа и слични регулаторни прописи;
- учество на саеми и различни промоции;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на организационата единица во рамките на претпријатието и надвор од него;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1321.01 Директор на производство и на оперативните единици на претпријатијата во преработувачката дејност

1321.02 Директор на производство и на оперативните единици на претпријатијата за снабдување со електрична енергија, гас и вода

1321.03 Директор на производно претпријатие

## 1322. Директори на претпријатија за рударство

Директорите на претпријатија за рударство управуваат со активностите на претпријатијата кои се занимаваат со дејност вадење и обработка на камен, руда, сурова нафта и земјен гас (планираат, организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот и извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на производството во фабриките, рудниците и каменоломите, вадење на сурова нафта и земјен гас, како и нивна дистрибуција;
- утврдување на потребниот квалитет, количина и цена на производите и спроведување на деловните политики;
- обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства на вработените и исполнување на производниот план;
- планирање и управување на дневните операции на производството;
- разгледување на добиените понуди и склучување на договори со клиенти и добавувачи;
- анализа, контрола и оптимизација на трошоците;
- одредување и водење на оперативни и административни работи;
- водење на евиденција за производството и развивање на развојни планови;
- надзор на примената на прописите за сигурност при работа и слични регулаторни прописи;
- учество на саеми и различни промоции;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на организационата единица во рамките на претпријатието и надвор од него;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1322.01 Директор на производство и на оперативните единици на претпријатијата во рударството
1322.02 Директор на производство и на оперативните единици на претпријатијата за екстракција на нафта и земјен гас
1322.03 Директор на каменолом
1322.04 Директор на рудник

## 1323. Директори на претпријатија за градежништво

Директорите на претпријатија за градежништво управуваат со градежните работи на претпријатијата (планираат, организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот и извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на градежните работи во претпријатието;
- обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства и на вработените при исполнувањето на планот за градба;
- утврдување на потребниот квалитет, количина и цена на производите и спроведување на деловните политики;
- планирање и управување на дневните операции на производството;
- разгледување на добиените понуди и склучување на договори со клиенти и добавувачи;
- анализа, контрола и оптимизација на трошоците;
- одредување и водење на оперативни и административни работи;
- водење на евиденција за текот на градбите;
- надзор на примената на прописите за сигурност при работа и слични градежни прописи;
- учество на саеми и различни промоции;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на организационата единица во рамките на претпријатието и надвор од него;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1323.01 Директор на производни и оперативни единици во претпријатие за градежни работи
1323.02 Директор на градежно претпријатие
1323.03 Директор на проектантски завод
1323.04 Директор на проектантско биро

## 1324. Директори на претпријатија за транспорт, складирање и врски

Директорите на претпријатија за транспорт, складирање и врски управуваат со претпријатијата и ги планираат, организираат, водат и ги контролираат специфичните активности на претпријатијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на политиките за складирање, набавка и дистрибуција на патници и стока;
- утврдување на потребниот квалитет, количина и цена на производите и услугите и спроведување на деловните политики;
- процена на приходите и расходите на претпријатието;
- преговарање со клиенти и договарање за прифатливи цени и гаранција за квалитет за дадените услуги;
- обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- анализа, контрола и оптимизација на трошоците;
- планирање и контрола на дневните активности;

- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- надзор на примената на прописите за сигурност при работа и слични законски прописи;
- надзор на изборот, оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1324.01 | Директор на шпедитерско претпријатие |
| 1324.02 | Директор на меѓународен патнички сообраќај во претпријатијата |
| 1324.03 | Директор на меѓународен товарен сообраќај во претпријатијата |
| 1324.04 | Директор на превоз на опасни материи во претпријатието |
| 1324.05 | Директор за набавка |
| 1324.06 | Директор за дистрибуција |
| 1324.07 | Директор на складиште |
| 1324.08 | Директор на мало складиште |
| 1324.09 | Директор на претпријатие за превоз |
| 1324.10 | Директор на претпријатие за шпедиција |
| 1324.11 | Директор на претпријатие за услуги на туристичките агенции |
| 1324.12 | Директор на претпријатие за услуги на патнички агенции |
| 1324.13 | Директор на железнички сообраќај |
| 1324.14 | Директор на претпријатие за патен сообраќај |
| 1324.15 | Директор на автобуска станица |
| 1324.16 | Директор на претпријатие за воздушен сообраќај |
| 1324.17 | Директор на аеродром |
| 1324.18 | Директор на туристички агенции |
| 1324.19 | Директор на претпријатие за други услуги во сообраќајот |

**СПОРЕДНА ГРУПА 133.**
**Директори на претпријатија за информациска и комуникациска технологија**

Директорите на претпријатија за информациска и комуникациска технологија управуваат со службите за компјутерски и телекомуникациски услуги во претпријатијата и институциите (планираат, организираат, водат и контролираат) под надзор на главниот или извршниот директор, како и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: консултации со корисниците и останатите засегнати страни со цел да се специфицира технологијата и да се задоволат специфичните барања; формулирање на информациски и комуникациски стратегии, политики и планови; обезбедување на оптимално искористување на ресурсите и развивање на стандарди; анализирање на текот на работата и утврдување на приоритети; оценување на технологијата на организациите и давање на препораки за подобрување на хардверските и софтверските решенија; управување со буџети, контрола на трошоците и воспоставување на систем на оперативни и административни процедури; избор на вработени и надзор на нивната работа; претставување на претпријатието на официјални настани и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**1330. Директори на претпријатија за информациска и комуникациска технологија**

## 1330. Директори на претпријатија за информациска и комуникациска технологија

Директорите на претпријатија за информациска и комуникациска технологија управуваат со службите за компјутерски и телекомуникациски услуги во претпријатијата и институциите (планираат,

организираат, водат и контролираат), под надзор на главниот или извршниот директор, и се советуваат со директорите на останатите организациони единици на претпријатието или институцијата.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на компјутерските услуги на претпријатијата/ институциите;
- насочување на изборот, поставувањата, употребата и одржувањето на компјутерската опрема и програмска поддршка, како и договарање на компјутерски услуги за надворешни корисници;
- планирање на вкупната политика на обработка на податоците на претпријатието/ институцијата, како и координирање на активностите за изнаоѓање на алтернативни решенија;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности;
- надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1330.01 Директор на служба за компјутерски услуги
1330.02 Директор на претпријатие за телекомуникации
1330.03 Раководител на пошта
1330.04 Раководител на служба на меѓународна автоматска телефонска централа
1330.05 Раководител на телекомуникации
1330.06 Директор на претпријатие за компјутерски услуги
1330.07 Директор на претпријатие за информатички услуги
1330.08 Директор на сектор за работна информатика
1330.09 Директор на сметачки центар
1330.10 Директор на центар за автоматска обработка на податоци
1330.11 Директор на сектор за технологија и унапредување на работата

## СПОРЕДНА ГРУПА 134.
## Директори на институции за специјализирани услуги

Директорите на институции за специјализирани услуги управуваат со разновидни институции што даваат различни видови на услуги како заштита и згрижување на деца и стари лица, здравствени, образовни, социјални, финансиски, осигурителни и други видови на професионални услуги и ги менаџираат активностите на тие институции.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: управување со претпријатието /институцијата (планирање, организирање, водење и контрола), водење на дневните работи и надзор на постигнатите резултати; воспоставување и водење на оперативни и административни работи; планирање и контрола на користењето на материјалните и финансиските средства, како и избор на вработените; обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди; организирање на средби со родителите и роднините; претставување на службата во рамките на надлежноста на установата и надвор од неа; известување на сопственикот доколку постои; надзор на останатите работници и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1341. Директори на институции за згрижување на деца**
**1342. Директори на институции за здравствени услуги**
**1343. Директори на институции за згрижување на стари лица**
**1344. Директори на институции за социјални работи**
**1345. Директори на образовни установи**

**1346. Директори на претпријатија за финансиски и осигурителни услуги**
**1349. Директори на институции за специјализирани услуги, накласифицирани на друго место**

## 1341. Директори на институции за згрижување на деца

Директорите на институции за згрижување на деца управуваат со установи за згрижување на деца од претшколска возраст и ги менаџираат активностите на институциите за згрижување и одмор на децата во дневни центри.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на активностите во институциите за згрижување на деца;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- следење на ресурсите кои се одвојуваат за обезбедување на квалитетна нега на децата;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- советување со надлежни органи и воведување на програми и системи со цел да се подобри физичкиот, социјалниот, емотивниот и интелектуалниот развој на децата;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности во установата и согледување на постигнатите резултати;
- надзор и избор на оспособувањето и професионалноста на работата на вработените;
- организирање на средби со родителите на учениците;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на установата и надвор од неа;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
1341.01 Директор на претшколска установа

## 1342. Директори на институции за здравствени услуги

Директорите на институции за здравствени услуги управуваат со институции кои даваат здравствени услуги на луѓето како болници, клиники и други јавни здравствени организации и ги менаџираат активностите на тие институции.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на активностите во здравствените установи;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- следење на ресурсите кои се одвојуваат за обезбедување на здравствена заштита и други здравствени услуги;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните здравствени стандарди;
- советување со надлежни органи и воведување на системи со цел да се подобрат здравствените услуги;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности во установата и согледување на постигнатите резултати;
- надзор и избор на оспособувањето и професионалноста на работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на установата и надвор од неа;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
1342.01 Директор на здравствен дом
1342.02 Директор на здравствена установа
1342.03 Директор на болница
1342.04 Директор на клиника

## 1343. Директори на институции за згрижување на стари лица

Директорите на институции за згрижување на стари лица управуваат со установи кои даваат услуги за згрижување и нега на стари лица поради изнемоштеност или стареење и ги менаџираат активностите на тие институции.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на активностите во институциите за згрижување на стари лица;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- следење на ресурсите кои се одвојуваат за обезбедување на квалитетна нега на старите лица;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- советување со надлежни органи и воведување на програми и системи со цел да се подобри физичката, социјалната и емотивната состојба на старите лица;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности во установата и согледување на постигнатите резултати;
- надзор и избор на оспособувањето и професионалноста на работата на вработените;
- организирање на средби со роднини на старите лица;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на установата и надвор од неа;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1343.01 Директор на дом за стари лица
1343.02 Директор на центар за згрижување на стари лица

## 1344. Директори на институции за социјални работи

Директорите на институции за социјални работи управуваат со установи кои обезбедуваат програми за социјални услуги на заедницата и ги менаџираат активностите на тие институции.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на активностите во социјалните установи;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- следење на ресурсите кои се одвојуваат за обезбедување на заштита, домување и други социјални услуги;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- советување со надлежните органи со цел да се подобрат социјалните услуги;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности во установата и согледување на постигнатите резултати;
- надзор и избор на оспособувањето и работата на вработените;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на установата и надвор од неа;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1344.01 Директор на социјални работи
1344.02 Директор за социјално осигурување
1344.03 Директор на биро за вработување
1344.04 Директор на установа за социјална работа

## 1345. Директори на образовни установи

Директорите на образовни установи управуваат со образовни институции како факултети, колеџи, основни и средни училишта и други образовни установи и ги менаџираат образовните активности.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на образовните установи;
- утврдување на образовни програми базирани во рамките утврдени од страна на образовните власти;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- спроведување на системи и процедури за следење на наставата и запишувањето на учениците;
- советување со надлежните органи со цел да се подобрат образовните услуги;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- оценување и евалуација на работата на професорите и наставниците и контролирање на материјата која се изучува;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- планирање и контрола на дневните активности во установата и согледување на постигнатите резултати;
- надзор и избор на оспособувањето и работата на вработените;
- организирање на средби со родителите на учениците;
- преземање на дисциплински мерки во рамките на својата надлежност;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на установата и надвор од неа;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 1345.01 | Декан |
| 1345.02 | Продекан |
| 1345.03 | Директор на основно училиште |
| 1345.04 | Директор на средно училиште |
| 1345.05 | Директор на претпријатие за интелектуални услуги |
| 1345.06 | Директор на образовна установа |

## 1346. Директори на претпријатија за финансиски и осигурителни услуги

Директорите на претпријатија за финансиски и осигурителни услуги управуваат со претпријатија и институции од финансиска природа како банкарски филијали, менувачници, осигурителни компании, консалтинг и други, ги менаџираат нивните специфични деловни активности и обезбедуваат финансиски и осигурителни услуги.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на финансиските и осигурителните компании;
- планирање на вкупната политика на претпријатието/институцијата, како и координирање на активностите на вработените;
- обезбедување на совети за клиентите во врска со финансиски и осигурителни прашања;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- преговарање со клиенти во врска со финансиски понуди и услуги;
- водење на евиденција на приоритетни клиенти;
- планирање и контрола на дневните активности во организацијата и согледување на постигнатите резултати;
- одобрување на кредитни апликации, финансиски трансакции, потпишување на документи и спроведување на финансиски проверки и истраги;
- надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор;
- известување на сопственикот, доколку постои;

- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1346.01 Директор на одделение за анализа
1346.02 Директор на приватни агенции и фондови
1346.03 Директор на осигурителни друштва
1346.04 Директор на служба за осигурување
1346.05 Директор на менувачница
1346.06 Директор на дирекција на банка
1346.07 Директор на претпријатие за книговодствени услуги
1346.08 Директор на претпријатие за книговодствено - финансиски услуги
1346.09 Директор на претпријатие за финансиски услуги
1346.10 Директор за финансиско посредување

## 1349. Директори на институции за специјализирани услуги, накласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа директори на институции за специјализирани услуги кои не се класифицирани на друго место во подгрупата 13. Директори на производствени претпријатија и институции за специјализирани услуги.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1349.01 Директори на институции за специјализирани услуги кои не се класифицирани на друго место

**ПОДГРУПА 14.**
**Директори на претпријатија за угостителство, трговија и други услуги**

Директорите на претпријатија за угостителство, трговија и други услуги управуваат, планираат, организираат, координираат и контролираат претпријатија кои се занимаваат со хотелиерство, угостителство, трговија на големо и на мало или даваат други услуги.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: планирање, организирање, водење и контрола на хотелските услуги на претпријатијата; планирање на дневните трговски активности и утврдување на производниот микс на производите; контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените; обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди; преговарање со клиенти и добавувачи во врска со достава и набавки; воспоставување и водење на оперативни и административни работи; надзор и избор на оспособувањето и работата на вработените; учество на саеми и различни промоции; претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него; известување на сопственикот, доколку постои и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**141. Директори на угостителски и хотелски претпријатија**
**142. Директори на претпријатија за трговија на големо и на мало**
**143. Други директори за услуги**

**СПОРЕДНА ГРУПА 141.**
**Директори на угостителски и хотелски претпријатија**

Директорите на угостителски и хотелски претпријатија управуваат со угостителски објекти во свое име или во име на сопственикот и со помош на лицата кои не се директори ги планираат, организираат, водат и ги контролираат угостителските активностите на претпријатието.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: планирање, организирање, водење и контрола на хотелските услуги на претпријатијата; контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените; обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди; преговарање со клиенти и добавувачи во врска со достава и набавки; воспоставување и водење на оперативни и административни работи; надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор; известување на сопственикот, доколку постои и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**1411. Директори на хотели**
**1412. Директори на ресторани**

## 1411. Директори на хотели

Директорите на хотели управуваат со хотели и слични објекти во свое име или во име на сопственикот и со помош на лицата кои не се директори ги планираат, организираат, водат и ги контролираат угостителските активности на претпријатието.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на хотелските услуги на претпријатијата;
- планирање на вкупната политика на претпријатието/институцијата, како и координирање на активностите за изнаоѓање на алтернативни решенија;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- преговарање со клиенти и добавувачи во врска со достава и набавки;
- планирање и контрола на дневните активности;
- надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1411.01 Директор на хотелско претпријатие
1411.02 Директор на мал хотел
1411.03 Директор на мотел
1411.04 Директор на камп
1411.05 Директор на одморалиште
1411.06 Директор на претпријатие за изнајмување на соби и куќи
1411.07 Директор за набавка на храна во хотел
1411.08 Директор на хостел
1411.09 Директор на преноќувалиште

## 1412. Директори на ресторани

Директорите на ресторани управуваат со угостителски објекти во свое име или во име на сопственикот и со помош на лицата кои не се директори ги планираат, организираат, водат и ги контролираат угостителските активности на претпријатието.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на угостителските услуги на претпријатијата;
- планирање на вкупната политика на ресторанитe, како и координирање на активностите за изнаоѓање на алтернативни решенија;
- контрола на трошоците и осигурување на рентабилното користење на материјалните и финансиските средства, како и на вработените;
- воспоставување и водење на оперативни и административни работи;
- преговарање со клиенти и добавувачи во врска со достава и набавки;
- планирање и контрола на дневните активности;
- надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- претставување на службата во рамките на надлежноста на претпријатието и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1412.01 Директор на ресторан
1412.02 Директор на мал ресторан
1412.03 Директори на угостителски претпријатија
1412.04 Директор на кафеана
1412.05 Директор на диско-бар
1412.06 Директор на ноќен бар
1412.07 Директор за набавка на храна во ресторан

**СПОРЕДНА ГРУПА 142.**

**Директори на претпријатија за трговија на големо и на мало**

Директорите на претпријатија за трговија на големо и на мало управуваат со трговски претпријатија, планираат, организираат, водат и ги контролираат активностите за продажба на одредени производи на големо и на мало.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: управување (планирање, организирање, водење и контрола), водење на дневните работи и надзор на постигнатите резултати; планирање на дневните трговски активности и утврдување на производниот микс на производите; преговори со добавувачите, купувачите и други претпријатија: планирање и контрола на користењето на материјалните и финансиските средства, како и избор на вработените; процена на приходите и расходите и контрола на трошоците; обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди; учество на саеми и различни промоции; известување на сопственикот доколку постои; надзор на останатите работници и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1420. Директори на претпријатија за трговија на големо и на мало**

## 1420. Директори на претпријатија за трговија на големо и на мало

Директорите на претпријатија за трговија на големо и на мало управуваат со трговски претпријатија, планираат, организираат, водат и ги контролираат активностите за продажба на одредени производи на големо и на мало.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање, водење и контрола на трговските активности со кои се занимава претпријатието;
- процена на приходите и расходите и контрола на трошоците;
- одредување и водење на оперативни и административни работи;

- планирање на дневните трговски активности и утврдување на производниот микс на производите;
- преговори со добавувачите и купувачите за достава и набавки;
- обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства, како и на работата на вработените и исполнување на планот на работа;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;
- надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор;
- учество на саеми и различни промоции;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- претставување на организационата единица во рамките на надлежноста на трговското претпријатие и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1420.01 Директор на претпријатие за трговија на големо
1420.02 Директор на претпријатие за трговија на мало
1420.03 Директор на мало претпријатие за трговија на големо
1420.04 Директор на мало претпријатие за трговија на мало
1420.05 Директор на трговско претставништво
1420.06 Директор за промет со недвижности
1420.07 Директор на претпријатија за изнајмување

**СПОРЕДНА ГРУПА 143.**

**Други директори за услуги**

Оваа единечна група ги опфаќа занимањата на директори кои менаџираат со претпријатија, институции или организации кои даваат услуги од областа на културата, уметноста, спортот, рекреацијата или претпријатија кои даваат лични услуги.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: планирање на дневните активности и организирање на различни програми кои ги даваат центрите; одредување и водење на оперативни и административни работи; давање на публицитет на настаните кои се одржуваат во центрите; обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства, како и на работата на вработените и исполнување на планот на работа; обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди; одржување на чекор со новите трендови и случувања кои се релевантни за услугите кои се даваат; претставување на организационата единица во рамките на надлежноста на центарот и надвор од него и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**1431. Директори на спортски, рекреативни и културни центри**

**1439. Директори за услуги, некласифицирани на друго место**

## 1431. Директори на спортски, рекреативни и културни центри

Директорите на спортски, рекреативни и културни центри управуваат со претпријатија и организации кои обезбедуваат спортски, рекреативни, културни, уметнички и други услуги.

Задачите вклучуваат:

- планирање на дневните активности и организирање на различни програми кои ги даваат центрите;
- процена на приходите и расходите и контрола на трошоците;
- одредување и водење на оперативни и административни работи;
- давање на публицитет на настаните кои се одржуваат во центрите;
- обезбедување на рентабилно користење на материјалните и финансиските средства, како и на работата на вработените и исполнување на планот на работа;
- обезбедување на услови за работа во согласност со пропишаните стандарди;

- одржување на чекор со новите трендови и случувања кои се релевантни за услугите кои се даваат;
- надзор на оспособувањето и работата на вработените, како и нивен избор;
- известување на сопственикот, доколку постои;
- претставување на организационата единица во рамките на надлежноста на центарот и надвор од него;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1431.01 Директор на установа за спорт и рекреација
1431.02 Спортски директор
1431.03 Директор на спортски објект
1431.04 Директор на рекреативни центри
1431.05 Директор на установа за култура
1431.06 Директор на дом на култура
1431.07 Директор на театар
1431.08 Директор на музеј
1431.09 Директор на галерија
1431.10 Директор на архив

## 1439. Директори за услуги, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа директори за услуги кои не се класифицирани на друго место во споредната група 143. Други директори за услуги.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

1439.01 Директор на претпријатие за лични услуги
1439.02 Директор на претпријатие за перење и чистење
1439.03 Директор на претпријатие за хемиско чистење
1439.04 Директор на претпријатие за погребални услуги
1439.05 Директор на институт
1439.06 Директор на ветеринарен институт
1439.07 Директор на ветеринарно друштво
1439.08 Директор на зоолошка градина
1439.09 Директор на национален парк
1439.10 Директор на сектор за механографија
1439.11 Директор на претпријатие за отстранување на отпадни води
1439.12 Директор на претпријатие за комунална хигиена
1439.13 Директор на претпријатие за одржување и поправка на моторни возила
1439.14 Директор на претпријатие за одржување и поправка на производи за широка потрошувачка
1439.15 Директор на служба за обезбедување
1439.16 Директор за заштита при работа
1439.17 Директор на претпријатие и установа, некласифициран на друго место

### ГЛАВНА ГРУПА 2.
### СТРУЧЊАЦИ И НАУЧНИЦИ

Стручњаците и научниците го зголемуваат постоечкиот фонд на знаења, применувајќи научни или уметнички концепти и теории, учат за претходно споменатото на систематски начин или се образуваат во која било комбинација од овие три активности. Занимањата во оваа главна група бараат квалификации од седми, осми и деветти степен на образование.

Задачите што ги вршат стручњаците и научниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: истражување и анализа, унапредување на знаењето, теоријата и оперативните методи, примена на постоечките знаења во областа на природните и техничките науки, биомедицината и здравството, биотехничките науки, како и социјалните и хуманитарните науки, како и советување во врска со нив; предавање за теоријата и праксата на една или повеќе дисциплини на различни степени на образование; учење и образување на хендикепираните лица, давање на разни деловни, правни и социјални услуги,

создавање или изведување на уметнички дела; давање на духовна поддршка, подготвување на научни трудови, извештаи и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**21. Стручњаци за наука и инженеринг**
**22. Стручњаци од областа на здравството**
**23. Стручњаци за образование**
**24. Стручњаци за бизнис и администрација**
**25. Стручњаци за информациска и комуникациска технологија**
**26. Правни, општествени и стручњаци од областа на културата**

**ПОДГРУПА 21.**

## Стручњаци за наука и инженеринг

Стручњаците за наука и инженеринг истражуваат, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа или применуваат научно знаење во физика, астрономија, метеорологија, хемија, геофизика, геологија, математика, статистика, информатика, архитектура, машинство и технологија.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: истражување, проширување, примена и советување за знаењата стекнати со проучување на структурата и својствата на физичките материи и појави, хемиски карактеристики и процеси на различни материи, материјали и производи, и математички, статистички и информатички концепти и методи; истражување и усовршување на научните знаења со проучување на сите форми на живот и влијанието на факторите на околината, лековите и другите супстанции врз живите форми, вклучувајќи ги сите природни појави и процеси во биосферата; советување, проектирање и изведба на градежни работи, како машини и друга опрема; примена и советување за методите во рударството и утврдување на нивната оптимална употреба, катастарско мерење на копно и море како и  изработка на карти; проучување и советување за технолошките аспекти на одредени материјали, производи и постапки, како и за продуктивноста на производството и организацијата; спроведување на истражувања, планирање, развивање, дизајнирање и проектирање на електрична, електро и телекомуникациска опрема; подготовка на научни трудови. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**211. Физичари, хемичари и сродни стручњаци**
**212. Математичари, актуари и статистичари**
**213. Стручњаци од областа на природните науки**
**214. Стручњаци за инженеринг**
**215. Инженери за електротехнологија**
**216. Архитекти, планери, геодети и дизајнери**

**СПОРЕДНА ГРУПА 211.**

### Физичари, хемичари и сродни стручњаци

Физичарите, хемичарите и сродните стручњаци истражуваат, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа, како и применуваат научни знаења поврзани со физика, астрономија, метеорологија, хемија, геологија и геофизика.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: проширување на научните знаења со истражувања и експерименти поврзани со механиката, термодинамиката, оптиката, акустиката, електрицитетот, магнетизмот, електрониката, нуклеарната физика, астрономијата, различни гранки на хемијата, како и примена на овие знаења во области како што се индустријата, земјоделството, здравството, навигацијата, истражувањето на вселената, искористувањето на нафтата, гасот и минералите, телекомуникациите, градежништвото и други услуги, изработка на научни трудови и извештаи. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2111. Физичари и астрономи**
**2112. Метеоролози**
**2113. Хемичари**
**2114. Геолози и геофизичари**

## 2111. Физичари и астрономи

Физичарите и астрономите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа, како и применуваат научни знаења во областа на физиката, астрономијата, индустријата, медицината, воената или друга област.

Задачите вклучуваат:

- истражување, унапредување и развивање на поими, теории и оперативни методи за работа од областа на физиката и астрономијата;
- водење на експерименти, тестови, анализи за структурата и својството на материјата во цврста состојба и нивно однесување под дејство на температура, притисок, стрес и други услови;
- изведување на експерименти, тестови и анализи во области како што се механиката, термодинамиката, оптиката, акустиката, електрицитетот, магнетизмот, електрониката, нуклеарната физика и астрономијата;
- обезбедување на точни мерења на физичките вредности кои се користат и применуваат во медицината;
- развивање на резултати или инвестиции и експерименти и презентирање на заклучоците, главно со користење на математички техники и модели;
- унапредување и развивање на индустриска, медицинска, воена и друга практична примена на начела и техники од областа на физиката и астрономијата;
- надгледување, анализа и интерпретирање на вселенските појави и унапредување на методи и техники за примена во области како што се поморството и истражувањето на вселената;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2111.01 | Физичар |
| 2111.02 | Астроном |
| 2111.03 | Физичар - истражувач |
| 2111.04 | Физичар самостоен истражувач |
| 2111.05 | Медицински физичари |
| 2111.06 | Нуклеарен физичар |

## 2112. Метеоролози

Метеоролозите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа за составот, структурата и динамиката на атмосферата и подготвуваат временска прогноза за авијацијата, морепловството, градежништвото, земјоделството и останатите дејности.

Задачите вклучуваат:

- истражување, унапредување и развивање на поими, теории и оперативни методи за работа поврзани за системот, структурата и динамиката на атмосферата;
- истражување на насоката и брзината на воздушните движења, притисокот, температурата, влагата и останатите појави, како што се создавање на облаци, количината на врнежите, промената на електрицитетот и сончевото зрачење;
- проучување на податоци собрани во метеоролошките станици, подготвување на временски прогнози и карти кои се користат во авијацијата, морепловството, градежништвото, земјоделството и останатите дејности;
- извршување на експерименти за распространување на магла, создавање дождови и останати начини за контролирање на временските услови со употреба на специјализирана опрема;
- давање на предупредување за атмосферски феномени како бура, невреме, поројни дождови, грмотевици и слични опасности;
- испитување на ефектите од времето и климата врз животната средина;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;

- информирање на јавноста;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2112.01 Метеоролог
2112.02 Метеоролог - прогнозер
2112.03 Хидрометеоролог
2112.04 Агрометеоролог
2112.05 Климатолог

## 2113. Хемичари

Хемичарите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа или применуваат научни знаења поврзани со хемијата, главно за тестирање, унапредување и развивање на материи, материјали и индустриски производи и процеси.

Задачите вклучуваат:

- истражување, унапредување и развивање на поими, теории и оперативни методи за работа од областа на хемијата;
- учество во интердисциплинарни истражувања и проекти за развој на работата со хемиски инженери, биолози, микробиолози, агрономи, геолози и други професионалци;
- експерименти, тестови и анализи за испитување на хемискиот состав, енергијата и хемиските промени во различни природни и синтетички материи, материјали и производи;
- развој и истражување на нови супстанции и соединенија и создавање на вештачки супстанции;
- анализи и синтези на резултатите од работата и изведување на заклучоци;
- унапредување и развивање на хемиски, фармацевтски и други индустриски производи и процеси;
- развивање на контролата на квалитетот на производи и процеси;
- преземање на безбедносни мерки при работата;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2113.01 Хемиски аналитичар
2113.02 Хемичар за неорганска хемија
2113.03 Хемичар за органска хемија
2113.04 Хемичар - истражувач
2113.05 Хемичар во фармација
2113.06 Хемичар
2113.07 Хемичар самостоен истражувач
2113.08 Хемичар - технолог
2113.09 Хемичар - физичар
2113.10 Останати хемичари

## 2114. Геолози и геофизичари

Геолозите и геофизичарите спроведуваат истражувања, развиваат или подобруваат концепти, теории и оперативни методи за работа, односно применуваат научни сознанија за геологијата, геофизиката, во области како што се истражување и искористување на лежишта на нафта, гас и вода, како и цврсти минерални суровини, заштита на вода, градежништво, телекомуникации и навигации.

Задачите вклучуваат:

- истражување, унапредување и развивање на поими, теории и методи од областа на геологијата и геофизиката;
- проучување на составот и структурата на земјината кора, испитување на карпите, минералите, фосилните остатоци итн., за одредување на процесите кои влијаат на развојот на земјата, истражување

на еволуцијата на животот во минатото и утврдување на природата и хронологија на геолошките формации;

- интерпретирање на резултатите од истражувањата и подготовка на геолошки и геофизички извештаи и карти, графикони и дијаграми;
- испитување и мерење на сеизмолошки, гравитациски, електрични, топлински и магнетни сили кои влијаат на земјата и објектите;
- испитување и мерење на оптички и акустични појави во атмосферата;
- проучување и мерење на физичките својства на морето и атмосферата, како и нивната меѓузависност како што е размена на топлинска енергија;
- проценување на тежината, големината и масата на земјината топка, составот и структурата на нејзината внатрешност, како и проучување на природата и активностите на вулкани, глечери и земјотреси;
- обработка и интерпретација на податоците добиени со мерење и употреба на добиените резултати и информации за одредени области на примена;
- примена на резултатите од истражувањата при процена на можноста за искористување и заштита на резервите на нафта, гас, цврсти материјали и подземни води;
- лоцирање и утврдување на природата на големината на резервите на нафта, гас, цврсти материјали и подземни води, со примена на сеизмолошки, гравиметриски, магнетни, електрични и радиометриски методи;
- примена на геолошко и геофизичко знаење за проблемите кои се среќаваат кај градежните проекти, како што се изградба на брани, мостови, тунели и големи згради;
- цртање на земјани магнетни полиња, примена на овие карти и други собрани податоци за потребите на радиопренос, временски прогнози и навигации;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2114.01 Геолог за истражување на метални и неметални суровини
2114.02 Геолог за хидрологија
2114.03 Геолог за геотермика
2114.04 Геолог за инженерска геологија
2114.05 Геолог за геомеханика
2114.06 Геолог за стратиграфија
2114.07 Геолог за тектоника
2114.08 Геолог за семинтологија
2114.09 Геолог за палеонтологија
2114.10 Геолог за петрографија
2114.11 Геолог за обработка на податоци
2114.12 Инженер за геолошко истражување на лежишта
2114.13 Инженер за лабораториско истражување на карпи
2114.14 Инженер за геофизичко истражување на карпи
2114.15 Инженер за геофизички мерења
2114.16 Инженер за обработка на геофизички податоци
2114.17 Сеизмолог
2114.18 Геолог истражувач
2114.19 Геолог самостоен истражувач
2114.20 Инженер геолог
2114.21 Инженер геофизичар
2114.22 Хидролог

**СПОРЕДНА ГРУПА 212.**

**Математичари, актуари и статистичари**

Математичарите, актуарите и статистичарите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат математички и статистички знаења, теории, оперативни методи за работа и техники и применуваат знаења

во широк опсег на работи во градежништвото, рударството и останатите области на природните и општествените науки.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: спроведување на математички истражувања, примена на математички, актуарски и статистички начела и техники, логички анализи и управување со проблеми, програмирање на решенијата со помош на компјутер, разгледување на актуарски проблеми, проучување и уредување на пензискиот систем и системот на социјална заштита и советување во врска со нив, планирање, креирање и водење на статистика, теорија на веројатност и ризик за да се проценат потенцијалните ефекти на идните настани, дизајнирање и оцена на прашалници, организирање на истражувања и други статистички збирки, обработка, интерпретирање и анализа на статистички податоци, советување и одредување на веродостојноста на податоците, изработка на научни трудови и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2120. Математичари, актуари и статистичари**

## 2120. Математичари, актуари и статистичари

Математичарите, актуарите и статистичарите спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат математички и статистички знаења, теории, оперативни методи за работа и техники, како и советуваат и се вклучени во практичната примена на знаењата во областите како што се градежништвото, рударствотото, деловните услуги и здравството, како и во другите области на природните и општествените науки.

Задачите вклучуваат:

- проучување, унапредување и развивање на математички, актуарски и статистички теории и техники;
- примена на математички начела, модели и техники на широк опсег на работи во областите како што се градежништвото, земјоделството и другите области на природните и општествените науки;
- логичка анализа на проблемите во управувањето, особено од аспект на ефикасноста на увозно-извозните односи и обликување на математички модели на одделни проблеми, најчесто по пат на програмирање и компјутерски решенија;
- креирање и воведување во функција на пензискиот систем, како и социјално, животно, здравствено и друг вид на осигурување;
- спроведување на математичко-статистички модели и употреба на теоријата на веројатност и ризик за да се проценат потенцијалните ефекти на идните настани;
- спроведување на статистички истражувања;
- дизајнирање на прашалници, планирање и организирање на анкети;
- советување за техниките на употреба на собраните податоци во текот на работата и утврдување на веродостојноста на податоците;
- обработка, анализа и објавување на статистички податоци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2120.01 | Актуар |
| 2120.02 | Математичар |
| 2120.03 | Математичар програмер |
| 2120.04 | Математичар истражувач |
| 2120.05 | Оперативен истражувач |
| 2120.06 | Математичар за операциони истражувања |
| 2120.07 | Статистичар методолог |
| 2120.08 | Статистичар, математички |
| 2120.09 | Статистичар демограф |
| 2120.10 | Статистичар |
| 2120.11 | Статистичар истражувач |
| 2120.12 | Статистичар самостоен истражувач |
| 2120.13 | Демограф |

**СПОРЕДНА ГРУПА 213.**
**Стручњаци од областа на природните науки**

Стручњаците од областа на природните науки спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа и применуваат научно знаење од областа на биологија, зоологија, ботаника, екологија, физиологија, биохемија, микробиологија, молекуларна биологија, анатомија, бактериологија, цитологија, генетика, фармакологија, агрономија, екологија и патологија.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: истражување и усовршување на научните знаења со проучување на сите форми на живот и влијанието на факторите на околината, лековите и другите супстанции врз живите форми, вклучувајќи ги сите природни појави и процеси во биосферата; проучување и пронаоѓање нови технологии, советување и примена на научни знаења во земјоделството, шумарството, применетата екологија, биологијата на морето, заштитата на околината и животната средина, фармацевтската, прехранбената и друга индустрија, генетичкото инженерство и медицината; изработка на научни трудови и пишување на извештаи. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2131. Биолози, патолози, фармаколози, ботаничари, зоолози и сродни стручњаци**
**2132. Агрономи, шумарски инженери и сродни стручњаци**
**2133. Стручњаци за заштита на животната средина**

## 2131. Биолози, патолози, фармаколози, ботаничари, зоолози и сродни стручњаци

Биолозите, патолозите, фармаколозите, ботаничарите, зоолозите и сродните стручњаци спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа врз живите организми и нивната интеракција со животната средина и применуваат научно знаење од областа на биологијата, патологијата, физиологијата, анатомијата, фармакологија, зоологијата, ботаниката, екологијата, молекуларната биологија, бактериологијата, генетиката, имунологијата и вирусологијата, особено на полето на медицината, земјоделството и индустријата.

Задачите вклучуваат:

- истражување, унапредување и развивање на поими, теории и оперативни методи за работа во одделни области;
- проучување и изведување на експерименти кои се однесуваат на формата, структурата и останатите анатомски карактеристики на живите организми;
- теренски истражувања и изведување на операторски експерименти за утврдување на биолошката разновидност и класификација на животните и растенијата, проучување на нивниот анатомски и физиолошки состав, потеклото, развојот, хемискиот состав и прилагоденоста на својот и физиолошкиот анатомски состав и однесување на животната средина;
- проучување на меѓусебните врски помеѓу животинскиот и растителниот свет и факторите на човековата средина и давање на стручни совети на лицата од сродните дисциплини;
- вршење експерименти на структурата и функциите на живите клетки за влијанието на физичките и хемиските фактори врз нормалните и абнормалните клетки и спроведување на истражувања во оваа област со употреба на специјализирана опрема;
- проучување и изведување на експерименти поврзани со животните процеси и функции на човечките, животинските и растителните органи, ткива, клетки и системи под нормални и абнормални или посебни услови;
- истражувања и експерименти кои се однесуваат на различни аспекти на дејствувањето на факторите на потекло, пренос и развој на наследните особини кај луѓето, животните и растенијата;
- проучување и изведување на експерименти поврзани со влијанието на лековите и другите супстанции на ткива, органи и физиолошки процеси кај човекот и животните, како и унапредување на постоечките и развивање на нови лекови;
- истражување на бактерии и вируси, нивното потекло, развојот и генетските особини и значењето за здравјето на луѓето;

- експерименти на ткива и развивање на технологија на одгледување на клонирани растенија корисни во прехраната на луѓето и животните;
- унапредување и создавање на индустриски, медицински и други примени на знаења во соодветните области;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2131.01 | Бактериолог |
| 2131.02 | Биолог |
| 2131.03 | Зоолог |
| 2131.04 | Енилог |
| 2131.05 | Ботаничар |
| 2131.06 | Молекуларен ботаничар |
| 2131.07 | Генетичар |
| 2131.08 | Микробиолог |
| 2131.09 | Имунолог |
| 2131.10 | Енолог |
| 2131.11 | Орнитолог |
| 2131.12 | Паразитолог |
| 2131.13 | Хидробиолог |
| 2131.14 | Цитолог |
| 2131.15 | Хистолог |
| 2131.16 | Ембриолог |
| 2131.17 | Молекуларен биолог |
| 2131.18 | Радиобиолог |
| 2131.19 | Биофизичар |
| 2131.20 | Биохемичар |
| 2131.21 | Физиолог |
| 2131.22 | Анатом |
| 2131.23 | Ендокринолог |
| 2131.24 | Епидемиолог |
| 2131.25 | Фармаколог |
| 2131.26 | Кинезиолог |
| 2131.27 | Патофизиолог |
| 2131.28 | Патолог |
| 2131.29 | Токсиколог |

## 2132. Агрономи, шумарски инженери и сродни стручњаци

Агрономите, шумарските инженери и сродните стручњаци спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа во земјоделството, шумарството и рибарството или применуваат научни знаења во врска со одгледување, оплодување и развој на растенија и животни.

Задачите вклучуваат:

- собирање и анализа на податоци и примери поврзани со почвата, храната, поднебјето, квалитетот на водата и другите фактори кои влијаат на производството и одгледувањето на растенијата и животните;
- истражувања во врска со полјоделските култури и создавање нови или подобрени методи на одгледување на културите;
- истражувања во врска со градинарските, хортикултурните, овоштарските и лозарските култури, развивање на нови или унапредување на постоечките методи на одгледување на културите;
- истражувања во врска со сточарството и развивање на нови или унапредување на постоечките методи на одгледување на добитокот;
- истражувања во врска со рибарството и развивање на нови или унапредување на постоечките методи на одгледување и размножување на рибите;

- истражување и развивање на нови или унапредување на постоечките методи за размножување и одгледување на стеблата или планирање и раководење со пошумување и експлоатација на шумскиот фонд;
- истражување на карактеристиките, плодноста и продуктивноста на почвата и применување на соодветни заклучоци и откритија во создавањето на подобрени пракси во областите на полјоделството, хортикултурата и шумарството;
- решавање на земјоделски проблеми и подобрување на ефикасноста на производството;
- истражување и развивање на нови или унапредување на постоечките методи за заштита на животни и растенија;
- истражување и развивање на нови или унапредување на постоечките методи за економско искористување на пасиштата;
- проучување на еколошките фактори кои влијаат врз природата;
- правење на планови за заштита на земјиштето од ерозија, поплави, суши, пожари и други поголеми катастрофи;
- организирање на едукативни средби поврзани со аграрот;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2132.01 | Агроном за полјоделство |
| 2132.02 | Агроном за градинарство |
| 2132.03 | Агроном за овоштарство |
| 2132.04 | Агроном за лозарство |
| 2132.05 | Агроном за заштита на растенијата |
| 2132.06 | Агроном за мелиорација |
| 2132.07 | Технолог за сточарство |
| 2132.08 | Технолог за рибарство |
| 2132.09 | Технолог за живинарство |
| 2132.10 | Шумарски инженер |
| 2132.11 | Фитосанитарен инспектор |
| 2132.12 | Шумарски инспектор |
| 2132.13 | Земјоделски инспектор |
| 2132.14 | Инспектор за лов |
| 2132.15 | Инспектор за риболов |
| 2132.16 | Истражувачи во агрономијата |
| 2132.17 | Истражувачи во шумарството |
| 2132.18 | Земјоделски инженер |
| 2132.19 | Инженер по фармерско производство |
| 2132.20 | Инженер-агроном |
| 2132.21 | Агроменаџер |

## 2133. Стручњаци за заштита на животната средина

Стручњаците за заштита на животната средина спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа во насока на поставување на критериумите и оценување на ефектите од човековата активност и климатските промени врз животната средина. Тие развиваат планови и решенија за заштита и обновување на природните ресурси и минимизирање на загадувањето на животната средина.

Задачите вклучуваат:

- спроведување на истражувања, тестирање и собирање на примероци потребни за еколошки анализи;
- идентификување на изворите на еколошките проблеми и препорачување на методи за нивно спречување и контрола;

- процена на можните последици врз животната средина од прекумерното уништување на природните ресурси;
- изработка на планови и анализи за обновување и зачувување на природните ресурси и унапредување на животната средина;
- предлагање на мерки за заштита на животната средина до надлежните институции;
- спроведување на ревизии за да се оцени влијанието на човековата активност и климатските промени врз животната средина;
- преземање на акции кон сите оние кои не ги почитуваат законите и прекумерно загадуваат;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2133.01 Еколог
2133.02 Инспектор за заштита на околината и животната средина
2133.03 Еколошки советник
2133.04 Советник за заштита на животната средина
2133.05 Еколошки ревизор
2133.06 Еколошки консултант
2133.07 Еколошки истражувач
2133.08 Еколошки научник
2133.09 Аналитичар за квалитет на воздухот
2133.10 Аналитичар за квалитет на водата
2133.11 Аналитичар за квалитет на почвата

**СПОРЕДНА ГРУПА 214.**

## Стручњаци за инженеринг

Стручњаците за инженеринг спроведуваат истражувања, унапредуваат и развиваат знаења, теории и оперативни методи за работа и го применуваат постоечкото знаење во областите на архитектурата, градежништвото, како и во областите на технолошката и економската ефективност на производните процеси. Тие дизајнираат, планираат, организираат, конструираат, тестираат и одржуваат објекти, машини и нивни компоненти, индустриски процеси и друго.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: водење на истражувања, советување, планирање и дизајнирање на просторот, сообраќајот, водостопанството, енергетските и други системи, како и водење и следење на нивната реализација; споредување на технички, технолошки и други постапки за унапредување и заштита на околината; советување, конципирање, обликување, дизајнирање, како и водење на изградбата и одржувањето на сите видови градежни и други индустриски системи, како и машини, уреди и индустриски погони; унапредување и примена на комерцијални хемиски постапки во производството на разновидни материи и материјали; унапредување и примена на комерцијални хемиски методи во производството на вода, нафта, гас и други минерали од земјата или метали од руда, како и добивање на други минерали; мерење на копно, море и друг простор за утврдување и следење на положбата на објектите во просторот; проучување на технолошките аспекти на одделни материјали, производи и постапки, продуктивност на производството и организација на работата, советување за нив; изработка на научни трудови и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2141. Индустриски и производни инженери**
**2142. Градежни инженери**
**2143. Инженери за животна средина**
**2144. Машински инженери**
**2145. Инженери за хемиска, прехранбена и биотехнологија**
**2146. Рударски и металуршки инженери**
**2149. Стручњаци за инженеринг, некласифицирани на друго место**

## 2141. Индустриски и производни инженери

Индустриските и производните инженери спроведуваат истражувања, советуваат, дизајнираат, организираат и го надгледуваат процесот на индустриско производство. Тие воспоставуваат програми за координација на производните активности и ја оценуваат ефективноста на трошоците и безбедноста на производството.

Задачите вклучуваат:

- проучување на функционални извештаи, организациски графикони и проектни информации за да се утврдат функциите и одговорностите на работниците и работните единици;
- воспоставување на работни мерења и анализи на програмите за работа и развој и користење на стандарди за работа;
- анализирање на работната сила, користење на работни распореди за определување на оптимална комбинација на расположливите ресурси и подобрување на ефикасноста при работата;
- развој на спецификации за производството и утврдување на материјалите, опремата, капацитетите и распоредот на системите за производство;
- воспоставување на стандарди и политики при работата за контрола и квалитет, тестирање и одржување според принципите за сигурност;
- преземање на активности за одржување и подобрување на перформансите;
- управување и советување за нови производствени методи, техники и опрема;
- обезбедување на оптимални нарачки и постојан проток на стоки;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2141.01 | Инженер за организација на производството |
| 2141.02 | Инженер за организација на работата |
| 2141.03 | Инженер за организација - методолог |
| 2141.04 | Инженер за проучување на време и движење (манипулација) |
| 2141.05 | Инженер - организатор за технички подготовки на работата |
| 2141.06 | Организатор на работа во претпријатие |
| 2141.07 | Организатор на работа - инженер |
| 2141.08 | Технолог за организација на работа |
| 2141.09 | Раководител на индустриски погон |
| 2141.10 | Инженер по индустриски менаџмент |
| 2141.11 | Раководител на производство |
| 2141.12 | Менаџер за производство и продажба |
| 2141.13 | Заменик-управник за производство |
| 2141.14 | Инженер за индустриска логистика |

## 2142. Градежни инженери

Градежните инженери спроведуваат истражувања, советуваат, дизајнираат сообраќајници (вклучувајќи мостови и тунели), хидроградби (вклучувајќи хидротехнички и други тунели), како и конструкции на високоградба, водат изградба на сите градби, спроведуваат стручен надзор, планираат и водат одржување на градбите (патишта, железници, водостопански градби и слично), советуваат и даваат други инженерски услуги. Исто така, тие водат производство на градежни производи (бетонски елементи, градежен материјал за патишта и слично).

Задачите вклучуваат:

- развој на нови и унапредување на постоечките теории и методи од областа на градежништвото;
- водење на проекти и проектирање на сообраќајници, хидроградби, конструкции на високоградби, мостови, тунели и слично, санирање на свлечишта и нивна реконструкција;
- конципирање и изработка на идејни решенија на градби, идејни проекти, студии, истражување, консултации и други активности, како основа за изработка на главен и изведбен проект, како основа на инвеститорот за донесување на одлуки поврзани со вложувања во инвестиционен потфат;

- изработка на проекти за организација на градење;
- контрола на проектите во поглед на механичката отпорност и стабилност на бетонските, металните и дрвените конструкции;
- давање на советодавни услуги на инвеститорот во сите фази на изградбата;
- водење на производството на готови градежни елементи и конструкции (бетонски елементи, градежен материјал за патишта);
- проучување на технолошките аспекти на одделни градежни производи и советување во врска со нив;
- организирање на надзор и осигурување на квалитетот;
- водење на сложени и големи градилишта при изградба на сите градби; планирање и водење на одржување на градба;
- вршење на стручен надзор;
- техничка соработка и консултации со останатите релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2142.01 | Градежен инженер |
| 2142.02 | Градежен инженер за изградба на сообраќајници |
| 2142.03 | Инженер за хидроградба |
| 2142.04 | Инженер за геотехника |
| 2142.05 | Градежен инженер за аеродроми |
| 2142.06 | Градежен инженер за градба на железнички пруги |
| 2142.07 | Градежен инженер за инвестиции |
| 2142.08 | Градежен инженер за ниска градба |
| 2142.09 | Градежен инженер за висока градба |
| 2142.10 | Градежен инженер за енергетски постројки |
| 2142.11 | Градежен инженер на мостоградба |
| 2142.12 | Градежен инженер - истражувач |
| 2142.13 | Градежен инженер - проектант |
| 2142.14 | Инженер за статика |
| 2142.15 | Рецензент на инвестициска програма |
| 2142.16 | Самостоен градежен проектант |
| 2142.17 | Самостоен советник на градежна оператива |
| 2142.18 | Градежен инженер за санитарни уреди |
| 2142.19 | Инженер за водовод |
| 2142.20 | Инженер за канализација |
| 2142.21 | Проектант за водовод и канализација |
| 2142.22 | Урбанистички инспектор |
| 2142.23 | Инспектор за градежништво |
| 2142.24 | Инспектор за хидроградежништво |
| 2142.25 | Инспектор за противправни градби |
| 2142.26 | Инспектор за урбанизам |

## 2143. Инженери за животна средина

Инженерите за животна средина спроведуваат истражувања, советуваат, дизајнираат и вршат директна имплементација на решенијата за контрола и спречување на штетните влијанија на човековата активност врз животната средина. Тие вршат процена на животната средина и применуваат проекти и стандарди за контрола на загадувањето и заштита на целокупната животна средина.

Задачите вклучуваат:

- спроведување на истражувања, процена и известување за ефектите од човековата активност врз животната средина;
- инспекција на индустриските објекти и програми за да се оцени оперативната ефикасност и да се обезбеди усогласеност со прописите на животната средина;

- дизајнирање на програми и следење на развојните системи за квалитет на водата, почвата и воздухот;
- обезбедување на инженерство на животната средина и вршење на регулаторна анализа и планирање на развојни податоци;
- обезбедување и ажурирање на стандарди, оперативни постапки и дозволи за работа;
- следење на програмите за унапредување и подобрување на животната средина;
- советување на корпорации и други субјекти за следење и чистење на контаминирани локалитети и средини;
- соработка со стручни лица од сродни научни дисциплини во врска со опасен отпад и решавање на еколошките проблеми;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2143.01 Инженер за енергија
2143.02 Инженер за животна средина
2143.03 Еколошки аналитичар
2143.04 Инженер за екологија
2143.05 Инженер за еколошка санација
2143.06 Инженер за контрола на загаденоста на воздухот
2143.07 Инженер за контрола на загаденоста на водата
2143.08 Инженер за контрола на загаденоста на почвата
2143.09 Комунален инспектор
2143.10 Советник за комунални работи
2143.11 Инспектор за водостопанство

## 2144. Машински инженери

Машинските инженери проектираат, конструираат и водат производство на машини, машински опреми, алати, машински уреди и возила, вршат работи во врска со нивната опрема и одржување. Спроведуваат истражувања и даваат советнички услуги, проучуваат механичко - технолошки аспекти на одделни материјали, производи и процеси.

Задачите вклучуваат:

- проектирање и конструирање на машини, направи, алати за индустрија, рударство, градежништво, земјоделство и други стопански намени;
- дизајнирање и конструирање на мотори и машини на пареа, внатрешно согорување и други неелектрични машини и уреди што се користат за погон на локомотиви, патнички возила или летала или за погон на индустриска или друга машинерија и давање совети во оваа област;
- конструирање на трупови и надградби на бродови и други пловни објекти;
- дизајнирање и конструирање на машини и уреди за погон на бродови и други пловни објекти, како и неелектрична опрема за бродови и други пловни објекти;
- дизајнирање и конструирање на системи за греење, вентилација, климатизација и ладење;
- дизајнирање и конструирање на системи за снабдување со плин и средства под притисок;
- дизајнирање и конструирање на каросерии на патнички возила, како и нивна неелектрична опрема и уреди;
- дизајнирање и конструирање на сите видови на дигалки, кранови, лифтови;
- дизајнирање и конструирање на неелектрична опрема и производи како, на пример, компјутери, прецизни инструменти, камери и проектори и слични производи во воспоставувањето на стандарди и постапки за контрола на производството на сите видови метални производи;
- воспоставување на стандарди и постапки за контрола заради обезбедување на ефикасно функционирање и безбедност на машините, алатките, моторите, индустриските постројки, опрема или системи, како и надгледување во текот на нивната употреба;
- лоцирање на дефекти на сложените машински производи;
- организирање и одржување на сите видови на машински производи и постројки;
- давање совети во врска со наведените задачи, како и за технолошките аспекти на одделни материјали, производи и постапки;

- одржување на техничка соработка и консултации со други релевантни стручњаци;
- надгледување на работата на сложените машински постројки;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2144.01 | Проектант на машински постројки |
| 2144.02 | Проектант на постројки за снабдување со вода |
| 2144.03 | Проектант на мрежа за дистрибуција на гасови |
| 2144.04 | Машински проектант на постројки во процесната индустрија |
| 2144.05 | Проектант на машинскиот дел на енергетските постројки |
| 2144.06 | Машински проектант на постројки |
| 2144.07 | Проектант конструктор на патни возила |
| 2144.08 | Проектант конструктор на шински возила |
| 2144.09 | Проектант конструктор на алатни машини |
| 2144.10 | Проектант конструктор на текстилни машини |
| 2144.11 | Проектант конструктор на земјоделски машини |
| 2144.12 | Проектант конструктор на дигалки |
| 2144.13 | Проектант конструктор на турбини |
| 2144.14 | Проектант конструктор на пумпи и компресори |
| 2144.15 | Проектант конструктор на пумпи под притисок |
| 2144.16 | Проектант конструктор на метални конструкции |
| 2144.17 | Проектант конструктор на машини за градежништво и индустриски транспорт |
| 2144.18 | Проектант конструктор на класично вооружување |
| 2144.19 | Проектант конструктор на машини за шиење |
| 2144.20 | Проектант конструктор на машини за заварување |
| 2144.21 | Проектант конструктор на прецизни инструменти |
| 2144.22 | Проектант конструктор на сложени алати и уреди |
| 2144.23 | Проектант конструктор на пловни средства |
| 2144.24 | Проектант конструктор на бродски мотори |
| 2144.25 | Проектант конструктор на бродски помошни машини |
| 2144.26 | Проектант конструктор на монтажна технологија |
| 2144.27 | Машински технолог за одржување на процесна опрема |
| 2144.28 | Машински технолог за одржување на металуршка опрема |
| 2144.29 | Машински технолог за одржување на енергетски постројки |
| 2144.30 | Проектант на технологија за одржување на производна опрема |
| 2144.31 | Проектант на технологија за одржување на земјоделска механизација |
| 2144.32 | Проектант на технологија за одржување на патни возила |
| 2144.33 | Проектант на технологија за одржување на шински возила |
| 2144.34 | Проектант на технологија за одржување на градежни машини |
| 2144.35 | Проектант на технологија за одржување на авиони |
| 2144.36 | Проектант на технологија за одржување на бродска опрема |
| 2144.37 | Технолог за одржување на гасна мрежа |
| 2144.38 | Технолог за одржување на рударска опрема |
| 2144.39 | Технолог за одржување на водоводна мрежа |
| 2144.40 | Технолог за одржување на гасна мрежа |
| 2144.41 | Машински инженер |
| 2144.42 | Бродограден машински инженер |
| 2144.43 | Инспектор на парни котли |
| 2144.44 | Инженер по производно машинство |

## 2145. Инженери за хемиска, прехранбена и биотехнологија

Инженерите за хемиска, прехранбена и биотехнологија спроведуваат истражувања, планираат, развиваат и водат комерцијални хемиски, фармацевтски, биохемиски и прехранбени технолошки процеси и производство на разновидни супстанции и производи, како, на пример, преработка на сурова нафта, производство на нафтени деривати, храна, пијалаци, лекови, синтетички производи, земјоделски хемикалии, козметички производи, средства за перење и чистење; одржуваат и унапредуваат опрема или проучуваат и советуваат за технолошките аспекти на одделни материјали, производи и процеси.

Задачите вклучуваат:

- истражување, планирање, развивање и советување за комерцијалните хемиски процеси за преработка на природните суровини и производство на хемиски, фармацевтски, биохемиски и прехранбени полупроизводи и производи;
- изработка на технолошки основи за инвестициски проекти и учество во реализацијата на инвестициските програми;
- изработка и воведување на технолошки и технички спецификации и методи за проверка на супстанции и процеси, како и проверка на усогласеноста на тие својства со спецификациите;
- воведување и унапредување на постапки за сигурност при работа;
- пронаоѓање, отстранување и превентивно дејствување на неусогласеноста на супстанциите и постапките со спецификациите;
- планирање, организирање и водење на одржување на опремата;
- проучување на технолошките аспекти на одделни материјали, производи и советување во врска со нив;
- техничка соработка и консултации со другите релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2145.01 Енолог - технолог
2145.02 Инженер - технолог
2145.03 Инженер за дестилација на катран
2145.04 Инженер за кожарска технологија
2145.05 Инженер за конфекција
2145.06 Инженер за технологија на полимери
2145.07 Инженер за хемиска технологија
2145.08 Инженер - технолог истражувач
2145.09 Инженер - технолог за градежни материјали
2145.10 Инженер - технолог за заштита на средината
2145.11 Инженер - технолог за масло и емулзија
2145.12 Инженер - технолог за облагородување на метали
2145.13 Инженер - технолог за преработка на вода
2145.14 Инженер - технолог за преработка на дрво
2145.15 Инженер - технолог за преработка на нафта
2145.16 Инженер - технолог за прехранбени производи
2145.17 Инженер - технолог за производство
2145.18 Инженер - технолог за производство на стакло и керамика
2145.19 Инженер - технолог за производство на хартија
2145.20 Инженер - технолог за развој
2145.21 Инженер - технолог за текстил
2145.22 Останати инженери - технолози
2145.23 Инженер - технолог за фармацевтски производи
2145.24 Фармацевтски технолог
2145.25 Технолог за масти за мачкање
2145.26 Технолог за неметали
2145.27 Технолог за производство на вискозни материјали
2145.28 Технолог за производство на хартија

2145.29 Технолог за фабрикација на тутун
2145.30 Технолог за физичко - хемиски третман на вода
2145.31 Технолог - аналитичар
2145.32 Инженер за производство на тутунов лист
2145.33 Инженер за преработка на анимални производи
2145.34 Инженер - биотехнолог
2145.35 Радиолошки технолог
2145.36 Инженер за хемиски процеси
2145.37 Инженер за композитни материјали
2145.38 Инженер за неоргански материјали

## 2146. Рударски и металуршки инженери

Рударските инженери спроведуваат истражувања, проектираат, развиваат оперативни методи за работа и надгледуваат спроведување на методи на комерцијално вадење на цврсти минерални суровини, нафта, природен гас и вода од внатрешноста на земјата и под вода, нивно облагородување и испраќање за преработка. Металуршките инженери истражуваат, проектираат и развиваат комерцијални методи за издвојување на металот од рудата и добивање на нови легури, керамика и други материјали и проучуваат технолошки аспекти на одделни материјали, производи и советуваат во врска со нив.

Задачите вклучуваат:

- истражување, советување при проектирање и развивање на нови или подобрување на методи во врска со инженерските аспекти во рударството и екстракцијата на нафта, гас и вода;
- дефинирање на најпогодни методи за ефикасно рударство и екстракција, видови на машини што ќе се користат, планирање на поставеноста на и раководење со изградбата на рударски окна и тунели;
- утврдување на најсоодветни места на метали од руда како и машини и опрема кои притоа се користат;
- планирање, проектирање и надгледување на изработката, опремувањето и испитувањето на места каде што се дупчи нафта, плин и вода, на копно и под вода;
- планирање, проектирање и надгледување на изградбата на системот за вештачко подигање на флуиди од места за дупчење, нивно собирање, облагородување и испраќање, складирање во геолошки структури, како и транспорт до постројките за преработка;
- воспоставување на безбедносни стандарди и постапки и објекти за прва помош, особено под земја;
- истражување, унапредување на методите за одвојување на метал од рудата и советување за нивната примена;
- испитување на својствата на металите и легурите, развивање на нови легури; советување за надгледување од технички аспекти на производството и преработката на метали и легури;
- проучување и советување за технолошките аспекти на одделни материјали, производи и постапки;
- советување и соработка со релевантни стручњаци во другите технички струки, особено со геолозите и геофизичарите;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2146.01 Инженер за нафтено рударство
2146.02 Инженер за рударско мерење
2146.03 Останати рударски инженери
2146.04 Рударски инженер за вадење на нафта и плин
2146.05 Рударски инженер за одвојување
2146.06 Рударски инженер за рудници на јаглен
2146.07 Рударски инженер за рудници на метални руди
2146.08 Рударски инженер - главен технолог во јама
2146.09 Рударски инженер - проектант
2146.10 Рударски инспектор - инженер
2146.11 Инженер по металургија - истражувач
2146.12 Инженер по металургија - проектант

2146.13 Инженер по металургија - технолог
2146.14 Инженер по металургија - технолог за калапирање
2146.15 Инженер по металургија - технолог за пресување
2146.16 Инженер по металургија - технолог за топење
2146.17 Инженер по обоена металургија
2146.18 Инженер за црна металургија
2146.19 Инженер - металург
2146.20 Инженер - металург за обработка на метал
2146.21 Инженер - металург за производство и преработка на метал
2146.22 Останати инженери металурзи
2146.23 Инженер за рударска заштита
2146.24 Сменоводител во рудник
2146.25 Одговорен инженер за дупчење, минирање
2146.26 Одговорен инженер за експлоатација и мобилност на опрема
2146.27 Управник на флотација

## 2149. Стручњаци за инженеринг, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа стручњаци за инженеринг кои не се класифицирани на друго место во споредната група 214. Стручњаци за инженеринг.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2149.01 Инженер за заштита од пожар
2149.02 Инспектор за заштита од пожари
2149.03 Инженер за сигурност на работа
2149.04 Инженер за техничка сигурност
2149.05 Инженер контролор за примена на мерки за заштита на работа
2149.06 Биомедицински инженер
2149.07 Инженер за експлозиви
2149.08 Инженер за површинска заштита

**СПОРЕДНА ГРУПА 215.**

### Инженери за електротехнологија

Електроинженерите спроведуваат истражувања, планираат, развиваат, дизајнираат, проектираат и водат изградба на електротехнички објекти, електронски уреди и телекомуникациски системи, и обезбедуваат нивно функционирање, одржување и поправка, како и проучување на технолошките аспекти на одделни материјали, производи и процеси и советуваат во врска со нив.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: спроведување на истражувања, планирање, развивање, дизајнирање и проектирање на електрична, електро и телекомуникациска опрема; проектирање на електрични машини, опрема и системи во индустријата и транспортот, како и електрични кујнски апарати; дизајнирање, развој и тестирање на радарска опрема, далечинска контрола, опрема со микробранови и друг вид на опрема и имплементација со специјални видови на хардвер и софтвер; одржување и сервисирање на електронски системи и склопови; планирање и дизајнирање на комуникациски мрежи врз основа на кабли, оптички влакна или безжична технологија; воспоставување на стандарди и контрола при производството и монтажата на составните делови; следење на ефикасноста на опремата; проучување и советување за технолошките аспекти на одделни материјали, производи и постапки и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2151. Електроинженери**
**2152. Инженери за електроника**
**2153. Инженери за телекомуникации**

## 2151. Електроинженери

Електроинженерите спроведуваат истражувања, развиваат, дизајнираат, проектираат и водат изградба на електротехнички објекти, уреди и системи, и обезбедуваат нивно функционирање, одржување и поправка, како и проучување на технолошките аспекти на одделни материјали, производи и процеси и советуваат во врска со нив.

Задачите вклучуваат:

- проектирање на опрема и систем за производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија и советување во врска со нив;
- извршување на надзор на работата и преносот на електричните системи;
- проектирање на електрични машини, опрема и системи во индустријата и транспортот, како и електрични кујнски апарати и советување во врска со нив;
- специфицирање и проектирање на електрична инсталација во индустриските погони, згради и други објекти, како и надзор при поставувањето на инсталацијата;
- одредување на нормата за испитување и постапки за обезбедување на ефикасно функционирање и сигурност на електричната опрема и системот за производство, пренос и дистрибуција, како и за потрошувачка на електрична енергија;
- лоцирање и отстранување на дефекти;
- организирање и водење на одржувањето и поправката на постоечките електрични системи, опрема, мотори и други производи и постапки и советување во врска со нив;
- проучување на технолошките аспекти на одделни материјали, производи и советување во врска со нив;
- техничка соработка и консултации со другите релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2151.01 | Инженер за електроенергетика |
| 2151.02 | Електроинженер за електрани |
| 2151.03 | Електроинженер за високонапонски уреди |
| 2151.04 | Електроинженер за јака струја |
| 2151.05 | Електроинженер за мерење на електрична енергија |
| 2151.06 | Електроинженер за осветлување |
| 2151.07 | Електроинженер за пренос и распределба на електрична енергија |
| 2151.08 | Електроинженер за производство на електрична енергија |
| 2151.09 | Електроинженер за регулација и автоматизација |
| 2151.10 | Електроинженер за слаба струја |
| 2151.11 | Електроинженер - аналитичар |
| 2151.12 | Електроинженер - истражувач |
| 2151.13 | Електроинженер - конструктор |
| 2151.14 | Електроинженер - контролор |
| 2151.15 | Електроинженер - проектант |
| 2151.16 | Енергетски инспектор |
| 2151.17 | Инженер за далекуводи |
| 2151.18 | Инженер за електроинсталации |
| 2151.19 | Инженер за електромонтажа |
| 2151.20 | Инженер за електроодржување |
| 2151.21 | Инженер за испитување на електроуреди |
| 2151.22 | Инженер за мерно-регулациона техника |
| 2151.23 | Инженер за радио - техника |
| 2151.24 | Инженер за ТВ механика |
| 2151.25 | Инженер инструктор за електропостројки |
| 2151.26 | Надзорен електроинженер за трансформаторска станица |
| 2151.27 | Погонски електроинженер |
| 2151.28 | Проектант за електроинсталација за јака и слаба струја |

2151.29 Проектант - енергетичар
2151.30 Сервисен електроинженер

## 2152. Инженери за електроника

Инженерите за електроника спроведуваат истражувања, развиваат, дизајнираат, и проектираат електронски уреди и системи за автоматско управување, ја водат нивната изградба, обезбедуваат нивно функционирање, одржување и поправка на системите, ги проучуваат технолошките аспекти на одделни материјали, производи и процеси и советуваат во врска со нив.

Задачите вклучуваат:

- советување и проектирање на електронска опрема и системи, како, на пример, компјутери, електронски компоненти, полупроводници, електросистеми и опрема за регулирање;
- специфицирање на производтвото и производните постапки, материјали и стандардот на квалитетот, како и водење на производството или надзор на работите при монтажа на електронските опреми, како и опремата за автоматско управување на технички системи;
- дизајнирање, развој и тестирање на радарска опрема, далечинска контрола, опрема со микробранови и друг вид на опрема и имплементација со специјални видови на хардвер и софтвер;
- одредување на стандарди за испитување и постапки за обезбедување на ефикасно функционирање и сигурност на електричните компоненти, уреди, опрема и системи, пренос и дистрибуција, како и за потрошувачка на електрична енергија;
- лоцирање и отстранување на дефекти;
- организирање и водење на одржување и поправка на електронски уреди, опрема и системи;
- проучување и советување за технолошките аспекти на одделни материјали, производи и постапки;
- техничка соработка и консултации со други релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2152.01 Инженер за електротехнички производи
2152.02 Проектант конструктор за електронски системи и производи
2152.03 Проектант конструктор за енергетско - електронски уреди
2152.04 Инженер за електронски компоненти
2152.05 Инженер за медицинска електроника
2152.06 Инженер за сметачка електроника
2152.07 Инженер за радиокомуникациски уреди
2152.08 Инженер за радиокомуникации
2152.09 Инженер за медиумски комуникации
2152.10 Инженер за обработка на тон и слика
2152.11 Електроинженер за мерење и инструментација
2152.12 Електроинженер за автоматика
2152.13 Електроинженер за системски мерења
2152.14 Електроинженер за автоматско управување со технички системи
2152.15 Електроинженер за подвижни објекти
2152.16 Инженер за електроника
2152.17 Инженер за сигнално - сигурносни уреди
2152.18 Технолог за електроника

## 2153. Инженери за телекомуникации

Инженерите за телекомуникации спроведуваат истражувања, развиваат, дизајнираат и проектираат телекомуникациска опрема и системи за пренос на сигнали, ја водат нивната изградба, обезбедуваат нивно функционирање, одржување и поправка на системите, ги проучуваат технолошките аспекти на одделни материјали, производи и процеси и советуваат во врска со нив.

Задачите вклучуваат:

- советување и проектирање на телекомуникациска опрема и системи за пренос на сигнали;
- специфицирање на производството и производните постапки, материјали и стандардот на квалитетот, како и водење на производството или надзор на работите при монтажа на телекомуникациски системи;
- дизајнирање, развој и тестирање на комуникациска технологија, телекомуникациски мрежи, радио и телевизиски дистрибутивни системи и имплементација со специјални видови на хардвер и софтвер;
- планирање и дизајнирање на комуникациски мрежи врз основа на кабли, оптички влакна или безжична технологија;
- лоцирање и отстранување на дефекти;
- организирање и водење на одржување и поправка на телекомуникациски уреди, опрема и системи;
- проучување и советување за технолошките аспекти на одделни материјали, производи и постапки;
- техничка соработка и консултации со други релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- извршување на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2153.01 Инженер за телекомуникациски уреди и мрежи
2153.02 Инженер за телекомуникации
2153.03 Инспектор за телекомуникации
2153.04 Технолог за телекомуникации
2153.05 Самостоен истражувач за електроника, телекомуникации и автоматика

**СПОРЕДНА ГРУПА 216.**

## Архитекти, планери, геодети и дизајнери

Архитектите, планерите, геодетите и дизајнерите спроведуваат истражувања, советуваат, водат изградба на објекти, стручно надгледуваат, планираат и водат работи на одржување во областа на високоградбата, планираат уредување на просторот, како и изработуваат просторни планови и други документи за просторно уредување, изработуваат карти и планови на различните мерења и изготвуваат и ревидираат дигитални, графички и сликовни презентации, како и дизајнираат производи, облека и мултимедија.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: утврдување на потребата на населението за ефектите од уредувањето на просторот; водење на изработка на проекти и проектирање во високоградбата, дизајнирање на паркови и пејзажна архитектура, изградба на архитектонски проекти, советување, конципирање, обликување, дизајнирање, како и водење на изградбата и одржувањето на сите видови градежни објекти; подготовка на теренски планови, работни цртежи, спецификации со детални предлози и процена на трошоците за развој и изградба на земјиштата; мерење на копно, море и друг простор за утврдување и следење на положбата на објектите во просторот; геодетско мерење заради уредување на земјиштето; подготвување на скици, дијаграми, илустрации и планови за дизајнираните модели; одржување на техничка соработка и советување со другите релевантни стручњаци; изработка на научни трудови и пишување на извештаи и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2161. Градежни архитекти**
**2162. Архитекти за просторно уредување**
**2163. Дизајнери на производи и облека**
**2164. Планери на урбани средини и сообраќајни инженери**
**2165. Инженери за геодезија и картографија**
**2166. Графички и мултимедија дизајнери**

## 2161. Градежни архитекти

Градежните архитекти спроведуваат истражувања, советуваат, планираат и дизајнираат, водат изградба, стручно надгледуваат, водат работи на одржување во областа на високоградбата (станбени, деловни и индустриски згради, болници и слично) го контролираат процесот на вградување инсталации. Тие воспоставуваат програми за координација на градежните активности и ја оценуваат ефикасноста на трошоците и безбедноста при градењето.

Задачите вклучуваат:

- развој и унапредување на постоечките архитектонски теории и методи;
- водење на изработката на проекти и проектирање во високоградбата, дизајнирање на паркови и пејзажна архитектура, изработка на архитектонски проекти за останатите градби (пумпни станици и слично);
- усогласување на проектите со јавните и другите интереси во постапката за добивање на градежна дозвола;
- конзервирање и ревитализација на споменици на културата;
- конципирање на градби на високоградба, изработка на идејни решенија и проекти, изработка на студии, како и истражување, консултации и други активности како основа за изработка на главниот проект и помош на инвеститорот и донесување на одлуки поврзани со вложувања во инвестицискиот потфат;
- надзор на проекти за заштита од бучава и вибрации, топлотна заштита и заштеда на енергија;
- проучување на функционални извештаи и организациски графикони за да се утврдат функциите и одговорностите на работниците и работните единици;
- давање на советодавни услуги во сите фази на изградба;
- проучување на технолошките аспекти на одделни градежни производи, надзор и осигурување на квалитетот и советување во врска со нив;
- стручен надзор на градбите во високоградба;
- одржување на техничка соработка и советување со другите релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2161.01 | Архитект |
| 2161.02 | Инженер за архитектура |
| 2161.03 | Архитект - проектант |
| 2161.04 | Архитект - конзерватор |
| 2161.05 | Архитект - истражувач |

## 2162. Архитекти за просторно уредување

Архитектите за просторно уредување спроведуваат истражувања, советуваат и дизајнираат, планираат, стручно надгледуваат и водат работи за уредување на просторот, како и изработуваат просторни планови, проекти и други документи за просторно уредување и одржување на надворешните површини за комерцијални, индустриски и станбени потреби.

Задачите вклучуваат:

- собирање и анализа на податоци за економски, правни, политички, културни, демографски, социолошки, еколошки и фактори на средината кои влијаат врз користењето на земјиштето;
- утврдување на потребата на населението за ефектите од уредувањето на просторот;
- планирање, координирање и дизајнирање на распоредот за просторно уредување;
- планирање и развој на земјишта за паркови, училишта, институции, аеродроми, комерцијални и станбени објекти;
- подготовка на теренски планови, работни цртежи, спецификации со детални предлози и процена на трошоците за развој и изградба на земјиштата;

- усогласување на проектите со јавните и другите интереси во постапката за добивање на градежна дозвола;
- разгледување и оценување на плановите и нивните ефекти врз животната средина;
- давање на советодавни услуги до властите во врска со просторното уредување;
- презентирање на плановите, проектите и програмите за просторно уредување на поединци и заедници;
- надзор на изградбата и санацијата на објекти за да се усогласат пропишаните стандарди со квалитетот на изградбата;
- одржување на техничка соработка и советување со другите релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2162.01 | Проектант на ентериер |
| 2162.02 | Архитект - пејзажист |
| 2162.03 | Просторен планер |
| 2162.04 | Просторен проектант |

## 2163. Дизајнери на производи и облека

Дизајнерите на производи и облека применуваат уметнички техники во дизајнирањето, декорирањето, специфицирањето и рекламирањето на производи и облека за сериско производство.

Задачите вклучуваат:

- дизајнирање и формулирање на индустриски и комерцијални производи за широка потрошувачка, вклучувајќи и нови видови и стилови и прибор и стремеж да се доведат во хармонија естетските, техничките, функционалните и еколошките барања на клиентите;
- креирање на внатрешни декоративни шеми и планирање на мебел за станови, јавни згради, бродови и за други места;
- подготвување на скици, дијаграми, илустрации и планови за дизајнираните модели;
- избор, специфицирање и препорачување на материјали за производство;
- дизајнирање на реквизити на актери и бојадисување на сценски кулиси;
- подготвување и пуштање во употреба на прототипи и мостри;
- подготовка на документација за проектите кои се изработуваат;
- вршење надзор на подготовката на моделите во производствениот процес;
- аранжирање на излози и изложбени простории;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2163.01 | Дизајнер |
| 2163.02 | Дизајнер на мебел |
| 2163.03 | Индустриски дизајнер |
| 2163.04 | Дизајнер за текстил и облека |
| 2163.05 | Дизајнер за кожа |
| 2163.06 | Дизајнер за обувки и кожна галантерија |
| 2163.07 | Дизајнер за накит |
| 2163.08 | Архитект - дизајнер |
| **2163.09** | Инженер по архитектура и дизајн - модул Дизајн и технологии на мебел и ентериер |

## 2164. Планери на урбани средини и сообраќајни инженери

Планерите на урбани средини спроведуваат истражувања, советуваат и дизајнираат, планираат, стручно надгледуваат и водат работи за уредување на просторот, како и изработуваат просторни планови и други документи за просторно уредување во урбани и рурални средини. Сообраќајните инженери го

организираат сообраќајот, дизајнираат транспортни системи и воведување на нови технологии, се занимаваат со безбедноста и регулацијата на сообраќајот, изработуваат сообраќајни планови, го надгледуваат одвивањето и протокот на сообраќајот, спроведуваат одржување и поправање на сообраќајни средства.

Задачите вклучуваат:

- собирање и анализа на податоци за економски, правни, политички, културни, демографски, социолошки, еколошки и фактори на средината кои влијаат врз користењето на земјиштето;
- планирање, координирање и дизајнирање на распоредот за развој на урбани и рурални средини;
- планирање и развој на земјишта за паркови, училишта, институции, аеродроми, комерцијални и станбени објекти;
- усогласување на проектите со јавните и другите интереси во постапката за добивање на градежна дозвола;
- давање на советодавни услуги до властите во врска со регионалното планирање;
- разгледување и оценување на плановите и нивните ефекти врз животната средина;
- презентирање на плановите, проектите и програмите на поединци и заедници;
- дизајнирање на систем на патнички, железнички, воздушен, морски, речен (внатрешна пловидба) и поштенски сообраќај (локален, приградски, меѓународен), изработка на сообраќајни студии, планирање на сообраќајот, надгледување на одржувањето на возилата и уредите;
- одржување на техничка соработка и советување со другите релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2164.01 Урбанист истражувач
2164.02 Инженер за железнички сообраќај
2164.03 Инженер за патен сообраќај
2164.04 Инженер за воздушен сообраќај
2164.05 Инженер за речен и езерски сообраќај
2164.06 Инженер за транспорт
2164.07 Инженер за контрола на летовите
2164.08 Инженер за аеронаутика
2164.09 Инженер за поморски сообраќај
2164.10 Инспектор за патен сообраќај
2164.11 Сообраќаен истражувач

## 2165. Инженери за геодезија и картографија

Инженерите за геодезија и картографија применуваат, истражуваат или подобруваат методи и постапки на мерење за утврдување и следење на положбата на земјиштето и објектите во просторот (природни и изградени). Изработуваат карти и планови на различните мерења и изготвуваат и ревидираат дигитални, графички и сликовни презентации.

Задачите вклучуваат:

- проектирање или поставување на точки на геодетска основа со утврдување на нивната положба и висина;
- топографско мерење со изработка на планови и карти за потребата на уредување на просторот, заштита на околината и проектирање на стопанството;
- мерење на имотно - сопственички односи на земјиштето заради основање, обновување или одржување на катастарска и друга евиденција;
- геодетско мерење заради уредување на земјиштето;
- пренос на проекти на терен според проектната документација;
- геодетско снимање на поземјени објекти, инсталации и водови со изработка на техничка документација;
- основање и воспоставување на дигитални (топографски и тематски) бази на податоци;

- советување, проектирање и давање услуги во областа на геодезијата;
- културографско мерење и изработка на поморски карти;
- проектирање на хидротехнички објекти, регулација на водотеци, проектирање на водостопански мелиорациски потфати на земјиштето;
- одржување на технички врски и консултации со други релевантни стручњаци;
- изработка на научни трудови и пишување на извештаи;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2165.01 Картограф
2165.02 Геодет хидрограф
2165.03 Геодет топограф
2165.04 Фотограметар
2165.05 Геодетски проектант
2165.06 Истражувач по геодезија
2165.07 Самостоен истражувач по геодезија
2165.08 Инженер по геодезија
2165.09 Инженер рударски геометар
2165.10 Антропогеограф
2165.11 Географ - картограф
2165.12 Инженер по географија
2165.13 Стопански географ
2165.14 Советник за катастар
2165.15 Инженер по географски информациски системи

## 2166. Графички и мултимедија дизајнери

Графичките и мултимедија дизајнерите применуваат уметнички аудио-визуелни техники во дизајнирањето, декорирањето, спецификацирањето и рекламирањето на електронски, дигитални и други форми на аудио-визуелни медиуми. Тие создаваат посебни содржини и анимирани ефекти со слика за употреба во компјутерски игри, филмови, музички спотови, печатени медиуми и реклами.

Задачите вклучуваат:

- утврдување на целите и ограничувањата на дизајнот во консултации со клиентите и заинтересираните страни;
| 2320.62 | Универзитетски асистент по хемиско инженерство и технологија |
| 2320.63 | Универзитетски професор по хемиско инженерство и технологија |
| 2320.64 | Предавач по графичка технологија |
| 2320.65 | Универзитетски асистент по графичка технологија |
| 2320.66 | Универзитетски професор по графичка технологија |
| 2320.67 | Предавач по текстилна технологија |
| 2320.68 | Универзитетски асистент по текстилна технологија |
| 2320.69 | Универзитетски професор по текстилна технологија |
| 2320.70 | Предавач по архитектура и урбанизам |
| 2320.71 | Универзитетски асистент по архитектура и урбанизам |
| 2320.72 | Универзитетски професор по архитектура и урбанизам |
| 2320.73 | Предавач по градежништво |
| 2320.74 | Универзитетски асистент по градежништво |
| 2320.75 | Универзитетски професор по градежништво |
| 2320.76 | Предавач по геодезија |
| 2320.77 | Универзитетски асистент по геодезија |
| 2320.78 | Универзитетски професор по геодезија |
| 2320.79 | Предавач по сообраќај |
| 2320.80 | Универзитетски асистент по сообраќај |
| 2320.81 | Универзитетски професор по сообраќај |
| 2320.82 | Предавач по техничко - технолошки науки |
| 2320.83 | Универзитетски асистент по техничко - технолошки науки |
| 2320.84 | Универзитетски професор по техничко - технолошки науки |

2320.85 Предавач по биотехнологија и прехранбена технологија
2320.86 Универзитетски асистент по биотехнологија и прехранбена технологија
2320.87 Универзитетски професор по биотехнологија и прехранбена технологија
2320.88 Предавач по агрономија
2320.89 Универзитетски асистент по агрономија
2320.90 Универзитетски професор по агрономија
2320.91 Предавач по угостителство и туризам
2320.92 Универзитетски асистент по угостителство и туризам
2320.93 Универзитетски професор по угостителство и туризам
2320.94 Предавач по шумарство
2320.95 Универзитетски асистент по шумарство
2320.96 Универзитетски професор по шумарство
2320.97 Предавач по технологија на дрво
2320.98 Универзитетски асистент по технологија на дрво
2320.99 Универзитетски професор по технологија на дрво

**СПОРЕДНА ГРУПА 233.**
**Наставен кадар за средношколско образование**

Наставниот кадар за средношколско образование предава еден или повеќе различни предмети, за образовни цели или стручно образование, на едно или повеќе нивоа во средното образование.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изработка и прилагодување на образовната програма, предаваат еден или повеќе предмети; учествуваат во одлуките во врска со организирањето на училишната настава и поврзаните активности; воспоставуваат и спроведуваат правила за однесување помеѓу учениците; адаптирање на наставните методи и содржини за да се исполнат различните потреби и интереси; следење и оценување на перформансите и капацитетите на знаење кај учениците; подготовка, спроведување и оценување на контролни тестови на знаење; подготвување на учениците за различни видови на натпреварувања и екскурзии; одржување на родителски средби и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**2330. Наставен кадар за средношколско образование**

## 2330. Наставен кадар за средношколско образование

Наставниот кадар за средношколско образование предава еден или повеќе различни предмети, за образовни цели или стручно образование, на едно или повеќе нивоа во средното образование.

Задачите вклучуваат:

- воспитно - образовно планирање и програмирање и изработка на воспитно - образовни планови и програми;
- подготовка за предавање, пишување и подготовка за јасно разработени цели, структури, содржини, планирани активности на учениците, подготовка за соодветни дидактички материјали и помагала за час;
- предавање на основното знаење во еден или повеќе предмети;
- водење на учениците во смисла на интердисциплинарна поврзаност на тие знаења заради стекнување на целосна слика на учебниот материјал;
- оспособување на учениците да развиваат сопствен начин на учење и систем на мислење;
- поттикнување на развојот, особеностите и вредностите на учениците;
- развивање сознанија кај учениците дека не се само биолошки туку и општествени, душевни и духовни суштества;
- оценување на постигнувањата на учениците и давање повратни информации на учениците за нивното напредување;
- информирање на родителите за постигнувањата на учениците и соработка со родителите;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на знаењето и предавањето;

- одржување на одделенски час со учениците и советување за работата со учениците;
- водење на класна евиденција, администрација и друго;
- учествување во образовните истражувања, водење вонаставни и вонучилишни активности, организирање на натпревари, екскурзии, излети и друго;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2330.01 Професор по филозофија
2330.02 Професор по логика
2330.03 Професор по историја
2330.04 Професор по педагогија
2330.05 Професор по психологија
2330.06 Професор по социологија
2330.07 Професор по правни предмети
2330.08 Професор по економски предмети
2330.09 Професор по биротехнички предмети
2330.10 Професор по трговски предмети
2330.11 Професор по културолошки предмети
2330.12 Професор по физичка и здравствена култура
2330.13 Професор по математика
2330.14 Професор по информатика во природно-математичките предмети
2330.15 Професор по физика
2330.16 Професор по геофизика
2330.17 Професор по астрономија
2330.18 Професор по механика
2330.19 Професор по хемија
2330.20 Професор по биологија
2330.21 Професор по геологија
2330.22 Професор по географија
2330.23 Професор по основни социјални медицински науки
2330.24 Професор по клинички медицински науки
2330.25 Професор по физиотерапија
2330.26 Професор по стоматолошки предмети
2330.27 Професор по ветеринарни предмети
2330.28 Професор по фармацевтски предмети
2330.29 Професор по медицинско-биохемиски предмети
2330.30 Професор по полјоделство
2330.31 Професор по сточарство
2330.32 Професор по овоштарство и градинарство
2330.33 Професор по преработка на млеко
2330.34 Професор по производство на зејтин и растителни масти
2330.35 Професор по производство на шеќер и скроб
2330.36 Професор по преработка на месо
2330.37 Професор по мелничарство и пекарство
2330.38 Професор по преработка на овошје и зеленчук
2330.39 Професор по преработка на тутун
2330.40 Професор по производство на алкохол и алкохолни пијалаци
2330.41 Професор по кулинарство
2330.42 Професор по кондиторство
2330.43 Професор по угостителство и туризам
2330.44 Професор по шумарство
2330.45 Професор по технологија на дрва
2330.46 Професор по рударство
2330.47 Професор по металургија
2330.48 Професор по машинска енергетика

2330.49 Професор по машинство
2330.50 Професор по електротехника
2330.51 Професор по електроника
2330.52 Професор по информатика во техниката и технологијата
2330.53 Професор по хемиска технологија
2330.54 Професор по гумарска технологија
2330.55 Професор по технологија за пластика
2330.56 Професор по стакларска технологија
2330.57 Професор по керамичка технологија
2330.58 Професор по технологија за хартија
2330.59 Професор по текстилна технологија
2330.60 Професор по конфекциска технологија
2330.61 Професор по кожарско - крзнарска технологија
2330.62 Професор по обувки и кожно-галантериска технологија
2330.63 Професор по реставрација и изработка на музички предмети
2330.64 Професор по архитектура
2330.65 Професор по градежништво
2330.66 Професор по геодезија
2330.67 Професор за патен сообраќај
2330.68 Професор за железнички сообраќај
2330.69 Професор за воздушен сообраќај
2330.70 Професор за речен сообраќај
2330.71 Професор за ТТ сообраќај
2330.72 Професор за внатрешен сообраќај
2330.73 Професор за заштита при работа
2330.74 Професор за противпожарна заштита
2330.75 Професор за земјоделска механизација
2330.76 Професор за мелиорација
2330.77 Професор за практична настава
2330.78 Професор по веронаука
2330.79 Професор по религиска култура
2330.80 Професор по етика
2330.81 Професор по агрономија

**СПОРЕДНА ГРУПА 234.**

**Наставен кадар за основно и предучилишно воспитување и образование**

Наставниот кадар за основно и предучилишно воспитување и образование им пренесува знаење на децата од предучилишна возраст, како и на децата во основното образование.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: планирање и изработување на воспитно - образовни планови и програми; изработка и прилагодување на образовната програма, предаваат еден или повеќе предмети; воспоставуваат и спроведуваат правила за однесување помеѓу учениците; адаптирање на наставните методи и содржини за да се исполнат различните потреби и интереси; следење и оценување на перформансите и капацитетите на знаење кај учениците; подготовка, спроведување и оценување на контролни тестови на знаење; подготвување на учениците за различни видови на натпреварувања и екскурзии; одржување на родителски средби; пишување на учебници и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2341. Наставни кадри во основното образование**

**2342. Наставни кадри за предучилишно образование**

## 2341. Наставни кадри во основното образование

Наставниот кадар во основното образование предава еден или повеќе различни предмети во одделенијата на основните училишта.

Задачите вклучуваат:

- воспитно - образовно планирање и програмирање и изработка на воспитно - образовни планови и програми;
- подготовка за предавање и подготовка на јасно разработени цели, структури, содржини и планирани активности на учениците;
- подготовка на соодветни дидактички материјали и помагала за часовите и содржините;
- предавање на основното знаење во еден или повеќе предмети;
- водење на учениците во смисла на интердисциплинарна поврзаност на тие знаења заради стекнување на целосна слика на материјалот;
- оспособување на учениците да развиваат сопствен начин на учење и мислење;
- поттикнување на развојот, особеностите и вредностите на учениците;
- развивање сознанија кај учениците дека не се само биолошки туку и општествени, душевни и духовни суштества;
- оценување на постигнувањата на учениците и давање повратни информации на учениците за нивното напредување или заостанување;
- информирање на родителите за постигнувањата на учениците и соработка со родителите;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на знаењето и предавањето;
- одржување на одделенски час и советување за работата со учениците;
- водење на одделенска евиденција, администрација и друго;
- учествување во образовните истражувања, водење воннаставни и вонучилишни активности, организирање на натпревари, екскурзии, излети и друго;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2341.01 | Одделенски наставник |
| 2341.02 | Предметен наставник |
| 2341.03 | Наставник |
| 2341.04 | Наставник по мајчин јазик и литература |
| 2341.05 | Наставник по историја |
| 2341.06 | Наставник по географија |
| 2341.07 | Наставник по ликовно воспитување |
| 2341.08 | Наставник по физичко воспитување |
| 2341.09 | Наставник по основи на техниката и производството |
| 2341.10 | Наставник по математика |
| 2341.11 | Наставник по информатика |
| 2341.12 | Наставник по физика |
| 2341.13 | Наставник по хемија |
| 2341.14 | Наставник по биологија |
| 2341.15 | Наставник / помошен кадар |
| 2341.16 | Вероучители |

## 2342. Наставни кадри за предучилишно образование

Наставниот кадар за предучилишно образование и воспитување организира едукација, нега и физички и интелектуален развој на деца од предучилишна возраст.

Задачите вклучуваат:

- планирање, организирање и осмислување на активности кои поттикнуваат развој на телесни, душевни и општествени вештини на детето;
- унапредување и развивање на методи на воспитно-образовни работи со предучилишни деца;
- обезбедување нега на децата, задоволување на примарните потреби за движење, игра и сон;
- создавање на ведар одгледувачки амбиент во детската заедница и решавање на проблеми;
- овозможување на пристап кон децата со љубов и доверба;
- развој на чувството за сигурност, прифаќање, задоволство, природни спонтани разговори и друго;

- развој на детскиот говор со раскажување приказни, играње улоги, пеење, спонтани разговори и друго;
- откривање на деца со посебно изразени способности во соработка со психолог, педагог и родителите и одговорен пристап кон таквите деца;
- откривање на деца со телесни и душевни развојни тешкотии во соработка со стручен тим и умерен пристап кон таквите деца;
- посматрање на децата за време на приемот и за време на престојот во заедницата со оглед на нивната општа здравствена состојба;
- уочување на промени во здравствената состојба на детето и известување на здравствената установа и родителите;
- прописно водење на педагошка евиденција и документација;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2342.01 Воспитувач
2342.02 Предучилишен педагог
2342.03 Водител на слободни активности за деца од предучилишна возраст
2342.04 Воспитувач во предучилишна установа
2342.05 Наставник за предучилишно образование
2342.06 Останати воспитувачи во предучилишна установа

**СПОРЕДНА ГРУПА 235.**

**Друг наставен кадар за образование**

Друг наставен кадар за образование спроведува истражувања и развива наставни методи и помошни средства, врши преглед и ја оценува работата на наставниците и на резултатите постигнати во применувањето на одредена наставно-образовна програма, сугерираат на промени и подобрувања доколку е потребно, едуцираат луѓе со развојни тешкотии и специјални потреби и даваат часови за јазично, музичко, уметничко и информатичко образование.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: истражување во тековниот наставен план, наставните методи и други образовни практики, вклучувајќи помошни наставни средства и советување за неопходните промени и напредокот; вршење на периодична инспекција на работата на наставниците во применувањето на одредена наставна програма и сугерирање на промени и подобрувања доколку се укаже потреба; индивидуална работа со ученици со нарушувања од типот на дислексија и дисграфија, оштетен говор, намалена интелектуална способност, оштетен вид, оштетен слух, со телесни оштетувања и ученици со нарушувања во однесувањето; предавање на основното и напредното знаење по наставниот јазичен, музички, уметнички и информатички предмет и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2351. Наставен кадар за образовни методи**
**2352. Наставен кадар за образование на деца со развојни тешкотии**
**2353. Наставен кадар за јазично образование**
**2354. Наставен кадар за музичко образование**
**2355. Наставен кадар за уметничко образование**
**2356. Обучувачи за информатичка технологија**
**2359. Друг наставен кадар за образование, некласифицирани на друго место**

## 2351. Наставен кадар за образовни методи

Наставниот кадар за образовни методи спроведува истражувања, односно методи за предавање и развива методи за предавање или советува за методите и средствата за предавање, дидактичките материјали и ја следи и испитува работата на наставниците и резултатите постигнати во примената на определена воспитно-образовна програма и сугерира промени и подобрувања, ако е потребно.

Задачите вклучуваат:

- истражување за тековниот развој на воспитно-образовните планови и програми, методи на предавањето и други делови на воспитно-образовната пракса, како и советување за потребните промени и можни подобрувања;
- советување за предметите и воспитно-образовните содржини, методи, цел на нивното предавање како и примена на методите за испитување;
- истражување на аудио-визуелните и други наставни помошни средства и советување во врска со нив, планирање и организирање на нивното вклучување во образовниот процес;
- организирање на семинари и конференции за обука на наставниците за новите наставни методи и програми;
- периодична инспекција на училиштата и наставниот кадар во врска со наставниот план, наставните методи, опремата и другите прашања;
- посетување на училиштата за да се надгледуваат наставните техники и за да се вреднува работата на наставниците и постигнатите училишни резултати;
- подготвување на извештаи и составување на препораки до надлежните во образованието во врска со можните промени и подобрувања во наставниот план, наставните методи и останатите фактори поврзани со работата на образовните установи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2351.01 | Советник за методика во образованието |
| 2351.02 | Советник за развој на воспитно-образовната програма |
| 2351.03 | Советник за образовни технологии |
| 2351.04 | Андрагог |
| 2351.05 | Педагог |
| 2351.06 | Дефектолог |
| 2351.07 | Социјален педагог |
| 2351.08 | Советник за лица со посебни потреби |
| 2351.09 | Советник за образование |
| 2351.10 | Советник за основно образование |
| 2351.11 | Советник за предучилишно образование |
| 2351.12 | Советник за предметна настава |
| 2351.13 | Советник за одделенска настава |
| 2351.14 | Школски инспектор |
| 2351.15 | Дефектолог за лица со психичка попреченост |
| 2351.16 | Дефектолог за лица со моторни нарушувања |
| 2351.17 | Дефектолог за лица со развојни нарушувања |
| 2351.18 | Дефектолог за лица со нарушувања во однесувањето и учењето |
| 2351.19 | Дефектолог во здравствена установа |
| 2351.20 | Дефектолог во воспитно-образовна установа |
| 2351.21 | Дефектолог во социјално-воспитна установа |
| 2351.22 | Советник за професионален развој на просветни работници |

## 2352. Наставен кадар за образование на деца со развојни тешкотии

Наставниот кадар за образование на деца со развојни тешкотии едуцира физички или ментално хендикепирани деца, млади, возрасни или оние со потешкотии во учењето, на дадено ниво на образование и го промовира социјалниот, емотивниот и интелектуалниот развој на децата со развојни тешкотии.

Задачите вклучуваат:

- предавање на деца со развојни тешкотии во интегрирани услови на воспитување и образование;
- запознавање со психосоматскиот, здравствениот и образовниот статус на ученикот;
- индивидуална работа со ученици со нарушувања од типот на дислексија и дисграфија, оштетен говор, намалена интелектуална способност, оштетен вид, оштетен слух, со телесни оштетувања и ученици со нарушувања во однесувањето;

- групна колективна работа со учениците и постојана соработка и помош на наставниците за работа со ученици со развојни тешкотии;
- предавање на деца со оштетен вид, изработка на релјефни шеми, цртежи, дијаграми, макети и планови и прилагодување на учебници, бележници, наставни ливчиња и останати дидактички материјали во Браилово писмо со примена на помагала за слепи и слабовидни;
- оспособување на слепи и слабовидни деца за успешно вршење на секојдневните активности;
- предавање на деца со оштетен слух и подготовка на образовни средства и помагала потребни за работа со деца со оштетен слух, рехабилитација на слушање и говор како и систематска работа за говорен и слушен напредок на детето, продолжен стручен третман на деца со оштетен слух;
- предавање на деца со душевни нарушувања, избор и изработка на воспитно-образовен материјал, предавање според прилагодени методни постапки, следење на напредувањето, вреднување и оценување на резултатите од работата на учениците;
- подготовка за предавања и предавање на телесно инвалидни деца, соработка со стручен тим (психолог, лекар) за пронаоѓање на најсоодветни методи и начини за работа со деца со изразито оштетена моторика и неразвиен говор;
- подготовка за предавање на деца со нарушен глас и говор, подготовка на технички средства и јазичен материјал за индивидуална и групна работа за корекции, изведување на вежби за фонација и респираторни вежби;
- поттикнување на учениците во нивната самодоверба, помош да запознаат и прифатат методи кои ќе ги надоместат ограничувањата предизвикани од нивното оштетување, како и давање на чувство дека во тоа се успешни;
- оценување на постигнувањата на учениците и давање повратни информации на учениците за нивното напредување и разгледување заедно со родителите и терапевтите дали е постигната цврста база за натамошен напредок;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на умеењето на предавањето;
- водење на пропишаните евиденции и администрација;
- вршење на сродни работи;
- надзор на останатите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2352.01 | Наставник за деца со развојни тешкотии |
| 2352.02 | Наставник за лица со оштетен вид |
| 2352.03 | Наставник за лица со оштетен слух |
| 2352.04 | Наставник за ментално ретардирани лица |
| 2352.05 | Наставник за телесно инвалидизирани лица |
| 2352.06 | Наставник за лица со нарушувања во однесувањето |
| 2352.07 | Воспитувач во завод за деца со посебни потреби |
| 2352.08 | Одгледувач дефектолог |
| 2352.09 | Наставник - олигофренопедагог |

## 2353. Наставен кадар за јазично образование

Наставниот кадар за јазично образование предава еден или повеќе предмети од областа на јазиците во образовните институции и нуди образовни програми на мајчин и на странски јазик кој е во употреба. Овие наставници изработуваат воспитно-образовни планови и програми. Предаваат, го оценуваат постигнатиот успех кај учениците, ја оценуваат својата успешност во предавањата и вршат други воспитно-образовни работи.

Задачите вклучуваат:

- воспитно - образовно планирање и програмирање и изработка на воспитно-образовни планови и програми;
- подготовка за предавање и пишување на јасно разработени цели, структури, содржини, планирани активности на учениците, прилагодени за соодветниот степен на знаење;
- оценување на претходното јазично знаење на учениците и формирање на работни групи за учење;
- предавање на основното и напредното знаење по наставниот јазичен предмет;

- водење на учениците во смисла на интерактивна настава на тие знаења поради стекнување на целосна слика на светот;
- оспособување на учениците да развиваат сопствен начин на учење и систем на мислење;
- поттикнување на развојот и особеностите на учениците и развивање на сознанија кај учениците дека не се само биолошки туку и општествени, душевни и духовни суштества;
- оценување на постигнувањата на учениците и давање повратни информации на учениците за нивното напредување;
- информирање на родителите за постигнувањата на учениците и соработка со родителите;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на знаењето и предавањето;
- водење на одделенска евиденција и администрација;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2353.01 Лектор по странски јазици
2353.02 Професор по македонски јазик
2353.03 Професор по албански јазик
2353.04 Професор по турски јазик
2353.05 Професор по српски јазик
2353.06 Професор по германски јазик
2353.07 Професор по англиски јазик
2353.08 Професор по француски јазик
2353.09 Професор по италијански јазик
2353.10 Професор по латински јазик
2353.11 Професор по руски јазик
2353.12 Професор по старогрчки јазик
2353.13 Професор по арапски јазик
2353.14 Наставник по странски јазик
2353.15 Наставник по влашки јазик

## 2354. Наставен кадар за музичко образование

Наставниот кадар за музичко образование предава еден или повеќе предмети од областа на музиката во образовните институции и нуди практични образовни програми за музичко образование. Овие наставници изработуваат воспитно-образовни планови и програми. Предаваат, го оценуваат постигнатиот успех кај учениците, ја оценуваат својата успешност и вршат други воспитно-образовни работи.

Задачите вклучуваат:

- воспитно-образовно планирање и програмирање и изработка на воспитно-образовни планови и програми;
- подготовка за предавање и пишување на јасно разработени цели, структури, содржини, планирани активности и подготовка за соодветни музички материјали, инструменти и интерпретација на музика;
- инструкции и демонстрација на практичните аспекти на пеењето и свирењето на одреден инструмент;
- пренесување на знаење за читање и пишување на музичка нотација;
- оспособување на учениците да развиваат сопствен начин на учење и систем на музичка култура;
- подготовка на учениците за испити, аудиции и настапи пред публика;
- оценување на постигнувањата на учениците и давање повратни информации на учениците за нивното напредување;
- информирање на родителите за постигнувањата на учениците и соработка со родителите;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на знаењето и предавањето;
- водење на одделенска евиденција, администрација и друго;
- учествување во музички истражувања, организирање на посети и турнеи на музички изведби и друго;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2354.01 Предавач по музичка уметност
2354.02 Универзитетски асистент по музичка уметност
2354.03 Универзитетски професор по музичка уметност
2354.04 Професор по музички предмети
2354.05 Наставник по музичко воспитување

## 2355. Наставен кадар за уметничко образование

Наставниот кадар за уметничко образование предава еден или повеќе предмети од областа на уметноста во образовните институции и нуди практични образовни програми за уметничко образование како изведба на танцови, драми, визуелни и други уметности со исклучок на музика. Овие наставници изработуваат воспитно-образовни планови и програми, предаваат, го оценуваат постигнатиот успех кај учениците, ја оценуваат својата успешност и вршат други воспитно-образовни работи.

Задачите вклучуваат:

- воспитно-образовно планирање, програмирање и изработка на воспитно-образовни планови и програми;
- подготовка за предавање и пишување на јасно разработени цели, структури, содржини, планирани активности на учениците;
- подготовка за соодветни уметнички материјали и помагала;
- инструкции и демонстрација на практичните аспекти на драма, танцови, визуелни уметности и друго;
- предавање на основното знаење во еден или повеќе предмети од областа на уметничкото образование;
- оспособување на учениците да развиваат сопствен начин на учење и систем на уметничка култура;
- подготовка на учениците за испити, аудиции и настапи пред публика;
- оценување на постигнувањата на учениците и давање повратни информации на учениците за нивното напредување;
- информирање на родителите за постигнувањата на учениците и соработка со родителите;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на знаењето и предавањето;
- одржување одделенски час и советување за работата со учениците;
- водење на одделенска евиденција, администрација и друго;
- учествување во уметнички истражувања, организирање на посети и турнеи на уметнички изведби и друго;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2355.01 Предавач по ликовни уметности
2355.02 Универзитетски асистент по ликовни уметности
2355.03 Универзитетски професор по ликовни уметности
2355.04 Предавач по применета уметност
2355.05 Универзитетски асистент по применета уметност
2355.06 Универзитетски професор по применета уметност
2355.07 Предавач по сценска уметност
2355.08 Универзитетски асистент по сценска уметност
2355.09 Универзитетски професор по сценска уметност
2355.10 Професор по ликовни предмети
2355.11 Професор по сценски предмети
2355.12 Професор по балет и танц

## 2356. Обучувачи за информатичка технологија

Обучувачите за информатичка технологија предаваат еден или повеќе предмети од областа на информатичката технологија и компјутерите во образовните институции и нудат образовни програми во

вид на курсеви и тренинзи поврзани со информатичката надградба на учениците. Изработуваат воспитно-образовни планови и програми, предаваат, го оценуваат постигнатиот успех кај учениците, ја оценуваат својата успешност во предавањата и вршат други воспитно-образовни работи.

Задачите вклучуваат:

- воспитно-образовно планирање, програмирање и изработка на воспитно-образовни планови и програми;
- подготовка за предавање, пишување и подготовка за јасно разработени цели, структури, содржини и планирани активности на учениците;
- подготовка за соодветни материјали и компјутерски помагала;
- инструкции и демонстрација на практичните аспекти на материјата којашто се изучува;
- предавање на основното знаење по еден или повеќе предмети;
- запознавање со специјализирани софтверски програми и употреба на интернет;
- оценување на постигнувањата на учениците, мерење на нивната ефективност и давање повратни информации на учениците за нивното напредување;
- информирање на родителите за постигнувањата на учениците и соработка со родителите;
- ревизија и оцена на сопствената работа заради подобрување на знаењето и предавањето;
- одржување одделенски час и советување за работата со учениците;
- водење на класна евиденција, администрација и друго;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2356.01 Компјутерски обучувач
2356.02 Софтверски обучувач

## 2359. Друг наставен кадар за образование, некласифициран на друго место

Оваа единечна група ги опфаќа занимањата на образовни стручњаци кои не се класифицирани на друго место во подгрупата 23. Стручњаци за образование.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2359.01 Организатор на образованието на возрасните во образовните заводи
2359.02 Советник во воспитно-образовен завод
2359.03 Воспитувач во ученички дом
2359.04 Истражувач на воспитни науки
2359.05 Самостоен истражувач на воспитни науки
2359.06 Инструктор за образование на кадри
2359.07 Инструктор по практична обука во стручно училиште
2359.08 Инструктор во ученичка работилница
2359.09 Инструктор во центар за образование
2359.10 Инструктор за вонучилишно образование
2359.11 Предавач по биотехнички науки
2359.12 Универзитетски асистент по биотехнички науки
2359.13 Универзитетски професор по биотехнички науки
2359.14 Предавач по дизајн
2359.15 Универзитетски асистент по дизајн
2359.16 Универзитетски професор по дизајн
2359.17 Предавач по заштита при работа
2359.18 Универзитетски асистент по заштита при работа
2359.19 Универзитетски професор по заштита при работа

**ПОДГРУПА 24.**
**Стручњаци за бизнис и администрација**

Стручњаците за бизнис и администрација унапредуваат, советуваат, анализираат и применуваат оперативни методи и организација на работа од областа на финансиите, инвестициите, човечките ресурси, маркетингот, односите со јавност, техничката продажба и друго.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: проучување, планирање, советување и вршење на сметководствени и ревизорски работи; собирање, анализа и интерпретација на информации за финансиската состојба на правни лица; подготвување и разгледување на финансиски извештаи и сродни прегледи; задачи во реализирањето на кадровската политика и професионалната ориентација; вршење на задачи од областа на маркетингот, рекламирањето, известувањето на јавноста; примена на прописи поврзани со пронајдоците; работи околу отворање на нови фирми, анализа на пазарот и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**241. Стручњаци за финансии**
**242. Стручњаци за администрација**
**243. Стручњаци за продажба, маркетинг и односи со јавноста**

**СПОРЕДНА ГРУПА 241.**
**Стручњаци за финансии**

Стручњаците за финансии планираат, развиваат, организираат, администрираат, инвестираат, управуваат и спроведуваат квантитативни и финансиски анализи и сметководствени системи за физички, правни лица и други институции.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: подготвување и организирање на сметководствени и финансиски извештаи; разгледување на финансиски материјали на организациите; обезбедување на финансиски совети на физички и правни лица; водење на инвестициски програми; вршење на финансиски анализи на различни сегменти во корпоративното работење, стопанството и економијата во целост. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2411. Сметководители**
**2412. Финансиски и инвестициски советници**
**2413. Финансиски аналитичари**

## 2411. Сметководители

Сметководителите предлагаат примена на сметководствена политика и системи, советуваат за сметководствени прашања, изработуваат финансиски извештаи и сметководствена евиденција, контролираат примена на меѓународни норми и законски прописи.

Задачите вклучуваат:

- советување и контрола на примената на меѓународни норми и законски прописи;
- изработка и предлагање на сметководствена и финансиска политика на претпријатијата;
- изработка на финансиска изјава за потребите на раководителите, акционерите, како и за претставниците на законот и други тела;
- подготовка на даночни пријави, давање на совети во врска со даноците и решавање на спорни барања пред даночните органи;
- подготовка на финансиски извештаи и буџети;
- подготовка на прогнози и пресметки за добивката и известување во врска со нив;
- водење на евиденција за настанатите трошоци во организациите;
- спроведување на финансиска контрола за прашања како што се стечај и ликвидација како и проневера и измама;
- контрола на сметките и на книговодството и финансиите;
- координација со надворешните финансиски институции;

- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2411.01 Раководител на сметководствени работи
2411.02 Раководител на финансиски работи
2411.03 Раководител на сметководство и финансии
2411.04 Финансиски инспектор
2411.05 Финансиски советник
2411.06 Даночен советник
2411.07 Даночен инспектор
2411.08 Проценувач на бонитет
2411.09 Ревизор
2411.10 Девизен инспектор
2411.11 Сметководител
2411.12 Советник за пресметка
2411.13 Финансиски контролор
2411.14 Соработник за финансиски работи
2411.15 Советник за меѓународни финансии
2411.16 Советник за сметководствени стандарди

## 2412. Финансиски и инвестициски советници

Финансиските и инвестициските советници подготвуваат финансиски планови за развој и инвестираат финансиски средства и управуваат со нив за сметка на физички и правни лица.

Задачите вклучуваат:

- воспоставување и одржување на база на клиенти;
- интервјуирање на клиенти и утврдување на финансиската состојба и цели, ризик и други информации потребни за развој на финансиските планови и инвестициски стратегии;
- поставување и развивање на финансиски цели и стратегии за остварување на целите;
- изработка на финансиска изјава за потребите на раководителите, акционерите, како и за претставниците на законот и други тела;
- советување и контрола на примената на меѓународни норми и законски прописи;
- изработка и предлагање на инвестициска политика на претпријатијата;
- подготвување и анализа на инвестициско портфолио;
- подготовка на прогнози и пресметки за добивката и известување во врска со нив;
- организирање за купување и продавање на хартии од вредност;
- следење на инвестициите и ефикасноста од нив;
- разгледување и ревидирање на инвестициските планови врз основа на измените и промените на финансискиот пазар;
- нудење на осигурително покритие на клиентите;
- координација со надворешните финансиски институции;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2412.01 Советник за патенти
2412.02 Набавно - продажен референт
2412.03 Советник за недвижности
2412.04 Советник за инвестиции
2412.05 Финансиски планер
2412.06 Консултант за хартии од вредност
2412.07 Брокер
2412.08 Проценител

## 2413. Финансиски аналитичари

Финансиските аналитичари спроведуваат квантитативна финансиска анализа на информациите кои се во директен однос со инвестициските програми на физичките, правните лица и институциите.

Задачите вклучуваат:

- одржување на знаење и вештини во развојот на настаните од областа на финансиите, бизнисот, технологијата и економската теорија;
- толкување на податоци и трендови што влијаат на инвестициските програми;
- анализа на финансиски информации за да се предвидат прогнозите во економијата;
- следење на економски, индустриски и корпоративни настани добиени од различни финансиски публикации и услуги;
- поставување и развивање на финансиски цели и стратегии за остварување на целите;
- изработка на финансиска изјава за потребите на раководителите, акционерите како и претставниците од законот и други тела;
- изработка и предлагање на инвестициска политика на претпријатијата;
- подготвување и анализа на инвестициско портфолио;
- подготовка на акциони планови врз основа на финансиските анализи;
- подготовка на прогнози и пресметки за добивката и известување во врска со нив;
- разгледување и ревидирање на инвестициските планови врз основа на измените и промените на финансискиот пазар;
- презентирање на усни и писмени извештаи до надлежните корисници;
- советување и контрола на примената на меѓународни норми и законски прописи;
- координација со надворешните финансиски аналитичари;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2413.01 Советник за истражување на пазарот
2413.02 Комерцијалист за надворешна трговија
2413.03 Комерцијалист за внатрешна трговија
2413.04 Раководител за набавка и продажба
2413.05 Аналитичар за истражување на пазари
2413.06 Референт за рекламација
2413.07 Финансиски аналитичар
2413.08 Советник за јавни набавки

**СПОРЕДНА ГРУПА 242.**
### Стручњаци за администрација

Стручњаците за администрација применуваат различни концепти и теории поврзани со подобрувањето на ефикасноста и ефективноста на организациите и поединците во рамките на организацијата.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: евалуација на структурата на организацијата и менаџирање за подобро управување со неа; осигурување дека оперативните активности на организацијата се во согласност со утврдените политики и цели; регрутирање на персонал во рамките на организацијата; истражување на социјални, економски и индустриски трендови во општеството; советување на лица за можноста за вработување, избор на занимање, понатамошно образование и стручно оспособување; поставување на остварливи цели за развој на човечките ресурси во организацијата и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2421. Аналитичари на менаџмент и организација**
**2422. Стручњаци за правна администрација**
**2423. Кадровски стручњаци**
**2424. Стручњаци за обука и развој на кадар**

## 2421. Аналитичари на менаџмент и организација

Аналитичарите на менаџмент и организација вршат проучување, анализа, советување и примена на работните методи поврзани со различни аспекти на деловното работење, помагање на организациите за постигнување на поголема ефикасност, проучување на организациски структури, методи, системи и различни деловни процедури.

Задачите вклучуваат:

- одржување на знаење и вештини во развојот на настаните од областа на менаџментот и економската теорија;
- поттикнување на развојот на целите, стратегиите и плановите во насока на постигнување на задоволство на вработените и клиентите;
- анализа и оценка на постоечките организациски системи и структури;
- толкување на податоци и трендови што влијаат на организациите во целина;
- ефикасна употреба на организациските ресурси;
- употреба на студии и анализи за организациските методи и постапки од административна и техничка природа;
- евиденција и анализа на организациски графикони, записи, извештаи, прирачници и описи на работни места;
- спроведување на препораки, издавање на инструкции, ревизии и подготовка на друга документација;
- преглед на оперативни процедури, советување за процедури и стандарди;
- решавање на организациски проблеми;
- координација со надворешните менаџмент аналитичари;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2421.01 | Советник за менаџмент |
| 2421.02 | Советник за продажни методи |
| 2421.03 | Советник за бизнис |
| 2421.04 | Советник за мали и средни претпријатија |
| 2421.05 | Проектен менаџер |
| 2421.06 | Советник за економика на домаќинствата |
| 2421.07 | Менаџер |
| 2421.08 | Регионален менаџер |
| 2421.09 | Асистент на градоначалник |
| 2421.10 | Координатор на проект |
| 2421.11 | Асистент на проект |
| 2421.12 | Шеф на кабинет |
| 2421.13 | Менаџер по рурален туризам |
| 2421.14 | Бизнис аналитичар |
| 2421.15 | Менаџер по туризам |
| 2421.16 | Менаџер по бизнис администрација |

## 2422. Стручњаци за правна администрација

Стручњаците за правна администрација анализираат политики и програми од различни области на правото и администрацијата и нивна имплементација.

Задачите вклучуваат:

- поврзување и консалтинг со програмата на администрацијата и други вклучени страни за да се идентификуваат потребите и политиките;
- разгледување на постоечките политики и закони за да се идентификуваат неправилности и проблеми;
- истражување на социјални, економски и индустриски трендови во општеството;

- формулирање и анализа на политичките опции и советување за преферирани страни;
- оценување на влијанија и ефекти од финансиските импликации и интеракции со други административни програми и остварливост на политиките;
- мерење на ризиците кои можат да настанат;
- разгледување на планови и програми за да се обезбеди усогласеност со политиките на организацијата;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2422.01 Политички аналитичар
2422.02 Административен аналитичар
2422.03 Помлад соработник
2422.04 Соработник
2422.05 Виш соработник
2422.06 Советник
2422.07 Самостоен стручен соработник

## 2423. Кадровски стручњаци

Кадровските стручњаци даваат професионални деловни услуги поврзани со кадровската политика како што се вработување на работници, нивна селекција, професионален развој, анализа на работата и стручно водење.

Задачите вклучуваат:

- давање совети за кадровските прашања при вработувањето на работниците, посредување при вработувањето, стручно оспособување, напредување и однос на раководителот со другите вработени и други области на кадровската политика;
- проучување и анализирање на работните места во претпријатието/институцијата со различни средства, вклучувајќи интервју со работниците, работоводителите и управата, опис на работите и занимањата од добиените податоци;
- подготовка на информации за занимањата и работата на квалификациските системи;
- советување и работа на тековни и други работи во кадровската администрација, истражување на работната сила, планирање, стручно оспособување, професионално информирање и професионална ориентација;
- советување на лица за можноста за вработување, избор на занимање, понатамошно образование и стручно оспособување;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2423.01 Раководител на кадровска служба
2423.02 Самостоен советник за кадровски прашања
2423.03 Советник за кадровски прашања
2423.04 Аналитичар на занимања
2423.05 Аналитичар за вработување
2423.06 Специјалист за човечки ресурси
2423.07 Инспектор за труд

## 2424. Стручњаци за обука и развој на кадар

Стручњаците за обука и развој даваат професионални деловни услуги поврзани со кадровската политика, прават планови за професионален развој на вработените, спроведуваат програми за обука и развој на вештини и стручни компетенции што организациите ги бараат во својата работа за исполнување на поставените цели.

Задачите вклучуваат:

- идентификување на потребите и барањата за обука на поединци и организации;
- поставување на остварливи цели за развој на човечките ресурси во организацијата;
- планирање, дизајнирање, координирање и спроведување на програмите за развој во индивидуални или групни работилници, состаноци, презентации или конференции;
- подготовка и развој на наставни материјали и помагала за обука како прирачници, нагледни помагала, демонстрациски модели и слично;
- спроведување на различни видови на истражувања за да се разработат нови системи и работни материјали;
- следење и евалуација на тековните активности и процена на методите, ефективноста и квалитетот на обуката;
- поврзување со надворешни стручњаци за обука и развој на кадар;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 2424.01 | Организатор за образованието на вработените во претпријатијата |
| 2424.02 | Советник за лицата кои успешно работат |
| 2424.03 | Советник за одбрана |
| 2424.04 | Инспектор за одбрана |
| 2424.05 | Инспектор за цивилна заштита |
| 2424.06 | Советник за кариера |
| 2424.07 | Службеник за обука |
| 2424.08 | Специјалист за развој на работна сила |
| 2424.09 | Тим-лидер |

**СПОРЕДНА ГРУПА 243.**

### Стручњаци за продажба, маркетинг и односи со јавноста

Стручњаците за продажба, маркетинг и односи со јавноста планираат, развиваат, координираат и имплементираат различни концепти и теории поврзани за подобрување на продажбата на производи во компаниите, нивна промоција, маркетинг услуги и комуникација со јавноста.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: истражување на условите и карактеристиките на пазарот, анализа на наодите и планирање на реклами и активности за односи со јавноста; поддршка на бизнисот преку подготовка и реализација на маркетинг цели, политики, програми и стратегии; планирање и организирање на промотивни кампањи и презентации; избор на материјали и илустрации за создавање на поволен публицитет, стекнување на знаења за производите, процена на пазарот и потребите на потрошувачите; воспоставување на контакт и преговарање со потенцијални деловни корисници во врска со маркетинг можностите, цените, условите за продажба, кредитирање, завршување на договорите и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2431. Стручњаци за маркетинг и реклама**
**2432. Стручњаци за односи со јавноста**
**2433. Стручњаци за продажба на техника и медицински препарати**
**2434. Стручњаци за продажба на информатичка и комуникациска технологија**

## 2431. Стручњаци за маркетинг и реклама

Стручњаците за маркетинг и реклама планираат, развиваат, координираат и имплементираат рекламни стратегии и кампањи, утврдуваат на пазарот нови производи и услуги и ги идентификуваат можностите за развој на пазарот и унапредување на продажбата на производи и услуги.

Задачите вклучуваат:

- планирање, развој и организирање на рекламни политики и кампањи за поддршка на организациските цели и продажбата;
- советување на менаџери и клиенти како да се пробијат до целните пазари создавајќи свест кај потрошувачите со ефикасно подобрување на производите и услугите;

- пишување и дизајнирање на документација што се испраќа до медиумите;
- анализа на податоци и параметри за потрошувачите;
- предвидување на сегашните и идните трендови на потрошувачката;
- истражување на карактеристиките на пазарот за побарувачката за постоечки и нови производи и услуги и собирање на други статистички податоци;
- поддршка на корпоративниот развој преку подготовка и извршување на маркетинг цели, политики, програми и стратегии;
- развој на нови производи;
- советување за сите елементи на маркетингот како производствениот микс, цените, рекламирањето, продажбата, промоцијата и дистрибутивните канали;
- соработка и комуникација со други стручњаци од економијата;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2431.01 Советник за маркетинг
2431.02 Советник за реклама
2431.03 Советник за промотивни методи
2431.04 Маркетинг агент
2431.05 Аналитичар за истражување на пазарот
2431.06 Огласувач
2431.07 Промотер
2431.08 Аналитичар на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

## 2432. Стручњаци за односи со јавноста

Стручњаците за односи со јавноста планираат, развиваат, координираат и имплементираат информациски и комуникациски планови и стратегии и известуваат за организациското мислење и улогата во заедницата до пошироката јавност.

Задачите вклучуваат:

- планирање и организирање на кампањи за публицитет и комуникациски стратегии;
- советување на претпоставените за импликациите на своите политики, програми и практики и подготовка и контрола на издавањето на вести и соопштенија;
- истражување на јавното мислење, анализирање на наодите и планирање на промотивни кампањи во јавноста;
- организирање на посебни настани, семинари, забава, наградни игри и други социјални настани за презентирање на добрата волја и општествената одговорност на организацијата;
- претставување на организацијата и приредување на интервјуа со медиумите;
- давање на позитивен публицитет, промовирање и други функции за организацијата;
- подготовка и дистрибуција на илустративен материјал до јавноста за создавање на позитивен публицитет;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2432.01 Советник за односи со јавноста
2432.02 Портпарол

## 2433. Стручњаци за продажба на техника и медицински препарати

Стручњаците за продажба на техника и медицински препарати вршат специјализирани продажби на различни индустриски, медицински и фармацевтски производи и услуги за индустриски, деловни и други професионални установи.

Задачите вклучуваат:

- составување на листи на потенцијални клиенти и бизнис корисници и употреба на бази на податоци за нив;

- посета на редовни и потенцијални потрошувачи и воспоставување на можности за продажба;
- утврдување на потребите на клиентите, согледување на ресурсите и препорачување на соодветни производи и услуги;
2643.15 Семантичар

**СПОРЕДНА ГРУПА 265.**
**Уметници кои создаваат или изведуваат**

Уметниците кои создаваат или изведуваат пренесуваат идеи, впечатоци и факти во широк спектар на медиуми за да се постигнат одредени ефекти преку интерпретација на композиции, изведување на сценарија или водење на изведби и се домаќини на такви изведби или други медиумски настани.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: создавање на визуелни уметнички дела; создавање на оригинална музика; осмислување, режирање, вежбање и изведување на музиката, танцот, драмската и филмската продукција; одредување на финансиските, креативните и организациските одговорности во продукцијата на телевизиските програми, филмови и сценски презентации; проучување на сценариото, драмата или книгата и подготовка на интерпретација; селектирање и запознавање со музичкиот, видео и друг вид на материјал од забавен карактер за емитување; подготвување на изјави од комерцијален и јавен карактер и друго. Задачите можат да вклучуваат и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**2651. Визуелни уметници**
**2652. Музичари, пејачи и композитори**
**2653. Кореографи и танчери**
**2654. Филмски и сценски режисери, продуценти и сродни занимања**
**2655. Актери**
**2656. Спикери на радио, телевизија и други медиуми**
**2659. Уметници кои создаваат или изведуваат, некласифицирани на друго место**

## 2651. Визуелни уметници

Визуелните уметници создаваат и изведуваат уметнички дела со вајање, сликање, цртање, правење цртани филмови, гравирање и слични техники.

Задачите вклучуваат:

- создавање и развој на идеи, дизајни и стилови за слики, цртежи и скулптури;
- подредување на предмети, позиционирање на модели и селекција на пејзажи и други визуелни форми, во зависност од избраната тема;
- избор на уметнички медиум, метод и материјали;
- создавање на репрезентативни или апстрактни тродимензионални или релјефни форми со оформување и комбинирање на материјали како што се дрво, камен, глина или метал;
- создавање на репрезентативни или апстрактни цртежи и слики со моливи, мастило, креда, маслени бои или со примена на друга техника;
- создавање наа цртежи и нивно гравирање или резбање во метал, дрво или други материјали;
- создавање на цртани филмови за да се претстават личности и настани, често во карикатура;
- реставрирање на оштетени и избледени слики и други уметнички предмети;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2651.01 Академски графичар
2651.02 Академски склуптор
2651.03 Академски сликар
2651.04 Аниматор
2651.05 Вајар
2651.06 Илустратор
2651.07 Карикатурист
2651.08 Конзерватор
2651.09 Реставратор - склуптор

2651.10 Реставратор - сликар
2651.11 Сликар наивец
2651.12 Сценограф
2651.13 Костимограф
2651.14 Сликар на цртан филм
2651.15 Цртач на икони

## 2652. Музичари, пејачи и композитори

Музичарите, пејачите и композиторите пишуваат, аранжираат, диригираат и изведуваат музички композиции.

Задачите вклучуваат:

- креирање на мелодиски, хармонски и ритмички структури за изразување на идеите и чувствата во музичка форма;
- пренесување на идеите и концептите во стандардни музички знаци и симболи за репродукција и изведба;
- адаптирање или аранжирање на музика за одредени инструментални групи, инструменти или настани;
- диригирање на инструментални или вокални групи;
- избор на музика за изведби и доделување на инструменталните делови на музичарите;
- свирење на еден или на повеќе инструменти како солист или како член на оркестар или музичка група;
- пеење како солист или како член на вокална група;
- вежбање и одење на проби за да се одржи високиот квалитет на изведбите;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2652.01 Академски музичар - композитор
2652.02 Аранжер на музички композиции
2652.03 Диригент
2652.04 Академски музиколог
2652.05 Академски музичар - обоист
2652.06 Академски музичар - кларинетист
2652.07 Академски музичар - саксофонист
2652.08 Академски музичар - фаготист
2652.09 Академски музичар - трубач
2652.10 Академски музичар - тромбонист
2652.11 Академски музичар - тубист
2652.12 Академски музичар - гитарист
2652.13 Академски музичар - флејтист
2652.14 Академски музичар - виолончелист
2652.15 Академски музичар - виолинист
2652.16 Академски музичар - виолинист
2652.17 Академски музичар - харфист
2652.18 Академски музичар - клавирист
2652.19 Академски музичар - оргулист
2652.20 Академски музичар - контрабасист
2652.21 Академски музичар - тимпанист
2652.22 Академски црковен музичар
2652.23 Академски фолклорен музичар
2652.24 Академски инструменталист
2652.25 Солист алт
2652.26 Солист сопран
2652.27 Солист мецосопран
2652.28 Солист тенор

2652.29 Солист бас
2652.30 Солист баритон
2652.31 Солист бас - баритон
2652.32 Оперски пејач
2652.33 Академски соло-пејач
2652.34 Етномузиколог
2652.35 Музиколог
2652.36 Диригент на оркестар
2652.37 Диригент на хор
2652.38 Пејач во хор
2652.39 Музичар во ноќен клуб
2652.40 Музичар на улица
2652.41 Пејач во ноќен клуб
2652.42 Пејач на улица
2652.43 Водач на група
2652.44 Музичар во група

## 2653. Кореографи и танчери

Кореографите и танчерите измислуваат, креираат или изведуваат танцови и уметнички игри.

Задачите вклучуваат:

- измислување и создавање танцови кои често пренесуваат приказна, тема, идеја или расположение, со чекори, движења и гестови;
- изведување танцови како солист, со партнер, или како член на танчерска група, пред публика во живо или на филм, телевизија и друг визуелен медиум;
- обучување, вежбање и присуство на часови по танцување за да се одржи потребното ниво на способности и физичка кондиција;
- присуство на проби за вежбање на чекорите и техниките потребни за изведбата;
- аудиции за улоги за танцување или за членство во танцови друштва;
- координација на музичката продукција со музичките директори;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2653.01 Кореограф
2653.02 Играч на класичен балет
2653.03 Фолклорен играч и пејач
2653.04 Играч на модерни игри
2653.05 Првенец на балет
2653.06 Балерина
2653.07 Балетски мајстор
2653.08 Танчер во ноќен клуб
2653.09 Танчер на улица

## 2654. Филмски и сценски режисери, продуценти и сродни занимања

Филмските и сценските режисери, продуценти и сродни занимања ги надгледуваат и ги контролираат техничките и уметничките аспекти на драмите, филмовите, телевизиските или радиопродукциите.

Задачите вклучуваат:

- избор на писатели, проучување на сценарија за да се одреди уметничката интерпретација и обучување на актерите на актерски методи;
- режирање на сите аспекти на драмската продукција на сцена, телевизија, радио или филм, вклучувајќи го и изборот на актерите и конечните одлуки за костимите, дизјанот, звукот или светлосните ефекти;

- планирање, организирање и контрола на различните фази, етапи и распореди вклучени во продукцијата на презентации, филмови, телевизиски шоуа и радио програми;
- ангажирање и надгледување на целиот технички персонал и одредување на процесот, обемот и распоредот на продукцијата;
- одржување на продукциски архиви и преговарање за авторски права;
- создавање, планирање и пишување на сценарија за снимање, правење видеозаписи и уредување на програми;
- надгледување на поставувањето на сцената, реквизитите, осветлувањето и звукот;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2654.01 Филмски режисер
2654.02 Сценски режисер
2654.03 Продуцент
2654.04 Видео монтажер
2654.05 Аудио инженер
2654.06 Звучен дизајнер
2654.07 Филмски рецензент
2654.08 Видео инженер
2654.09 Видео дизајнер
2654.10 Филмски аниматор

## 2655. Актери

Актерите глумат во филмови, драми, телевизиски и радиопродукции и други изведби.

Задачите вклучуваат:

- учење проза и стихови и играње улоги во драмски продукции на сцена, реклами, телевизија, радио или филм;
- присвојување на карактерите создадени од писателот или авторот на драмата и нивно претставување пред публиката;
- раскажување приказни или читање литературни дела на глас за да се подучат или забават слушателите;
- присуство на аудиции и кастинзи за одредени улоги;
- подготвување на изведбите преку проби под инструкции и насоки на режисерот;
- проучување на сценаријата и вршење истражување за подобро разбирање на деловите, темите и карактеристиките;
- глумење и играње улоги, претходно извежбани, во филмови, на телевизија, радио и на сцена.
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

2655.01 Актер
2655.02 Статист
2655.03 Раскажувач
2655.04 Артист
2655.05 Каскадер

## 2656. Спикер на радио, телевизија и други медиуми

Спикерите на радио, телевизија и други медиуми читаат најнови ударни вести, водат интервјуа и емисии на радио, телевизија, во театри и на други медиуми или места.

Задачите вклучуваат:

- читање најнови ударни вести и други известувања на радио или телевизија;

- најавување на уметници за изведба или на лица што треба да се интервјуираат и слични изјави на радио, телевизија или во театри, ноќни клубови и на други места;
- интервјуирање на лица во јавноста, особено на радио и телевизија;
- проучување на основните податоци кои се потребни за подготовка на интервју или програма;
- коментирање на музички или други теми, како времето или сообраќајните услови;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2656.01 Водител на програма
2656.02 Водител на програма во диско клуб
2656.03 Водител на радиопрограма
2656.04 Водител на телевизиска емисија
2656.05 Спикер
2656.06 Диск џокеј
2656.07 Најавувач на програма
2656.08 Водител на приредба
2656.09 Суфлер

## 2659. Уметници кои создаваат или изведуваат, некласифицирани на друго место

Во оваа единечна група спаѓаат занимањата на уметници кои создаваат или изведуваат, а кои не се класифицирани во споредната група 265. Уметници кои создаваат или изведуваат.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
2659.01 Кловн
2659.02 Магионичар
2659.03 Жонглер
2659.04 Комичар
2659.05 Дресер на животни
2659.06 Имитатор
2659.07 Акробат
2659.08 Хуморист
2659.09 Илузионист
2659.10 Хипнотизер
2659.11 Пантомимичар
2659.12 Енигматичар

**ГЛАВНА ГРУПА 3.**
**ТЕХНИЧАРИ И СРОДНИ ЗАНИМАЊА**

Техничарите и сродните занимања вршат претежно технички и сродни задачи поврзани со истражување и примена на научни и уметнички концепти и работни методи на владините и деловните регулативи. Занимањата од оваа главна група главно се од четврти, петти и шести степен стручно образование.

Задачите што ги вршат работниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: техничка работа поврзана со истражување и примена на концепти и работни методи на полето на природните, техничките, биотехничките, општествените и хуманистичките науки, како и области од медицината и здравството, различни технички услуги во бизнисот и трговијата, финансиите, државната управа, администрацијата, социјалната работа, работи на уметнички и спортски приредби и друго. Задачите можат да вклучат и надзор на други соработници.

Техничарите и сродните стручњаци можат да добијат упатства за работа од раководителите и членовите на законодавни и државно-управни органи, директори, како и од научници и сродни стручњаци.

Треба да се забележи дека во зависност од специфичните задачи и од степенот на одговорност во нивното извршување, како и од националните образовни и стручни барања, можеби е соодветно некои од занимањата наведени тука да се класифицираат во главната група 2. Стручњаци и научници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**31. Помошни стручњаци за наука и инженеринг**

**32. Техничари и асистенти во здравството**

**33. Бизнис и административни стручни соработници**

**34. Правни, општествени и културни стручни соработници**

**35. Техничари за информатичка и комуникациска технологија**

**ПОДГРУПА 31.**

**Помошни стручњаци за наука и инженеринг**

Помошните стручњаци за наука и инженеринг вршат технички задачи поврзани со истражување и примена на концепти, принципи и работни методи во подрачјето на природните, техничките науки, информатиката и градежништвото. Управуваат со техничка опрема, со авиони и бродови; во железнички, патен и поштенски сообраќај; испитување и примена на сигурносни норми и постапки поврзани со градба, опрема, процеси и производи, телекомуникации и друго.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: технички задачи во областа на хемијата, физиката, геологијата, метеорологијата и астрономијата, градежништвото, економската ефикасност на производниот процес. Работниците од оваа подгрупа можат да добијат инструкции од директори, научници и сродни стручњаци. Задачите можат да вклучат и надзор на други соработници

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**311. Помошни стручњаци за физика и инженеринг**

**312. Надгледувачи во рударската, преработувачката и градежната индустрија**

**313. Техничари за контрола на процесот**

**314. Техничари за природни науки и слично**

**315. Контролори и техничари на бродови и авиони**

**СПОРЕДНА ГРУПА 311.**

**Помошни стручњаци за физика и инженеринг**

Помошните стручњаци за физика, за инженеринг и сродните занимања вршат технички задачи поврзани со истражување во хемијата, физиката, геологијата, геофизиката, метеорологијата и астрономијата, како и со развој на индустриска, медицинска, воена и друга практична примена на истражувачките резултати од областа на техничките науки.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: технички задачи во областа на хемијата, физиката, геодезијата, градежништвото, рударството, економската ефикасност на производниот процес во прехранбената индустрија и друго. Задачите можат да вклучат и надзор на други соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3111. Техничари за хемија, физика и сродни занимања**

**3112. Техничари за геодезија, градежништво и сродни занимања**

**3113. Техничари за електротехника**

**3114. Техничари за електроника**

**3115. Техничари за машинство и сродни занимања**

**3116. Техничари за хемиско - технолошки, прехранбени и биотехнолошки занимања**

**3117. Техничари за рударство и металургија**

**3118. Технички цртачи**

**3119. Техничари за физика и инженеринг кои не се класифицирани на друго место**

## 3111. Техничари за хемија, физика и сродни занимања

Техничарите за физика, хемија и сродни занимања вршат технички задачи поврзани со истражување во хемијата, физиката, геологијата, геофизиката, метеорологијата и астрономијата, како и со развој на индустриска, медицинска, воена и друга практична примена на истражувачките резултати.

Задачите вклучуваат:

- собирање примероци и подготвување материјали и опрема за експерименти, тестови и анализи;
- помош при планирање и спроведување на експерименти, тестови и анализи; организирање и изведување, испитување на квалитетот;
- подготвување на детални процени на количествата и цената на материјалите и трудот потребен за проектите, според дадените спецификации;
- примена на техничко знаење за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- организирање на одржување и поправка на истражувачка опрема;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3111.01 | Галванотехничари |
| 3111.02 | Техничар за електрохемија |
| 3111.03 | Техничар за неорганска хемија |
| 3111.04 | Техничар за органска хемија |
| 3111.05 | Техничар за физичка хемија |
| 3111.06 | Техничар - технолог |
| 3111.07 | Техничар - хемиски аналитичар |
| 3111.08 | Техничар - хемичар |
| 3111.09 | Хемиски техничар за експлозивни материјали |
| 3111.10 | Хемиски техничар - истражувач |
| 3111.11 | Хемиски техничар - контролор |
| 3111.12 | Хемиски техничар - лаборант |
| 3111.13 | Хемиски техничар - оператор |
| 3111.14 | Хемиски техничар - технолог за термичка обработка |
| 3111.15 | Техничар за биофизика |
| 3111.16 | Техничар за електронска оптика |
| 3111.17 | Техничар за механика на цврсти тела |
| 3111.18 | Техничар - астроном |
| 3111.19 | Техничар - спектограф |
| 3111.20 | Техничар - физичар |
| 3111.21 | Техничар - агрометеоролог |
| 3111.22 | Техничар - аеролог |
| 3111.23 | Техничар - геофизичар |
| 3111.24 | Техничар - климатолог |
| 3111.25 | Техничар - метеоролог |
| 3111.26 | Техничар - океанограф |
| 3111.27 | Техничар - сеизмолог |
| 3111.28 | Техничар - синоптичар |
| 3111.29 | Техничар - хидролог |
| 3111.30 | Техничар - хидрометеоролог |
| 3111.31 | Хидрограф |
| 3111.32 | Техничар - геолог |

## 3112. Техничари за геодезија, градежништво и сродни занимања

Техничарите за геодезија, градежништво и сродни занимања ја водат градбата, односно одделни задачи, како и проектираат и вршат стручен надзор, разработуваат проекти и вршат други технички задачи поврзани со наведеното, водат погони на градилишта или во производството на готови градежни производи (бетонски градежни елементи, материјал за градење на патишта, бетон), водат или вршат други технички задачи при одржување и истражување во градежништвото. Геодетските инженери и техничари вршат технички работи поврзани со истражувања во геодезијата: проектирање, снимање, катастарска евиденција и друго.

Задачите вклучуваат:

- техничка помош при научни и други истражувања;

- учествување на теренски или лабораториски испитувања на градежни материјали, производи и конструкции;
- водење на градилишта или одделни работи во градилишта, спроведување на одржување на градбите;
- водење на документација на градилишта (градежни книги, градежен дневник, термински планови, документација за испитување и слично);
- прикажување на состојбата на градилиштата на архитектите и градежните инженери за да се утврди дали тоа ги задоволува спецификациите на проектот и за да се одржи саканиот стандард на материјалот и работата;
- применување на техничко знаење при изградба на зграда и решавање на настанатите проблеми;
- анализа на цените, калкулациите, пресметка на основиците за плаќање на работникот, проверка на извршените задачи, проектирање и изработка на проекти;
- изработка на делови за просторен план;
- поддршка на инженерите во изработката на картографски и топографски планови и карти, мерење и пренос на проектите на терен, одржување на геодетските и катастарските технички документации;
- технички работи во производството на готови градежни производи (бетонски градежни елементи, материјал за градење на патишта и слични материјали);
- собирање и распределување на примероци од градежни конструкции или материјали на испитување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3112.01 Архитектонски техничар
3112.02 Виш градежен техничар
3112.03 Градежен техничар
3112.04 Градежен техничар за високоградба
3112.05 Градежен техничар за нискоградба
3112.06 Градежен техничар за хидроградба
3112.07 Градежен техничар калкулант
3112.08 Градежен техничар проектант
3112.09 Градежно-архитектонски техничар
3112.10 Надзорен техничар за канали и мостови
3112.11 Надзорник на градежни работи
3112.12 Картограф
3112.13 Геодетски техничар
3112.14 Геодетски техничар - реститутор
3112.15 Геодетски техничар - фотограметар
3112.16 Геодетски техничар за елаборати
3112.17 Геодетски техничар за катастар
3112.18 Геодетски техничар за катастар на водовод
3112.19 Геодетски техничар за хидрографија
3112.20 Геодетски техничар за евиденција на просторни единици
3112.21 Геодетски техничар за евиденција на државната сопственост
3112.22 Техничар за пејзажна архитектура
3112.23 Геометар

## 3113. Техничари за електротехника

Техничарите за електротехника вршат технички задачи поврзани со истражување во електротехниката, за проектирање, конструирање, производство, составување, функционирање, одржување и поправки на електрични уреди, апарати и други производи како и дистрибутивни системи.

Задачите вклучуваат:

- давање техничка помош при истражување и развој на електрични уреди, апарати и други производи, како и испитување на прототипови;
- изработка на проектна и конструкциска документација на електротехнички производи, склопови и постројки според добиените технички податоци;
- подготвување на детални процени на материјалите и работната сила потребни за производство и инсталација според дадените спецификации;
- обезбедување технички надзор на производството, инсталацијата, користењето, одржувањето и поправката на електричната опрема и системи за да се обезбеди задоволувачко функционирање и усогласенот со дадените спецификации и регулативи;
- примена на техничкото знаење за електротехничките начела за да се откријат и спречат проблемите кои произлегуваат во текот на нивната работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3113.01 Електротехничар
3113.02 Електротехничар за производство на електрична енергија
3113.03 Електротехничар за пренос на електрична енергија
3113.04 Електротехничар за дистрибуција на електрична енергија
3113.05 Електроенергетски техничар
3113.06 Електротехничар за електромотори
3113.07 Техничар конструктор на електрични производи
3113.08 Електромашински техничар
3113.09 Техничар за производство на електротехнички производи
3113.10 Техничар за одржување на електротехнички производи
3113.11 Електротехничар на производи за домаќинство
3113.12 Електротехничар за мерни инструменти и склопки
3113.13 Електротехничар за опрема на производните машини
3113.14 Електротехничар за електрични машини, апарати и уреди
3113.15 Електротехничар за железница
3113.16 Електротехничар за пловни објекти
3113.17 Електротехничар за дигалки и транспортни средства
3113.18 Електротехничар за инсталација и опрема
3113.19 Технички контролор за патнички возила
3113.20 Раководител на станица за технички преглед на возила
3113.21 Испитувач на квалитетот на услугите

## 3114. Техничари за електроника

Техничарите за електроника вршат технички задачи поврзани со истражување и развој во електрониката и автоматиката, како и задачи поврзани со проектирање, дизајн, производство, склопување, функционирање, одржување и поправка на електронски уреди и системи, како и опрема за управување на технички системи.

Задачите вклучуваат:

- техничка помош во истражувањето и развојот на електронска, мерно-управувачка опрема и системи или тестирање на прототипови;
- проектирање и подготовка на електронски шеми и други документации според дадените спецификации;
- подготвување на детални процени на квалитетот и цените на материјалите и работната сила потребна за производство и инсталирање на електронска опрема според дадените спецификации;
- технички и технолошки надзор на производството, користењето, одржувањето и поправката на електронската опрема и мерно-управувачките системи, за да се обезбеди задоволително функционирање и согласност со спецификациите и регулативите;

- примена на техничкото знаење за електрониката и автоматиката за да се откријат и спречат проблемите кои произлегуваат во текот на нивната работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3114.01 Техничар за електронски производи
3114.02 Техничар конструктор за електронски производи
3114.03 Техничар за енергетско - електронски производи
3114.04 Техничар конструктор за енергетско - електронски производи
3114.05 Техничар за медицински електронски производи
3114.06 Техничар електроничар за компјутери
3114.07 Техничар електроничар за сигнално - заштитни уреди
3114.08 Техничар електроничар за мерни уреди
3114.09 Техничар за процесна автоматика
3114.10 Техничар електроничар

## 3115. Техничари за машинство и сродни занимања

Техничарите за машинство и сродните занимања конструираат склопови за машини, машински постројки, машинска опрема, пловна и бродска опрема. Самостојно конструираат едноставни машински производи. Разработуваат технолошки постапки за производство на машински производи и пловила или учествуваат во подготовката и спроведувањето на мерки за нивна рационална употреба и одржување. Исто така, вршат и контрола на одделни фази на производството, од влезот на материјалот до готовите производи.

Задачите вклучуваат:

- технички задачи поврзани со истражување и развој на машинските производи и постројки, истражување во бродоградбата, истражување во процесот на производство, во преработката на метали или со тестирање на прототиповите;
- конструирање на едноставни машински производи или склопови и делови на сложени машински производи и бродови според разработени проекти и добиени спецификации;
- конструирање на специјални алати и направи за производство на одделни делови на машински производи и бродови;
- технички надзор на производството, употребата, одржувањето и поправката на машинските производи и делови поради усогласеност со општи и посебни норми и прописи;
- технички надзор на производството на бродови, нивно уредување и делови, поради усогласеност со општи и посебни норми и прописи;
- координирање и надзор на работата на работниците на одржување на бродови;
- контролирање на одделни фази на производството, од влезот на материјалот до готовите производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3115.01 Техничар конструктор на патнички возила
3115.02 Техничар конструктор на шински возила
3115.03 Техничар конструктор на алатни машини
3115.04 Техничар конструктор на текстилни машини
3115.05 Техничар конструктор на земјоделски машини
3115.06 Техничар конструктор на машини за шиење
3115.07 Техничар конструктор на машини за градежништво и индустриски транспорт
3115.08 Техничар конструктор на дигалки
3115.09 Техничар конструктор на турбини
3115.10 Техничар конструктор на пумпи и компресори

3115.11 Техничар конструктор на производи за прецизна механика
3115.12 Техничар конструктор на уреди за заварување
3115.13 Техничар конструктор на класично вооружување
3115.14 Техничар конструктор на процесна опрема
3115.15 Техничар конструктор на разладни уреди
3115.16 Техничар конструктор на садови под притисок
3115.17 Техничар конструктор на водоводни цевки и арматури
3115.18 Техничар конструктор на гасна мрежа
3115.19 Техничар конструктор на апарати за домаќинство
3115.20 Техничар машински конструктор
3115.21 Техничар конструктор на машински делови
3115.22 Техничар конструктор на лимени делови
3115.23 Техничар конструктор на делови од метална конструкција
3115.24 Техничар конструктор на делови за производи од прецизна механика
3115.25 Техничар конструктор на калапи
3115.26 Техничар конструктор за делови на шински возила
3115.27 Техничар конструктор на водоводни цевки
3115.28 Техничар конструктор на бродски машини
3115.29 Техничар конструктор на делови за пловни средства
3115.30 Техничар-заварувач
3115.31 Машински техничар за преработка на пластични маси
3115.32 Машински техничар за монтажни работи
3115.33 Машински техничар за одржување на процесна опрема
3115.34 Машински техничар за одржување на земјоделска механизација
3115.35 Машински техничар за одржување на патнички возила
3115.36 Машински техничар за одржување на шински возила
3115.37 Машински техничар за одржување на производна опрема
3115.38 Машински техничар за одржување на енергетски постројки
3115.39 Машински техничар за одржување на металуршка опрема
3115.40 Машински техничар за одржување на градежни машини
3115.41 Воздухопловен машински техничар за одржување
3115.42 Машински техничар за одржување на плинска мрежа
3115.43 Машински техничар за одржување на бродска опрема
3115.44 Машински техничар за одржување на водоводна мрежа
3115.45 Машински техничар за одржување на опрема
3115.46 Машински техничар
3115.47 Машински техничар-автоматичар и информатичар
3115.48 Оператор за машинско одржување
3115.49 Раководител на монтажа

## 3116. Техничари за хемиско - технолошки, прехранбени и биотехнолошки занимања

Техничарите за хемиско-технолошки, прехранбени и биотехнолошки занимања вршат задачи во истражувањето во областа на хемиското инженерство, планираат, организираат и водат комерцијални хемиски, фармацевтски, биохемиски и прехранбено- технолошки процеси и производство на разни производи во преработката на сурова нафта, производството на нафтени деривати, храна, пијалаци, лекови, полимери, земјоделски хемикалии, козметички производи, средства за перење и чистење; вршат технички задачи во развојот и унапредувањето на производите и технологијата; организираат и изведуваат задачи на надзор на квалитетот и се занимаваат со примена на производите.

Задачите вклучуваат:

- подготовка, водење и надзор на производството;
- технички работи во подготовката на активностите за развој и унапредување на производите и технологијата;
- испитување на квалитетот;

- примена на технички знаења и искуства за утврдување и решавање на оперативни проблеми;
- организирање и надзор на одржувањето, поправките и чистењето на погонски и лабораториски опреми;
- техничка помош во примената на одделни материјали и производи;
- изработка на извештаи и оперативна и техничка документација;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3116.01 Петрохемиски техничар
3116.02 Техничар за органска синтеза
3116.03 Техничар за преработка на полимери
3116.04 Техничар за бои и лакови
3116.05 Техничар за гума
3116.06 Техничар за фармацевтски производи
3116.07 Техничар за козметички производи
3116.08 Техничар за средства за перење
3116.09 Техничар за агрохемикалии
3116.10 Техничар за заштита од корозија
3116.11 Техничар за обработка на вода
3116.12 Техничар за целулоза
3116.13 Хемиски техничар за електротехнички материјали
3116.14 Техничар за фотографски производи
3116.15 Техничар технолог за хартија
3116.16 Техничар за воено-хемиски производи
3116.17 Хемиско-технолошки техничар
3116.18 Техничар за преработка на месо и риба
3116.19 Млекарски техничар
3116.20 Техничар за преработка на овошје, зеленчук и сокови
3116.21 Техничар за производство на растителни масла
3116.22 Техничар за преработка на брашно
3116.23 Техничар за производство на добиточна храна
3116.24 Техничар за кондиторски производи
3116.25 Техничар за производство на шеќер
3116.26 Техничар за производство на скроб
3116.27 Техничар за диетални производи
3116.28 Техничар за преработка на кафе и чаеви
3116.29 Техничар за производство на вода и газирани пијалаци
3116.30 Техничар за производство на пиво
3116.31 Техничар за производство на вино
3116.32 Техничар за производство на јаки алкохолни пијалаци
3116.33 Техничар за производство на ензими
3116.34 Техничар за преработка на тутун
3116.35 Техничар во прехранбената индустрија
3116.36 Испитувач на квалитетот на производите
3116.37 Испитувач на квалитетот на индустриските процеси
3116.38 Биотехничар - преработка на анимални производи
3116.39 Техничар за дрвопреработка и обработка на дрво
3116.40 Контролор за квалитет на производство
3116.41 Контролор на квалитет
3116.42 Инспектор за контрола на квалитет

## 3117. Техничари за рударство и металургија

Техничарите за рударство, металургија и сродни занимања вршат широк спектар на технолошки задачи во одделни рударски инженерски специјални области, пред сé како поддршка на инженерските

истражувања, развојот и проектирањето, како и ограничен број на технички задачи поврзани со инсталирање, одржување, мерење и контрола на квалитетот, како и производно планирање. Металуршките инженери и техничари вршат широк спектар на технолошки задачи во металуршката област, ограничен број на технички задачи при инсталација, функционирање, одржување, мерење и контрола на квалитетот при издвојување на металот од рудата и прочистување на металот.

Задачите вклучуваат:

- техничка помош во истражувањето и развивањето на нови методи или подобрување на методите и постапките поврзани со инженерските аспекти на рударската работа во рудниците или на површинските наоѓалишта, како и помош на нафтени полиња, природен гас, вода и други цели, на копно и под вода; давање техничка помош при проектирање, конструирање, функционирање, одржување и поправка на уреди за издвојување на метали од руда и пречистување на метали;
- техничка помош при планирање и проектирање на рудници за површински коп, нивните системи, постројки, уреди и опрема за облагородување, складирање и испраќање на добиените минерални суровини; техничка помош во проектирање и подготовка на нацрти за преработка на минерали и метали;
- техничка помош при планирање и проектирање на места за дупчење, нивно опремување, испитување и одржување, како и системи за вештачко извлекување на флуиди од места каде што се дупчи, нивно собирање, облагородување и испраќање, складирање во геолошките структури и транспорт до постројките за преработка; подготовка за прецизна процена на количините и трошоците за материјали и работи потребни за постројките за преработка и прочистување на минералите според добиените спецификации;
- техничка помош при планирање и проектирање за разработување на откриените лежишта на минерални суровини, како и управување со нивното искористување; технички надзор на изградбата, поставувањето, функционирањето, одржувањето и поправката на уредите и постројките за преработка на минералите, за да се обезбеди задоволувачка изработка и усогласеност со спецификациите и прописите;
- ги заменуваат дипломираните инженери на местата каде што се изведуваат задачи или испитувања, заради обезбедување на усогласеност на изведувањето со проектната спецификација и постоечките норми поврзани со производството или контролата на квалитетот, како и примена на рударска и друга техничка сигурност; примена на техничкото знаење за металуршките начела и пракса со цел да се препознаат и решат проблемите до кои доаѓа при работата;
- постапки во посебно сложени ситуации кои редовно или повремено се појавуваат при рударски работи и мерења, како и санирање на настанатите хаварии;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3117.01 Рударски техничар за површинска експлоатација
3117.02 Рударски техничар за подземна експлоатација
3117.03 Техничар за производство на сол
3117.04 Техничар за експлоатација на камен
3117.05 Рударски техничар за подготовка на производството
3117.06 Рударски техничар
3117.07 Нафтено-рударски техничар за подготвителни работи
3117.08 Нафтено-рударски техничар за јами
3117.09 Нафтено-рударски техничар за санациско работење во јамите
3117.10 Нафтено-рударски техничар за хидродинамички мерења
3117.11 Техничар за разработка на нафтени и плински лежишта
3117.12 Техничар за изградба на собирни системи за нафта и плин
3117.13 Техничар за производство на нафта и плин
3117.14 Техничар во производство на црна металургија
3117.15 Металуршки техничар за преработка и термичка обработка
3117.16 Техничар за производство на обоени метали
3117.17 Техничар за сорпција
3117.18 Техничар за екстракција

3117.19 Техничар за електролиза
3117.20 Одговорен подготвувач на проби

## 3118. Технички цртачи

Техничките цртачи изработуваат технички илустрации од скици, од податоци од мерења или од податоци добиени на друг начин, како и копираат слики на печатарски плочи.

Задачите вклучуваат:

- ракување со компјутерска опрема за добивање видливи копии или дигитални слики на одделни технички илустрации;
- подготовка на илустрации за прирачници и технички упатства за составување, инсталирање, примена, одржување и поправка на машини и останата опрема и производи;
- копирање на цртежи и слики на плочи за печат;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3118.01 Архитектонски цртач
3118.02 Геодетски цртач
3118.03 Градежен цртач
3118.04 Графички цртач
3118.05 Електроцртач
3118.06 Технички илустратор
3118.07 Машински цртач
3118.08 Картографски цртач
3118.09 Технички цртач

## 3119. Техничари за физика и инженеринг кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група ги опфаќа сите занимања на техничари на техника и технологија кои не се класифицирани под друга точка во споредната група 311. Помошни стручњаци за физика и инженеринг.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3119.01 Технички калкулант
3119.02 Технички соработник за заштита на околината
3119.03 Техничар за градежни материјали
3119.04 Техничар за обработка на камен
3119.05 Техничар за керамика
3119.06 Техничар за емајл и глазура
3119.07 Техничар за битуменско - катрански производи
3119.08 Техничар за стакларство
3119.09 Техничар за предење
3119.10 Техничар за ткаење
3119.11 Техничар за плетење
3119.12 Текстилно - хемиски техничар
3119.13 Текстилен техничар
3119.14 Техничар за облека
3119.15 Техничар за кожарство
3119.16 Техничар за обувки
3119.17 Техничар за кожна галантерија
3119.18 Тапетарски техничар
3119.19 Графички техничар
3119.20 Техничар - графички уредник
3119.21 Техничар за геодезија
3119.22 Сообраќаен техничар
3119.23 Сообраќајно-транспортен техничар

**СПОРЕДНА ГРУПА 312.**
**Надгледувачи во рударската, преработувачката и градежната индустрија**

Надгледувачите во рударската, преработувачката и градежната индустрија надгледуваат, координираат, контролираат и планираат работни активности во рударската, преработувачката и градежната индустрија.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: надгледување и координирање на работните активности, вршење на техничка контрола, ракување со машини, планираат и организираат секојдневни задачи, ги проценуваат трошоците, подготвуваат извештаи, вршат обезбедување на работници и се грижат за нивната безбедност, даваат инструкции и обучуваат нови работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3121. Надгледувачи во рударството**
**3122. Надгледувачи во преработувачката индустрија**
**3123. Надгледувачи во градежната индустрија**

## 3121. Надгледувачи во рударството

Надгледувачите во рударството го надгледуваат ископувањето и вадењето на руда од подземјето до површината на рудниците.

Задачите вклучуваат:

- директен надзор и координирање на активностите на работниците кои вадат минерали и други природни наслаги од земјата и го раководат превозот на ископот со тешка опрема на површината на рудникот;
- поставување на методи и шеми на работа, препорачување мерки за менаџирање во рударството за поефикасно производство;
- управуваат со вработените, техничкиот персонал и други одделенија и ги отстрануваат проблемите преку усогласено координирање на активностите;
- обезбедуваат извештаи за ископувањето и други информации за менаџирање во рударството;
- го утврдуваат распоредот на лицата за работа и потребниот материјал за ископување од рудникот
- вршење на сродни задачи;
- надзор на вработените.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3121.01 | Рудар, специјализиран |
| 3121.02 | Ракувач со рударски постројки |
| 3121.03 | Надгледувач во рудник |

## 3122. Надгледувачи во преработувачката индустрија

Надгледувачите во преработувачката индустрија ги координираат и надгледуваат активностите во техничките процеси, ракувачите на машини, монтирачите на делови и другите индустриски работни активности.

Задачите вклучуваат:

- координирање и надгледување на активностите од контролните технички процеси, ракувачите на машини и другите индустриски работни активности;
- планирање и организирање на дневни работи со надгледување на машинските постројки, персоналот и работната околина;
- процена на висината на трошоците и подготвување на работни извештаи;
- пронаоѓање на компетентен персонал и компоненти за работа;
- обезбедување на безбедност на работниците;
- давање на инструкции и обучување на новите работници;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на вработените.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3122.01 Надгледувач на индустриско производство
3122.02 Контролор на метални производи
3122.03 Контролор на електрични производи
3122.04 Контролор на гумени производи
3122.05 Контролор на дрвени производи
3122.06 Контролор на пластични производи
3122.07 Работоводител на стакларски, керамички и слични процесни машини и уреди
3122.08 Работоводител на ракувачи со машини за изработка на дрвени производи
3122.09 Работоводител на ракувачи со алатни машини

## 3123. Надгледувачи во градежната индустрија

Надгледувачите во градежната индустрија ги координираат, надгледуваат, контролираат и планираат активностите на вработените во процесот на изградба и поправка на градежни работи од ниска и висока градба.

Задачите вклучуваат:

- одредување на термини и услови за изградба;
- планирање на процедурите;
- организирање и координирање на материјалните и човечките ресурси;
- преглед и инспекција на напредокот на работата;
- надгледување на опремата на градилиштето и обезбедување соодветни и безбедни услови за работа;
- надзор на градилиштето, координирање и усогласување на работата со други градежни проекти;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на вработените.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3123.01 Работоводител на пружни работи
3123.02 Надзорник за високоградба
3123.03 Надзорник за нискоградба
3123.04 Надзорник во градежништвото
3123.05 Технички работоводител

**СПОРЕДНА ГРУПА 313.**

### Техничари за контрола на процесот

Техничарите за контрола на процесот ракуваат и контролираат постројки за производство на електрична енергија, опрема за добивање на вода, метални производи, хемиски производи, нафтени деривати и природен гас, како и ракуваат и одржуваат парни машини и парни котли.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: контрола и ракување со постројки и опрема за производство на електрична енергија, ракување со парни машини и котли, постројки за преработка на вода и пумпни станици, постројки од металната индустрија, хемиската и петрохемиската индустрија и други стационарни постројки и опрема. Можно е да биде вклучен и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3131. Ракувачи со постројки за производство на енергија**
**3132. Ракувачи со постројки за согорување и третман со вода**
**3133. Ракувачи со постројки за контрола на хемиски процес**
**3134. Ракувачи со постројки за рафинирање на нафта и природен гас**
**3135. Контролори на процесот на металното производство**
**3139. Техничари за контрола на процесот кои не се класифицирани на друго место**

## 3131. Ракувачи со постројки за производство на енергија

Ракувачите со постројки за производство на енергија ракуваат со постројки и опрема за производство на сите видови енергија и го контролираат производството и дистрибуцијата на енергијата.

Задачите вклучуваат:

- ракување со постројки за производство на пареа со помош на јаглен, нафта или природен гас;
- ракување со постројки за производство на пареа со помош на нуклеарно гориво и нивно надгледување;
- ракување со постројки за производство на електрична енергија во термоелектрани и хидроелектрани и нивно надгледување;
- ракување со постројки за производство на електрична енергија со неконвенционални постапки (како, на пример, соларна енергија, геотермална енергија или енергија од ветер) и нивно надгледување;
- контрола на производството и дистрибуцијата на електрична енергија во мрежата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3131.01 Ракувач со парни турбини
3131.02 Ракувач со парни турбини, специјализиран
3131.03 Ракувач со плински турбини
3131.04 Ракувач со плински турбини, специјализиран
3131.05 Ракувач со водни турбини
3131.06 Ракувач со водни турбини, специјализиран
3131.07 Ракувач со мотор со внатрешно согорување
3131.08 Ракувач со мотор со внатрешно согорување, специјализиран
3131.09 Ракувач со склопни постројки
3131.10 Ракувач со склопни постројки, специјализиран
3131.11 Ракувач со електроенергетски постројки, специјализиран
3131.12 Диспечер на транспортен гасен систем, специјализиран

## 3132. Ракувачи со постројки за согорување и третман со вода

Ракувачите со постројки за согорување и третман со вода ракуваат со печки за спалување на отпадоци, постројки за обработка на вода, компресорски станици (освен за нафта и гас), како и системи за греење, ладење, проветрување и климатизација и ја надгледуваат нивната работа.

Задачите вклучуваат:

- ракување со постројки за спалување на сите видови отпад и надгледување на нивната работа;
- ракување со постројки за пречистување и разбистрување на вода за пиење и индустриска употреба, за испуштање во природните водени текови и нивно надгледување;
- ракување со сите видови на компресори и надгледување на нивната работа;
- ракување со пумпни станици за пренесување на течности од едно место на друго и надгледување на нивната работа;
- ракување со системи за вентилација, климатизација и прочистување на димни гасови;
- ракување со системи за ладење и нивно надгледување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3132.01 Ложач на централно греење
3132.02 Ракувач со централно греење
3132.03 Ракувач со постројки за спалување на отпадоци
3132.04 Ракувач со постројки за подготовка на вода
3132.05 Ракувач со постројки за прочистување на вода
3132.06 Ракувач со пумпи
3132.07 Ракувач со пумпни станици, специјализиран (освен нафта и природен гас)
3132.08 Ракувач со компресор

3132.09 Ракувач со компресор во станица, специјализиран
3132.10 Ракувач со постројки за ладење
3132.11 Ракувач со постројки за ладење, специјализиран
3132.12 Ракувач со постројки за вентилација и климатизација
3132.13 Ракувач со филтер за прочистување на гасови
3132.14 Ракувач со крематориум

## 3133. Ракувачи со постројки за контрола на хемиски процес

Ракувачите со постројки за контрола на хемиски процес ракуваат со машини и опрема за варење, печење и други третирања со високи температури, сепарација и филтрирање на хемикалии, како и ракување со опрема за дестилирање на хемикалии (освен нафта) при хемиски и слични процеси.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини и опрема за варење на материјали со цел прочистување, мешање и нивно составување, давање на посебни својства или предизвикување на промени во нив;
- ракување со индустриски печки, печки за сушење и слични уреди што загреваат материи заради нивно сушење, да им се дадат посебни својства или да се влијае врз хемиските промени кај нив;
- ракување со машини и опрема низ кои течностите под притисок минуваат низ уредите за филтрирање;
- ракување со постројки за одвојување (сепарација) на супстанцијата со помош на центрифугална сила;
- ракување со сита за хемикалии;
- ракување со опрема за издвојување на хемикалии;
- ракување со опрема за дестилирање на хемикалии;
- ракување со реакторски уреди, реакторски постројки и слична опрема за дисконтинуирана и континуирана хемиска синтеза и други хемиски процеси;
- ракување со опрема за испарување, вакуум садови или слични средства за концентрирање на раствори и други суспензии;
- ракување со електронски или компјутерски контролни табли од главните контролни соби и оптимизирање на хемиските процеси;
- проверка на функционалноста на опремата, вршење на рутински погонски тестирања и организација;
- анализирање на произведените производи, изведување тестови, чување на податоци и евиденција во дневници;
- надгледување на работата на машините;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3133.01 Ракувач со уреди за калцинирање
3133.02 Ракувач со стерилизатор
3133.03 Ракувач со печка на цемент
3133.04 Ракувач со печка на вар
3133.05 Ракувач со печка на гипс
3133.06 Ракувач со уреди за производство на електроди
3133.07 Ракувач со уреди за битуменско-катрански производи
3133.08 Ракувач со асфалтна база
3133.09 Ракувач со сепаратор за хемикалии
3133.10 Ракувач со сито за хемикалии
3133.11 Ракувач со дехидратор за хемикалии
3133.12 Ракувач со екстрактор за хемикалии
3133.13 Ракувач со дестилатор
3133.14 Ракувач со испарувач
3133.15 Ракувач со уреди за фракциска дестилација на дрво
3133.16 Ракувач со уреди за сува дестилација на дрво
3133.17 Ракувач со постројки за хидрализација на вар

## 3134. Ракувачи со постројки за рафинирање на нафта и природен гас

Ракувачите со постројки за рафинирање на нафта и природен гас ракуваат со постројки за рафинирање, дестилирање, преработка и транспорт на нафта, нафтени деривати и природен гас.

Задачите вклучуваат:

- ракување со постројки за отстранување на сулфурот од нафтата;
- ракување со пумпи за циркулирање на нафтени производи или вода и хемиски раствори низ рафинерија;
- ракување со уреди за дестилирање и рафинирање на нафтени деривати;
- ракување со постројки за мешање на хемикалии и други адитиви во нафтените деривати;
- ракување со постројки за рафинирање или преработка на природен гас на друг начин;
- надгледување на работата на машините;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3134.01 Ракувач со постројки за транспорт на гас
3134.02 Ракувач со транспортен гасен систем, специјализиран
3134.03 Ракувач со цевоводни - транспортни уреди
3134.04 Ракувач со постројки за преработка на нафта
3134.05 Рафинериски полнач
3134.06 Ракувач со уреди за облагородување на гас
3134.07 Ракувач со постројки за облагородување на гас, специјализиран
3134.08 Ракувач со уреди за утовар на течен гас

## 3135. Контролори на процесот на металното производство

Контролорите на процесот на металното производство управуваат со високи печки за топење на руда и метал, конвертирање и рафинирање на метал, обработка на метали под високи температури, управуваат со постројките за менување на физичките својства на металните предмети по пат на загревање, ладење и хемиско дејство, леење и валање на метали во производството на цевки, жици и слични производи. Вклучена е и контрола врз машините, како и надзор на други работници.

Задачите вклучуваат:

- работа со и следење на работата на високите печки за топење на руди, за производство на црни и обоени метали;
- работа со и следење на печките за конвертирање или рафинирање на обоени метали;
- ракување со печки за топење на железо и обоени метали за леење;
- ракување со печки за загревање на железо пред ковање, машинско пресување, валање и друга обработка;
- ракување со постројки за обликување на врел или оладен челик во форми за понатамошна обработка или во финална обработка;
- ракување со постројки за редуцирање или обликување на вжештени или оладени обоени метали во специфични форми, како плочи, листови или фолии;
- истурање на истопен метал во калапи и ракување со машини за леење;
- ракување со печки за загревање и ладење на метални предмети со намалување на внатрешниот притисок, враќање на еластичноста и рафинирање на структурата на влакната;
- ракување со печки за калење (стврднување на челични предмети);
- ракување со опрема за интегрирање на цврста површина и отпорно еластично јадро во предмети од челик, преку нивно третирање со хемикалии, загревање, гасење или ладење;
- ракување со машини за влечење на жици;
- ракување со уреди за влечење на бесшавни метални цевки;
- ракување со преси за истиснување на метални шипки, прачки и бесшавни цевки;
- надгледување на работата на машините;

- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3135.01 Работоводител на ракувачи со процесни машини и уреди за добивање на метал
3135.02 Контролор на металуршки процеси и производи
3135.03 Работоводител на индустриски топилничари, леари и валавничари
3135.04 Индустриски леар
3135.05 Индустриски топилничар
3135.06 Индустриски валалничар
3135.07 Индустриски топилничар леар
3135.08 Индустриски работник на калење
3135.09 Индустриски вжарувач
3135.10 Индустриски жичар

## 3139. Техничари за контрола на процесот кои не се класифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа техничари кои не се класифицирани на друго место во споредната група 313. Техничари за контрола на процесот.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3139.01 Оператор на сценско осветлување
3139.02 Мајстор за осветлување
3139.03 Оператор на оптоелектронски уреди и системи
3139.04 Контролор на робот
3139.05 Техничар на робот

**СПОРЕДНА ГРУПА 314.**
**Техничари за природни науки и слично**

Техничарите во природните науки и слично вршат технички работи во лабораторија и на терен поврзани со истражувања и практична примена на сознанија, принципи и работни методи карактеристични за науките за живиот свет, како што се различните гранки на биологијата, ботаниката, зоологијата, бактериологијата и биохемијата, како и за земјоделството и шумарството.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: технички работи во лаборатории, во истражувања на терен или за примена на сознанија, принципи и работни методи, особено во медицината, ветерината, земјоделството, шумарството и фармацевтската индустрија.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**3141. Техничари за природни науки (без медицина)**
**3142. Земјоделски техничари**
**3143. Шумарски техничар**

## 3141. Техничари за природни науки (без медицина)

Техничарите во природните науки и сродните занимања вршат технички работи поврзани со истражувања од областа на биологијата, биотехниката и другите науки за живиот свет, како и за унапредување на практичната примена на резултатите од истражувањата во областа на индустријата, земјоделството, шумарството, биомедицината и ветерината и други карактеристични примени.

Задачите вклучуваат:
- подготвување на материјали и опрема за експерименти, тестови и анализи;
- собирање и подготвување на примероци од животинско и растително потекло, како и човечки клетки, ткива, делови од органи за експерименти, испитувања и анализи;
- конзерваторски работи во музејски збирки, архиви, библиотеки; изработка на препарати;

- помош при изведувањето експерименти, тестови и анализи од областа за која стручњаците се специјализирани;
- собирање податоци и процена на квалитетот и трошоците на материјалите и потребната работна сила;
- примена на научните достигнувања во решавањето на проблемите во работата;
- организирање на одржувањето и поправката на опремата за истражување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3141.01 | Техничар препаратор за животински свет и растенија |
| 3141.02 | Ботанички техничар |
| 3141.03 | Зоолошки техничар |
| 3141.04 | Бактериолошки техничар |
| 3141.05 | Еколошки техничар |
| 3141.06 | Биолошки техничар |

## 3142. Земјоделски техничари

Техничарите за земјоделство вршат технички работи поврзани со истражувања во полјоделството, сточарството, живинарството, овоштарството, лозарството и хортикултурата, како и унапредување на практичната примена на резултатите од истражувањата во земјоделството и споменатите гранки.

Задачите вклучуваат:

- подготвување на материјали и опрема за експерименти, тестови и анализи;
- собирање и подготвување на примероци од животински и растителни клетки, ткива, делови од животински органи за експерименти, испитувања и анализи;
- изведување на експерименти, испитувања и анализи од областа за која стручњаците се специјализирани;
- анализа на примероци заради квалитет, чистота и процена на семе;
- собирање податоци и процена на квалитетот и трошоците на материјалите и потребната работна сила;
- примена на научните достигнувања во решавањето на проблемите кои се јавуваат во работата;
- организирање на одржување и поправка на опремата за истражување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3142.01 | Земјоделски техничар |
| 3142.02 | Земјоделски техничар - градинар |
| 3142.03 | Земјоделски техничар за ерозија и мелиораци |
| 3142.04 | Земјоделски техничар, советник, асистент |
| 3142.05 | Овоштарски техничар |
| 3142.06 | Лозарски техничар |
| 3142.07 | Хортикултурен техничар |
| 3142.08 | Техничар за заштита на растенијата |
| 3142.09 | Сточарски техничар |
| 3142.10 | Техничар за живинарство |
| 3142.11 | Полјоделски техничар |
| 3142.12 | Техничар за фармерско производство |

## 3143. Шумарски техничар

Техничарите за шумарство вршат технички работи поврзани со истражувања во шумарството, ловот и риболовот, како и унапредување на практичната примена на резултатите од истражувањата во тие гранки, како и давање на техничка помош и совети за методите при решавање на соодветни проблеми.

Задачите вклучуваат:

- следење на достигнувањата на соодветни методи и техники во шумарството, ловот и риболовот;
- подготвување на материјали и опрема за експерименти, тестови и анализи;
- изведување на експерименти, испитувања и анализи од областа за која стручњаците се специјализирани;
- советување за начинот на подигање на квалитетот на производите, зголемување на приносот и за мерките за зголемена ефикасност на работите и за зачувување на природните добра и околината;
- анализа на примероци заради квалитет, чистота и процена на семе;
- советување за мерките кои треба да се преземат во случај на ерозија на почвата или напад од штетници;
- собирање податоци и процена на квалитетот и трошоците на материјалите и потребната работна сила;
- организирање демонстрации и држење настава и дистрибуирање на материјал за да се промовира прифаќањето на напредните пракси и техники;
- примена на знаења од научните принципи во праксата заради препознавање и решавање на проблемите во работата;
- организирање на одржување и поправка на опремата за работа и истражување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3143.01 Шумарски техничар
3143.02 Шумарски техничар за заштита на шуми
3143.03 Техничар за лов
3143.04 Техничар за риболов

**СПОРЕДНА ГРУПА 315.**

**Контролори и техничари на бродови и авиони**

Контролорите и техничарите на бродови и авиони управуваат бродови и авиони, организираат употреба на сообраќајните средства, водат оперативни задачи во поморскиот и воздушниот сообраќај.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: контрола на функционирањето на механичката, електричната и електронската опрема на бродови или авиони, команда и управување со бродови и авиони или насочување на движењата на бродови и авиони.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3151. Инженери на бродски машини**
**3152. Офицери на бродови и кормилари**
**3153. Пилоти на авиони и сродни занимања**
**3154. Контролори на воздушен сообраќај**
**3155. Техничари за безбедност на воздушниот сообраќај**

## 3151. Инженери на бродски машини

Инженерите на бродски машини ја контролираат и учествуваат во ракувањето и одржувањето на механичката, електричната и електронската опрема и машинерија на бродот или вршат сродни помошни работи на брегот.

Задачите вклучуваат:

- контрола и учество во ракувањето, одржувањето и поправката на механичката, електричната и електронската опрема и машинерија на бродот во поморската и речната (внатрешна) пловидба;
- нарачка на гориво и на други технички резерви и забележување на операциите;
- вршење на технички надзор на инсталацијата, одржувањето и поправката на бродските машини и опреми за да се обезбеди согласност со спецификациите и регулативите;

- примена на знаења за принципите и праксата поврзана со бродските машини и опреми за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3151.01 Бродски инженер
3151.02 Инженер на бродска електроника
3151.03 Бродомашинист

## 3152. Офицери на бродови и кормилари

Офицерите на бродови командуваат и управуваат со бродови и слични пловни објекти и вршат слични функции на брегот. Бродските кормилари ги водат бродовите и им помагаат на заповедниците во водењето на бродовите.

Задачите вклучуваат:

- командување и управување со брод или сличен пловен објект на море или по копнени водни патишта;
- контрола и учество во активностите на палубата и на контролниот мост;
- управување на пловни објекти во и надвор од пристаништата и низ канали, отворени и други води каде што се бара посебно знаење;
- застапување на бродарите на бродот и дејствување во согласност со јавните овластувања според одредбите од законот и други прописи;
- обезбедување на безбеден утовар и истовар на товар и почитување на безбедносните регулативи и процедури од страна на екипажот и патниците;
- технички надзор на одржувањето и поправката на бродот за да се обезбеди согласност со спецификациите и регулативите;
- примена на знаења за принципите и праксата поврзана со работата на бродот и управувањето за да се откријат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- нарачка на резерви за бродот и вработување на екипаж според потребите и водење дневник за работата;
- почитување на правилата за сигурност при пловидбата и заштита на морската околина;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3152.01 Управник на машина на бродот
3152.02 Прв офицер на машина
3152.03 Втор офицер на машина
3152.04 Трет офицер на машина
3152.05 Офицер на машина за внатрешна пловидба
3152.06 Управник на машина за внатрешна пловидба
3152.07 Заповедник на брод
3152.08 Прв офицер на палуба
3152.09 Втор офицер на палуба
3152.10 Трет офицер на палуба
3152.11 Командант на брод на внатрешна пловидба
3152.12 Офицер на палуба за внатрешна пловидба
3152.13 Офицер на пристаниште
3152.14 Инженер за поморска наутика
3152.15 Инженер за наутика за внатрешна пловидба
3152.16 Кормилар
3152.17 Наутичар
3152.18 Наутичар за внатрешна пловидба
3152.19 Рибарско-наутички техничар
3152.20 Заповедник на јахта

3152.21 Скипер
3152.22 Заповедник на платформа
3152.23 Заповедник на реморкер

## 3153. Пилоти на авиони и сродни занимања

Пилотите на авиони и сродните занимања ја контролираат работата на механичката, електричната и електронската опрема за да управуваат со авиони за превоз на патници, пошта и товар и вршат сродни задачи пред и за време на летот.

Задачите вклучуваат:

- управување со авиони во согласност со постоечките процедури за контрола и оперативните постапки;
- подготвување и предлагање на план за летање или прегледување на стандардниот план за летање;
- контрола на функционирањето на механичките, електричните и електронските уреди и обезбедување на точна работа на сите инструменти и контроли;
- примена на знаења од практиката и принципите на летање за да се откријат и спречат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- воспоставување на врска со контролната кула и службите за контрола на летање;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3153.01 Капетан на авион
3153.02 Воздухопловен навигатор
3153.03 Пилот на авион
3153.04 Пробен падобранец
3153.05 Копилот на авион
3153.06 Пилот на хеликоптер
3153.07 Пробен пилот
3153.08 Координатор на воздушен сообраќај
3153.09 Инструктор по летање

## 3154. Контролори на воздушен сообраќај

Контролорите на воздушниот сообраќај ги насочуваат движењата на авионите во воздух и на земја со употреба на радио, радарски или светлечки системи и даваат важни информации за управување на авионите.

Задачите вклучуваат:

- насочување и контролирање на авионите што се приближуваат или го напуштаат аеродромот и нивното движење;
- насочување и контролирање на авионите кои летаат во одреден воздушен сектор;
- преглед и одобрување на планови за летање;
- информирање на екипажот во авионите и работниот персонал за временските услови, работните услови, плановите за летање и воздушниот сообраќај;
- примена на знаења за праксата и принципите на воздушниот сообраќај за да се откријат и решат проблемите на текот на работата;
- иницирање и организирање на служби за потрага и за спасување во итни случаи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3154.01 Контролор за авионски утовар
3154.02 Контролор за авиосообраќај
3154.03 Контролор на летање на кула
3154.04 Контролор на испраќање на патници со авион
3154.05 Контролор на полетување и слетување
3154.06 Инспектор за контрола на летањето

## 3155. Техничари за безбедност на воздушниот сообраќај

Техничарите за безбедност на воздушниот сообраќај вршат технички задачи во врска со дизајнот, инсталацијата, работата, одржувањето и поправката на системите за контрола на воздушниот сообраќај и воздушната навигација.

Задачите вклучуваат:

- вршење на технички должности во врска со развојот на работата која се однесува на електронскаа и електромеханичката опрема или за воздушните навигациони системи и тестирање на прототипови;
- обезбедување техничка помош во дизајнот и организирањето на специфичниот тек на воздушната навигација и системот за следење на авиони;
- придонес во подготвувањето на процените за цената и техничките и стручните спецификации на опремата за контрола на воздушниот сообраќај и безбедност;
- помош во техничкиот надзор на конструкцијата, инсталацијата и работата на опремата за воздушна навигација на земја и нејзино одржување и поправка за да одговара на стандардите и препораките;
- примена на знаења за праксата и принципите на техничките начела за безбедност во воздушниот сообраќај за да се откријат и решат проблемите на текот на работата;
- модифицирање на постоечката воздушна навигациона опрема на земја за да се адаптира за новите процедури во контролата на воздушниот сообраќај;
- контрола и мерење на инструментите на воздушната навигациона опрема на земја за да се обезбеди максимална точност и безбедност на операциите на летање, полетување и приземјување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3155.01 Техничари за исправност на техничките средства на контролата на летање
3155.02 Техничар за метеоролошки уреди и воздухопловно-метеоролошки телекомуникации
3155.03 Техничар за уреди за авионска електроника
3155.04 Техничар за телекомуникации во воздушниот сообраќај

**ПОДГРУПА 32.**

### Техничари и асистенти во здравството

Техничарите во здравството вршат технички работи поврзани со истражувања и практична примена на сознанија, начела и методи во областа на медицината, ветеринарството, стоматологијата, фармацијата и сродните дисциплини.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: вршење на ограничен број советнички и дијагностички должности, вклучувајќи превентивна медицина и лекување, забарска и ветеринарна работа, совети за подобрување на хигиенски и санитарни услови, развој и примена на нутрициони методи и диети, совети за превенција и лекување на коскени и мускулни заболувања, помош при препишување и подготвување на лекови и други фармацевтски производи, лекување на говорни и други маани. Занимањата од оваа подгрупа може да добиваат упатства од стручњаци во здравството.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**321. Медицински и фармацевтски техничари**
**322. Медицински сестри и акушерки**
**323. Лица кои се занимаваат со традиционална медицина**
**324. Ветеринарни техничари и асистенти**
**325. Други професионални соработници во здравството**

**СПОРЕДНА ГРУПА 321.**

### Медицински и фармацевтски техничари

Медицинските и фармацевтските техничари вршат технички работи поврзани со истражувања и практична примена на сознанија, начела и методи во областа на медицината, здравството, стоматологијата, фармацијата и сродните дисциплини.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: вршење на ограничен број советнички и дијагностички должности, вклучувајќи превентивна медицина и лекување, ракување со медицинска опрема и нејзино одржување, стоматолошка работа, изработка на протези, различни видови на истражувања, совети за подобрување на хигиенски и санитарни услови, совети за превенција и лекување на коскени и мускулни заболувања, помош при препишување и подготвување на лекови и други фармацевтски производи, лекување на говорни и други маани. Занимањата од оваа споредна група може да добиваат упатства од стручњаци во медицината и фармацијата.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3211. Оператори со медицинска опрема**
**3212. Техничари за медицина и патолошка лабораторија**
**3213. Техничари и асистенти за фармација**
**3214. Техничари за медицинска и стоматолошка протетика и сродни занимања**

## 3211. Оператори со медицинска опрема

Операторите со медицинска опрема ракуваат со техничка опрема што се употребува за поставување дијагнози или за лекување болести и здравствени нарушувања.

Задачите вклучуваат:

- ракување со техничка опрема што се употребува за поставување дијагнози на болести и нарушувања на нервниот систем и органите или во радиографијата или анестезијата;
- примена на знаења за техничката опрема и некои принципи и пракси во медицината за да се најдат и решат проблемите кои произлегуваат во текот на работата;
- водење работни дневници;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3211.01 | Оператор на аудиометриска опрема |
| 3211.02 | Оператор на ЕКГ опрема |
| 3211.03 | Оператор на ЕЕГ опрема |
| 3211.04 | Оператор на опрема за медицинска радиологија |
| 3211.05 | Оператор на опрема за медицинска радиографија |
| 3211.06 | Оператор на медицинско-скенерска опрема |
| 3211.07 | Оператор на опрема за ултразвук |
| 3211.08 | Оператор на опрема за дијализа |
| 3211.09 | Оператор на опрема во очна дијагностика |
| 3211.10 | Оператор на медицинска опрема |
| 3211.11 | Рендген техничар |

## 3212. Техничари за медицина и патолошка лабораторија

Техничарите за медицина и патолошка лабораторија и сродните занимања вршат технички работи поврзани со истражувања од областа на медицината, биологија, биотехниката и другите науки за органскиот свет, како и за унапредување на практичната примена на резултатите од истражувањата во областа на индустријата, биомедицината и здравството и други карактеристични примени.

Задачите вклучуваат:

- подготвување на материјали и опрема за експерименти, тестови и анализи;
- собирање и подготвување на примероци од животинско и растително потекло, како и човечки клетки, ткива, делови од органи за експерименти, испитувања и анализи;
- конзерваторски работи и изработка на препарати;
- помош при изведувањето експерименти, тестови и анализи од областа за која стручњаците се специјализирани;
- собирање податоци и процена на квалитетите и трошоците на материјалите и потребната работна сила;
- примена на научните достигнувања во решавањето на проблемите во работата;

- организирање на одржувањето и поправката на опремата за истражување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3212.01 Патолошки техничар
3212.02 Фармаколошки техничар
3212.03 Биохемиски техничар
3212.04 Медицинско-лабораториски техничар
3212.05 Лаборантски дијагностичар
3212.06 Медицински лабораториски аналитичар

## 3213. Техничари и асистенти за фармација

Фармацевтските техничари учествуваат во работата на аналитичките лаборатории на аптеките и фармацевтските компании.

Задачите вклучуваат:
- изработка на магистрални препарати;
- учество во испитувањето на квалитетот на лековите;
- складирање на лекови и препарати, контролирање на рокот на траење;
- избор на амбалажа за препаратите кои се изработуваат во аптеката;
- водење на евиденција за работата на аналитичките лаборатории;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3213.01 Фармацевтски техничар
3213.02 Фармацевтско - козметички техничар
3213.03 Фармацевтски лаборант

## 3214. Техничари за медицинска и стоматолошка протетика и сродни занимања

Техничарите за медицинска и стоматолошка протетика изработуваат, поправаат и тестираат оптички, медицински, индустриски и други прецизни инструменти, опрема и протетички помагала под медицински и стоматолошки надзор и вршат протетички работи.

Задачите вклучуваат:
- изработка, поправка и подесување на медицински уреди;
- изработка, поправка и подесување на оптички инструменти;
- изработка и поправка на инструменти за мерење на температура, притисок, количина, густина и киселост на течности и плин, за мерење на топлина и влажност;
- изработка и поправка на хируршки инструменти;
- изработка и поправка на забарски апарати и инструменти и друга медицинска опрема;
- изработка и поправка на медицински и ортопедски помагала;
- изработка и поправка на целосни и делумни протези;
- изработка и поправка на фиксни и подвижни протези;
- учество во изработката на калапи;
- подготовка и водење грижа за стоматолошките инструменти и опрема;
- подготовка на стоматолошки материјал;
- помош во подготовката на пациентите за преглед и лекување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3214.01 Механичар за медицинска и лабораториска опрема

3214.02 Механичар за медицинска и лабораториска опрема, мајстор
3214.03 Изработувач на хируршки инструменти
3214.04 Изработувач на хируршки инструменти, специјализиран
3214.05 Изработувач на ортопедски помагала
3214.06 Изработувач на ортопедски помагала, мајстор
3214.07 Сервисер на ортопедски и други помагала
3214.08 Инструментален оптичар
3214.09 Инструментален оптичар, мајстор
3214.10 Сервисер на оптичка опрема
3214.11 Техничар за ортопедска техника
3214.12 Забарски протетичар

**СПОРЕДНА ГРУПА 322.**

**Медицински сестри и акушери**

Медицинските сестри и акушери применуваат медицински сознанија и принципи кои се однесуваат на породувања, нега на болни, повредени и хендикепирани лица, како и родилки и новороденчиња.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: помош на докторите по медицина и научниците и сродни највисоки стручњаци за болничка нега и породување во практичната примена на мерките за лекување и превентива, услуга, нега, совети на болните, повредените, хендикепираните и други лица; породување и помош при породувањето, како и давање на упатства на мајките за нега на новороденчињата. Можен е и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3221. Медицински сестри**

**3222. Медицински сестри - акушери**

## 3221. Медицински сестри

Медицинските сестри даваат болничка нега на болни, повредени и други на кои им е потребна таква грижа. Работата ја вршат самостојно и како членови на болничкиот тим. Подготвуваат и спроведуваат медицинско - технички работи од специјалноста на која работат, учествуваат во подготовката и спроведувањето на дијагностички и терапевтски постапки. Водат евиденција за работата и вршат други административни задачи. Спроведуваат и здравствено воспитување на населението.

Задачите вклучуваат:

- давање на болничка нега на болниот;
- следење на терапевтски и дијагностички постапки;
- следење на состојбата на болниот, контрола и евиденција на виталните функции, состојбата на свеста, подвижноста и општата состојба;
- помош во исхраната на болниот и грижа за општата хигиена на болниот и неговата околина;
- подготовка на инструменти и прибор за операциски потфати;
- подготовка на инструменти и прибор за стерилизација;
- подготовка на болниот за анестезија;
- дневна евиденција и други административно - финансиски работи;
- евиденција за трошоците за лекови, вакцини и друг материјал, како и грижа за нивната залиха;
- планирање, организирање и надгледување на спроведувањето на болничка нега;
- здравствено воспитување на болните и нивните семејства, како и на здравите лица;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3221.01 Медицинска сестра
3221.02 Виша медицинска сестра
3221.03 Медицинска сестра - техничар

## 3222. Медицински сестри - акушери

Медицинските сестри - акушери пораѓаат или им помагаат на лекарите при породувањето, даваат грижа пред и по породување и ги советуваат мајките за грижа за бебињата, учествуваат во здравственото воспитување на жените во врска со бременоста, доењето, исхраната и негата на новороденчињата.

Задачите вклучуваат:

- учество во спроведување на дијагностички и терапевтски постапки во гинекологија и акушерството;
- подготвување на родилките и нивно пораѓање;
- давање на нега на новороденчињата;
- обука на мајката за доење и исхрана на новороденчето;
- давање на парентерална терапија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3222.01 Медицинска сестра - бабица
3222.02 Акушер

**СПОРЕДНА ГРУПА 323.**

**Лица кои се занимаваат со традиционална медицина**

Лицата кои се занимаваат со традиционална медицина советуваат за методите на чување и подобрување на здравјето и лекуваат човечки ментални и физички болести со техники од традиционалната практика во заедницата за кои се верува дека лекуваат со помош на природата или со сила на верба и со духовен совет.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: советување на клиентите за правилно однесување и начин на исхрана за да се зачува или поврати менталното и физичкото здравје и сила; лекување на пациенти со примена на традиционални техники кои лекуваат со помош или преку стимулирање на природата; лекување на болни со духовно влијание, сугестии и сила на верба.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3230. Лица кои се занимаваат со традиционална медицина**

## 3230. Лица кои се занимаваат со традиционална медицина

Лицата кои се занимаваат со традиционална медицина лекуваат ментални и физички болести со растенија и други техники што традиционално се користат и за кои се верува дека лечат и исцелуваат со помош на стимулирање на природата, со психичко влијание и сугестија, со сила на верба и со духовен совет, и даваат совети и методи за чување и подобрување на здравјето и благосостојбата.

Задачите вклучуваат:

- лекување на болести и повреди со употреба на билки, медицински растенија, инсекти и други традиционални техники за кои се верува дека лекуваат;
- советување за правилен начин на исхрана и однесување за да се зачува или подобри здравјето и благосостојбата;
- настојување да се излечат човечките ментални и физички нарушувања со сила на вербата;
- советување за правилно однесување за да се зачува или подобри здравјето и благосостојбата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3230.01 Исцелувачи, лекување со растенија
3230.02 Исцелувачи, лекување без лекови
3230.03 Исцелувачи со молитва

**СПОРЕДНА ГРУПА 324.**

**Ветеринарни техничари и асистенти**

Ветеринарните техничари и асистенти вршат советодавни, дијагностички, превентивни и куративни работи кои се поограничени во поглед на комплексноста и обемот од оние што ги вршат ветеринарите, подготвувајќи и водејќи сметка за инструментите и другата опрема, подготвувајќи материјали и животни за преглед и лекување.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: давање на совети за болеста на животните, прегледување на животни, лекување при вообичаени болести, вакцинација, упатување кај ветеринар во случај на посериозни болести на животните и вршење на технички зафати во работата.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3240. Ветеринарни техничари и асистенти**

## 3240. Ветеринарни техничари и асистенти

Ветеринарните техничари и асистенти вршат советодавни, дијагностички, превентивни и куративни работи кои се поограничени во поглед на комплексноста и обемот од оние што ги вршат ветеринарите, подготвувајќи и водејќи сметка за инструментите и другата опрема, подготвувајќи материјали и животни за преглед и лекување.

Задачите вклучуваат:

- советување за болестите и повредите на животните, како и за нивното лекување;
- преглед на животните заради дијагностицирање и упатување на потешките случаи кај ветеринарите, кога е потребно;
- подготвување на инструменти и материјали за лекување на животните;
- лекување на болни или повредени животни, особено при вообичаени болести и нарушувања;
- технички работи при вештачко осеменување на животните;
- подготовка на животни за преглед и лекување, како и придржување на животните при третманот, ако е потребно;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 3240.01 | Техничар за трихиноскопија |
| 3240.02 | Ветеринарен техничар - инсеминатор |
| 3240.03 | Ветеринарен техничар за вакцинација |
| 3240.04 | Ветеринарен техничар |

**СПОРЕДНА ГРУПА 325.**

**Други професионални соработници во здравството**

Другите професионални соработници во здравството вршат технички задачи и обезбедуваат услуги во стоматологијата, офталмологијата, јавното здравство, медицински административни извештаи, физиотерапија, итни медицински третмани и други активности за поддршка на човечкото здравје.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: основна стоматолошка грижа и давање на услуги за спречување на болести на уста, давање совети на заедницата или лични совети за општата хигиена, диети или други превентивни мерки и намалување на потенцијалниот ризик од болести, давање на совети и едукација за санитетските здравствени мерки, издавање на рецепти и препишување на терапии на пациентите, снабдување со податоци за различни истражувања, наплата за дадените услуги, опремување на аптеки и снабдување со оптички помагала, запознавање со правилата за заштита на еколошката средина и дејствување врз свеста на луѓето, давање на физиотерапевтски услуги, масажи, подготовка на амбулантните простории за преглед, барање на медицинска помош и посветување внимание на несреќните и итните случаи и друго.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3251. Стоматолошки асистенти и терапевти**

**3252. Техничари за медицинска и здравствена евиденција**

**3253. Здравствени работници на заедницата**
**3254. Техничари во оптика**
**3255. Техничари и асистенти за физиотерапија**
**3256. Медицински асистенти**
**3257. Инспектори и помошници по здравство и животна средина**
**3258. Здравствени работници во амбуланта**
**3259. Стручни соработници во здравството кои не се класифицирани на друго место**

## 3251. Стоматолошки асистенти и терапевти

Стоматолошките асистенти и терапевти изработуваат протетички помагала под надзор на стоматолозите и вршат протетички работи, а стоматолошките сестри помагаат при лекувањето.

Задачите вклучуваат:

- изработка на целосни и делумни протези;
- изработка на фиксни и подвижни протези;
- поправка на протези;
- учество во изработката на калапи;
- подготовка и водење сметка за стоматолошките инструменти и опремата;
- подготовка на стоматолошкиот материјал;
- помош во подготовката на пациентите за преглед и лекување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3251.01 Стоматолошка сестра
3251.02 Забарски асистент
3251.03 Заботехничари

## 3252. Техничари за медицинска и здравствена евиденција

Техничарите за медицинска и здравствена евиденција развиваат и прибираат информации, вршат запишување во здравствените документи и картони, ги складираат и чуваат во архива и постапуваат според постоечките професионални, етички и административни критериуми.

Задачите вклучуваат:

- планирање, развој, одржување и означување на различни здравствени белешки според определен редослед;
- работа со систем за наплата, како и собирање, класифицирање, складирање и анализирање на информациите;
- препишување, составување и процесирање на медицински досиеја;
- подготовка на медицински извештаи и комплетно и точно прикажување на белешките во согласност со регулативите;
- заштита и обезбедување на доверливите медицински забелешки;
- информирање на пациентите, нивно следење и упатување и давање на подобра грижа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други вработени;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3252.01 Работник за здравствени информации
3252.02 Медицински евидентичар
3252.03 Медицински секретар

## 3253. Здравствени работници на заедницата

Здравствените работници на заедницата обезбедуваат и следат едукација и упатства за здравјето, се грижат и управуваат со основната здравствена превенција и вршат домашни посети на болни лица. Тие обезбедуваат поддршка и помош на индивидуалци и фамилии со водење на системи за здравствени услуги.

Задачите вклучуваат:

- обезбедување на информации за фамилиите и заедницата од здравствен карактер со вклучување на одлуки од нутриционисти, лична хигиена, грижа за доенчиња и деца, вакцинирање, превенции од труење, општа превенција, совети за семејно насилство и давање на прва помош;
- посета на семејства и домови и нивно снабдување со информации за здравствени и социјални услуги и давање на совет за користење на тие услуги;
- посета на семејства кои немаат пристап до здравствените установи и давање на основни здравствени услуги;
- дистрибуција на лекови и третман за превенција на ендемични и заразни болести како маларија, пневмонија, стомачни болести, жолтица, колера, сида и давање на инструкции за начинот на користење на лекарствата;
- собирање информации од заедницата, давање на упатства и закажување на прегледи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други вработени;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3253.01 Здравствен работник

## 3254. Техничари во оптика

Техничарите во оптика препишуваат и ставаат очила и контактни леќи и советуваат за нивната употреба или за употребата на други оптички помагала, како и за правилно осветлување при работа и читање.

Задачите вклучуваат:

- преглед на очи и препишување очила, контактни леќи или друго лекување за да се подобри видот, а случаите кои тоа го бараат ги испраќаат на медицинско лекување кај лекари;
- советување за правилна употреба на очила и контактни леќи, соодветно осветлување при работа и читање и други оптички помагала;
- местење на препишана диоптрија во рамки и контактни леќи на корисниците;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3254.01 Оптометрист - техничар
3254.02 Оптички техничар

## 3255. Техничари и асистенти за физиотерапија

Техничарите и асистентите за физиотерапија лекуваат мускулни и коскени заболувања или делови на циркулаторниот или на нервниот систем со рачни методи и со ултразвучни, загреани, ласерски или слични техники, или применуваат физиотерапија и сродни терапии како дел од лекувањето на физички неспособните, ментално болните или неурамнотежените.

Задачите вклучуваат:

- спроведување постапки на физикална терапија (хидротерапија, криотерапија, парафинотерапија, масажи, електротерапија);
- спроведување на кинезитераписки постапки во професионалната рехабилитација;
- рачно масирање и акупресурна масажа во рехабилитацискиот процес;
- примена на балнеотерапија;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3255.01 Хидротерапевт
3255.02 Масер - медицински
3255.03 Физиотерапевтски техничар
3255.04 Електротерапевт

## 3256. Медицински асистенти

Медицинските асистенти лекуваат, вршат советнички, дијагностички, превентивни задачи, поограничени во поглед на комплексноста од оние што ги вршат лекарите. Работат независно или под инструкции и надзор на лекари во институции или на терен како дел од јавната здравствена служба и можат да работат, главно, со болести и нарушувања вообичаени во нивниот регион или претежно применуваат специфични видови на третмани.

Задачите вклучуваат:

- советување на заедници и поединци за контрола на раѓањето, хигиена, диета и други превентивни медицински мерки;
- спроведување на медицински испитувања за да се постават дијагнози или ги упатуваат потешките случаи до лекарите, доколку е можно;
- препишување на лекарства и лекување на дијагностицирани болести, нарушувања или повреди;
- вршење на прости хируршки операции;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3256.01 Медицински асистент

## 3257. Инспектори и помошници по здравство и животна средина

Инспекторите и помошниците по здравство и животна средина испитуваат и воведуваат правила и норми и регулираат сродни еколошки фактори кои можат да дадат ефект кај здравјето на луѓето, обезбедуваат безбедни места и услови за работа при работниот процес. Тие воведуваат програми за воспоставување и обезбедување на подобри санитетски услови и вршат професионален надзор на здравјето на вработените.

Задачите вклучуваат:

- презентирање на основните правила и регулативи што се однесуваат на работните услови за вработените во претпријатијата;
- прегледување на работните места и обезбедување на работна средина според регулативите и стандардите за санитетски и еколошки работни услови;
- давање на совети за еколошките и санитетските проблеми;
- советување на претпријатијата според регулативи што се однесуваат на хигиената, санитетските мерки, чистотата и оценка на производите што ги произведуваат;
- контрола на претпријатијата при отстранување на загадени материјали;
- спроведување на акции за одржување на хигиената и спречување на загадувањето на водата, воздухот, земјата и храната;
- промовирање на превентивни и контролни мерки за заштита од штетните супстанции во воздухот, хигиенските постапки за храна, правилно распоредување на отпадот и чистење на јавни места;
- добивање информации околу практичната работа за откривање на несреќи во согласност со безбедносните услови, правила и регулативи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3257.01 Санитарен техничар
3257.02 Здравствен советник
3257.03 Инспектор за здравство

3257.04 Санитарен инженер
3257.05 Санитарен инспектор
3257.06 Инспектор за санитарни безбедни услови за храната
3257.07 Инспектор за радиоактивна заштита
3257.08 Инспектор за заштита при работа
3257.09 Инженер-консултант за заштита при работа
3257.10 Инженер за безбедност и здравје при работа

## 3258. Здравствени работници во амбуланта

Здравствените работници во амбуланта обезбедуваат итна здравствена заштита на болни, немоќни, изнемоштени и повредени лица или лица со поинакви телесни или ментални оштетувања, како и навремено транспортирање на медицински средства.

Задачите вклучуваат:

- проценување на здравјето на лицата што се повредени при несреќи, природни катастрофи и други итни случаи и утврдување на моменталната потребна помош која треба да се даде;
- вршење на медицински процедури, давање на лекови и други терапии одговарајќи на протоколот за итни медицински третмани, вклучувајќи вештачко дишење на пациентите и опремување со работна опрема;
- следење на промените на здравјето на болните за време на лекувањето во медицински, рехабилитациски и други здравствени објекти;
- давање на информации и тренинг на групи и работници за давање на прва помош и иницирање на медицинска грижа;
- превентивно присуство и посветување на поголемо внимание на поголеми собири и други настани каде што можат да се случат несреќи;
- евиденција на информациите за болните, условите и дадените третмани и чување на медицинските белешки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3258.01 Медицински болничар
3258.02 Болничар практичар
3258.03 Медицински техничар за итни случаи
3258.04 Медицински техничар - трансфузиолог
3258.05 Возач на амбулантна кола

## 3259. Стручни соработници во здравството кои не се класифицирани на друго место

Стручни соработници во здравството кои не се класифицирани на друго место ги опфаќа здравствените соработници кои не се класифицирани во подгрупата 32 Техничари и асистенти во здравството.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3259.01 Биоенергетичар
3259.02 Остеопат
3259.03 Техничар-нутриционист

**ПОДГРУПА 33.**

**Бизнис и административни стручни соработници**

Бизнис и административните стручни соработници вршат технички работи во врска со практичната примена на знаења од областа на финансиите, продажбата, водење на сметководство, правни, статистички и други државни активности во врска со царина, данок, социјална заштита, администрација, вработување, развој на човечки ресурси, како и издавање на документи и дозволи.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: работа со вредносни хартии, осигурување и сопственост, организирање на патувања, трговија со техничка и друга стока на

големо, процена на вредноста на стоки, недвижен имот или друг имот или продавање на аукција; давање деловни услуги како посредници, работа во службите во претпријатијата, во книговодствени, правни, статистички и други услуги; вршење државни работи кои се однесуваат на царина, данок, социјална заштита и социјална работа, посредување при вработување, издавање документи и дозволи и полициски служби. Тие може да примаат инструкции од стручњаците за бизнис и администрација. Може да биде вклучен и надзор на другите соработници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**331. Финансиски и математички стручни соработници**
**332. Агенти и брокери за продажба и купување**
**333. Агенти за деловни услуги**
**334. Административни и специјализирани секретари**
**335. Царински службеници, даночни, полициски и референти за социјална заштита и сродни владини стручни соработници**

**СПОРЕДНА ГРУПА 331.**

### Финансиски и математички стручни соработници

Финансиските и математичките стручни соработници анализираат и поднесуваат апликации за заеми, донесуваат одлуки за купување и продавање на хартии од вредност, девизи, различни видови осигурување, недвижнини, дејствуваат како претставници на трговијата на големо или како купувачи во име на претпријатија и институции, ја проценуваат вредноста на стоката, недвижностите и друг имот и ги продаваат на аукции и вршат други финансиски, математички и деловни услуги.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: анализа на пазарните трендови на хартиите од вредност, девизи, стока и недвижен имот, купуваат и продаваат во име на клиенти или во сопствено име, советување и продажба на полиси за осигурување, гарантирање за правилен упис на преносот на хартии од вредност и сопственост на недвижен имот, поднесување апликации за кредити и заеми, организирање и советување за патувања, продажба на разновидна стока на големо во име на производителот или увозникот, вклучувајќи технички уреди и опрема, купување на стока и услуги во име на претпријатијата, процена на вредноста на стоки, недвижен имот или друг имот или продавање на аукции, планирање и вршење на финансиски трансакции и обврски според главните сметководствени принципи, сметководствени советувања и асистенции во слични калкулации. Занимањата од оваа споредна група може да примаат инструкции од директорите или научниците и сродните стручњаци. Може да биде вклучен и надзор на останатите соработници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**3311. Берзански и финансиски дилери и посредници**
**3312. Службеници за кредити и заеми**
**3313. Сметководствени стручни соработници**
**3314. Соработници за статистичко - математички работи**
**3315. Проценувачи и валоризатори**

## 3311. Берзански и финансиски дилери и посредници

Берзанските и финансиските дилери и посредници купуваат и продаваат хартии од вредност (обврзници, акции и други финансиски инструменти), тргуваат со девизи во име на сопственото претпријатие или за купувачите врз основа на полномоштво и препорачуваат трансакции за клиенти или за раководството.

Задачите вклучуваат:

- прибирање на информации за финансиската состојба на купувачите и претпријатијата во кои можат да се вложуваат инвестиции;
- анализа на пазарни трендови поради движењето на хартиите од вредност (обврзници, акции и други финансиски документи), вклучувајќи и девизи ;
- известување на потенцијалните инвеститори за условите и можностите на пазарот;

- советување и учество во преговорите за роковите и организацијата на заемите, пласирање на хартиите од вредност на финансискиот пазар со цел зголемување на капиталот на клиентите;
- забележување и пренос на нарачки за купување и продажба за стоковни или други финансиски средства, обврзници, вредносни хартии и девизи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3311.01 Агент за продажба на хартии од вредност
3311.02 Берзански менувач
3311.03 Берзански посредувач
3311.04 Берзански сензал
3311.05 Девизен дилер
3311.06 Посредник за девизна размена

## 3312. Службеници за кредити и заеми

Службениците за кредити и заеми ги анализираат и проценуваат финансиските документи и апликациите за кредити и заеми и ги одобруваат или не, со претходна препорака од претпоставените менаџери.

Задачите вклучуваат:

- интервјуирање на личностите што аплицирале, хипотеканти, студенти и деловни позајмувачи;
- истражување и проценување на апликантите за заем според финансискиот статус, препораки, поседување на други заеми и способноста за враќање на заемот;
- поднесување на молба за кредити и заем до раководството кои одлучуваат за одобрување или одбивање на барањата, водејќи сметка за кредитната граница на институцијата;
- чување на забелешки од исплати и подготвување на рутински молби за исплата на задоцнети сметки проследени со легална постапка;
- комплетирање на целокупната документација за кредити и заеми;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
3312.01 Посредник во продажба на лизинг
3312.02 Службеник за заем и кредити
3312.03 Службеник за хипотека
3312.04 Кредитен контролор

## 3313. Сметководствени стручни соработници

Сметководствените стручни соработници изработуваат комплетни извештаи за финансиски трансакции, верификуваат точност на документите и извештаите што се однесуваат на такви трансакции, самостојно организираат и водат сметководствени работи со примена на меѓународни сметководствени стандарди и законски прописи.

Задачите вклучуваат:

- изработка на извештаи за сите материјално-финансиски промени и трансакции во претпријатието во согласност со сметководствената политика, под надзор на сметководствените стручњаци;
- подготовка на извештаи за даночните обврски;
- подготовка на финансиски сметки и извештаи за специфични периоди;
- верификување на точноста на документите и извештаите што се однесуваат на сите плаќања, други трансакции, како и промена на материјалниот имот во претпријатието;
- примена на знаења за принципите на книговодството, со цел да се решат проблемите при работењето;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

3313.01 Водач на книговодство
3313.02 Книговодител
3313.03 Финансиски книговодител
3313.04 Материјален книговодител

## 3314. Соработници за статистичко - математички работи

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: изработка и поправка на рачни и други часовници, наутички, метеоролошки, оптички, хируршки, забарски, ортопедски и други прецизни инструменти и опрема, изработка и поправка на музички инструменти, обработка на скапоцени камења, како и изработка и поправка на накит и предмети од благородни метали, изработка, брусење и полирање на предмети од стакло, керамика, како и изработка на домашни ракотворби од текстил, кожа и друго, кои служат за украсни цели. Задачите може да вклучат и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7311. Прецизни механичари**
**7312. Изработувачи и штимери на музички инструменти**
**7313. Изработувачи на накит и бижутерија и сродни занимања**
**7314. Грнчари, керамичари и сродни занимања**
**7315. Изработувачи на стаклени производи**
**7316. Декоративни сликари на стакло, керамика и останати материјали**
**7317. Изработувачи на домашни ракотворби од дрво и слични материјали**
**7318. Изработувачи на домашни ракотворби од текстил, кожа и слични материјали**
**7319. Изработувачи на домашни ракотворби, некласифицирани на друго место**

## 7311. Прецизни механичари

Прецизните механичари изработуваат, поправаат и тестираат механички часовници, наутички, метеоролошки, оптички, медицински, индустриски и други прецизни инструменти и опрема.

Задачите вклучуваат:

- изработка, поправка и подесување на сите видови механички часовници и други прецизни механички уреди со користење на прецизни алати и инструменти;
- изработка, поправка и подесување на оптички инструменти како микроскопи и телескопи;

- изработка и поправка на инструменти за мерење на температура, притисок, количина, густина и киселост на течности и плин, за мерење на топлина и влажност;
- изработка и поправка на хируршки инструменти;
- изработка и поправка на забарски апарати и инструменти и друга медицинска опрема;
- изработка и поправка на медицински и ортопедски помагала;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7311.01 | Работоводител на прецизни механичари |
| 7311.02 | Часовничар за поправка и одржување |
| 7311.03 | Часовничар во производството |
| 7311.04 | Механичар за ваги |
| 7311.05 | Механичар за ваги, мајстор |
| 7311.06 | Механичар за уреди за мерење и регулација |
| 7311.07 | Механичар за уреди за мерење и регулација, мајстор |
| 7311.08 | Механичар за баждарење на мерни инструменти |
| 7311.09 | Механичар за баждарење на мерни инструменти, специјализиран |
| 7311.10 | Сервисер на прецизни направи и опрема |
| 7311.11 | Финомеханичар |
| 7311.12 | Финомеханичар, мајстор |
| 7311.13 | Контролор на прецизни инструменти |

## 7312. Изработувачи и штимери на музички инструменти

Изработувачите и штимерите на музички инструменти изработуваат, поправаат и штимаат жичани, дувачки или удирачки инструменти, рачно или со специјални алатки.

Задачите вклучуваат:

- изработка и поправка на хармоники, жичани, дувачки и удирачки инструменти;
- изработка и поправка на органи и поправка на нивни делови;
- изработка на делови за клавир и составување и поправка на клавир;
- подесување на органи, клавири и други инструменти;
- изработка и поправка на други инструменти;
- испитување на звукот на инструментите и нивно соодветно штимање;
- менување на резервни делови на инструментите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7312.01 | Изработувач на музички инструменти |
| 7312.02 | Изработувач на тамбура |
| 7312.03 | Изработувач на гудачки инструменти |
| 7312.04 | Изработувач на клавири |
| 7312.05 | Изработувач на хармоника |
| 7312.06 | Изработувач на дувачки музички инструменти |
| 7312.07 | Изработувач на удирачки музички инструменти |
| 7312.08 | Изработувач на оргули |
| 7312.09 | Сервисер на музички инструменти |
| 7312.10 | Подесувач на музички инструменти |
| 7312.11 | Штимер на хармоника |
| 7312.12 | Штимер на клавир |

## 7313. Изработувачи на накит и бижутерија и сродни занимања

Изработувачите на накит и бижутерија и сродните занимања изработуваат и поправаат накит и други предмети, обработуваат скапоцени камења и благородни метали, вршат разни гравирања на накит и други производи.

Задачите вклучуваат:

- рачно сечење на накит и предмети од благородни метали;
- ковање и валање на предмети од благородни метали;
- изработка на единечен накит како прстени, брошеви, нараквици и слично;
- процена и обработка на скапоцени камења и нивно вградување и класифицирање;
- поправка на предмети од благородни метали;
- брусење и дупчење на накит и скапоцени камења;
- гравирање на букви и ликови на предмети од метал;
- чистење и полирање на накит и скапоцени камења;
- употреба на специјален алат и техника за работа;
- користење на специјални шеми за дизајн и обработка на апликации;
- давање на гаранција за квалитетот на изработката;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7313.01 Златарски работоводител
7313.02 Златар
7313.03 Јувелир
7313.04 Бижутерист
7313.05 Филигран
7313.06 Леар на благороден метал
7313.07 Пресувач на благороден метал
7313.08 Валач на благороден метал
7313.09 Гравер на благороден метал

## 7314. Грнчари, керамичари и сродни занимања

Грнчарите, керамичарите и сродните занимања изработуваат грнчарски производи, садови од порцелан и други керамички производи, рачно или со машина.

Задачите вклучуваат:

- изработка на грнчарски и порцелански предмети во различна форма и димензии;
- изработка на калапи за глина и гипс;
- изработка на предмети на рударско тркало (тркалце), рачно или со примена на внатрешни или надворешни калапи и обликувачки алатки;
- изработка на предмети со леење на полутечна глина во посебни калапи;
- рачно и машинско обликување на керамички производи;
- рачна изработка на предмети со стискање на глина во калапи;
- користење на нацрт-планови за изработка на производи по порачка;
- ракување со преси за изработка на керамички производи;
- ракување со машини кои ја истиснуваат влажната глина за понатамошна преработка;
- обликување на брусени производи;
- маркетинг и промоција на произведените производи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7314.01 Гипсомоделар
7314.02 Гипсомоделар, специјализиран
7314.03 Грнчар
7314.04 Леар на керамички производи
7314.05 Сортирач на керамички производи
7314.06 Керамичар
7314.07 Изработувач на средства за полирање и брусење

## 7315. Изработувачи на стаклени производи

Изработувачите на стаклени производи дуваат, калапат, пресуваат и валаат облици од топено стакло и сечат, брусат и полираат стакло.

Задачите вклучуваат:

- загревање на стакло во специјални печки;
- користење на специјални инструменти за обработка и мерење на стакло;
- проучување на физичките и хемиските својства на различни видови стакла;
- обликување на топено стакло со дувалка, рачно калапење, загревање и виткање;
- загревање, калапење и пресување на оптичко стакло за изработка на леќи;
- брусење и полирање на леќи;
- брусење и закосување на рабови од стаклени површини;
- сечење на обични стаклени листови по димензии;
- сечење на стаклени листови со рачни алатки и пилење на призми и други облици од блокови на оптичко стакло;
- користење на специјални нацрти за сечење на стакло со неправилна форма;
- изработка на мозаици од стакло во боја и цртање на витраж;
- изведување на техника на пескарење на стаклото;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7315.01 | Работоводител на стаклари |
| 7315.02 | Стаклодувач |
| 7315.03 | Стаклодувач, специјализиран |
| 7315.04 | Режач и брусач на стакло за корекција на видот |
| 7315.05 | Изработувач на леќи |
| 7315.06 | Стаклобрусач |
| 7315.07 | Стаклорежач |
| 7315.08 | Стаклар |
| 7315.09 | Контролор на стаклени производи |

## 7316. Декоративни сликари на стакло, керамика и останати материјали

Декоративните сликари на стакло, керамика и останати материјали украсуваат предмети од тие материјали и изработуваат работни нацрти, подготвуваат и бојат букви за изработка на натписи.

Задачите вклучуваат:

- гравирање на монограми и украсни цртежи врз предмети од стакло и керамика со употреба на специјализирани алати и друга опрема;
- радирање на декоративни цртежи, калбарски ознаки и други фигури врз стаклени и керамички предмети;
- боење на цртежи врз предмети со четкичка, спреј или со пренесување на дизајни по пат на матрици за умножување, трансфери, гумени печати и друго;
- нанесување (за декоративни намени) на боја, глазура, емајл, лак и слични материјали врз предмети, со прскање или потопување;
- нанесување на сребрени слоеви врз стакло за огледала;
- поставување и боење на букви и цртежи во изработката на натписи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7316.01 | Брусач на кристално стакло |
| 7316.02 | Брусач на кристално стакло, специјализиран |
| 7316.03 | Радер на стакло |
| 7316.04 | Гравер на стакло |

7316.05 Декоратер на керамика
7316.06 Декоратер на стакло
7316.07 Посребрувач на огледала
7316.08 Глазер на керамика
7316.09 Декоратер со емајл
7316.10 Декоративен сликар
7316.11 Цртач на дезени на стакло, керамика и сл.
7316.12 Писмосликар
7316.13 Писмосликар, мајстор
7316.14 Гравер печаторежач
7316.15 Изработувач на украси и накит

## 7317. Изработувачи на домашни ракотворби од дрво и слични материјали

Изработувачите на домашни ракотворби од дрво и слични материјали применуваат традиционални техники во подготвувањето дрво, слама, палма, трска, камен, глина, школки и други материјали и гравираат, обликуваат, составуваат, плетат или украсуваат со бои и декорираат различни предмети за лична употреба или за употреба во домаќинството и за декоративни намени.

Задачите вклучуваат:

- подготовка на дрво, слама, палма трскара, трска, камен, школки и слични материјали;
- гравирање, составување, плетење, осликување и декорирање на различни предмети за лична употреба или за примена во домаќинството, како, на пример, чинии за салати, лажици за сервирање, табли за сечење, послужавници, вазни, ќупови, корпи, сламени шапки, сламени простирки и слично;
- гравирање, составување, плетење, осликување на различни декоративни предмети како статуи и други производи, фигури за шах, мебел, накит и слични предмети;
- изработка на плитка и длабока резба во дрво;
- заштита на дрвените површини со премачкување на разни восоци и лакови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7317.01 Плетач со слама
7317.02 Плетач со лико
7317.03 Плетач со рогозина и трска
7317.04 Дрводелец, изработувач на домашни ракотворби
7317.05 Изработувач на дрвени обувки
7317.06 Изработувач на предмети од дрво
7317.07 Изработувач на дрвени играчки
7317.08 Изработувач на предмети од школки
7317.09 Резбар на предмети од рог
7317.10 Изработувач на свеќи
7317.11 Изработувач на домашни ракотворби, камени предмети
7317.12 Изработувач на сувенири од дрво
7317.13 Копаничар
7317.14 Плетач на корпи
7317.15 Плетач на плетен мебел
7317.16 Плетач на примероци за корпи

## 7318. Изработувачи на домашни ракотворби од текстил, кожа и слични материјали

Изработувачите на домашни ракотворби од текстил, кожа и слични материјали применуваат традиционални техники и мостри за производство на ткаенини, плетива, мрежи и јажиња и други

додатоци. Од такви производи изработуваат плетена, везена, ткаена и друга облека и предмети за домаќинство, како и традиционални обувки, чанти, ремени и слични предмети.

Задачите вклучуваат:

- предење и боење со природни бои на волнени, памучни и други влакна;
- рачно предење и намотување на предиво;
- изработка на тантели, ткаење, плетење на разна облека и предмети за домашна употреба, рачно или машински;
- рачно хеклање или изработка на пораби;
- рачно вметнување на основни влакна во разбојот;
- ткаење на еднобојни или шарени ткаенини, таписерии, чипки, килими или други ткаенини на рачни разбои;
- изработка на килими со техника на јазлување;
- рачно обележување на мрежи;
- подготвување и боење на кожи и крзна со сите видови бои и изработување на традиционални обувки или чанти, ремени и други ситни предмети;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7318.01 Изработувачи на домашни ракотворби од текстил
7318.02 Изработувачи на домашни ракотворби од кожа
7318.03 Изработувач на чипки - рачно
7318.04 Подготвувач на текстилни влакна
7318.05 Ткајач
7318.06 Ткајач на килими
7318.07 Плетач
7318.08 Плетач, мајстор
7318.09 Чипкар
7318.10 Изработувач на таписерии
7318.11 Изработувач на народни носии
7318.12 Јажар и изработувач на врвки

## 7319. Изработувачи на домашни ракотворби, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа занаетчии и сродни занимања кои не се класифицирани на друго место во споредната група 731. Прецизни механичари и изработувачи на ракотворби.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7319.01 Четкар
7319.02 Метлар
7319.03 Изработувач на играчки

**СПОРЕДНА ГРУПА 732.**

### Работници на печатење и сродни занимања

Работниците на печатење и сродните занимања поставуваат и аранжираат печатарски основи и копии, рачно или преку електронска тастатура или со други машини, изработуваат печатарски плочи од типографски или електронски поставена основа или копија, гравираат литографски камени, печатарски плочи и валјаци, изработуваат и печатат свилени основи, печатат хартија и други материјали или врзуваат и довршуваат книги.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: поставување и уредување на печатарска основа (матрица) или копија, рачно или со електронска тастатура или со други машини; изработка на печатарски плочи од типографски или електронски поставена основа или копија, гравирање на литографски камени, печатарски плочи, валјаци и блокови, изработка и печатење на свилени основи, печатење врз хартија и други материјали; врзување на книги во корици, вршење на финални операции и друго. Може да биде вклучен и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7321. Техничари за пробен печат**

**7322. Печатари**

**7323. Работници на завршување на печатењето и книговесци**

## 7321. Техничари за пробен печат

Техничарите за пробен печат рачно или машински поставуваат и оранизираат типови (основи) за печатење, изработуваат печатарски плочи или гравираат валјаци и блокови со примена на различни процеси соодветни за употреба во различни медиуми.

Задачите вклучуваат:

- поставување на основа рачно и со едноставни машини;
- работа со машини за линотип, монотип и машини за одредување на повеќе типови;
- организирање на поставеноста на основата и правење на растојанија помеѓу материјалот и илустративните блокови за да се направат страници;
- работа со машини со електронска тастатура, со коишто знаците можат да се конвертираат на филм, сензитивирана лента или хартија, за натамошна работа со фотоплочи;
- правење на калапи со претходно поставен тип од хартиена каша, восок или други материјали;
- сечење на дизајни (нацрти) преку филм нанесен врз површината на литографските камени;
- рачно гравирање на челични и бакарни плочи, валјаци, матрица и дрвени и гумени блокови и блокови од линолеум;
- машинско гравирање на метални плочи и валјаци;
- пренесување на дизајни (нацрти) од литографски камен врз метални плочи;
- радирање на метални плочи или валјаци со киселина и ретуширање;
- изведување на сите или само на неколку задачи во подготовката на печатарските плочи со процес на фотогравура;
- организирање на страниците во низа (последователно) за печатење;
- користење на компјутерски апликации за генерирање на текст и слики и нивно распоредување за печатење во медиум;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7321.01 | Рачен словослагач |
| 7321.02 | Машински словослагач |
| 7321.03 | Слагач на сметачки терминал |
| 7321.04 | Графичар за фотослог и сметководствен слог, специјализиран |
| 7321.05 | Изработувач на плочи за браилово писмо |
| 7321.06 | Словослагач |
| 7321.07 | Книгопечатар |
| 7321.08 | Флексографски печатар |
| 7321.09 | Бакропечатар |
| 7321.10 | Офсет печатар |
| 7321.11 | Печатар на повеќебојни печати во книгопечатница |
| 7321.12 | Печатар на повеќебојни печати во флексопечатар |
| 7321.13 | Печатар на повеќебојни печати во бакропечатар |
| 7321.14 | Печатар на повеќебојни печати во офсет |
| 7321.15 | Печатар на пробен печат |
| 7321.16 | Печатар на повеќебоен печат |
| 7321.17 | Печатар нијансер на печатарски бои |
| 7321.18 | Графичар на печатарско производство, специјализиран |
| 7321.19 | Печатар |
| 7321.20 | Контролор на печатарски производи |
| 7321.21 | Леар на печатарски букви |

7321.22 Леар на стереотипски плочи
7321.23 Графичар слагач / монтер
7321.24 Електротипер
7321.25 Моделар, електротип
7321.26 Моделар, стереотип
7321.27 Рачен гравер на печатарски примероци во неметал
7321.28 Рачен гравер на печатарски примероци во метал
7321.29 Литографски работник
7321.30 Рачен изработувач на печатарски форми и клишеа
7321.31 Печатарски гравер, специјализиран
7321.32 Фотогравер
7321.33 Хемиграф
7321.34 Графичар на подготовка на производство, специјализиран
7321.35 Репрофотограф
7321.36 Ретушер
7321.37 Тушер
7321.38 Клишер
7321.39 Репрограф скенерист
7321.40 Монтажер во печатарство

## 7322. Печатари

Печатари на хартија, текстил и други видови материјали работат рачно или машински на сите материјали и во сите техники на печатење.

Задачите вклучуваат:

- печатење врз хартија, метал, текстил, пластика и други материјали со ситопечатар;
- печатење на шари и мостри врз платно или тапет со гравирани блокови или машини опремени со гравирани валјаци;
- мешање на мастило и печатарски бои со разредувач и негово надополнување за време на печатењето;
- подесување на параметрите на печатарските машини;
- дополнување на хартија на местата утврдени за тоа;
- контролирање на квалитетот на печатењето;
- одржување, поправка и чистење на опремата за печатење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7322.01 Рачен печатар
7322.02 Печатар на текстил
7322.03 Печатар на метал
7322.04 Печатар на пластика
7322.05 Печатар на повеќебојни печати во печатница
7322.06 Рачен изработувач на фотоосетливи слоеви за ситопечатница
7322.07 Ситопечатар
7322.08 Ракувач со уреди во хемиграфија
7322.09 Ракувач со уреди во репрофотографија
7322.10 Ракувач со уреди во слowолеарница
7322.11 Ракувач со машина за книжно печатарство
7322.12 Ракувач со машина за бакропечатарство
7322.13 Ракувач со ситопечатарска машина
7322.14 Ракувач со флексопечатарска машина
7322.15 Ракувач со офсетна печатарска машина
7322.16 Ракувач со печатарска машина
7322.17 Ракувач со помошна печатарска машина

## 7323. Работници на завршување на печатењето и книговесци

Работниците на завршување на печатењето и книговесци врзуваат книги и други публикации во корици и вршат финални операции на книгата. Рачно или машински изработуваат производи од картон и хартија.

Задачите вклучуваат:

- рачно врзување на книги и периодика;
- подесување и работа со книговезачки машини;
- изработка на истакнати шари или наслови на книги, рачно или машински;
- користење на специјални преси и секачи за порамнување на краевите на книгите;
- рачна обработка на картони;
- одржување, поправка и чистење на опремата за завршна обработка на книги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7323.01 | Работоводител на книговесци |
| 7323.02 | Обработувач на материјали во книговезница |
| 7323.03 | Книговезец на меко везење |
| 7323.04 | Книговезец на тврдо везење |
| 7323.05 | Книговезец за рачен вез |
| 7323.06 | Книговезец |
| 7323.07 | Книговезец, мајстор |
| 7323.08 | Графичар за доработка |
| 7323.09 | Графичар за завршно производство, специјализиран |
| 7323.10 | Рачен изработувач на амбалажирани графички производи |
| 7323.11 | Рачен изработувач на хартија |
| 7323.12 | Ракувач со машина за книговезење |
| 7323.13 | Ракувач со помошна машина за книговезење |

**ПОДГРУПА 74.**

## Работници со електротехнологија

Работниците со електротехнологија монтираат, прилагодуваат, инсталираат и сервисираат електрични инсталации, снабдување со електрична енергија, монтирање и сервис на електрична и електронска опрема како компјутери, апарати за домаќинства, електроинструменти, системи за снимање и пренос на слика и звук и телекомуникациски системи.

Работата се врши со рачен и друг алат за да се намали физичкиот напор и потребното работно време и подобрување на квалитетот на производите. Овие задачи бараат познавање на организацијата на работата, материјалот и алатот кои се користат, како и природата и намената на готовиот производ.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: монтирање, прилагодување и поправка на електрични машини и уреди; поставување, одржување и поправка на електропрема и електроинсталација во станбени и деловни згради; испитување на шематски планови; монтирање, прилагодување, проверување и тестирање на готови електрични производи; монтирање и сервисирање на водушни и подземни електрични линии кои пренесуваат и дистрибуираат електрична енергија; инсталирање и сервисирање на електрични мрежи; поставување на столбови кои се користат за дистрибуција на електрична енергија; прилагодување, сервисирање и поправка на компјутери и други електрични машини и уреди; сервисирање и поправка на аудио и видеоуреди; инсталирање, сервисирање и поправка на телекомуникациски мрежи, антени и сателитска опрема. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**741. Електроинсталатери и сродни занимања**

**742. Монтери и механичари на електроника и телекомуникации**

**СПОРЕДНА ГРУПА 741.**

**Електроинсталатери и сродни занимања**

Електроинсталатерите и сродните занимања монтираат, прилагодуваат, инсталираат, одржуваат и сервисираат електрични инсталации и сродна опрема, електрични машини и други електрични апарати и уреди за снабдување и пренос на струја и нивно поврзување во целокупниот енергетски систем.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: монтирање, прилагодување и сервисирање на електрични машини и уреди; поставување, одржување и поправка на електропрема и електроинсталација во станбени и деловни згради; монтирање, прилагодување, проверување и тестирање на готови електрични производи; испитување на шематски планови; позиционирање и инсталирање на електрични централи; поврзување на електрични системи за напојување; замена и поправка на неисправни делови; инсталирање и сервисирање на електрични мрежи; поставување на столбови кои се користат за дистрибуција на електрична енергија; монтирање и сервисирање на воздушни и подземни електрични линии кои пренесуваат и дистрибуираат електрична енергија и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7411. Електричари во објекти и слични занимања**

**7412. Електрични механичари и електромонтери**

**7413. Монтери и механичари на електрични мрежи**

## 7411. Електричари во објекти и слични занимања

Електричари во објекти и слични занимања поставуваат, одржуваат и сервисираат електроинсталација на низок напон и соодветна опрема.

Задачите вклучуваат:

- поставување, одржување и поправка на електропрема и електроинсталација во станбени и деловни згради, училишта, болници и слично, во согласност со работните спецификации и релевантните стандарди;
- разгледување на шематски прикази за да се утврди понатамошната работа со електроинсталациите;
- контрола на струјните кола и електричните системи за да се идентификуваат опасностите, дефектите и потребата за приспособување и поправка;
- избор, сечење и поставување на кабли во инсталацијата;
- користење на опрема и мерни инструменти за тестирање на континуитетот на струјното коло;
- поставување, одржување и поправка на електроинсталација во театри, како и во радио и телевизиски студија;
- позиционирање и инсталирање на електрични централи;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7411.01 | Монтер на нисконапонски инсталации |
| 7411.02 | Електроинсталатер |
| 7411.03 | Електроинсталатер, специјализиран |
| 7411.04 | Електричар за одржување |
| 7411.05 | Електричар за одржување, специјалист |
| 7411.06 | Електричар во театар и студио |
| 7411.07 | Електричар во театар и студио, специјалист |
| 7411.08 | Електроинсталатер со вештини за енергетска ефикасност на згради |

## 7412. Електрични механичари и електромонтери

Електричните механичари и електромонтерите поставуваат и сервисираат електрични машини и други електрични апарати и опрема во објекти, фабрики, работилници и на други места.

Задачите вклучуваат:

- составување, адаптирање и поправање на различни видови на електрични машини (генератори и мотори), разводни или контролни апарати, мерна и заштитна опрема во електрични постројки, како и контрола и сервис на апарати, инструменти и електрични делови на лифтови и соодветна опрема;
- составување, адаптирање и поправање на електрични делови во апарати за домаќинството, индустриските машини и останатите хидраулични уреди, или на електричните апарати во авиони, моторни возила и на бродови;
- проверување и тестирање на готови електрични производи;
- поврзување на електрични системи за напојување;
- замена и поправка на неисправни делови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7412.01 | Работоводител на електромонтери и електромеханичари на енергетски машини |
| 7412.02 | Електромонтер на енергетски машини и уреди |
| 7412.03 | Електромонтер на енергетски машини и уреди, специјализиран |
| 7412.04 | Монтер на електрични машини и опрема |
| 7412.05 | Монтер на електрични мерни инструменти |
| 7412.06 | Монтер на расклопни уреди |
| 7412.07 | Електромонтер на лифтови |
| 7412.08 | Монтер на електрични апарати за домаќинство |
| 7412.09 | Електромеханичар за електроенергетика |
| 7412.10 | Електромеханичар за електроенергетика, специјализиран |
| 7412.11 | Електромеханичар за железничка електоенергетика |
| 7412.12 | Електромеханичар за железничка електоенергетика, специјализиран |
| 7412.13 | Автоелектричар |
| 7412.14 | Автоелектричар, мајстор |
| 7412.15 | Бродски електромеханичар |
| 7412.16 | Бродски електромеханичар, специјализиран |
| 7412.17 | Електромеханичар за железничка влеча и возила |
| 7412.18 | Електромеханичар за железничка влеча и возила, специјализиран |
| 7412.19 | Електромеханичар за мерни инструменти и оклопници |
| 7412.20 | Електромеханичар за мерни инструменти и оклопници, специјализиран |
| 7412.21 | Електромеханичар за апарати за домаќинство |
| 7412.22 | Електромеханичар за апарати за домаќинство, мајстор |
| 7412.23 | Електромеханичар за машини за производство |
| 7412.24 | Електромеханичар за машини за производство, специјализиран |
| 7412.25 | Електромонтер |
| 7412.26 | Електромеханичар |
| 7412.27 | Одржувач на електрични апарати и опрема |

## 7413. Монтери и механичари на електрични мрежи

Монтерите и механичарите на електрични мрежи монтираат и сервисираат електрични надземни и подземни електрични водови, приклучуваат електрични преноси, снабдување со кабли и поврзување на опрема во електросистем.

Задачите вклучуваат:

- монтирање и сервисирање на водушни и подземни електрични линии кои пренесуваат и дистрибуираат електрична енергија;
- поставување на столбови кои се користат за дистрибуција на електрична енергија;
- идентификување на неисправни уреди, автоматски прекинувачи, регулатори на напон, трансформатори и отстранување на дефектите;
- спојување на надземни и подземни кабли;
- почитување на безбедносни процедури и употреба на опрема при вршењето на работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7413.01 Монтер на електрични мрежи
7413.02 Монтер на електрични мрежи, специјализиран

**СПОРЕДНА ГРУПА 742.**

**Монтери и механичари на електроника и телекомуникации**

Монтерите и механичарите на електроника и телекомуникации монтираат, прилагодуваат, инсталираат, одржуваат и сервисираат електронска и телекомуникациска опрема како што се канцелариски и комерцијални машини, компјутери, електронски инструменти, системи за снимање и пренос на сликата и звукот и телекомуникациски системи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: монтирање, прилагодување и поправка на електрични машини и уреди; монтирање, прилагодување, сервисирање и поправка на компјутери, поврзување на компјутерски хардвер и други електронски инструменти и системи за контрола; сервисирање и поправка на аудио и видеоуреди, радиотелевизиски уреди и телефони; инсталирање, сервисирање и поправка на телекомуникациска мрежа, антени, сателитска опрема и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7421. Монтери и механичари на електроника**

**7422. Монтери и механичари на информатичка и комуникациска технологија**

## 7421. Монтери и механичари на електроника

Монтерите и механичарите на електроника монтираат, надгледуваат, прилагодуваат и сервисираат електронски склопови и уреди за разновидни намени, електроопрема, електронски инструменти, канцелариски и комерцијални машини, телевизиска опрема, аудио и видеорекордери, системи за контрола и друга опрема.

Задачите вклучуваат:

- контрола, местење и прилагодување на електронски склопови и уреди применети во опрема за индустријата (енергетски електронски уреди, електронски мерни и заштитни уреди), медицински и музички инструменти, како и за разни други намени;
- надгледување, местење и прилагодување на предаватели и снимачи на слика и звук, радарска опрема и сигнализациски системи;
- испитување на радио и телевизиска опрема, аудио и видеорекордери и друга аудио и визуелна опрема за менување на неисправни делови и подесување и поправка на опремата;
- инсталирање на електронски инструменти и системи за контрола;
- испитување и тестирање на готови електронски производи и детектирање на дефекти;
- сервисирање и замена на истрошени и расипани делови и инсталации со рачен прецизен алат и со лемење;
- водење на сервисна евиденција;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7421.01 Работоводител на монтери, механичари и одржувачи на електроника
7421.02 Монтер на сигнална електроника, специјализиран
7421.03 Монтер на електронски инструменти, специјализиран
7421.04 Монтер на медицинска електроника, специјализиран
7421.05 Монтер на сметачка електроника, специјализиран
7421.06 Монтер на електронска опрема
7421.07 Механичар за енергетско - електронски уреди, специјализиран
7421.08 Механичар за електронски мерни и управувачки уреди
7421.09 Механичар на производствени машини
7421.10 Механичар на производствени машини, специјализиран
7421.11 Механичар на медицинска електроника

7421.12 Механичар на електронски канцелариски машини
7421.13 Механичар на електронски канцелариски машини, специјализиран
7421.14 Механичар на воздухопловна електроника
7421.15 Механичар на воздухопловна електроника, специјализиран
7421.16 Механичар на студиски тонски и видео уреди
7421.17 Механичар на студиски тонски и видео уреди, специјализиран
7421.18 Механичар на пресметувачка опрема
7421.19 Механичар на пресметувачка опрема, специјализиран
7421.20 Механичар електроничар
7421.21 Механичар електроничар, специјализиран
7421.22 Одржувач на електронски уреди и опрема
7421.23 Сервисер на банкомати
7421.24 Сервисер на банкомати, специјализиран

## 7422. Монтери и механичари на информатичка и комуникациска технологија

Монтерите и механичарите на информатичка и комуникациска технологија поставуваат, одржуваат и сервисираат информатичка и комуникациска опрема во централи и кај корисниците, инсталираат опрема за пренос на податоци, антени, кабли, проводници и друга слична опрема.

Задачите вклучуваат:

- поставување, одржување и сервисирање на компјутерска технологија;
- поставување и адаптација на компјутерски хардвер;
- поставување, одржување и сервисирање на телекомуникациска опрема во централи и кај корисниците;
- инсталирање и сервисирање на радио и телевизиска опрема;
- монтирање и поправање на воздушни и подземни електрични линии кои пренесуваат и дистрибуираат електрична енергија;
- монтирање и поправање на надземни и подземни телефонски и телеграфски линии;
- спојување на надземни и подземни кабли;
- поставување, одржување и сервисирање на уреди што работат на електромагнетни бранови;
- поставување и одржување на антени кои се користат во комуникациите;
- водење на сервисна документација;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7422.01 Монтер на телекомуникациска електроника, специјализиран
7422.02 Монтер на телевизиски антени
7422.03 Монтер на аудиовизуелна електроника, специјализиран
7422.04 Монтер на радио-телевизиска електроника, специјализиран
7422.05 Механичар на електронски сигнални уреди
7422.06 Механичар на електронски сигнални уреди, мајстор
7422.07 Механичар на телекомуникациска опрема
7422.08 Механичар на телекомуникациска опрема, специјализиран
7422.09 Механичар на аудио и видеотехника
7422.10 Механичар на аудио и видеотехника, специјализиран
7422.11 Работоводител на монтери, механичари и сервисери на телекомуникациски уреди
7422.12 Монтер на телекомуникациски уреди
7422.13 Монтер на телекомуникациски уреди, специјализиран
7422.14 Механичар на телекомуникациски уреди
7422.15 Механичар на телекомуникациски уреди, специјализиран
7422.16 Сервисер на терминалски апарати кај претплатници
7422.17 Работоводител на монтери на електрични и телекомуникациски мрежи

**ПОДГРУПА 75.**

**Преработувачи на храна, дрво, текстил, кожа и сродни занимања**

Работниците на оваа подгрупа обработуваат и преработуваат земјоделски и рибарски суровини од коишто добиваат прехранбени и други производи и изработуваат и поправаат производи од дрво, текстил, крзно, кожа и други материјали.

Работата се врши рачно или со рачни и други алатки, со намера да се редуцира обемот на трудот и времето кои се неопходни за изведување на одделни задачи, како и за подобрување на квалитетот на производите. За задачите е неопходно познавање на организацијата на работата, користените материјали и алатки, како и на природата и намената на финалниот производ.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: обработка и преработка на месо, риба, жито, овошје, зеленчук и слично во храна и тутун и тутунски производи, дегустирање и рангирање на прехранбените производи и пијалаци; обработка и преработка на природни влакна, кожа и крзно; изработка и поправка на мебел и други предмети од дрво; подготовка на сурова кожа и крзно за понатамошна преработка; изработка и поправка на облека, шапки, чевли и слични производи. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**751. Преработувачи на храна и сродни занимања**
**752. Обработувачи на дрво, столари и сродни занимања**
**753. Произведувачи и обработувачи на текстил и сродни занимања**
**754. Други занаети и сродни занимања**

**СПОРЕДНА ГРУПА 751.**

**Преработувачи на храна и сродни занимања**

Преработувачите на храна и сродните занимања колат животни, ловат риби и слични прехранбени суровини и продукти од растително и животинско потекло, ги преработуваат и подготвуваат во соодветни прехранбени производи за човекот и животните, прават различни видови леб, слатки и други производи од брашно; преработуваат и конзервираат овошје, зеленчук и слична храна; дегустираат и рангираат различни прехранбени производи и пијалаци, или го преработуваат тутунот и прават тутунски производи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: подготвување на риба и други животни за преработка; преработка на месо и риба и нивно подготвување, како  и подготвување на слични производи; прават различни видови леб, слатки и други производи од брашно; преработка и конзервирање на овошје, зеленчук и слична храна; обработка и преработка на млеко; производство на вода, сода-вода и безалкохолни пијалаци од сируп; дегустирање и рангирање на различни прехранбени производи и пијалаци; преработка на тутун и изработка на тутунски производи и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7511. Преработувачи на месо, риба и сродни прехранбени артикли**
**7512. Пекари, слаткари и сродни занимања**
**7513. Производители на млечни производи**
**7514. Преработувачи на овошје, зеленчук и слично**
**7515. Дегустатори и оценувачи на прехранбени производи и пијалаци**
**7516. Подготвувачи на тутун и тутунопроизводители**

## 7511. Преработувачи на месо, риба и сродни прехранбени артикли

Преработувачите на месо, риба и подготвувачите на сродни прехранбени артикли подготвуваат животни за колење, чистат и обработуваат месо и риба и подготвуваат слични производи; конзервираат месо и други прехранбени производи со сушење, солење и чадење.

Задачите вклучуваат:

- подготвување на животни за колење и понатамошна преработка;
- дерење на кожата на животните и средување на месото;

- подготвување на месо, колбаси, каши и слични производи со едноставни машини за сечење, мешање и обликување;
- ставање на месо и други прехранбени продукти во солило;
- работа со пушници или печки за чадење на месо, риба и други прехранбени производи;
- варење и подготвување на месо и други прехранбени производи;
- почитување на посебните стандарди за обработка и чување на месни производи;
- продажба на готовите производи од месо и риба, вклучувајќи и амбалажа, етикети и исплата на готовина;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7511.01 Месар
7511.02 Месар - мајстор
7511.03 Колач
7511.04 Дерач на кожа
7511.05 Вадач на дробови на заклан добиток
7511.06 Вадач на дробови на заклана живина
7511.07 Вадач на утроба на заклан добиток
7511.08 Колач на животни
7511.09 Колач на живина
7511.10 Колбасичар
7511.11 Обработувач на риба
7511.12 Закиселувач на месо
7511.13 Закиселувач на риба

## 7512. Пекари, слаткари и сродни занимања

Пекарите, слаткарите и сродните занимања приготвуваат различни видови леб, слатки и други производи од брашно, како и рачно изработени колачи.

Задачите вклучуваат:

- приготвување на леб, торти, бисквити, слатки, пити и други производи од брашно;
- рачно приготвување на слатки од мешавини на шеќер, чоколада и други состојки, со помош на алатки и машини;
- проверка на квалитетот на суровините и запазување на професионалните здравствени и безбедносни прописи за производство;
- комбинирање на мерки и состојки во садови за мешање или машини;
- премачкување на производите со заштитни глазури врз природна база;
- контролирање на температурата во печките при печење на производите;
- координирање и организирање на дистрибуцијата и продажбата на производите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7512.01 Пекарски работоводител
7512.02 Пекар
7512.03 Пекар, мајстор
7512.04 Бурекчија
7512.05 Слаткар
7512.06 Слаткар, мајстор
7512.07 Тестеничар
7512.08 Изработувач на бели печива

## 7513. Производители на млечни производи

Производителите на млечни производи се занимаваат со подготовка на млеко и негова преработка во путер и различни видови сирење, кашкавал, кајмак, урда и други млечни производи за продажба.

Задачите вклучуваат:

- варење млеко, одвојување на кајмакот од млекото, матење на кајмакот во путер;
- мерење на масленоста на млекото;
- потсирување млеко, загревање на белото (мрвено) сирење сé додека не ја достигне саканата тврдост, негово процедување и ставање на сирењето во калапи за пресување во одредена форма;
- производство на други производи од млеко како кисело млеко, павлака, урда, кајмак, кашкавал и зденка;
- запазување на процедурите и стандардите на производството;
- проверка на квалитетот на млекото и на другите млечни производи;
- пласман на производите на пазарот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7513.01 | Контролор на млеко |
| 7513.02 | Млекар |
| 7513.03 | Млекар, мајстор |
| 7513.04 | Изработувач на сирење |
| 7513.05 | Изработувач на кашкавал |
| 7513.06 | Изработувач на урда и други млечни производи |
| 7513.07 | Изработувач на путер и маргарин |
| 7513.08 | Изработувач на сладолед |
| 7513.09 | Помошник-бач |

## 7514. Преработувачи на овошје, зеленчук и слично

Преработувачите на овошје, зеленчук и слично преработуваат и конзервираат овошје, зеленчук и слични производи на различни начини, вклучувајќи варење, сушење, посолување или екстракција на сок или масло.

Задачите вклучуваат:

- екстракција на сокови од различно овошје;
- екстракција на масла од маслодајни семки, ореви или овошје;
- варење, посолување или сушење на овошје, зеленчук и слични производи;
- додавање на различни состојки за подобрување на изгледот, вкусот и квалитетот на производите;
- конзервирање на плодови во тегли, шишиња, конзерви или други садови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7514.01 | Преработувач на овошје и зеленчук |
| 7514.02 | Произведувач на зејтин |
| 7514.03 | Произведувач на алкохолни пијалаци |
| 7514.04 | Произведувач на безалкохолни пијалаци |
| 7514.05 | Произведувач на оцет |

## 7515. Дегустатори и оценувачи на прехранбени производи и пијалаци

Дегустаторите и оценувачите на прехранбени производи и пијалаци вршат дегустација и рангирање на различни видови земјоделски и прехранбени производи и пијалаци;

Задачите вклучуваат:

- испитување, тестирање и дегустирање на земјоделски производи и пијалаци во различни фази на обработка;

- определување на квалитетот за да се определи класата, т.е. да се рангираат во соодветни класи;
- процена на производите;
- отфрлање на инфериорни производи;
- евидентирање на дегустираните производи во посебни формулари утврдени за тоа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7515.01 Дегустатор на храна
7515.02 Дегустатор на безалкохолни пијалаци
7515.03 Дегустатор на алкохолни пијалаци
7515.04 Дегустатор на вино
7515.05 Оценувач на храна
7515.06 Оценувач на безалкохолни пијалаци
7515.07 Оценувач на алкохолни пијалаци
7515.08 Оценувач на вино

## 7516. Подготвувачи на тутун и тутунопроизводители

Подготвувачите на тутун и тутунопроизводителите подготвуваат лисја од тутун и прават разни видови тутунски производи.

Задачите вклучуваат:
- рангирање на тутунските лисја според видот, квалитетот и местото на одгледување;
- мешање на тутунски лисја според посебна формула за да се добие тутун со посебна арома;
- работа со вакуумски контејнери каде што тутунот ја одржува влагата за натамошна преработка;
- отстранување на жилички од тутунските лисја и сечење на тутунот;
- изработување на пури, цигари, бурмут и други тутунски производи, рачно или со едноставни машини;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7516.01 Подготвувач на тутун за обработка
7516.02 Произведувач на тутунски производи
7516.03 Оценувач на тутун
7516.04 Дегустатор на тутун

**СПОРЕДНА ГРУПА 752.**

**Обработувачи на дрво, столари и сродни занимања**

Обработувачите на дрво, столарите и сродните занимања сушат и заштитуваат дрво и дрвени предмети, изработуваат и поправаат мебел, инвентар, мостри и модели, со примена на алатки и машини за преработка на дрвото, подесуваат и работат со машини за обработка на дрвото, изработуваат плетен мебел и соодветни предмети, украсуваат и поправаат дрвени предмети или дрвени делови од разни производи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: сушење и заштитување на дрво, изработување, украсување и поправање на дрвен мебел; изработување, украсување и поправање на делови од дрвени предмети или цели дрвени возила, дрвени модели , калапи и различни производи како лулиња, дрвени скии, чевли или спортска опрема; подесување и работа со машини за обработка на дрво како, на пример, длабење, обликување или гравирање; изработување на плетен мебел, корпи и слични производи, или метли, четки и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7521. Обработувачи на дрво**
**7522. Столари и сродни занимања**
**7523. Подесувачи и управувачи на дрвопреработувачки машини**

## 7521. Обработувачи на дрво

Обработувачите на дрво парат, сушат, заштитуваат, импрегнираат, влажат и климатизираат дрво и производи од дрво, рачно или со соодветни машини.

Задачите вклучуваат:

- ракување со постројки, уреди и апарати за контрола на сушењето на дрва;
- обработка на дрво со машини и одржување на опремата;
- заштита и конзервација на дрвото со хемикалии од трулежи и паразити;
- пренесување на материјалите од еден во друг работен погон, во зависност од степенот на обработка;
- запазување на процедури и спецификации на производството и обработката на дрвото;
- евидентирање на целокупниот процес на обработка;
- преземање на мерки за заштита при работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7521.01 | Парител на дрва |
| 7521.02 | Работник на обработка, третирање на дрва |
| 7521.03 | Работник на импрегнирање на дрво |
| 7521.04 | Сушач на дрва |
| 7521.05 | Навлажнувач на дрво |

## 7522. Столари и сродни занимања

Столарите и сродните занимања со примена на алати и дрвопреработувачки машини изработуваат, украсуваат и поправаат дрвен мебел, тркала или други дрвени прибори, калапи, модели и други предмети како лулиња, дрвени скии, чевли или спортски рекети и палки.

Задачите вклучуваат:

- изработување и поправање на дрвени предмети, како, на пример, регали и друг мебел, со примена на дрвопреработувачки машини и други алатки;
- користење на шеми за изработка и склопување на дрвени елементи;
- употреба на лепаци и чивии за спојување на дрвени елементи;
- изработување и поправање на дрвени возила, тркала или дрвени делови на возила;
- изработување и поправање на дрвени предмети како калапи, модели и макети, буриња, лулиња, дрвени скии, чевли или спортски рекети или палки;
- украсување на мебел и прибори со обложување на дрвото, со нанесување на фурнир и резбарии;
- доврршување на површини на дрвени предмети или мебел;
- уредување на ентериери со делови и производи од дрво;
- полирање на делови од дрво;
- проверка на квалитетот на готовите производи;
- одржување на работната опрема и преземање на потребните мерки за заштита при работа;
- рекламирање на производите во посебни брошури и развивање на дистрибутивна мрежа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7522.01 | Столарски работоводител |
| 7522.02 | Столар |
| 7522.03 | Столар, мајстор |
| 7522.04 | Столар за изработка на стилски мебел |
| 7522.05 | Мајстор за изработка на стилски мебел |
| 7522.06 | Уметнички столар |
| 7522.07 | Уметнички столар, мајстор |
| 7522.08 | Реставратор на дрвени предмети, специјализиран |

7522.09 Столар за шаблони
7522.10 Столар, специјализиран за изработка на прототипови
7522.11 Столар ортопед
7522.12 Столар ортопед, специјализиран
7522.13 Дрворезбар
7522.14 Дрворезбар, специјализиран
7522.15 Моделар на калапи и потпетици
7522.16 Дрвомоделар
7522.17 Изработувач на дрвена спортска опрема
7522.18 Мајстор за дрвена спортска опрема
7522.19 Изработувач на алат за графичка амбалажа
7522.20 Изработувач на рамки за слики
7522.21 Макетар
7522.22 Нанесувач на кит на дрво
7522.23 Бојач на дрвени производи
7522.24 Бочвар
7522.25 Бочвар, мајстор
7522.26 Колар
7522.27 Колар, мајстор
7522.28 Контролор на производи од дрва
7522.29 Монтер на мебел
7522.30 Сервисер на спортска опрема

## 7523. Подесувачи и управувачи на дрвопреработувачки машини

Подесувачите и управувачите на дрвопреработувачки машини подесуваат или подесуваат и управуваат со машини за преработка на дрво, како што се прецизните машини за сечење, обликување, рамнење, дупчење, глодање, стругање и резбање на дрвото.

Задачите вклучуваат:

- подесување и адаптирање на различни видови машини за дрво со кои ракуваат други работници (занимањата се во главната група 8);
- подесување и ракување со еден или повеќе видови на дрвопреработувачки машини;
- адаптација и репрограмирање на машинските функции;
- избор и поставување на различни пили, ножеви, стругови, машински глави, ремени и синџири за различни програми на работа;
- преземање на потребните мерки за заштита при работа;
- одржување и чистење на дрвопреработувачките машини;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7523.01 Подесувач на дрвопреработувачки машини
7523.02 Подесувач на дрвопреработувачки машини, специјализиран
7523.03 Дрвотокар
7523.04 Дрвотокар, мајстор

**СПОРЕДНА ГРУПА 753.**

### Произведувачи и обработувачи на текстил и сродни занимања

Произведувачите и обработувачите на текстил подготвуваат секакви видови текстилни влакна, конци и предива и изработуваат ткаенини со ткаење, плетење и слично. Изработуваат и поправаат облека и други предмети од текстил, кожа и крзно или тапацираат мебел.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: подготвување на секакви видови текстилни влакна, предење, дуплирање, впредување и намотување на конци и предива; изработка на ткаенини со ткаење, плетење и други техники; кроење и шиење на облека (по мерка); учество во производството на конфекциска облека; изработување, менување и поправање на крзнени предмети и шапки; изработување

на шнитови и обележување и сечење на ткаенини и слични материјали; шиење текстил и слични материјали, рачно или со машини на рачен погон; тапацирање на мебел и правење на душеци; изработка и поправка на чевли и друга кожна галантерија. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7531. Кројачи, крзнари и шапкари**
**7532. Изработувачи на шеми и сечачи на текстил, кожа и слични материјали**
**7533. Шивачи, порабувачи и сродни занимања**
**7534. Тапацери и сродни занимања**
**7535. Обложувачи и штавачи на кожа**
**7536. Чевлари и кожни галантери**

## 7531. Кројачи, крзнари и шапкари

Кројачите, крзнарите и шапкарите изработуваат по мерка костуми, мантили, фустани, капи, шапки и друга облека од текстил, кожа, крзно и кој било друг материјал, вршат преправки и поправки или учествуваат во производството на конфекциска готова облека.

Задачите вклучуваат:

- изработка на палта, костуми, здолништа, кошули, блузи, долна облека, корсети и слична облека, често по поединечни барања од муштериите;
- учество во конфекциско производство;
- изработка на шапки;
- преправање, прекројување и поправка на облека;
- изработка и грижа за костими користени во театарски, телевизиски и филмски продукции;
- бирање, растегање и сечење на обложено крзно во согласност со избраната мостра на крзнените или други предмети за облекување;
- изработка на палта, капути, бунди и други облеки од крзно;
- учество во производството на конфекциски крзнени предмети за облекување;
- обновување на крзна или кожа од стари палта и бунди, лепење на ткаенина на внатрешноста на крзнените палта и украсување, обликување на крзнени предмети за облекување;
- преправање, рестилизирање и поправање на крзнени палта и други крзнени предмети;
- користење на модни списанија за избор на нови модели за изработка;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7531.01 | Кројач |
| 7531.02 | Кројач, мајстор |
| 7531.03 | Кројач на женска облека, мајстор |
| 7531.04 | Кројач на машка облека, мајстор |
| 7531.05 | Кројач на облека, мајстор |
| 7531.06 | Кројач во сценографија, специјализиран |
| 7531.07 | Шапкар |
| 7531.08 | Шапкар, мајстор |
| 7531.09 | Модист |
| 7531.10 | Контролор на шиени и слични производи |
| 7531.11 | Крзнар |
| 7531.12 | Крзнар, мајстор |
| 7531.13 | Изработувач на крзна |

## 7532. Изработувачи на шеми и сечачи за текстил, кожа и слични материјали

Изработувачите на шеми и сечачите на текстил, кожа и слични материјали изработуваат мостри, обележуваат и сечат текстил, кожа и други материјали во производството на облека, обувки, ракавици и различни ситни предмети.

Задачите вклучуваат:

- рачно или машинско цртање и сечење на мостри (шнитови) за правење костуми, фустани, кошули, блузи, ракавици, шапки, капи и други производи за облекување;
- изработување на нацрти за мостри врз ткаенини, тенка кожа или други материјали, за полесно сечење;
- комбинирање на деловите за да се добие оптимален принос од материјалот;
- рачно или машинско сечење на материјали според дадениот нацрт (мостра), за изработка на облека, ракавици и слични производи;
- вршење на задачи околу изработката на кроеви, обележување и кроење во производството на други производи, како мек мебел за тапацирање, сликарски, шаторски и платна за едра и чадори;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7532.01 Водител на кројачница
7532.02 Изработувач на шаблони за облека, специјализиран
7532.03 Кројач на лесна облека
7532.04 Кројач на тешка облека
7532.05 Кројач на трикотажна облека
7532.06 Кројач на материјали за тапацирање
7532.07 Кројач на текстил
7532.08 Кројач на горни делови на обувки
7532.09 Помошен кројач на постави на обувки
7532.10 Кројач на крзно и кожа
7532.11 Моделар за текстил

## 7533. Шивачи, порабувачи и сродни занимања

Шивачите, порабувачите и сродните занимања шијат, везат, преправаат и украсуваат облека, ракавици и други производи од текстил, крзно, кожа и други материјали, рачно или со едноставни машини за шиење и вршат различни сродни задачи.

Задачите вклучуваат:

- користење на игла и конец за поправка на оштетени материјали, рачно или машински;
- отстранување на конци од материјалите, расшивање со помош на жилет;
- вршење на најразлични шивачки задачи при изработка, преправање и поправање на текстилни, кожни и други предмети;
- шиење на постава и дополнително платно на облека и корекција на копчиња;
- украсно порабување на предмети за облекување или материјали;
- украсно везење на ткаенина и кожа, рачно или машински;
- шиење едра, шатори, настрешници од цирада и слични предмети;
- составување и покривање на чадори;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7533.01 Шивач на текстил
7533.02 Шивач на крзна
7533.03 Шивач
7533.04 Шивач на навлаки за чадори
7533.05 Везач
7533.06 Шивач на постави на обувки
7533.07 Шивач на горни делови на обувки
7533.08 Шивач на кожа

## 7534. Тапацери и сродни занимања

Тапацерите и сродните занимања тапацираат мебел, изработуваат душеци, јоргани, постелнина или изработуваат и поправаат внатрешни декорации од текстил, кожа и слични материјали.

Задачите вклучуваат:

- дискутирање со клиентите во врска со материјалот, квалитетот, бојата и давање на брошури и мостри за избор;
- поставување, аранжирање и прицврстување на федери, подметки и прекривки врз рамката на мебелот;
- поставување и мерење на прекривки и перници за седишта и друг мебел во моторни возила како автомобили, возови и авиони;
- изработка на постелнина, душеци и јоргани;
- мерење и поставување на мек мебел и внатрешни декорации (т.е. на ентериерот) од текстил, кожа и слични материјали;
- надзор на квалитетот на тапацираните производи;
- изработка на шаблони и помагала за работа, изработка на примероци;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7534.01 | Тапетар декоратер |
| 7534.02 | Тапетар |
| 7534.03 | Автотапетар |
| 7534.04 | Тапетар, мајстор |
| 7534.05 | Тапетар на мебел |
| 7534.06 | Изработувач на душеци |

## 7535. Обложувачи и штавачи на кожа

Обложувачите и штавачите на кожа подготвуваат кожи со крзна и волна за изработка на облека и други производи и изработуваат кожа од сурови животински кожи.

Задачите вклучуваат:

- оценување и класифицирање на сите животински кожи;
- отстранување на месо и сало од кожите пред обработка;
- отстранување на долги, остри влакна од кожи и потсечување на долниот слој на влакна на иста должина;
- штавење на кожа со употреба на специјални средства и хемикалии;
- работа со машина со надолжно делење на кожи;
- обработка на големи сурови кожи и добивање на преработена кожа;
- боење на кожи и крзна во бочва;
- завршна обработка и нанесување на бои и лакови на кожа;
- оптегање и рамнење на обложена сурова кожа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7535.01 | Изработувач на посебна кожа |
| 7535.02 | Кожар |
| 7535.03 | Бојадисувач на кожа, специјализиран |
| 7535.04 | Класер на кожа, специјализиран |

## 7536. Чевлари и кожни галантери

Чевларите и кожните галантери изработуваат и поправаат стандардни и специјални обувки за одредени потрошувачи и ортопедски обувки за кои ја снимаат и мерат ногата, предмети од природна и вештачка кожа (освен кожна облека, шапки, ракавици), како што се куфери, чанти, ремени или учествуваат во производството на обувки и слични производи.

Задачите вклучуваат:

- изработка на мостри за сечење на делови од обувки;
- сечење, подготвување и составување на делови од обувки;
- шиење на делови од обувки;
- изработување на стандардни или ортопедски обувки според поединечни барања и потреби;
- изработување на други посебни видови на обувки по порачка;
- преглед и доршување на обувки;
- шиење и поправка на обувки на специјален калап;
- изработка и поправка на предмети како седла и узди за животни, куфери, чанти, ремени, паричници, кожни торби и други прибори;
- сечење, обликување и шиење на делови од кожни предмети;
- рачно или машинско шиење и лепење на кожни делови;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 7536.01 | Чевлар |
| 7536.02 | Чевлар, мајстор |
| 7536.03 | Изработувач на горни делови на обувки |
| 7536.04 | Ортопедски чевлар |
| 7536.05 | Ортопедски чевлар, мајстор |
| 7536.06 | Изработувач на горни делови на ортопедски обувки |
| 7536.07 | Изработувач на долни делови на обувки |
| 7536.08 | Ташнар |
| 7536.09 | Ташнар, специјализиран |
| 7536.10 | Ременар - седлар |
| 7536.11 | Изработувач на ракавици |
| 7536.12 | Кожен галантерист |

**СПОРЕДНА ГРУПА 754.**

**Други занаети и сродни занимања**

Во оваа споредна група се опфатени групи на занимања каде што работниците се занимаваат со изведување на работи од типот на вршење на подводни работи, професии кои се поврзани со минирање на терен и поставување на пиротехника, оценување и тестирање на состојки и производи и отстранување на несакани организми и други штетници од природата. Оваа група ги вклучува и занимањата кои не можат да бидат класифицирани на друго место во главната група 7. Занимања за неиндустриски начин на работа во производството.

Задачите што се изведуваат најчесто вклучуваат: вршење на разновидни подводни задачи со употреба на нуркачка опрема; обезбедување на теренот и поставување на динамит и пиротехника на строго утврдени места; оценување и тестирање на производите; мешање на хемикалии во согласност со упатствата и следење и прскање на штетници во природата и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**7541. Нуркачи под вода**
**7542. Минери и пиротехничари**
**7543. Оценувачи и тестери на производи (без храна и пијалаци)**
**7544. Отстранувачи на непотребни растенија, паразити и други штетници**
**7549. Занаетчии и сродни занимања, некласифицирани на друго место**

## 7541. Нуркачи под вода

Нуркачите под вода работат под вода со опрема за нуркање, а се занимаваат со проверка за да изведуваат работи, монтирање, како и да ги отстранат пречките во работата под вода.

Задачите вклучуваат:

- работа под вода на поставување и поправка на темели на мостови, столбови и пристанишни ѕидови и други хидротехнички објекти;

- увид во претпоставените оштетувања и вршење на помали поправки на труповите на бродовите и подземните инсталации;
- известување за состојбата на потопените пловила;
- отстранување на подводни опструкции;
- дупчење на дупки за подводно минирање;
- вршење на разни задачи под вода во врска со спасување на пловила и луѓе, одгледување на риби, школки и слични еколошки проекти;
- преземање на безбедносни мерки и мерки на претпазливост во длабочината;
- воспоставување на подводна комуникација и комуникација со претпоставените на копно;
- одржување на нуркачката опрема;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7541.01 Нуркач

## 7542. Минери и пиротехничари

Минерите и пиротехничарите ја одредуваат локацијата (т.е. поставеноста) и силата на потребните експлозии за кршење и откопување на јагленот, рудите, карпите или останатите цврсти минерали во рудниците или каменоломите или за расчистување на градилишта и слични места.

Задачите вклучуваат:

- обезбедување на почитување на постапките и одредбите за безбедност на работното место;
- одредување на локациите каде што треба да се постави потребниот експлозив и давање упатства околу дупчење дупки што треба да се направат;
- одредување на потребната сила и поставување на точното количество на експлозиви и подготвување на местото за детонација;
- подготовка и поврзување на системите за детонација и нивно претходно тестирање;
- активирање на експлозивни полнења во рудници, каменоломи и други места;
- расчистување на просторот после извршената работа;
- собирање и уништување на борбени средства преостанати по борбени дејства;
- поставување и активирање на пиротехнички средства за време на прослави;
- навремено известување на околината за ефектите од детонацијата во согласност со прописите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
7542.01 Запалувач на мини на површински коп
7542.02 Запалувач на мини во јама
7542.03 Пиротехничар
7542.04 Минер

## 7543. Оценувачи и тестери на производи (без храна и пијалаци)

Оценувачите и тестерите на производи вршат работни активности поврзани со инспекциски надзор за тестирање, сортирање, мерење на употребените материјали во производството, со цел да се утврди усогласеноста на потребните стандарди на производството, испитување на квалитетот, отстапувања од спецификациите, идентификација на дефектите на производите и слично.

Задачите вклучуваат:

- контрола и тестирање на производите, деловите и материјалите во согласност со спецификациите и стандардите за производство;
- оценување и класифицирање на природни текстилни влакна за предење;
- отфрлање на производи и материјали кои не ги исполнуваат спецификациите;
- анализа и интерпретација на шематски планови, податоци, прирачници и други материјали за тестирање на процедурите;

- надзор на податоци од типот на специфична тежина, температура, содржина на влажност, димензии и друго со користење на посебни инструменти;
- анализирање на резултатите од тестовите;
- давање на извештаи до менаџерите и производствениот персонал и учество во решавање на проблемите;
- давање на предлози до одделенијата за прифаќање или отфрлање на производите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7543.01 Оценувач на производи
7543.02 Тестер на производи

## 7544. Отстранувачи на непотребни растенија, паразити и други штетници

Отстранувачите на непотребни растенија, паразити и други штетници вршат работни задачи за чистење и отстранување на непотребни растенија, плевел, несакани инсекти и мали животни кои го попречуваат развојот на посадените култури или се размножуваат по станбено - деловни објекти, а со цел да се спречат здравствените ризици во околината.

Задачите вклучуваат:

- работа со опрема за прскање на штетници и плевел;
- мешање на сооднос на хемикалии во согласност со упатствата и стандардите;
- проучување на процедурите и методологиите за пестициди и нивна правилна употреба;
- исчекување на поволни временски услови за работа;
- прскање со хемиски раствори, отровни гасови или поставување на стапици против разни штетници;
- употреба и полнење на пумпи со пулверзатор за распрскување на хемиски раствори;
- употреба на воздухоплови за прскање од воздух;
- преземање на безбедносни мерки и мерки на претпазливост при работата;
- чистење и одржување на опремата за работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7544.01 Отстранувач на плевел
7544.02 Дезинсектор
7544.03 Дератизер

## 7549. Занаетчии и сродни занимања, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа занаетчии и сродни занимања кои не се класифицирани на друго место во главната група 7. Занимања за неиндустриски начин на работа во производството.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

7549.01 Останати работници за неиндустриски начин на работа во производството

**ГЛАВНА ГРУПА 8.**
**РАКУВАЧИ И СОСТАВУВАЧИ НА МАШИНИ И ПОСТРОЈКИ**

Ракувачите и составувачите на машини и постројки ракуваат со индустриски, земјоделски, градежни и други машини и опрема, управуваат со возови, моторни возила и пловни објекти или составуваат делови според точно одредени постапки (овде не се вклучени монтерите, тие се во 7-та група).

Оваа работа бара искуство и познавање на индустриски, земјоделски и други машини и опрема, како и способност за совладување на брзината на машинските операции и прилагодување на технолошките иновации. Повеќето занимања од оваа главна група главно бараат обученост од второ до петто ниво на стручно образование.

Задачите што ги вршат работниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: ракување со рударски постројки, индустриски постројки и опрема за преработка и производство на руда, метални производи,

стакло, керамика, дрво, хартија, хемикалии, гума, пластика, текстил, крзно и кожа, како и преработка на прехранбени и слични производи; составување на механизми и машини од составни делови според точно одредени постапки; управување со возови, моторни возила и пловни објекти, управување со подвижни индустриски, земјоделски, градежни машини и опрема. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**81. Ракувачи на машини и постројки**

**82. Составувачи на машини и опрема**

**83. Возачи на моторни возила, подвижни постројки и бродски екипаж**

**Забелешка:**

Занимањата се класифицираат во главната група 7. Занимања за неиндустриски начин на работа во производството, доколку задачите се вршат рачно, со рачен алат и слични алати и бараат познавање на организацијата на работата, материјалот и алатот кои се употребуваат, како и природата и намената на финалниот производ.

Занимањата се класифицираат во главната група 9. Елементарни занимања, во случај задачите да се едноставни или рутински и главно вклучуваат употреба на рачни алатки, физички напор, мало или никакво претходно искуство и познавање на работата и ограничена иницијатива и проценување.

## ПОДГРУПА 81.
## Ракувачи на машини и постројки

Ракувачите на машини и постројки ракуваат на самото место или со помош на далечинско управување со рударски, индустриски постројки и машини, постројки за преработка на метал, минерални суровини, стакло, керамика, дрво, хартија, хемикалии, постројки за добивање на електрична енергија, вода и за други намени, автоматски и полуавтоматски процеси на составување на подвижна лента и индустриски роботи. За работата, главно, е потребно искуство и познавање на машината со која се ракува и се надгледува. Често се бара способност за совладување на брзината на машинските операции и прилагодување на иновациите поврзани со машини и опрема.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: ракување со рударски постројки и постројки за преработка на метал, минерали, стакло, керамика, дрво, хартија и хемикалии, водоводни постројки, постројки за добивање на прехранбени и текстилни производи и други намени, следење на работата на автоматски и полуавтоматски подвижни ленти и индустриски роботи. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**811. Ракувачи со постројки за руда и обработка на минерали**

**812. Ракувачи со машини и постројки за обработка на метали и финиширање**

**813. Ракувачи со машини и постројки за хемиски и фотографски производи**

**814. Ракувачи со машини за изработка на гумени, пластични и хартиени производи**

**815. Ракувачи со машини за текстил, крзно и кожа**

**816. Ракувачи со машини за прехранбени и слични производи**

**817. Ракувачи со постројки за преработка на дрво и добивање на хартија**

**818. Други ракувачи на машини и постројки**

### СПОРЕДНА ГРУПА 811.
### Ракувачи со постројки за руда и обработка на минерали

Ракувачите со постројки за руда и обработка на минерали управуваат со постројки за изработка на јамски простории во рудници и каменоломи за експлоатација на минерали од земјата или за дупчење дупки за минирање на откопи во рудници и каменоломи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со постројки и уреди за ископ на руда и камен, за дупчење на дупки во рударски и каменоломски копови, сечење, дробење и транспорт од природата до базата, ракување со постројки за облагородување на минерални суровини, ракување со постројки, уреди и алати за дупчење, машинско мешање на бетон и слични производи, откривање на дефекти и преземање на корективни мерки во работата и друго. Овие задачи вклучуваат и надзор на другите работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8111. Рудари и каменокршачи**

**8112. Ракувачи со постројки за обработка на руда и камен**

**8113. Дупчачи на бунари и слични занимања**

**8114. Ракувачи со машини и постројки за камен, бетон и други минерални производи**

## 8111. Рудари и каменокршачи

Рударите и работниците во каменоломи ископуваат цврсти минерали од подземни или површински рудници или каменоломи.

Задачите вклучуваат:

- ракување со постројки и уреди за работа на површински копови или за правење дупки за поставување на експлозив во рудници или каменоломи;
- ракување и надгледување на постројки за континуирано ископување;
- поставување и работа со машини што копаат канали или дупчат на отворени копови на рудниците или каменоломите;
- сечење, вметнување и инсталирање дрвени или челични потпори, столбови, сводови за потпирање на ѕидовите и таваните во подземните копови;
- ископување јаглен, руди и други цврсти минерали од подземни или од површински рудници;
- собирање примероци на јаглен или руда за лабораториски анализи;
- ископување гранит, варовник, шкрилци, кремен или други видови карпи од каменоломи;
- ископување креда, глина, чакал или песок од отворени дупки (јами);
- одржување и поправка на алатите и машините за работа;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 8111.01 | Дупчач на површински коп |
| 8111.02 | Ракувач со јамска товарачка механизација |
| 8111.03 | Помошен ракувач на рударски постројки |
| 8111.04 | Помошен ракувач со сечалка за камења |
| 8111.05 | Ракувач со сечалка за камења |
| 8111.06 | Ракувач со дијамантска пила |
| 8111.07 | Помошник рудар |
| 8111.08 | Рудар на површински коп |
| 8111.09 | Рудар на подземен коп |
| 8111.10 | Рударски дрводелец |
| 8111.11 | Подградител на окна |
| 8111.12 | Обработувач на камени блокови |
| 8111.13 | Рудар |
| 8111.14 | Клесар, мајстор |

## 8112. Ракувачи со постројки за обработка на руда и камен

Ракувачите со постројки за обработка на руда и камен ракуваат со постројки и надгледуваат постројки, уреди и опрема за облагородување на добиените минерални суровини извадени од земјата.

Задачите вклучуваат:

- ракување и надгледување на постројки и уреди за сортирање, кршење, мелење и сушење на минерални суровини според спецификациите за работа;
- ракување и надгледување на постројки за континуирано ископување и транспорт на минерални суровини од наоѓалиштата до местото на преработка;
- ракување и надгледување на постројки и уреди за одвојување на корисниот минерал од јаловината, како и одвојување на одделни минерални компоненти со примена на соодветни методи (сепарација, филтрирање, екстракција, поврзување и слично);

- следење на пропишаните процедури за употреба на машинеријата и запазување на безбедносните мерки при работата;
- водење на евиденција за видот и количината на обработениот материјал во единица време;
- собирање примероци од обработените производи за лабораториски анализи;
- одржување и поправка на опремата за работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8112.01 Ракувач со постројки за дробење на руда и камен
8112.02 Ракувач со постројки за сепарација
8112.03 Ракувач со постројки за мелење на руда и камен
8112.04 Ракувач со постројки за облагородување на минерални суровини
8112.05 Ракувач со машини и уреди за обработка на руда и камен
8112.06 Ракувач со постројки за отпрашување
8112.07 Ракувач со постројки за флотација

## 8113. Дупчачи на бунари и слични занимања

Дупчачите на бунари и сличните занимања поставуваат и ракуваат со постројки, уреди, опрема и алати за дупчење, испитување и одржување на места за дупчење на нафта и природен гас на копно и под вода и други видови на дупчења.

Задачите вклучуваат:

- вршење на подготвително-завршни работи во секоја фаза на технолошкиот процес на изработка и одржување на дупки;
- ракување со постројки за дупчење, уреди, опрема и алати за изработка на коси и хоризонтални канали, испитувачки и разработени дупки за нафта и гас, на копно и под море;
- ракување со постројки за опремување, испитување и одржување на дупките и опремата за дупчење;
- ракување со постројки, уреди, опрема и алати за специфични потфати во местата за дупчење на нафта и гас, цементирање на заштитни цевки и нивно перфорирање, каротажни мерења, фрактурирање, киселинска обработка, отстранување на хаварии во дупките;
- ракување со постројки, уреди, опрема и алати за изработка на дупки кои не се наменети за истражување и производство на нафта и гас;
- ракување со постројки и надгледување на постројки, уреди и опрема за производство на нафта и природен гас;
- ракување со постројки и надгледување на постројки и уреди за собирање, облагородување, отпремување на нафта, природен гас и кондензати;
- ракување со постројки и надгледување на постројки и уреди за втиснување на флуиди во лежишта, складирање на јагле免водороди во геолошките структури;
- затворање и пломбирање на старите дупки кои не се во употреба;
- чистење и тековно одржување на постројки, уреди, опрема и алати со кои се ракува;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8113.01 Ракувач со постројки при косо насочено дупчење, специјализиран
8113.02 Ракувач со постројки за подготовка на флуиди од дупки
8113.03 Ракувач со уреди за бетонирање и стимулација на дупчење
8113.04 Ракувач со постројки за бетонирање и стимулација на дупчење, специјализиран
8113.05 Ракувач со постројки при инструментација во дупчењето, специјализиран
8113.06 Ракувач со постројки за проточно мерење во дупчењето, специјализиран
8113.07 Ракувач со постројки за работи со жица и кабел во места за дупчење, специјализиран
8113.08 Ракувач со постројки за истражување на места за дупчење, специјализиран
8113.09 Ракувач со постројки за работи со течен азот на места за дупчење, специјализиран

8113.10 Ракувач со постројки за работа со свиткувачи со турбини на места за дупчење, специјализиран
8113.11 Ракувач со уреди за каротажни работи
8113.12 Ракувач со уреди за каротажни работи, специјализиран
8113.13 Клинер
8113.14 Кулар
8113.15 Ракувач со уреди за производство на нафта и гас
8113.16 Ракувач со производствени постројки за нафта и гас, специјализиран
8113.17 Ракувач со производно - испратни постројки за нафта и гас
8113.18 Ракувач со производно - испратен систем за нафта и гас, специјализиран
8113.19 Ракувач со постројки за хидролошко дупчење
8113.20 Ракувач со самодвижечка дупчалка

## 8114. Ракувачи со машини и постројки за камен, бетон и други минерални производи

Ракувачите со машини и постројки за камен, бетон и други минерални производи ракуваат со машини за изработка, обликување, истиснување, калапење, мешање, мелење и сечење, довршување на различни производи од цемент, бетон и камен пред калапење, или за правење калапен камен за потребите на градежништвото.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за изработка, обликување, брусење, истиснување и сечење, за производството и финализирање на различни производи од бетон и камен пред калапење, како камени плочи, калапни и цевни делови и ограничувачи на ровови, ѕидни и делливи плочи, градежни елементи, кабелски производи, производи за истиснување на чад и прашина;
- ракување со машина за песок, чакал, цемент и вода во бетонска маса;
- ракување со машина за изработка и доработка на азбестно-цементни производи;
- ракување со машина за изработка и доработка на производи од полимерен бетон;
- ракување со машина за изработка на гипсани плочи;
- следење на структурата на компонентите кои се користат во процесот на производство според спецификациите за работа;
- надгледување на работата на машините и преземање на мерки за заштита при работа;
- одржување и сервисирање на опремата за работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8114.01 Ракувач со уреди за мешање на бетон
8114.02 Ракувач со пила за камен
8114.03 Ракувач со машини за леење на бетон
8114.04 Ракувач со уреди за изработка на бетонски градежни елементи
8114.05 Ракувач со уреди за изработка на бетонски производи
8114.06 Ракувач со уреди за изработка на производи од поробетон
8114.07 Ракувач со уреди за азбестно-цементни производи
8114.08 Ракувач со уреди за гипсани плочи
8114.09 Ракувач со уреди за производи од полимерен бетон
8114.10 Ракувач со машини за обработка на камен
8114.11 Ракувач со машина за производство на индустриски дијаманти

**СПОРЕДНА ГРУПА 812.**

### Ракувачи со машини и постројки за обработка на метали и финиширање

Ракувачите со машини и постројки за обработка на метали и финиширање ракуваат и надгледуваат машини за преработка и завршна обработка на различни видови на минерални суровини и метални производи и полупроизводи.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: подготовка и адаптација на минералните суровини за обработка; ракување со постројки за производство, топење, леење, стругање, ковање и завршна обработка на црни и обоени метали; обложување на металите со посебни техники за заштита од корозија и арбозија; земање на мостри за анализа и испитување и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8121. Ракувачи со постројки за обработка на метал**

**8122. Ракувачи со машини за чистење и обложување на метални површини**

## 8121. Ракувачи со постројки за обработка на метал

Ракувачите со постројки за обработка на метал управуваат со автоматизирани и делумно автоматизирани машини за обработка на метали, печки за топење на руда и метал на високи температури, извлекување и истиснување на метали за добивање на жици, цевки и слични производи, како и ги надгледуваат наведените машини и уреди.

Задачите вклучуваат:

- ракување со механички полуавтомати и автомати за различни видови обработка и надгледување на нивната работа;
- ракување со трансферни линии (збир на специјални машински алатки) и надгледување на нивната работа;
- работа со и следење на работата на високите печки за топење на руди, за производство на црни и обоени метали;
- работа со и следење на печките за конвертирање и рафинирање на сурово железо и метални отпадоци и производство на железо;
- работа со и следење на печките за конвертирање или рафинирање на обоени метали;
- ракување со печки за загревање и ладење на метални предмети со намалување на внатрешниот притисок, враќање на еластичноста и рафинирање на структурата на влакната;
- ракување со печки за калење (стврднување на челични предмети);
- ракување со опрема за интегрирање на цврста површина и отпорно еластично јадро во предмети од челик, преку нивно третирање со хемикалии, загревање, гасење или ладење;
- ракување со машини за влечење на жици;
- ракување со уреди за влечење на бесшавни метални цевки;
- ракување со преси за истиснување на метални шипки, прачки и бесшавни цевки;
- запазување на стандардите од спецификациите за работа и преземање на безбедносни мерки при работата;
- надгледување на работата на машините, тековно сервисирање и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8121.01 Ракувач на печки за преработка на метал
8121.02 Ракувач со процесни линии за преработка на метал
8121.03 Ракувач на печки за топење
8121.04 Ракувач со процесни машини и уреди за добивање на метал
8121.05 Металург на обоени метали
8121.06 Ракувач со процесни машини за топлотна обработка на метали
8121.07 Ракувач со машини и уреди за истиснување на метали
8121.08 Ракувач со машини и уреди за извлекување на метали
8121.09 Ракувач со уреди за извлекување на жици
8121.10 Ракувач со машина за стругање (пилевина) на метал
8121.11 Ракувач со машински ножици за режење на метал
8121.12 Ракувач со преса за метал
8121.13 Ракувач со стругалка за метал
8121.14 Ракувач со глодалка за метал
8121.15 Ракувач со машина за гравирање

8121.16 Ракувач со машина за глодање на жлебови
8121.17 Ракувач со машина за дупчење на метал
8121.18 Ракувач со машина за стругање на метал
8121.19 Опслужувач на алатни машини
8121.20 Ракувач со машина за брусење на метал
8121.21 Ракувач со машина за брусење на жлебови
8121.22 Ракувач со уреди за полирање на метал
8121.23 Ракувач со острач на алати
8121.24 Ракувач со алатни машини
8121.25 Опслужувач на специјални алатни машини
8121.26 Ракувач со уреди за електрозаварување
8121.27 Ракувач со уреди за заварување со пламен
8121.28 Ракувач со уреди за режење со пламен
8121.29 Ракувач со машина за назабување на метал
8121.30 Ракувач со машина за ковање на алат
8121.31 Ракувач со машина за ковање на пари
8121.32 Ракувач со машини за изработка на алат за режење
8121.33 Ракувач со машини за производство на котли
8121.34 Ракувач со уреди за изработка на метална галантерија
8121.35 Ракувач со уреди за изработка на жичани мрежи и ткаенини
8121.36 Ракувач со машини за производство на накит
8121.37 Ракувач со машини за производство на метални јажиња
8121.38 Ракувач со машини за производство на електрични водови
8121.39 Ракувач со машини за електроеродирање
8121.40 Ракувач со нумеричко управување на машини за обработка на метал
8121.41 Ракувач со нумеричко управување на машини за обработка на метал, специјализиран
8121.42 Оператор на автоматска линија за сечење на материјал- лим
8121.43 Оператор на полуавтоматска машина
8121.44 Оператор на ексцентар-преса
8121.45 Оператор за производство на цевки на машина

## 8122. Ракувачи со машини за чистење и обложување на метални површини

Ракувачите со машини за чистење и обложување на метални површини ракуваат со опрема за галванизација и премачкување на метални предмети или делови, со цел да се подобри отпорноста на корозија и абразија, за декоративни потреби или за добивање електрични или магнетски особености, ракуваат со уреди за електролиза, како и ги надгледуваат наведените машини и уреди.

Задачите вклучуваат:

- ракување со опрема за чистење на површини на метални предмети како подготовка за нанесување на нов површински слој на материјали и надгледување на нивната работа;
- ракување со опрема за електрогалванизација и надгледување на нивната работа;
- ракување со опрема за премачкување на железни и челични производи и надгледување на нивната работа;
- ракување со машини за автоматско обложување на жици со обоени метали и надгледување на нивната работа;
- ракување со опрема за распрскување на топен метал или други супстанции врз метални производи, за да се добие декоративен или заштитен слој или да се обноват излижани или оштетени површини и надгледување на нивната работа;
- ракување со опрема за интегрирање на последниот слој за отпорност на р'ѓа на метални предмети, со нивно третирање со хемикалии или загревање и надгледување на нивната работа;
- ракување со опрема за електролиза и надгледување на нивната работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8122.01 Ракувач со уреди за прскање на метал
8122.02 Ракувач со уреди за сачмарење на метал
8122.03 Ракувач со уреди за одмачкување на метал
8122.04 Ракувач со уреди за потопување на метал
8122.05 Ракувач со уреди за пластифицирање на метал
8122.06 Ракувач со уреди за брунирање
8122.07 Галванизер
8122.08 Галванизер, специјализиран
8122.09 Ракувач со уреди за премачкување на метал
8122.10 Ракувач со уреди за елоксирање
8122.11 Ракувач со уреди за фосфатизирање на метали
8122.12 Ракувач со уреди за електролиза
8122.13 Оператор на автоматска линија за емајлирање
8122.14 Оператор за печење на емајлирани елементи
8122.15 Оператор за пунктување
8122.16 Оператор за автоматска линија за фарбање

**СПОРЕДНА ГРУПА 813.**

### Ракувачи со машини и постројки за хемиски и фотографски производи

Ракувачите со машини и постројки за хемиски и фотографски производи ракуваат со постројките и опремата која ги преработува различните хемикалии и полупроизводи за да се добијат хемиски и фотографски производи со саканите својства.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со машини и постројки за преработка на хемикалии со кршење, загревање, дестилирање, филтрирање и други хемиски процеси со кои се произведуваат лекови, козметички производи, детергенти, експлозиви, фотографски и други хемиски производи. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8131. Ракувачи со машини и постројки за хемиски производи**
**8132. Ракувачи со уреди за производство на фото-материјали**

## 8131. Ракувачи со машини и постројки за хемиски производи

Ракувачите со машини и постројки за хемиски производи ракуваат со машини и постројки за обработка на хемиски полупроизводи и производство на широк спектар на хемиски производи.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини и уреди за кршење на хемикалии и полупроизводи до големина потребна за понатамошна обработка;
- ракување со машини и опрема за потопување на течности и цврсти хемикалии;
- ракување со машини и опрема за варење на материјали со цел прочистување, мешање и нивно составување, давање на посебни својства или предизвикување на промени во нив;
- ракување со машини и опрема низ кои течностите под притисок минуваат низ уредите за филтрирање;
- ракување со постројки за одвојување (сепарација) на супстанцијата со помош на центрифугална сила;
- ракување со сита за хемикалии;
- ракување со опрема за дестилирање на хемикалии;
- ракување со машини за калапење, филтрирање, ферментирање, загревање, мешање, мелење, полнење и запечатување на материјали што се користат во производството на фармацевтски и козметички производи, детергенти и слични производи;
- ракување со реакторски уреди, реакторски постројки и слична опрема за дисконтинуирана и континуирана хемиска синтеза и други хемиски процеси;
- ракување со постројки за изработка на синтетички влакна и вештачко ѓубриво;
- ракување со постројки за преработка на радиоактивни материјали;

- ракување со машина за изработка на пиротехнички производи, експлозиви и муниција за огнено оружје;
- запазување на стандардите од спецификациите за работа и преземање на безбедносни мерки при работата;
- надгледување на работата на машините, тековно сервисирање и чистење;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8131.01 Ракувач со дробилка за хемикалии
8131.02 Ракувач со мелница за хемикалии
8131.03 Ракувач со диспергатор на хемикалии
8131.04 Ракувач со постројки за ситнење на хемикалии
8131.05 Ракувач со уреди за потопување на хемикалии
8131.06 Ракувач со уреди за мешање на хемикалии
8131.07 Ракувач со уреди за гранулирање на хемикалии
8131.08 Нијансер на средства за премачкување
8131.09 Ракувач со уреди за готвење на хемикалии
8131.10 Ракувач со уреди за сушење на хемикалии
8131.11 Ракувач со екструдер за хемикалии
8131.12 Ракувач со машина за топлотна обработка на хемикалии
8131.13 Ракувач со филтри за хемикалии
8131.14 Ракувач со уреди за синтеза на хемикалии
8131.15 Ракувач со реакторски постројки за производство на хемикалии
8131.16 Хемиски лаборант
8131.17 Ракувач со машини за фармацевтски производи
8131.18 Ракувач со постројки за фармацевтски производи, специјализиран
8131.19 Ракувач со машини за козметички производи
8131.20 Ракувач со постројки за козметички производи, специјализиран
8131.21 Ракувач со машини за средства за перење
8131.22 Ракувач со постројки за средства за перење, специјализиран
8131.23 Ракувач со дестилатор за ароми и парфеми
8131.24 Ракувач со машини за производство на тоалетни производи
8131.25 Ракувач со уреди за производство на експлозив
8131.26 Ракувач со уреди за производство на муниција
8131.27 Ракувач со уреди за производство на муниција, специјализиран
8131.28 Составувач на муниција, специјализиран
8131.29 Ракувач со уреди за пиротехнички производи
8131.30 Изработувач на пиротехнички производи
8131.31 Ракувач со уреди за подготовка на смеса за кибрити
8131.32 Ракувач со уреди за изработка на кибрити
8131.33 Манипулатор во производство на експлозивни материјали
8131.34 Мијач на експлозив
8131.35 Ракувач со уреди за производство на свеќи
8131.36 Ракувач со уреди за производство на моливи
8131.37 Ракувач со уреди за производство на школски прибор
8131.38 Ракувач со уреди за производство на линолеум
8131.39 Ракувач со машини за производство на сол
8131.40 Ракувач со уреди за производство на гас
8131.41 Ракувач со машини за производство на кокс
8131.42 Ракувач со машини за производство на синтетички влакна
8131.43 Ракувач со машини за производство на вештачка кожа
8131.44 Ракувач со машини за производство на вештачки ѓубрива
8131.45 Ракувач со машини за одвојување на радиоактивни материи

## 8132. Ракувачи со уреди за производство на фотоматеријали

Ракувачите со уреди за производство на фотоматеријали и фотографски производи ракуваат со опрема за производство на фотографски филмови, хартии и фотохемикалии, како и за развивање на фотографски филмови и изработка на копии.

Задачите вклучуваат:

- ракување со опрема за производство на фотографски филм и хартија;
- ракување со опрема за производство на фотохемикалии;
- ракување со опрема за премачкување и давање основа на фотографските плочи;
- ракување со опрема за развивање на црно-бели и филмови во боја или плочи за добивање негативи или дијапозитиви;
- ракување со опрема за изработка на црно-бели и филмови во боја или за зголемување или намалување на фотографии;
- надгледување на работата на машините;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8132.01 Ракувач со уреди за производство на фотохемикалии
8132.02 Ракувач со уреди за производство на фотографски филмови
8132.03 Ракувач со уреди за производство на фотографски плочи
8132.04 Ракувач со уреди за производство на фотографски производи
8132.05 Ракувач со уреди за развивање на филмови
8132.06 Ракувач со уреди за изработка на фотографии
8132.07 Фотограф, мајстор
8132.08 Фотолаборант
8132.09 Филмски лаборант

**СПОРЕДНА ГРУПА 814.**

**Ракувачи со машини за изработка на гумени, пластични и хартиени производи**

Ракувачите со машини за изработка на гумени, пластични и хартиени производи ракуваат со машините за гмечење и топење на гума и гумена смеса или производи и различни состојки и предмети од природна и синтетичка гума и пластика и производство на различни производи од хартија, картон и слични материјали.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со машините за гмечење гума и топење гума и гумена смеса во производството на различни состојки и предмети од природна и синтетичка гума, производство на различни компоненти и производи од природен и синтетички каучук, ракување и подесување на програми на машини за производство на пластика и пластични производи, работа и адаптација на машини за производство на хартија и хартиени производи како и надгледување на работата на машините. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8141. Ракувачи со машини за изработка на гумени производи**
**8142. Ракувачи со машини за изработка на пластични производи**
**8143. Ракувачи со машини за изработка на производи од хартија**

## 8141.Ракувачи со машини за изработка на гумени производи

Ракувачите со машини за изработка на гумени производи ракуваат со машини за гмечење и топење на гума и гумена смеса или производи со различни состојки и предмети од природна и синтетичка гума и пластика, како обувки, индустриски прибори, домашни предмети, изолациски материјали, гума за велосипеди, автомобили, трактори, авиони и други возила.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за гмечење, мешање и топење на гума и гумена смеса за натамошна обработка;
- ракување со машини за производство на листови од гума или гумирана ткаенина, по пат на валачки процес;
- ракување со машини за истиснување на гумена маса или обликување на вулканизирана гума со калапење;
- ракување со уреди за монтирање на автомобилски гуми, вулканизирање и калапење и поправање на употребени и дефектни гуми;
- надгледување на работата на машините;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8141.01 Ракувач со мелница за гума
8141.02 Ракувач со машини за изработка на гума
8141.03 Ракувач со машини за обликување на гумени производи
8141.04 Ракувач со уреди за гумирање
8141.05 Ракувач со уреди за вулканизирање
8141.06 Ракувач со уреди за преработка на гумени производи
8141.07 Ракувач со опрема за доработка на гумени производи
8141.08 Ракувач со машини за изработка на горни гумени делови на обувки
8141.09 Ракувач со машини за изработка на синтетички ѓонови
8141.10 Вулканизер

## 8142. Ракувачи со машини за изработка на пластични производи

Ракувачите со машини за изработка на пластични производи ракуваат со машините за мешање и топење на гума и гумена смеса за добивање на полимерни материи и пластични производи од различни состојки.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за мешање и топење на состојки за добивање на пластични материи;
- ракување со машини за обликување на пластични материи по пат на калапење, пресување, дување, сечење и други средства;
- ракување со машини за ламинирање на полимери;
- обвиткување на кабли со пластични обвивки;
- рециклирање на отпад од пластични материјали;
- изработка на ортопедски помагала;
- изработка на пластична амбалажа;
- надгледување на работата на машините и нивно тековно одржување;
- запазување на стандардите од спецификациите за работа и преземање на безбедносни мерки при работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8142.01 Ракувач со машина за подготовка на полимери
8142.02 Ракувач со мешалка за гранулат пластика
8142.03 Ракувач со мелница за пластика
8142.04 Ракувач со машина за вбризгување на полимери
8142.05 Ракувач со машина за истиснување
8142.06 Ракувач со преса за полимери
8142.07 Ракувач со екструдер на полимери
8142.08 Ракувач со машина за инјекциско пресување на полимери
8142.09 Ракувач со машина за ротолиев полимер

8142.10 Ракувач со уреди за леење на полимери
8142.11 Ракувач за топло обликување на полимери
8142.12 Ракувач со машина за ламинирање на полимери
8142.13 Ракувач со уреди за експандирање на полимери
8142.14 Ракувач со машина за изработка на копчиња
8142.15 Ракувач со машина за изработка на пластични производи
8142.16 Ракувач со уреди за преработка на пластика
8142.17 Оператор за бризгање на пластика
8142.18 Оператор за мелење на пластика

## 8143. Ракувачи со машини за изработка на производи од хартија

Ракувачите со машини за изработка на производи од хартија ракуваат со машини за производство на кутии, обвивки, пликоа и други производи од хартија, картон, амбалажа, целофан и слични материјали. Изработуваат картонски производи и производи од хартија.

Задачите вклучуваат:

- ракување со машини за лепење хартија за картон, сечење на саканата количина или сечење и формирање на картонот во кутија;
- ракување со преси за изработка на чаши и други садови од хартија или картон;
- ракување со машини за сечење, виткање и лепење на хартија и добивање на пликоа и хартиени ќеси или за добивање на ќеси од други материјали;
- изработка на обвивки од хартија, ќеси и кутии или други видови амбалажни производи од хартија;
- изработка на помошни амбалажни производи од хартија;
8322.05 Возач на комби

**СПОРЕДНА ГРУПА 833.**

**Возачи на тешки возила и автобуси**

Возачите на тешки возила и автобуси управуваат со тешки моторни возила како камиони, автобуси, трамваи и други влечни возила за превоз на патници, стока, течности и други тешки материјали.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: управување со трамваи, автобуси, тешки товарни возила, специјални возила, камиони и комбиња за превоз на стока и патници. Може да биде вклучен и надзор на другите вработени.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8331. Возачи на автобуси и трамваи**
**8332. Возачи на тешки товарни и влечни возила**

## 8331. Возачи на автобуси и трамваи

Возачите на автобуси и трамваи управуваат со автобуси и трамваи за превоз на патници и пратки.

Задачите вклучуваат:

- управување со тролејбуси и автобуси во градскиот и меѓуградскиот сообраќај, за локален и оддалечен превоз на патници и стока;
- управување со трамваи за превоз на патници;
- следење на сообраќајни правила и сигнали;
- почитување на сообраќајната етика;
- давање на помош на патниците во врска со нивниот багаж;
- отворање и затворање на вратите кога влегуваат или излегуваат патници;
- вршење на наплата на билети за дадените услуги за превоз;
- преземање на безбедносни мерки за заштита на патниците;
- проверка на системите за кочење, греење, осветлување, сигнализирање и друга опрема на возилата пред да бидат пуштени во сообраќај;
- водење на евиденција за патувањата;
- одржување на возилата, чистење и ситни поправки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени;

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8331.01 Возач на автобус
8331.02 Возач на минибус
8331.03 Возач на трамвај

8331.04 Возач на шинобус
8331.05 Возач на тролејбус
8331.06 Возач на комбибус

## 8332. Возачи на тешки товарни и влечни возила

Возачите на тешки товарни и влечни возила управуваат со тешки моторни возила за превоз на стока, течности и други материјали на кратки и долги релации.

Задачите вклучуваат:

- управување со тешки моторни возила како, на пример, камиони со приколка или без неа, за превоз на стока, течности и други материјали, на кратки и долги релации;
- проценување на тежината што се транспортира со цел да не се надминат ограничувањата за тежина;
- следење на сообраќајни правила и сигнали;
- почитување на сообраќајната етика;
- проверка на системите за кочење, греење, осветлување, сигнализирање и друга опрема на возилата пред да бидат пуштени во сообраќај;
- обезбедување на стоката којашто се транспортира со цел да се спречи штета и загуба;
- водење на евиденција за патувањата;
- одржување на возилата, чистење и ситни поправки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8332.01 Возач на товарно возило
8332.02 Возач на товарно возило со приколка
8332.03 Возач на шлепер
8332.04 Возач на шлепер со полуприколка
8332.05 Возач на посебни товарни возила
8332.06 Возач на ладилник
8332.07 Возач на цистерна
8332.08 Возач на фургон
8332.09 Возач на контејнер
8332.10 Возач на тешки трактори
8332.11 Возач на опасни материи
8332.12 Возач на камион
8332.13 Возач на камион за ѓубре

**СПОРЕДНА ГРУПА 834.**

**Возачи и ракувачи со транспортни направи**

Возачите и ракувачите со транспортни направи управуваат и ракуваат со земјоделски, градежни и други подвижни постројки и опрема за пренесување на материјали и тешки предмети.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: ракување со трактори и други земјоделски и шумарски машини, како и машини и опрема во градежништвото, дигалки и друга опрема. Може да биде вклучен и надзор на другите вработени.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**8341. Возачи на подвижни земјоделски и шумарски машини**
**8342. Ракувачи со градежни и слични машини**
**8343. Ракувачи со кранови, дигалки и слични постројки**
**8344. Возачи на тешки товарни возила со подвижна дигалка**

## 8341. Возачи на подвижни земјоделски и шумарски машини

Возачите на подвижни земјоделски и шумарски машини управуваат, насочуваат, возат и надгледуваат еден или повеќе видови моторизирани подвижни машини и опрема што се користат во земјоделството или во шумарството.

Задачите вклучуваат:

- возење и управување на трактори или земјоделски машини на сопствен погон, за орање, сеење, жнеење, балирање или слична опрема влечена од трактор;
- возење и управување на трактори или шумарски машини за чистење, садење, корнење, сечење и превоз на дрво или некоја друга посебна намена;
- подготовка на машинеријата за работа;
- проценување на тежината што се транспортира со цел да не се надминат ограничувањата за тежина;
- проверка на системите за кочење, осветлување, сигнализирање и друга опрема на машините пред да бидат стартувани;
- водење на евиденција за работата на машините;
- одржување на машините, чистење и ситни поправки;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на другите вработени.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8341.01 Земјоделски тракторист
8341.02 Шумски тракторист
8341.03 Возач на земјоделски машини
8341.04 Возач на тешка шумска механизација

## 8342. Ракувачи со градежни и слични машини

Ракувачите со градежни и слични машини управуваат со машините за ископување и товарање на земја, набивање и валање на површината, ископи во тунели, уривање на градби, стабилизација на тло, превоз, прифаќање и вградување на бетон и нанесување на асфалт. Ја надгледуваат работата на машините.

Задачите вклучуваат:

- управување со машини за ископ, утовар и расчистување на земја и други материјали, планирање на теренот, уривање на градби, отстранување на снег од сообраќајници со булдожери и слични машини;
- управување со багери за чистење на корита на истечни речни и езерски води, ископување на песок и земја;
- управување со машини за тунелски ископи;
- управување со машини за набивање на дрвени, бетонски или челични столбови;
- управување со кесонски уреди;
- управување со машини за набивање и рамнење на слоеви на земја и други материјали при изградба на патишта и други сообраќајници, брани, насипи и при слични работи (валјаци, набивачи, компактори);
- управување со машини за стабилизирање и инјектирање на тлото и изградба на дијафрагма;
- управување со машини за превоз, дофат и вградување на бетон;
- управување со машини за асфалтирање на горни слоеви на патишта и други површини;
- надгледување на работата на машините;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8342.01 Возач на машина за ископ
8342.02 Возач на машина за набивање на земјиште
8342.03 Возач на машина за дупчење и разбивање
8342.04 Возач на машина за стабилизација на земјиште
8342.05 Возач на машина за инјектирање на земјиште
8342.06 Возач на машина за забивање пилоти
8342.07 Возач на машина за вградување на бетонски рабови
8342.08 Возач на машина за асфалтирање
8342.09 Возач на машина за работа во земја

8342.10 Возач на автомешалка
8342.11 Ракувач со машина за ископ
8342.12 Ракувач со машина за ископ на тунели
8342.13 Ракувач со машина за планирање на земјиште
8342.14 Ракувач со машина за набивање
8342.15 Ракувач со машина за дупчење и разбивање
8342.16 Ракувач со машина за стабилизација на земјиште
8342.17 Ракувач со машина за инјектирање на земјиште
8342.18 Ракувач со машина за забивање пилоти
8342.19 Ракувач со машина за кесонско темелење
8342.20 Ракувач со машина за изработка на дијафрагми
8342.21 Ракувач со машина за вградување на бетонски рабови
8342.22 Ракувач со машина за асфалтирање
8342.23 Ракувач со машина за работи во земја
8342.24 Ракувач со претоварни машини за бетон
8342.25 Ракувач со бетонска пумпа
8342.26 Ракувач со бетонски топ
8342.27 Ракувач со машина за торкетирање
8342.28 Ракувач со машина за пружни работи
8342.29 Возач на машина за чистење на сообраќајници
8342.30 Возач на машина за чистење на канализација
8342.31 Ракувач со машина за одржување на скијачки патеки
8342.32 Ракувач со градежни машини
8342.33 Работоводител на градежни и слични машини

## 8343. Ракувачи со кранови, дигалки и слични постројки

Ракувачите со кранови, дигалки и слични постројки управуваат со дигалки за тежок товар и други уреди и ја надгледуваат нивната работа.

Задачите вклучуваат:

- управување со стационирани или подвижни дигалки (кранови) со фиксни или променливи краци;
- управување со уреди за кревање и спуштање на луѓе и материјали на градилишта и во рудници и нивно надгледување;
- управување со кранови во бродоградилишта;
- управување со скијачки лифтови и слични уреди и нивно надгледување;
- управување со машини за влечење на траекти или скелиња со стоки, патници и возила, на кратки водени релации;
- управување со машини за отворање и затворање на мостови за сувоземен и воден сообраќај и нивно надгледување;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8343.01 Возач на подвижна дигалка
8343.02 Ракувач со подвижна дигалка
8343.03 Ракувач со кран
8343.04 Ракувач со жичара
8343.05 Ракувач со витло
8343.06 Ракувач со транспортна лента
8343.07 Ракувач со лифт
8343.08 Ракувач со рударски извозни постројки
8343.09 Ракувач со уреди за брани
8343.10 Ракувач за помошен мост
8343.11 Ракувач со дигалка
8343.12 Ракувач со кружни дигалки

8343.13 Ракувач со бродски дигалки
8343.14 Ракувач со механизација на пристаниште
8343.15 Ракувач со вилушкар
8343.16 Ракувач со машина за миење на коли

## 8344. Возачи на тешки товарни возила со подвижна дигалка

Возачите на тешки товарни возила со подвижна дигалка управуваат со вилушкари, камиони со дигалки, контејнерски пренесувачи и слични возила за превоз, кревање и редење на товар.

Задачите вклучуваат:

- управување со камиони со дигалка, вилушкари и слични возила за превоз, кревање и редење на товар, утоварување и растоварување во терминали, пристаништа, складишта, фабрики и друго;
- управување со уреди за пренос на натоварени палети и нивно обезбедување за време на транспортот;
- проценување на тежината што се транспортира со цел да не се надминат ограничувањата за тежина;
- водење на евиденција за работата на машините;
- одржување на машините, чистење и ситни поправки;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
8344.01 Возач на товарен вилушкар
8344.02 Возач на електрични палетни колички
8344.03 Возач на камион со дигалка
8344.04 Возач на контејнерски пренесувач

**СПОРЕДНА ГРУПА 835.**
**Екипаж на бродски палуби и сродни работници**

Екипажот на бродски палуби и сродните работници вршат должности на палуба на брод и слични должности на други пловни објекти.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: стражарење на отворено море и на пристаниште, управување со брод според специјални наредби, помагање при поголеми маневри, поставување на јарболи и платна, товарање на товар на бродот, чистење на палубите и внатрешноста, боење и одржување на бродот и опремата на палубата и на бродот. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**8350. Екипаж на бродски палуби и сродни работници**

## 8350. Екипаж на бродски палуби и сродни работници

Екипажот на бродски палуби и сродните работници вршат должности на палуба на брод и слични должности на други пловни објекти.

Задачите вклучуваат:

- стражарење и извидување на отворено море и при влегувањето и напуштањето на пристаништето или други тесни водени премини;
- управување на бродот според специјални наредби;
- ракување со јажиња, јарболи и едра на бродот;
- одржување и, во некои случаи, работа со бродската опрема, приборот за пренос на товарот, монтирање, опрема за спасување и противпожарна опрема;
- чистење на палубата и трупот на бродот, стругање, боење и друго одржување по потреба;
- вршење на сродни работи;
- надзор на другите работници.
-

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

8350.01 Морнар
8350.02 Кормилар
8350.03 Водач на палуба
8350.04 Кормилар на внатрешна пловидба
8350.05 Кормилар на реморкер
8350.06 Водач на палуба на внатрешна палуба
8350.07 Бродоводител на внатрешна пловидба
8350.08 Чистач на машини
8350.09 Бродски маслар
8350.10 Бродски моторист
8350.11 Водител на машина
8350.12 Водител на машина во внатрешна пловидба
8350.13 Морнар на пристаниште
8350.14 Морнар моторист
8350.15 Скелар
8350.16 Водител на мала пловечка машина
8350.17 Возач на такси на вода
8350.18 Водител на палуба на платформа
8350.19 Ракувач со уреди на палуба на платформа
8350.20 Работник на палуба на платформа
8350.21 Светилничар
8350.22 Возач на скеле

## ГЛАВНА ГРУПА 9.
## ЕЛЕМЕНТАРНИ ЗАНИМАЊА

Елементарните занимања се состојат од едноставни и рутински задачи за коишто главно е потребна примена на рачните алатки и физички напор, малку или никакво претходно искуство и познавање на работата и ограничена иницијатива и оценување. За задачите од оваа група на занимања не е потребно стручно знаење.

Задачите што ги вршат работниците во оваа главна група најчесто вклучуваат: продавање на стоки на улица и на јавни места или од врата до врата; обезбедување на различни услуги: чистење, перење, пеглање; грижа за станбени згради, хотели, канцеларии и други објекти; миење прозорци и други стаклени површини на згради; доставување на пораки и стока; носење на багаж; сместување на автомати за продажба; собирање ѓубре; метење на улици и слични места; вршење на различни видови едноставни работи во земјоделството, риболовот, ловот или поставување на стапици; вршење на едноставни задачи во врска со рударството, градежништвото и производството, вклучувајќи сортирање на производи и едноставно рачно составување на составни делови; рачно пакување; работа со товар; возење на колички со педали или рачно туркање; управување со возила или машини влечени од животни и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата од оваа главна група се класифицираат во подгрупите:**

**91. Чистачи и помошници**
**92. Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството**
**93. Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот**
**94. Помошници за подготовка на храна**
**95. Улични продавачи и други услужни работници**
**96. Собирачи на смет и сродни занимања**

## ПОДГРУПА 91.
## Чистачи и помошници

Чистачите и помошниците вршат најразлични задачи поврзани со помагање и хигиена во приватни домаќинства, хотели, канцеларии, болници и други установи, како и во авиони, возови, автобуси, трамваи

и слични возила, а со цел одржување на чистотата и уредноста на ентериерите или рачно перење и пеглање на текстилни производи.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: метење или чистење со правосмукалка, грижа за постелнината, миење и полирање на подови, мебел и други предмети, местење на кревети, перење и пеглање на алишта во установи; испомош при разни работи во кујна и подготвување на оброци во приватни домаќинства; чистење, дезинфекција и освежување на кујни, бањи и тоалети; преземање на потребни активности за отстранување на ѓубрето од установите; рачно перење и пеглање на алишта; чистење на облека, ткаенини, кожни производи и слични предмети со хемиски раствори; рачно чистење, миење и поправка на автомобили и други возила; миење прозорци или други стаклени површини со посебни средства за стакло, нивно сушење и полирање и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**911. Домашни, хотелски и канцелариски чистачи и помошници**

**912. Рачни мијачи на автомобили, прозорци, перачи и слични работници**

**СПОРЕДНА ГРУПА 911.**

**Домашни, хотелски и канцелариски чистачи и помошници**

Домашните, хотелските и канцелариските чистачи и помошници вршат различни задачи за хигиена и помош во приватни домаќинства, хотели, канцеларии, болници и други установи, како и во авиони, возови, автобуси, трамваи и слични возила, а со цел одржување на чистотата и уредноста на ентериерите.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: метење или чистење со правосмукалка, грижа за постелнината, миење и полирање подови, мебел и други предмети, местење на кревети, перење и пеглање алишта во установи; набавка на храна и вршење на разни други набавки за домаќинството; испомош при разни работи во кујна и подготвување на оброци во приватни домаќинства; миење на садови; чистење, дезинфекција и освежување на кујни, бањи и тоалети; преземање на потребни активности за отстранување на ѓубрето од установите и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**9111. Домашни чистачи и помошници**

**9112. Чистачи и помошници во канцеларии, хотели и други установи**

## 9111. Домашни чистачи и помошници

Домашните чистачи и помошници метат, чистат со правосмукалка, мијат, перат, полираат, се грижат за домашните алишта, вршат набавки, приготвуваат храна, сервираат оброци и вршат различни други домашни работи во домаќинствата.

Задачите вклучуваат:

- метење, чистење со правосмукалка, полирање и миење подови и мебел или миење прозорци и слично;
- чистење, дезинфекција и освежување на кујни, бањи и тоалети;
- перење, крпење и пеглање на алишта и друг текстил;
- миење на садови;
- приготвување, варење и сервирање на оброци и освежување;
- набавка на храна и вршење на разни други набавки за домаќинството;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

9111.01 Домашна помошничка

9111.02 Чистач - чистачка во домаќинство

## 9112. Чистачи и помошници во канцеларии, хотели и други установи

Чистачите и помошниците во канцеларии, хотели и други установи вршат најразлични чистачки работи со цел одржување на чистотата и уредноста на ентериерите на хотели, канцеларии и други установи, како и на авионите, возовите, автобусите и слични возила.

Задачите вклучуваат:

- метење или чистење со правосмукалка, полирање и миење подови, мебел и слично во објекти, миење на прозорци и слично во објекти, автобуси, трамваи, возови и авиони;
- местење кревети, чистење бањи , снабдување со тоалетни крпи, сапуни и слично;
- чистење кујни и општа испомош во кујна, вклучувајќи миење садови;
- преземање на потребни активности за отстранување на ѓубрето од установите;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 9112.01 | Послужувач, лакеј, додавач |
| 9112.02 | Хигиеничар на производствени - работни простории |
| 9112.03 | Хигиеничар на станбен и деловен простор |
| 9112.04 | Хигиеничар на тоалети |
| 9112.05 | Чистач на автобуси |
| 9112.06 | Чистач на авиони |
| 9112.07 | Чистач на трамваи |
| 9112.08 | Чистач на бродови |
| 9112.09 | Чистач на железнички вагони |
| 9112.10 | Чистач на простории |
| 9112.11 | Собарки |

**СПОРЕДНА ГРУПА 912.**
**Рачни мијачи на автомобили, прозорци, перачи и слични работници**

Рачните мијачи на автомобили, прозорци, перачи и слични работници рачно мијат автомобили, чистат прозорци, витрини и други стаклени површини на објекти и рачно перат и пеглаат текстилни производи со детергенти и специјални средства за хигиена.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: рачно перење и пеглање на алишта, замена на копчиња на облека и други производи од текстил; чистење на облека, ткаенини, кожни производи и слични предмети со хемиски раствори; рачно чистење, миење и поправка на автомобили и други возила; полирање на возилата и премачкување со восок за заштита; миење прозорци или други стаклени површини со посебни средства за стакло, нивно сушење и полирање; користење на специјализирана опрема за надворешно чистење на прозорци на високи објекти и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**9121. Рачни перачи и пеглачи на алишта**
**9122. Рачни мијачи на автомобили**
**9123. Мијач на прозорци**
**9129. Други рачни чистачи**

## 9121. Рачни перачи и пеглачи на алишта

Рачните перачи и пеглачи на алишта рачно перат, пеглаат или хемиски чистат алишта и други текстилни предмети.

Задачите вклучуваат:

- рачно перење и пеглање алишта, замена на копчиња на облека и други производи од текстил;
- чистење, рачно и со хемиски раствори, на облека, ткаенини, кожни производи и слични предмети;
- подредување на испегланите и испраните производи и подготвување за употреба;

- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9121.01 Перач на алишта
9121.02 Пеглач на алишта

## 9122. Рачни мијачи на автомобили

Рачните мијачи на автомобили рачно мијат, чистат и полираат автомобили и други превозни средства.

Задачите вклучуваат:

- чистење, миење и поправка на автомобили и други возила, рачно или машински;
- чистење на внатрешноста на возилата со правосмукалка и посебна машина за тапацири;
- полирање на возилата и премачкување со восок за заштита;
- уредување на просторот за работа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9122.01 Рачен мијач на автомобили

## 9123. Мијач на прозорци

Мијачите на прозорци чистат прозорци, витрини и други стаклени површини на објекти.

Задачите вклучуваат:

- миење прозорци или други стаклени површини со посебни средства за стакло, нивно сушење и полирање;
- користење на специјализирана опрема за надворешно чистење на прозорци на високи објекти;
- преземање на заштитни мерки во текот на работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9123.01 Мијач на прозорци

## 9129. Други рачни чистачи

Оваа единечна група опфаќа рачни чистачи кои не се класифицирани на друго место во споредната група 912. Рачни мијачи на автомобили, прозорци, перачи и слични работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

9129.01 Перач на теписи
9129.02 Чистач на базени
9129.03 Чистач на ѕидови

**ПОДГРУПА 92.**
**Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството**

Општите работници во земјоделството, шумарството и рибарството, главно, вршат едноставни и рутински задачи во земјоделството, шумарството, риболовот, ловот или поставуваат стапици, за што е потребна примена на едноставни рачни алатки и многу често поголем физички напор.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: копање на земја, товарање и растоварување на материјали, редење во стог, подготовка на земјиштето за сеидба, нанесување на природно или вештачко ѓубриво; полевање и плевење на култури; окопување и берење овошје, зеленчук и различни растенија; хранење животни; чистење животински живеалишта и дворови на земјоделско стопанство; расчистување на

земјата и гранките во шумите; чистење на рибници и вршење на разни едноставни работи околу одгледувањето на воден живот; собирање алги, школки и други мекотели; вршење на едноставни работи поврзани со ловот и поставување на стапици и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**921. Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството**

**СПОРЕДНА ГРУПА 921.**

**Општи работници во земјоделството, шумарството и рибарството**

Општите работници во земјоделството, шумарството и рибарството, главно, вршат едноставни и рутински задачи во земјоделството, шумарството, риболовот, ловот или поставуваат стапици, за што е потребна примена на едноставни рачни алатки и многу често поголем физички напор.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: копање на земја, товарање и растоварување на материјали, редење во стог, подготовка на земјиштето за сеидба, нанесување на природно или вештачко ѓубриво; полевање и плевење на култури; окопување и берење овошје, зеленчук и различни растенија; хранење животни; чистење на животински живеалишта и дворови на земјоделско стопанство; расчистување на земјата и гранките во шумите; чистење на рибници и вршење на разновидни едноставни работи околу одгледувањето на воден живот; собирање алги, школки и други мекотели; вршење на едноставни работи поврзани со ловот и поставување на стапици и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**9211. Општи работници за земјоделско производство**
**9212. Општи работници за добиточно производство**
**9213. Општи работници во фарма за мешовито производство**
**9214. Општи работници за градинарско и хортикултурно производство**
**9215. Општи работници во шумарството**
**9216. Општи работници во риболовот**

## 9211. Општи работници за земјоделско производство

Општите работници за земјоделско производство помагаат во земјоделските работи извршувајќи најразновидни едноставни земјоделски работи во производството на земјоделските култури.

Задачите вклучуваат:

- копање и префрлање на земја со лопата, расчистување дупки и други потреби;
- товарање, растоварување на разни видови материјали и опрема;
- гребење, набивање и редење на сено и слични резерви ;
- помагаат при сеидба, жетва и општи земјоделски работи;
- наводнување и плевење на културите рачно или со употреба на основен алат;
- берење зеленчук, овошје и различни растенија;
- сортирање на производите по класи и големина и нивно пакување во соодветна амбалажа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

| | |
|---|---|
| 9211.01 | Полјоделски работник |
| 9211.02 | Овоштарски работник |
| 9211.03 | Лозарски работник |
| 9211.04 | Земјоделски работник |
| 9211.05 | Градинарски работник |

## 9212. Општи работници за добиточно производство

Општите работници за добиточно производство помагаат во фармите за одгледување на животни, живина и инсекти, вршејќи широк спектар на едноставни добиточни работи.

Задачите вклучуваат:

- копање и префрлање на земја со лопата, расчистување дупки и други потреби;
- товарање, растоварување разни видови реколта и други материјали;
- гребење, набивање и редење сено и други видови на храна за животните;
- хранење, поење и чистење на животни и одржување на чистотата на нивните живеалишта;
- давање на помош за одржување на здравјето на животните, за стрижење на влакната, молзење на млеко, колење и транспорт на млеко и месо;
- собирање на живинарски јајца и ставање во инкубатори;
- помош при одгледување на пчелни семејства;
- водење на евиденција за добитокот и известување за нивната состојба;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

9212.01 Сточарски работник
9212.02 Овчар
9212.03 Живинарски работник
9212.04 Пчеларски работник

## 9213. Општи работници во фарма за мешовито производство

Општите работници во фарма за мешовито производство помагаат при извршување на најразновидни едноставни земјоделски работи во процесот на одгледување на мешани култури.

Задачите вклучуваат:

- копање и префрлање на земја со лопата, расчистување дупки и други потреби;
- товарање, растоварување на разни видови реколта и други материјали;
- гребење, набивање и редење сено и други видови на храна за животните;
- наводнување и плевење на културите, рачно или со употреба на основен алат;
- помагаат при сеидба, жетва и општи земјоделски работи;
- рачно берење на зеленчук, овошје и различни растенија;
- сортирање на производите по класи и големина и нивно пакување во соодветна амбалажа;
- хранење, поење и чистење на животни и одржување на чистотата на нивните живеалишта;
- давање на помош за одржување на здравјето на животните, за стрижење на влакната, молзење на млеко, колење и транспорт на млеко и месо;
- водење на евиденција за добитокот и известување за нивната состојба;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

9213.01 Работник за одгледување на различни животни
9213.02 Берач на земјоделски производи

## 9214. Општи работници за градинарско и хортикултурно производство

Општите работници за градинарско и хортикултурно производство вршат неопходни и едноставни операции и задачи за одгледување на зеленчук со интензивни култивациони техники за да култивираат дрва, грмушки, цвеќиња и други растенија, како и да помагаат во производството на млади стебла, луковици (корени) и семе. Уредуваат паркови и зелени површини.

Задачите вклучуваат:

- товарање, растоварување на разни видови материјали и опрема;
- копање и префрлање на земја со лопата, расчистување на дупки и други потреби;
- изведување на земјоделски операции како што се подготовка на почва, сеење, одгледување на зеленчук со интензивна култивација, култивирање на цвеќиња, дрва или грмушки и собирање на плодови;

- култивирање на цвеќиња, дрва, грмушки и други растенија во паркови или во јавни или приватни градини;
- производство на млади стебла, луковици (корени) и семе;
- наводнување и плевење на културите, рачно или со употреба на основен алат;
- косење на трева во зелени површини и отстранување на непотребни материјали;
- сортирање на производите по класи и големина и нивно пакување во соодветна амбалажа;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други соработници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9214.01 Цвеќар - аранжер
9214.02 Семенар
9214.03 Косач на трева
9214.04 Хортикултурен работник

## 9215. Општи работници во шумарството

Општите работници во шумарството помагаат при работата во природни шуми или на шумски плантажи со вршење на најразлични едноставни работи во шумарството.

Задачите вклучуваат:
- копање дупки за садење дрва;
- садење на млади насади;
- редење на дрвена граѓа и цепенки;
- расчистување на земјиштето во шумите од непотребни дрва;
- кастрење на исушени и непотребни гранки;
- собирање на шумски плодови и лековити билки;
- чистење, одржување и острење на опремата за работа;
- преземање на мерки за да се спречат пожари;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9215.01 Шумски работник
9215.02 Берач на шумски плодови
9215.03 Берач на лековити билки
9215.04 Сечач на трска и грмушки

## 9216. Општи работници во риболовот

Општите работници во риболовот помагаат со вршење на разни едноставни работи поврзани со одгледувањето на риби, морска храна и други водни култури, како на крајбрежјето, така и на отворени водни површини.

Задачите вклучуваат:
- чистење на рибници и хранење на риби и мекотели што се одгледуваат;
- вршење на општи задачи во интерниот транспорт, чистење на околината;
- подготовка и местење на рибарски мрежи и друга опрема на палубите на пловните објекти;
- собирање на морски алги, школки, ракови и други мекотели;
- чистење, селектирање и пакување на уловот во сол и мраз;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9216.01 Рибарски работник

**ПОДГРУПА 93.**
**Општи работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот**

Општите работници во рударството, градежништвото, производството и транспортот, главно, вршат едноставни и рутински задачи во областа на рударството, градежништвото, производството и транспортот, со примена на едноставни рачни алатки и многу често поголем физички напор.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: копање, префрлување со лопата, кревање, преместување, носење, расчистување, товарање, растоварување; расчистување на места во рудници и каменоломи каде што веќе не се работи; нанесување чакал, носење тули и вршење на слични работи при изградба на патишта, брани или објекти; работа на локации за уривање; вршење на едноставни задачи во производството, вклучувајќи и сортирање на производи и едноставно рачно составување на компоненти, онаму каде што е неопходно да се следат стриктно дефинирани процедури; рачно пакување; работа со товари; возење на педали или туркање на возила за превоз на патници и стоки. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**931. Општи работници во рударството и градежништвото**
**932. Општи работници во производството**
**933. Општи работници во транспортот и работата со товари**

**СПОРЕДНА ГРУПА 931.**
**Општи работници во рударството и градежништвото**

Општите работници во рударството и градежништвото вршат едноставни и рутински задачи во областа на рударството или градежништвото со примена на едноставни рачни алатки и многу често со употреба на поголем физички напор.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: копање, префрлување со лопата, кревање, преместување, носење, расчистување, товарање, растоварување; расчистување на места во рудници и каменоломи каде што веќе не се работи; копање креда, глина, чакал или песок од отворени јами; работа на локации за уривање; нанесување чакал, носење тули и вршење на слични работи при изградба на патишта, брани или објекти. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**9311. Општи работници во рудници и каменоломи**
**9312. Општи работници во нискоградба**
**9313. Општи работници во високоградба**

## 9311. Општи работници во рудници и каменоломи

Општите работници во рудници и каменоломи под надзор изведуваат едноставни и рутински работи од областа на вадењето на руди и камен.

Задачите вклучуваат:

- отстранување на дрвени и челични потпори од локалитетите во рудниците и каменоломите каде што веќе не се работи;
- помагање на рударите во одржувањето и чистење на машините, опремата и другите инсталации во рудниците и каменоломите;
- монтажа и демонтажа на рударска опрема;
- ископување на креда, глина, чакал или песок од отворени јами (копови);
- расчистување на подземни и површински копови, рударски простории и транспортни патишта;
- утовар на ископани минерални суровини со рачни алатки и средства;
- преземање на безбедносни мерки за заштита при работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:

9311.01 Рударски работник

9311.02 Работник во каменолом
9311.03 Работник во солана
9311.04 Работник во глиниште
9311.05 Работник на ископ на песок
9311.06 Земач на проби

## 9312. Општи работници во нискоградба

Општите работници во нискоградба вршат едноставни и рутински задачи околу изградбата и одржувањето на патишта, железнички пруги, брани и слични конструкции и градежни проекти.

Задачите вклучуваат:

- рачно или машинско копање и полнење на дупки и ровови, нанесување чакал и слични материјали и вршење на други задачи при изградба и одржување на патишта и железнички пруги;
- носење тули и малтер до ѕидари или помагање на различни начини при изградбата на брани и слични конструкции;
- товарање и растоварање на градежни материјали и опрема и нивен превоз до и во градилиштата со употреба на рачни колички;
- кршење и сечење на карпи и бетон со користење на рачни чекани;
- расчистување на работната околина;
- преземање на безбедносни мерки за заштита при работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9312.01 Копач на дупки
9312.02 Работник за механичка лопата
9312.03 Работник за уредување на каптажа
9312.04 Работник за патишта
9312.05 Работник на пруга
9312.06 Асфалтерски работник
9312.07 Работник во нискоградба
9312.08 Ровокопач

## 9313. Општи работници во високоградба

Општите работници во високоградбата вршат едноставни и рутински задачи во врска со различни градежни проекти и изградба на објекти.

Задачите вклучуваат:

- чистење на веќе користен материјал за повторно градење (тули и блокови), како и полирање и миење на украсни детали;
- мешање на малтер, бетон, гипс и други материјали за градба и сврзување;
- носење тули и малтер до ѕидари на градежните локалитети;
- товарање и растоварање на градежни материјали и опрема и нивен превоз до и во градилиштата со употреба на рачни колички и дигалки;
- расчистување на разни пречки по наредба;
- рачно прекривање на површини со песок, земја, чакал и слични материјали;
- преземање на безбедносни мерки за заштита при работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9313.01 Ѕидарски работник
9313.02 Тесарски работник
9313.03 Работник бетонирец

9313.04 Армирачки работник
9313.05 Работник во високоградба

**СПОРЕДНА ГРУПА 932.**
**Општи работници во производството**

Општите работници во производството вршат едноставни и рутински задачи поврзани со процесот на производство за што е потребна примена на рачни алатки и многу често поголем физички напор, а се занимаваат и со сортирање на производи и едноставно рачно составување на делови.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: сортирање на производи или компоненти; просто едноставно рачно составување на делови; кревање, носење, товарање, растоварување или миење на суровини и производи; рачно миење и полнење на шишиња, пакување на ќеси и други производи од различна природа, етикетирање и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**9321. Рачни пакувачи**
**9329. Општи работници во производството, некласифицирани на друго место**

## 9321. Рачни пакувачи

Рачните пакувачи вршат работи поврзани со рачно пакување на производи и материјали и нивно етикетирање во производствениот процес.

Задачите вклучуваат:
- рачно мерење на обвивки за поврзување и пакување на различни производи;
- рачно полнење на шишиња, лименки, кутии, ќеси и други амбалажи;
- рачно ставање и лепење на етикети на производи и разни пакети;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9321.01 Рачен пакувач

## 9329. Општи работници во производството, некласифицирани на друго место

Оваа единечна група опфаќа општи работници во производството кои не се класифицирани на друго место во споредната група 932. Општи работници во производството.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9329.01 Сортирач на производи и делови
9329.02 Работник за едноставни работи на производствена линија
9329.03 Рачен мијач на амбалажа
9329.04 Рачен мијач на делови
9329.05 Работник за едноставни работи во монтажа
9329.06 Рачен свиткувач на метал
9329.07 Работник на електронамотување
9329.08 Манипулант на течен нафтен гас
9329.09 Работник на едноставни работи при пакување на технички гасови
9329.10 Подрумски работник
9329.11 Работник за едноставни работи во преработката на тутун
9329.12 Работник на едноставни дрвопреработувачки работи
9329.13 Работник на едноставни графички работи
9329.14 Работник на едноставни керамички работи
9329.15 Работник на едноставни работи при изработка на цигли
9329.16 Работник на едноставни работи при изработка на градежен материјал
9329.17 Работник во одржување
9329.18 Работник на едноставни работи во нафтено-хемиското производство

9329.19 Работник на едноставни работи на постројки за преработка и обработка на вода
9329.20 Работник на едноставни работи на енергетски постројки
9329.21 Работник на едноставни работи во хемиското производство
9329.22 Работник на едноставни лабораториски работи
9329.23 Работник на едноставни работи во производството на текстил
9329.24 Работник на едноставни работи во производството на обувки
9329.25 Чевларски работник
9329.26 Работник на едноставни работи во кожна галантерија
9329.27 Работник на едноставни работи во кожарството
9329.28 Работник во подготовка
9329.29 Работник за преработка на печурки

**СПОРЕДНА ГРУПА 933.**
**Општи работници во транспортот и работата со товари**

Општите работници во транспортот и работата со товари возат велосипеди и слични возила за превоз на стока, влечни возила со животни и работат со товар со примена на сопствена сила.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: управување на возила придвижувани рачно или со педали за превоз на стока; управување на запрежни возила за превоз на стока; физичка работа со товар на пристаништа или жичари и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**
**9331. Возачи на возила придвижувани рачно или со педали**
**9332. Возачи на возила и машини влечени од животни**
**9333. Работници со товар**
**9334. Редачи на полици**

## 9331. Возачи на возила придвижувани рачно или со педали

Возачите на возила придвижувани рачно или со педали управуваат рачни колички или возат колички со педали за транспорт на патници или стока.

Задачите вклучуваат:
- движење на возилото во посакуваната насока и почитување на сообраќајната етика и прописи;
- товарање и растоварување на стока на и од количката;
- помош на патниците при качување и симнување од количката;
- чистење и одржување на возилото, како и тековно сервисирање на возилото;
- вршење на наплата за дадените услуги;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9331.01 Возач на рачна количка
9331.02 Возач на количка со педали

## 9332. Возачи на возила и машини влечени од животни

Возачите на возила и машини влечени од животни управуваат возила влечени од животни за превоз на патници и стока, како и земјоделски машини кои се употребуваат во земјоделството.

Задачите вклучуваат:
- движење на возилото во посакуваната насока и почитување на сообраќајната етика и прописи;
- товарање и растоварување на стока на и од возилото;
- помош на патниците при качување и симнување од возилото;
- употреба на добитокот и возилото при вршење на земјоделски активности;
- чистење и одржување на возилото, како и тековно сервисирање на возилото;
- вршење на наплата за дадените услуги;

- основна грижа за добитокот;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9332.01 Кочијаш
9332.02 Самарџија

## 9333. Работници со товар

Работниците со товар вршат задачи како што се пакување, носење, товарање и растоварање на мебел и други предмети во домаќинството, или товарање и растоварање на бродски и авионски пратки и друг товар или носење и редење стоки во разни магацини.

Задачите вклучуваат:

- пакување мебел, машини, уреди и слично за транспорт од едно место на друго;
- пренесување на стоки за товарање во, или растоварање од комбиња, камиони, вагони, бродови или авиони;
- товарање и растоварање на жито, јаглен, песок и слично со нивно ставање на подвижни ленти, во цевки итн.;
- сортирање на стоката пред товарање и растоварање;
- носење и редење на стоки во магацини и слично;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9333.01 Работник на едноставни транспортни работи
9333.02 Работник на едноставни работи на утовар, претовар и пренос на товар
9333.03 Транспортен работник
9333.04 Работник за складирање
9333.05 Работник за доставување на стока
9333.06 Аеродромски транспортен работник
9333.07 Железнички транспортен работник
9333.08 Работник на утовар и истовар
9333.09 Пристанишен работник
9333.10 Опслужувач на жичара
9333.11 Работник за сортирање на багаж
9333.12 Дотурач на дрва
9333.13 Магационерски работник

## 9334. Редачи на полици

Редачите на полици вршат задачи како што се редење на полици во супермаркети и продавници за продажба на мало и на големо, пакување и распакување на производи и носење и редење на стоки во разни магацини.

Задачите вклучуваат:

- ставање на производи во големи изложбени контејнери;
- пополнување на полици, рафтови, витрини и гондоли со најразлични производи;
- сортирање на производите според датумот на производство;
- водење на евиденција за рокот на траење на производите;
- отстранување на производи на кои им е изминат рокот на траење;
- ставање на информативни налепници на производите и на полиците;
- насочување на потрошувачите до местата со производи кои не можат да ги пронајдат;
- носење и редење на стоки во магацини и слично;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9334.01 Редач на полици

**ПОДГРУПА 94.**

**Помошници за подготовка на храна**

Помошниците за подготовка на храна и прехранбени производи помагаат при подготовката на храна и нејзино послужување, или продаваат претходно подготвени топли јадења, зеленчук, овошје, сладолед и разни пијалаци.

Задачите што ги вршат работниците во оваа подгрупа најчесто вклучуваат: миење, сечење, мешање и мерење на состојки потребни за подготвување на оброк; подготовка на едноставна храна или загревање на претходно приготвена храна како сендвичи, пици, месо, риба, чипс и разни видови на салати; подготовка на разни пијалаци и кафе; работа со опрема за подготовка на храна како што се скара, фурна, микробранова печка и друга опрема; чистење на кујнски површини, кујнски прибор, опрема и простории за подготовка на храна и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа подгрупа се класифицирани во споредните групи:**

**941. Помошници за подготовка на храна**

**СПОРЕДНА ГРУПА 941.**

**Помошници за подготовка на храна**

Помошниците за подготовка на храна и прехранбени производи помагаат при подготовката на храна и нејзино послужување, или продаваат претходно подготвени топли јадења, зеленчук, овошје, сладолед и разни пијалаци.

Задачите што се вршат најчесто вклучуваат: миење, сечење, мешање и мерење на состојки потребни за подготвување на оброк; подготовка на едноставна храна или загревање на претходно приготвена храна како сендвичи, пици, месо, риба, чипс и разни видови на салати; подготовка на разни пијалаци и кафе; работа со опрема за подготовка на храна како што се скара, фурна, микробранова печка и друга опрема; чистење на кујнски површини, кујнски прибор, опрема и простории за подготовка на храна и друго. Може да биде вклучен и надзор на други работници.

**Занимањата во оваа споредна група се класифицирани во единечните групи:**

**9411. Подготвувачи на брза храна**

**9412. Помошници во кујна**

## 9411. Подготвувачи на брза храна

Подготвувачите на брза храна помагаат и подготвуваат храна, прехранбени производи и пијалаци на места за брза исхрана и други места за јавна исхрана.

Задачите вклучуваат:

- примање на нарачки за храна и пијалаци и нивна испорака;
- планирање на оброци, подготвување и готвење на храна како што се сендвичи, пици, гиро, риба, чипс, палачинки и разни видови на салати и пијалаци;
- загревање на претходно приготвена храна во микробранова печка;
- работа со опрема за подготовка на храна како фурна, скара, фритеза и слично;
- проверка на квалитетот и квантитетот на подготвената храна;
- послужување на подготвената храна и пијалаци на нарачателите;
- чистење на работните маси и priборот за готвење и послужување;
- одржување на санитарните стандарди во работната околина;
- планирање, надзор и координирање на работата;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9411.01 Подготвувач на брза храна

## 9412. Помошници во кујна

Помошниците во кујна вршат задачи за помош во кујна на готвачите и подготвувачите на брза храна, како и на оние кои сервираат храна и пијалаци.

Задачите вклучуваат:

- чистење на кујни и работни површини каде што се приготвува храна;
- отпакување на набавените производи и складирање на резервите во фрижидер;
- помош на готвачите во подготовката на храна, миење, сечење, мерење и мешање на состојките;
- загревање на храна;
- помош при сервирање на храна и пијалаци;
- миење на садови;
- чистење на приборот за готвење и послужување;
- вршење на сродни задачи;
- надзор на други работници.

Во оваа единечна група спаѓаат следните занимања:
9412.01 Помошник во кујна
9412.02 Мијач на садови

**ПОДГРУПА 95.**
**Улични продавачи и други услужни работници**

Уличните продавачи и другите услужни работници поврзани со лични услуги вршат услуги кои се состојат од обезбедување на различен спектар на услуги на самото место, како што се чистење на чевли, миење на автомобилски стакла на улица, продавање на непрехранбени производи на јавно место, вршење на ситни налози и слично.

